**Национална класификација на дејности - НКД Рев.2, Структура и објаснувања**

| Сектор | Оддел | *Група* | Класа | Назив |
|---|---|---|---|---|
| **A/A** | | | | **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО** |
| | | | | Овој сектор го опфаќа искористувањето на растителните и животинските природни ресурси и го опфаќа одгледувањето на насади и посеви, одгледувањето на животни, одгледувањето и користењето на шуми и одгледувањето на други растенија, животни или животински производи на земјоделски стопанства или во нивните природни средини. |
| | **01** | | | **Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив** |
| | | | | Овој оддел вклучува две основни дејности - производство на производи од растително потекло и производство на производи од животинско потекло, вклучувајќи ги, исто така, формите на органското (биолошкото) земјоделство, одгледувањето на генетски модифицирани насади и поседи и одгледувањето на генетски модифицирани животни. Овој оддел го вклучува одгледувањето на насади и посеви на отворено како и одгледување во стакленици. |
| | | | | Овој оддел, исто така, ги вклучува услужните дејности својствени за земјоделството, како и ловот, траперството и дејностите поврзани со нив. |
| | | | | Групата 01.5 (Мешано фармерство) се расчленува според вообичаените принципи за утврдување на главната дејност. Прифатен е фактот дека многу земјоделски стопанства имаат прилично подеднакво растително и добиточно производство, така што нивното распределување во една или во друга категорија би било произволно. |
| | | | | Земјоделската дејност ги исклучува сите понатамошни преработки на земјоделски производи (класифицирани во одделот 10 и 11-Производство на прехранбени производи) и одделот 12 (Производство на тутунски производи), освен онаа која е неопходна да ги подготви за примарниот пазар. Подготовката на производите за примарниот пазар е вклучена тука. |

Овој оддел ги исклучува градежните работи на земјоделското земјиште (на пример: порамнување на земјоделското земјиште, дренажа, подготовка на оризовото земјиште, итн.), класифицирани во секторот F/ Ѓ (Градежништво) и здруженијата на купувачите и задружните организации кои се занимаваат со маркетинг на земјоделските производи класифицирани во секторот G/Е. Исто така, е исклучено уредувањето и одржувањето на земјиштето (околината) што е класифицирано во класата 81.30.

**01.1** **Одгледување на едногодишни насади и посеви**

Оваа група го вклучува одгледувањето на едногодишни насади и посеви, т.е. растенијата кои не траат повеќе од две сезони. Вклучувањето на одгледување на овие растенија е за потребите на производство на семе.

**01.11** **Одгледување на жита (освен ориз), мешунасти растенија и маслодајно семе**

Оваа класа ги вклучува сите форми на одгледување на жита, мешункасти растенија и маслодајно семе на отворен простор. Одгледувањето на жита често е комбинирано во рамките на единиците за земјоделство.

*Оваа класа опфаќа:*

- одгледување на жита како како што се:
● пченица
● зрна (семе) пченка
● сорго
● јачмен
● ´рж
● зоб (овес)
● просо
● други жита, некласифицирани на друго место
- одгледување на мешунарки како што се:
● грав
● боб
● леблебија (наут)
● вигна (црн грав)
● леќа
● лупина
● грашок
● гулабов грашок
● други мешунарки
- одгледување на маслодајно семе како:
● соино семе
● семе од кикиритки
● памуково семе
● рицинусово семе
● ленено семе

● семе од синап
● црно семе
● семе од репка
● семе од шафраника
● семе од сусам
● сончогледово семе
● друго маслодајно семе

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на ориз, види 01.12
- одгледување на шеќерна пченка (жито), види 01.13
- одгледување на крмна пченка, види 01.19
- одгледување на маслодајни култури, види 01.26

**01.12 Одгледување на ориз**

**01.13 Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на лиснат или стеблест зеленчук како што се:
● артичоки
● аспарагус
● зелка
● карфиол и брокула
● марула и цикорија
● спанаќ
● друг лиснат или стеблест зеленчук
- одгледување на зеленчук што раѓа плодови:
● краставици и корнишони
● модар патлиџан
● домати
● лубеници
● дињи
● други дињи и зеленчук што раѓа плодови
- одгледување на главици од лук, коренест и трупкаст зеленчук како:
● морков
● репа
● лук
● кромид (вклучувајќи и арпаџик)
● праз и други луковидни зеленчуци
● друг коренест и трупкаст зеленчук
- одгледување на печурки и тартуфи
- одгледување на семе за зеленчук, вклучувајќи семе за шеќерна репка, исклучувајќи го семето за останатите видови на репка
- одгледување на шеќерна репка
- одгледување на друг зеленчук
- одгледување на коренест и трупкаст зеленчук како:
● компири

● слатки компири
● касава
● јам
● друг коренест и трупкаст зеленчук

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на чили, пиперки и останати зачински и ароматични растенија, види 01.28
- одгледување на мицелиум за печурки, види 01.30

**01.14 Одгледување на шеќерна трска**

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на шеќерна репка, види 01.13

**01.15 Одгледување на тутун**

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на производи од тутун, види 12.00

**01.16 Одгледување на растенија за предиво**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на памук
- одгледување на јута, кенаф и останати билки за производство на влакна кои содржат лико
- одгледување на лен и коноп
- одгледување на американска агава и останати текстилни предива од семејството агава
- одгледување на манила, рамија и останати градинарски растенија за производство на влакна
- одгледување на останати посеви за производство на влакна

**01.19 Одгледување на останати едногодишни насади и посеви**

Оваа класа го опфаќа одгледувањето на сите останати едногодишни насади и посеви:

- одгледување на добиточни репки и останати коренести добиточни посеви, детелина, луцерка, еспарзета, добиточна пченка и останати тревести растенија, добиточен кељ и останати добиточни растенија за силажа

- одгледување на хелда
- одгледување на семе за репка (со исклучок на семе за шеќерна репка) и семе за добиточна храна
- одгледување на цвеќе
- производство на режано цвеќе и пупки
- одгледување на семе за цвеќе

*Оваа класа не опфаќа:*

- одгледување на едногодишни зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармација, види 01.28

## 01.2 Одгледување на повеќегодишни насади и посеви

Оваа група го вклучува одгледувањето на насади и посеви, т.е.одгледувањето на растенија кои траат повеќе од две сезони или изумираат по секоја сезона или се одгледуваат постојано. Одгледувањето на овие растенија е вклучено за потребите за производство на семе.

### 01.21 Одгледување на грозје

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на винско и трпезно грозје во лозја

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вино, види 11.02

### 01.22 Одгледување на тропско и суптропско овошје

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на тропско и суптропско овошје:
  - авокадо
  - банани (трпезни и за преработка)
  - урми
  - смокви
  - манго
  - папаја
  - ананас
  - останато тропско и суптропско овошје

### 01.23 Одгледување на агруми

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на агруми:
  - грејпфрут и помело
  - лимони
  - портокали
  - тангеринес (вид портокал), мандарини и клементини
  - други агруми

### 01.24 Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на јаболчесто и коскесто овошје:
  - јаболки
  - кајсии
  - цреши и вишни
  - праски и нектарини

● круши и дуњи
● сливи и трнинки
● останато јаболчесто и коскесто овошје

### 01.25 Одгледување на јагодесто, јаткасто и друго овошје

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на јагодесто овошје:
● боровинки
● рибизли
● огрозд
● киви
● малини
● јагоди
● останато јагодесто овошје
- одгледување на семе за овошје
- одгледување на јаткасти плодови за јадење:
● бадеми
● индиски ореви
● костени
● лешник
● фстаци
● ореви
● останати јаткасти плодови
- одгледување на останато јаткасто и друго овошје:
● рогач

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на кокосови ореви, види 01.26

### 01.26 Одгледување на маслодајни плодови

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на маслодајни плодови:
● кокосови ореви
● маслинки
● маслинови палми
● останати маслодајни плодови

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на соја (соин грав), кикиритки и останато маслодајно семе, види 01.11

### 01.27 Одгледување на растенија за производство на пијалаци

*Оваа класа опфаќа:*

- одгледување на растенија за производство на пијалаци:

● кафе
● чај
● мате

● какао
● останати растенија за производство на пијалаци

**01.28 Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на повеќегодишни и едногодишни зачински и ароматични растенија:
● црн пипер
● чили и пиперчиња
● мускатово оревче, мацис и кардамом
● анасон, бадиан и коморач
● цимет
● каранфил
● џумбир
● ванила
● хмељ
● останати зачински и ароматични растенија
- одгледување на лековити и наркотични растенија

**01.29 Одгледување на останати повеќегодишни посеви**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на каучукови дрва за добивање латекс
- одгледување на новогодишни дрва
- одгледувањена дрва за екстракција на растителен сок
- одгледување на растителни материјали наменети за изработка на плетарски производи

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на цвеќиња, производство на сечено цвеќе и одгледување на семиња за цвеќе, види 01.19
- собирање на дрва за растителен сок или каучук како гуми, во шума, види 02.30

**01.3 Одгледување на саден материјал**

**01.30 Одгледување на саден материјал**

Оваа класа го вклучува производството на сите вегетативни растителни материјали како што се резници, изданоци и садници за непосредно размножување или за создавање на подлога на која одредени младици ќе се калемат за евентуално засадување за производство на растенија

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на растенија за расад
- одгледување на растенија за украсување, вклучувајќи и трева за пресадување

- одгледување на луковидни главици, корења и трупки на растенија; резници и калеми; мицелиум за печурки
- дејности во врска со расадници, освен дејности поврзани со шумските расадници

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на растенија за производство на семе, види 01.1, 01.2
- дејности поврзани со шумските расадници, види 02.10

**01.4 Одгледување на животни**

Оваа група го вклучува одгледувањето на сите животни, освен животните што живеат во вода

*Оваа група не опфаќа:*
- нега и згрижување на животни што се одгледуваат на фарми, види 01.62
- производство на кожи од кланици, види 10.11

**01.41 Одгледување на молзни крави**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на молзни крави
- производство на пресно (сурово) млеко од крави и биволици

*Оваа класа не опфаќа:*
- преработка на млеко, види 10.51

**01.42 Одгледување на други говеда и биволи**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на говеда и биволи за месо
- производство на говедско семе за оплодување

**01.43 Одгледување на коњи и останати сродни животни**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување и размножување на коњи, магариња, мулиња и мазги

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на ергелите за тркачки и јавачки коњи, види 93.19

**01.44 Одгледување на камили и лами**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување и размножување на камили и лами

**01.45 Одгледување на овци и кози**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на овци и кози
- производство на сурово овчо или козјо млеко
- производство на сурова волна

*Оваа класа не опфаќа:*
- стрижење на овци со надомест или врз база на договор, види 01.62
- производство на влачена волна, види 10.11
- преработка на млеко, види 10.51

**01.46 Одгледување на свињи**

**01.47 Одгледување на живина**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување и размножување на живина:
● кокошки, мисирки, патки, гуски и бисерки
- производство на јајца од живина
- дејности на одгледување живина

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на пердуви, види 10.12

**01.49 Одгледување на други животни**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на полуприпитомени или други живи животни:
● ноеви и емуа
● други птици (освен живина)
● инсекти
● зајаци и други крзнени животни
- дејности на производство на кожа, кожа од влекачи или птици на сточарска фарма
- дејности на фарма за црви, глисти, фарма за земјени мекотели, фарма за полжави итн.
- одгледување на свилена буба, производство на кокони на свилена буба
- одгледување на пчели и производство на мед и пчелин восок
- одгледување на домашни миленици (освен риби):
● мачки и кучиња
● птици, како што се мали папагали итн.
● хрчкови
- одгледување на разни видови животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на крупни и ситни кожи од уловени и во замка фатени животни, види 01.70

- дејности на фармите за жаби, фармите за крокодили, морските фарми за црви, види 03.21, 03.22
- дејности на рибарските фарми, види 03.21, 03.22
- сместување и дресирање на домашни миленици, види 96.09
- одгледување на живина, види 01.47

**01.5** **Мешовито фармерство**

**01.50** **Мешовито фармерство**

Оваа класа го опфаќа комбинираното производство на насади и посеви надвор од специјализираното производство на насади и посеви или животни. Големината на дејностите во земјоделството не е определувачки фактор. Ако производството на насади и посеви или животни во дадената (соодветната) единицата е 66% или повеќе од стандардната бруто-заработувачка, комбинираната дејност нема да биде вклучена овде, туку ќе биде распределена во земјоделството на насади и посеви или животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- мешовито земјоделство на насади и посеви, види група 01.1 и 01.2
- мешовито земјоделство на животни, види група 01.4

**01.6** **Помошни дејности во земјоделството и дејности кои се извршуваат после собраните посеви**

Оваа група ги вклучува дејностите својствени на земјоделското производство и дејностите слични на земјоделството кои не се преземаат со цел за производство (во смисла на собирање плодови од земјоделските производи), извршени со наплата или врз база на договор. Исто така, ги вклучува дејностите кои се вршат по собраните посеви, со цел подготовка на земјоделските производи за примарниот пазар.

**01.61** **Помошни дејности за одгледување на посеви**

*Оваа класа опфаќа:*

- земјоделски дејности со наплата или врз база на договор:

● подготовка на земјиштето
● обработка на насади и посеви
● прскање на посевите, вклучувајќи и од воздух
● режење на овошките и лозовите насади
● пресадување на ориз, проретчување на репа
● жнеење
● контрола на штетници (вклучувајќи зајаци) во врска со земјоделството

- одржување на земјоделското земјиште во согласност со потребите на земјоделството и животната средина
- дејности во врска со системите за наводнување

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- изнајмување на земјоделски машини со оператор и екипаж

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности кои се вршат по собраните посеви, види 01.63
- дренажа на земјоделското земјиште, види 43.12
- архитектура на животната средина и природата, види 71.11
- дејности на агрономи и агроекономисти, види 74.90
- садење и уредување на површини како што се паркови, градини и зелени површини, види 81.30
- организација на земјоделски изложби и саеми, види 82.30

**01.62 Помошни дејности за одгледување на животни**

*Оваа класа опфаќа:*

- земјоделски дејности со наплата или врз база на договор:

● дејности врзани за унапредување на приплодот, прирастот и добивањето пораснати животни
● услуги и контрола на стадата, пасење, товење на живината, чистење на живинарниците
● дејности врзани за вештачко осеменување
● услужни дејности на ергелите (потковување)
● нега и згрижување на животни што се одгледуваат на фарми

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- дејности на потковување

*Оваа класа не опфаќа:*

- обезбедување на простор за сместување на животни, види 68.20
- ветеринарни дејности, види 75.00
- вакцинирање на животни, види 75.00
- изнајмување на животни (стадо), види 77.39
- сместување (згрижување) на домашни миленици, види 96.09

**01.63 Дејности кои се извршуваат по собраните посеви**

*Оваа класа опфаќа:*

- подготовка на посевите за примарниот пазар, т.е.чистење, поткастрување, сортирање, дезинфицирање
- пречистување на суров памук

- подготовка на тутунови лисја, пр., сушење
- подготовка на зрна за какао, пр., лупење
- сушење на овошје

*Оваа класа не опфаќа:*
- подготовка на земјоделските производи од производителот, види класи во групите 01.1, 01.2 и 01.3
- дејности кои се извршуваат по собраните посеви со цел подобрување на квалитетот на семето, види 10.64
- оджилување и ридраинг на тутунот, види 12.00
- пазарни дејности на трговци посредници или задружни асоцијации, види оддел 46
- трговија на големо на земјоделски суровини, види 46.2

**01.64 Доработка на семе**

Оваа класа ги вклучува дејностите по собраните посеви со цел подобрување на квалитетот на семето со отстранување на несеменските материјали, одвојување на семињата под вообичаената големина, механички или од инсекти оштетените семиња и незрелото семе, како и намалување на влажноста на семето до ниво сигурно за негово складирање.

Оваа класа го вклучува сушењето, чистењето, сортирањето и обработката на семето до неговото пласирање на пазар (продавање). Во оваа класа е вклучена и обработката на генетски модифицираното семе.

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на семе, види групи 01.1 и 01.2
- преработка на семе за добивање на масло, види 10.41
- истражување со цел развој или модификување на нови видови семе, види 72.11

**01.7 Лов, траперство и соодветни услужни дејности**

**01.70 Лов, траперство и соодветни услужни дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- лов и траперство на комерцијална база
- употреба на животни (мртви или живи) заради добивање на храна, крзно и кожа или заради користење во истражувања, зоолошки градини или како домашни миленици
- производство на крзна, кожи од влекачи или птици кои се застрелани или фатени

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- лов на морски цицачи како што се моржови и тулјани

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на крзна, кожи на влекачи или птици на фарма, види група 01.4
- одгледување на диви животни на фарма, види 01.49
- лов на китови, види 03.11
- производство на крупни и ситни кожи што потекнуваат од кланици, види 10.11
- спортско-рекреативен лов и соодветни услужни дејности, види 93.19
- услужни дејности поврзани со унапредување на ловот и траперството, види 94.99

**02** **Шумарство и искористување на шуми**

Овој оддел го вклучува производството на трупци како и отстранувањето и собирањето на самоникнат шумски материјал. Освен производството на шумски дрвја, шумарството опфаќа и производи на кои се врши мала обработка, како што е дрвото за огрев, дрвен јаглен (ќумур), трупци (пр: јамска градба, дрво за целулоза итн.). Овие дејности може да се вршат во природни или засадени шуми. Понатамошната преработка, почнувајќи од пилење и рамнење е исклучена и е класифицирана во оддел 16.

**02.1** **Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството**

**02.10** **Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на шуми: садење, расадување, пресадување, проредување, одржување и заштита на шумите и шумските површини
- одгледување на ниски растенија, производство на дрва за целулоза и дрва за огрев
- дејности на шумските расадници

Овие дејности може да се вршат во природни и засадени шуми.

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на новогодишни елки, види 01.29
- дејности на расадници, освен шумски, види 01.30
- собирање на печурки и останати самоникнати шумски плодови, види 02.30
- производство на иверки и дрвени парчиња, види 16.10

**02.2** **Искористување на шумите**

**02.20** **Искористување на шумите**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на трупци за потребите на индустријата која се темели на преработка на дрво
- производство на трупци кои се користат во необработена форма како што се: јамски потпори (дрва), столбови за ограда, наменски стапови
- собирање и производство на дрво за добивање енергија
- собирање и производство на шумскиот отпадок од сечење дрва за енергија
- производство на дрвен јаглен (ќумур) во шума на традиционален начин

Резултатот на оваа дејност може да биде во облик на цепаници или дрва за огрев

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на новогодишни елки, види 01.29
- одгледување на шуми: садење, расадување, пресадување, проредување, одржување, види 02.10
- собирање на шумски производи, освен шумски плодови, види 02.30
- производство на иверки и парчиња, види 16.10
- производство на дрвен јаглен преку дестилирање на дрвото, види 20.14

**02.3 Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва**

**02.30 Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва**

*Оваа класа опфаќа:*

- собирање на самоникнати шумски плодови и производи:

● печурки и тартуфи
● зрнести плодови
● јаткасти плодови
● балата и останати каучукови смоли
● плута
● лак и смоли
● балзами
● разновидни треви
● морска трева
● желади, диви костени
● мов и лишај

*Оваа класа не опфаќа:*
- управувано, организирано производство на горенаведените производи (освен одгледување на дрва за плута), види оддел 01
- одгледување на печурки и тартуфи, види 01.13

- одгледување на зрнести и јаткасти плодови, види 01.25

- собирање на дрва за огрев, види 02.20
- производство на иверки, види 16.10

## 02.4 Помошни услуги во шумарството

### 02.40 Помошни услуги во шумарството

Оваа класа го вклучува извршувањето на дел од дејностите во шумарството со наплата или врз база на договор

*Оваа класа опфаќа:*
- услужни дејности во шумарството:
● премер на шума
● консултантски услуги во врска со стопанисувањето на шумите
● процена на дрвената граѓа
● заштита на шумите од пожари
● контрола на шумите од штетни инсекти

- услужни дејности поврзани со експлоатацијата на шумите:

● транспорт на трупци во границите на шумите

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на шумските расадници, види 02.10
- дренажни работи на шумското земјиште, види 43.12
- чистење на градилиштата, види 43.12

# 03 Рибарство и аквакултура

Овој оддел го вклучува ловењето риба и аквакултура и употребата (користењето) на рибните ресурси од морските, солените или слатководните средини (води), со цел улов или собирање на риби, мекотели, лушпари и други морски производи (на пр.: морски растенија, бисери, сунѓери итн.).

Овој оддел, исто така, ги вклучува дејностите кои се нормално интегрирани во процесот на производство за сопствена сметка (на пр.: размножување на остриги за производство на бисери). Услужните дејности во рибарството и аквакултурата во морските и слатководните води, исто така, се вклучени во рибните дејности и аквакултурата.

Овој оддел не вклучува изградба и поправка на бродови (30.1, 33.15) и спортски или рекреативен риболов (93.19). Преработката на риби, мекотели или лушпари е исклучена, без оглед на тоа дали се врши во фабрики на копно или во фабрики на брод (10.20).

**03.1 Рибарство**

Овој оддел го опфаќа "ловењето риба", т.е. дејности на улов и собирање на водни организми (претежно риби, мекотели и лушпари), вклучувајќи океански растенија, крајбрежни или подземни води за човекови потреби и други цели, дејности на рачен риболов или со употреба на различни видови на опрема за ловење риба, како што се мрежа, коноп или клопка. Таквите дејности може да се изведуваат на самото крајбрежје (на пр.: собирање на мекотели како што се школки и остриги), или крајбрежно ловење со мрежа, или со чунови кои се домашно изработени, или, што е најчест случај, со употреба на комерцијални бродови. Некои дејности, исто така, вклучуваат риболов во порибени водени површини.

**03.11 Морски риболов**

*Оваа класа опфаќа:*
- улов на риба во океани и крајбрежни води на комерцијална база
- улов на морски мекотели и лушпари
- улов на китови
- улов на морски водни животни: желки, морски ежови, сипи итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на бродови кои служат за улов на риба, како и за преработка и конзервирање на риба
- собирање на организми од море: природни бисери, сунѓери, корали и алги

*Оваа класа не опфаќа:*
- ловење на морски цицачи, освен китови, на пр., моржови, тулјани (морски лавови, фоки), види 01.70
- преработка на китови во фабрики на брод, види 10.11
- преработка на риба, мекотели и лушпари во фабрики на копно или во фабрики на бродови, види 10.20
- издавање на бродови за разонода со екипаж во рамките на морскиот и крајбрежниот воден транспорт (на пр.: крстарење со риболов), види 50.10
- услуги на инспекција во рибарството и заштита на рибарството, види 84.24
- услужни дејности поврзани со спортско-рекреативен риболов, види 93.19
- работа на резервати за спортски риболов, види 93.19

**03.12 Риболов во слатководни води**

*Оваа класа опфаќа:*
- улов на риба во националните слатководни води на комерцијална основа

- улов на слатководни мекотели и лушпари
- улов на слатководни водени животни

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- собирање на слатководни организми

*Оваа класа не опфаќа:*
- преработка на риба, мекотели и лушпари, види 10.20
- услуги на инспекција во рибарството и заштита на рибарството, види 84.24
- услужни дејности поврзани со спортско-рекреативен риболов, види 93.19
- дејност на резерватите за спортски риболов, види 93.19

## 03.2 Аквакултура

Оваа група ја опфаќа "аквакултурата", т.е производниот процес на водните животни (организми) (риби, лушпари, мекотели, крокодили, алигатори и водоземни животни), вклучувајќи го и одгледувањето и собирањето, употребувајќи технички планови со цел да се зголеми производството вон природниот капацитет на околината (на пр.: редовно снабдување, хранење и заштита од крадци). Одгледувањето се однесува на подмладокот, и/или до нивните повозрасни фази под услови кои се дозволени за горенаведените организми. Дополнително, "аквакултурата", исто така, ги вклучува индивидуалната, задружната и државната сопственост на индивидуалните животни во фаза на одгледување, вклучувајќи го и собирањето.

### 03.21 Морска аквакултура

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на морски риби, вклучувајќи и улов на морски украсни риби
- производство на икри на мекотели (школки, остриги итн.), јастог (рак), постларви на шкампи, рибен подмладок и лососи
- одгледување на морски алги и други морски треви за исхрана
- одгледување на ракови, мекотели, школки, други лушпари и останати морски животни

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на аквакултура во солени води
- дејности на аквакултура во резервоари наполнети со солена вода
- дејности на рибните мрестилишта
- одгледување на морски црви

*Оваа класа не опфаќа:*
- одгледување на жаби, види 03.22
- дејност на резерватите за спортски риболов, види 93.19

**03.22 Слатководна аквакултура**

*Оваа класа опфаќа:*
- одгледување на риба во слатководни води, вклучувајќи и слатководна украсна риба
- одгледување на слатководни ракови, мекотели, школки, други лушпари и останати водени животни
- дејности поврзани со мрестилиштата (слатководни)
- одгледување на жаби

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на аквакултура во резервоари наполнети со солена вода, види 03.21
- дејност на резерватите за спортски риболов, види 93.19

## В/Б РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН

Рударството и вадењето на камен опфаќа вадење на минерали (руди) кои во природата се јавуваат во цврста состојба (јаглен и руди), течна (нафта) или гасовита (природен гас) состојба. Експлоатацијата може да се врши со различни методи како што се: јамска (подземна), површинска, со дупчење, дупчење на морското дно итн.

Овој сектор ги опфаќа и дополнителните работи со цел подготовка на суровите (необработени) материјали за продажба, како на пр.: кршење, дробење, чистење, сушење, сортирање, концентрирање на руди, топење на природен гас и агломерација (брикетирање) на цврсти горива. Овие дејности често ги вршат единици кои ги искористуваат ресурсите и/или други единици кои се сместени во близина.

Рударските дејности се класифицирани во оддели, групи и класи врз основа на главниот произведен минерал. Одделите 05 и 06 се однесуваат на вадењето на фосилни горива (јаглен, лигнит, петролеум, гас); одделите 07 и 08 се однесуваат на метални руди, различни минерали и производи од камен.
Некои од техничките дејности од овој сектор, особено оние кои се однесуваат на вадење на јагленоводороди, исто така, може да ги вршат специјализирани единици за трети лица, како индустриски услуги-оддел 09.

*Овој сектор не опфаќа:*
- обработка на извадените материјали, сектор С/В (Преработувачка индустрија)

- употреба на извадените материјали без натамошна трансформација за градежни цели, сектор F/Ѓ (Градежништво)
- полнење на шишиња со природна изворска и минерална вода од извори и бунари, види 11.07
- кршење, дробење и друга обработка на некои видови земјиште, камења и минерали кои не се вршат во рударството и вадењето на камен, види 23.9

**05** **Вадење на јаглен и лигнит**

Овој оддел го опфаќа вадењето на цврсти минерални горива од земјиштето или рудниците и вклучените операции (на пр.: сортирање, чистење, обложување, пресување и останати операции неопходни за транспортирање итн.) потребни за добивање на пазарен производ

Овој оддел не го вклучува коксирањето (види 19.10), споредните услуги на рудниците за јаглен и лигнит (види 09.90) или производството на брикети (види 19.20)

**05.1** **Вадење на камен јаглен**

**05.10** **Вадење на камен јаглен**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на камен јаглен: јамска и површинска експлоатација на рудници за камен јаглен, вклучувајќи ги и методите на експлоатација со топење
- чистење, сортирање по големина и квалитет, дробење, пресување на јагленот итн. заради класифицирање, подобрување на квалитетот и олеснување на транспортот и складирањето

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- камен јаглен добиен од ситнеж на камен јаглен

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на лигнит, види 05.20
- копање на тресет, види 08.92
- помошни дејности за вадење на камен јаглен, види 09.90
- пробни дупчења за вадење на јаглен, види 09.90
- производство на цврсти горива во печка за коксирање, види 19.10
- производство на брикети од камен јаглен, види 19.20
- вршење на работи поврзани со подготовка на земјиштето за вадење на јаглен, види 43.12

**05.2** **Вадење на лигнит**

**05.20** **Вадење на лигнит**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на лигнит (кафеав јаглен): јамска, подземна или површинска експлоатација на рудници за лигнит, вклучувајќи ги и методите на експлоатација со топење

- чистење, сортирање по големина и квалитет, дробење на лигнитот итн. заради класифицирање, подобрување на квалитетот и олеснување на транспортот и складирањето

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на камен јаглен, види 05.10
- копање на тресет, види 08.92
- помошни дејности за вадење на лигнит, види 09.90
- пробни дупчења за вадење на јаглен, види 09.90
- производство на брикетиран лигнит, види 19.20
- вршење на работи поврзани со развојот и подготовката на земјиштето за вадење на јаглен, види 43.12

**06 Вадење на сурова нафта и природен гас**

Овој оддел го вклучува производството на сурова нафта и сурова нафта од шкрилци и песок и производството на природен гас и обновување на јагленоводородни течности. Овој оддел опфаќа оперативни дејности и /или развој на нафтените и плинските полиња. Овие дејности може да вклучат дупчење, завршување и опремување на извор; ракување со сепаратори, емулзен кршач, опрема за отсолување, мрежа на цевоводи за собирање на сурова нафта на полињата и сите други дејности во подготовката на нафта и гас сé до испорачувањето од местото на производство.

*Овој оддел не опфаќа:*
- услуги поврзани со нафтени и гасни полиња што се вршат со наплата или врз база на договор, види 09.10

- експлоатација на нафтени и гасни извори, види 09.10.

- пробно дупчење, види 09.10
- рафинирање на нафтени производи, види 19.20
- геофизички, геолошки и сеизмички истражувања, види 71.12

**06.1 Вадење на сурова нафта**

**06.10 Вадење на сурова нафта**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на сурова нафта

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- екстракција на битуменозни или нафтени шкрилци и песок

- производство на сурова нафта од битуменозни шкрилци и песок
- постапка за добивање сурова нафта: преливање, отсолување, дехидратација, зацврстување итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- помошни дејности за  вадење на нафта и природен гас, види  09.10
- испитување на нафтата и гасот, види 09.10
- производство на нафтени деривати, види 19.20
- обновување на течните нафтени гасови при рафинирањето на нафтата, види 19.20
- цевоводен транспорт, види 49.50

**06.2** **Вадење на природен гас**

**06.20** **Вадење на природен гас**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сурови гасовити јаглеnext водороди (природен гас)
- екстракција на кондензати
- истекување и сепарација на течните фракции на јаглеводородите
- десулфурирање на гасот

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- вадење на течни јаглеводороди, добиени преку топење или пиролизи

*Оваа класа не опфаќа:*
- помошни дејности за екстракција на нафта и природен гас, види 09.10
- испитување на нафтата и гасот, види 09.10
- обновување на течните нафтени гасови при рафинирањето на нафтата, види 19.20
- производство на индустриски гас, види 20.11
- цевоводен транспорт, види 49.50

**07** **Вадење на руди на метал**

Овој оддел го вклучува вадењето на метални минерали (руди), што се врши преку подземно и површинско вадење, вадење од морското дно итн. Овој оддел, исто така, ги опфаќа дејностите за подготовка и збогатување на рудите, како што се: дробење, мелење, миење, класирање според квалитетот, сушење, калцинација, испирање на рудите, гравитациона сепарација и флотација.

*Овој оддел не опфаќа:*
- пржење на железни пирити, види 20.13
- производство на алуминиум оксид, види 24.42
- операции на печки за топење, види оддел 24

**07.1 Вадење на руди на железо**

**07.10 Вадење на руди на железо**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на руди вреднувани, пред сé, заради содржината на железо
- збогатување и агломерација на рудите на железо

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење и подготовка на пирит и пирхотини (освен пржење), види 08.91

**07.2 Вадење на руди на обоени метали**

Оваа група го опфаќа вадењето на руди на обоени метали.

**07.21 Вадење на руди на уран и ториум**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на руди, пред сé, вреднувани заради содржината на ураниум и ториум: ураниумов оксид итн.
- концентрирање на тие руди
- производство на жолт колач

*Оваа класа не опфаќа:*
- збогатување на рудите на уран и ториум, види 20.13
- производство на ураниумов метал од ураниумов оксид или други руди, види 24.46
- топење и рафинирање на ураниум, види 24.46

**07.29 Вадење на други руди на обоени метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење и подготовка на руди вреднувани, пред сé, заради содржината на обоени метали
● алуминиум (боксит), бакар, олово, цинк, калај, манган, хром, никел, кобалт, молибден, тантал, ванадиум итн.
● благородни метали: злато, сребро, платина

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење и подготовка на руди на ураниум и ториум, види 07.21
- производство на алуминиумов оксид, види 24.42.
- производство на мате бакар и мате никел, види 24.44 и 24.45

**08** **Вадење на други руди и камен**

Овој оддел го опфаќа вадењето од рудници и каменоломи, но, исто така, и ископувањето на алувијални наслаги, дробењето на карпи и користењето на мочуришта со сол. Употребата на овие производи е најзначајна во градежништвото (пр.песок, камен итн.), преработката на материјали (глина, гипс, калциум итн.), преработката на хемикалии итн. Овој оддел не опфаќа обработка (освен кршење, дробење, сечење (режење), чистење, сушење, сортирање и мешање) на извадените минерали.

**08.1** **Вадење на камен, песок и глина**

**08.11** **Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење, груба обработка и сечење на камен за споменици и за градежништвото, како што се мермер, гранит, пескари итн.
- кршење и дробење на декоративен камен и камен за градежништвото
- вадење, дробење и кршење на варовник
- вадење на суров гипс и анхидриди
- вадење на креда и некалциниран доломит

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на хемиски минерали и минерални ѓубрива, види 08.91
- производство на калциумов доломит, види 23.52
- сечење, обликување и обработка на камен вон каменоломи, види 23.70

**08.12** **Вадење на чакал и песок; глина и каолин**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење и багерирање на индустриски песок, песок за градежништвото и чакал
- кршење и дробење на чакал
- вадење на песок
- вадење на глина, огноотпорна глина и каолин

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на битуменозен песок, види 06.10

**08.9** **Рударство и вадење на други руди и камен, неспомената на друго место**

**08.91 Вадење на хемиски минерали и минерални ѓубрива**

*Оваа класа опфаќа:*

- вадење на природни фосфати и природни калиумови соли
- вадење на природен сулфур
- вадење и подготовка на пирит и пирхотини, освен пржење
- вадење на природен бариум сулфат и карбонат (барити и витерит ) природни борати, природен магнезиум сулфат (кисерит)
- вадење на земјани бои, флуорит и други минерали, вреднувани, пред сé, како извор на хемикалии

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- вадење на гуан

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на сол, види 08.93
- пржење на железни пирити, види 20.13
- производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија, види 20.15

**08.92 Вадење на тресет**

*Оваа класа опфаќа:*
- копање на тресет
- подготовка на тресетот за да се подобри квалитетот и олесни транспортот и складирањето

*Оваа класа не опфаќа:*
- услужни дејности за вадење на тресет, види 09.90
- производство на брикетиран тресет, види 19.20
- производство на иситнета мешана почва од тресет, природна почва, песок, глина, минерални ѓубрива итн., види 20.15
- производство на производи од тресет, види 23.99

**08.93 Вадење на сол**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на сол од рудниците, вклучувајќи го и растворувањето и испумпувањето
- добивање на сол со испарување на морска вода и други солени води
- дробење, чистење и рафинирање на солта од производителот

*Оваа класа не опфаќа:*
- преработка на солта во квалитетна сол за исхрана, пр. јодирана сол, види 10.84

- производство на вода за пиење со испарување на солената вода, види 36.00

**08.99** **Останато рударство и вадење на камен, неспомнато на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- вадење на разновидни минерали и материјали:
● абразивни материјали, азбест, силикатно фосилно брашно, природен графит, стеатит (талк), фелдспад итн.

● природен асфалт, асфалтен камен, природен тврд битумен

● благородни камења, кварц, мица итн.

**09** **Помошни услужни дејности во рударството**

Овој оддел ги опфаќа специјализираните помошни услуги при вадењето што се вршат со наплата или врз база на договор. Овој оддел ги опфаќа услугите при вадењето со помош на традиционални методи на испитување како што е земањето примероци од карпите и правењето геолошки испитувања како што се дупчења, пробни дупчења на изворите на нафта како и на наоѓалиштата на метални и неметални минерали. Останатите услуги опфаќаат монтажа на нафтените постројки, вградување и цементирање на заштитни цевки,чистење, црпење на вода од нафтените и гасните извори, сушење и црпење на вода од рудниците, услуги на отстранување на јаловината од рудниците итн.

**09.1** **Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас**

**09.10** **Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас**

*Оваа класа опфаќа:*
- услужни дејности при вадењето нафта и гас што се вршат со наплата или врз база на договор:
● услуги на испитување (истражување) поврзани со вадењето на сурова нафта и гас, т.е. традиционални методи на испитување, како што е правењето геолошки испитувања на потенцијалните идни терени
● дупчења, монтажа и демонатажа на постројките за дупчење на наоѓалиштата, поправка, вградување и цементирање на заштитни цевки, црпење на вода од нафтените и гасните извори, затрупување (зачепување) и напуштање на местата за дупчење
● топење и регасификација на природниот гас со цел транспорт, направен во рудникот
● услуги на сушење и црпење, со наплата или врз база на договор

● пробно дупчење во врска со вадењето на сурова нафта и гас

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- пожарникарски услуги на нафтените и гасните полиња

*Оваа класа не опфаќа:*
- услужни дејности што ги вршат оператори на нафтените и гасните полиња, види 06.10, 06.20
- специјализирана поправка на машините за вадење на руди, види 33.12
- топење и регасификација на природниот гас со цел транспорт, извршени подалеку од рудникот, види 52.21
- геофизички, геолошки и сеизмографски истражувања, види 71.12

**09.9 Помошни дејности за останатото вадење на руда**

**09.90 Помошни дејности за останатото вадење на руда**

*Оваа класа опфаќа:*
- помошни дејности со наплата или врз база на договор, за потребите на дејностите на вадење на руди од одделите 05, 07 и 08
● услуги на испитување (откривање), т.е. традиционални методи на испитување, како што е земањето примероци од карпите и правењето геолошки испитувања на потенцијалните идни терени
● услуги на сушење и црпење, со наплата или врз база на договор
● пробно дупчење и сондирање

*Оваа класа не опфаќа:*
- операции на вадење на руди и камен со наплата или врз база на договор, види оддели 05, 07 и 08
- специјализирана поправка на машините за вадење на руди, види 33.12
- геофизички истражувања со наплата или врз база на договор, види 71.12

**C/В ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА**

Овој сектор ја опфаќа физичката или хемиската трансформација на материјалите, супстанциите или компонентите во нови производи, иако ова не може да се употреби како единствен универзален критериум за дефинирање на преработувачката индустрија (види ја забелешката подолу за отпад). Трансформираните материјали, супстанции или компоненти се суровини кои се производи од земјоделството, шумарството, риболовот, рударството и вадењето на камен, како и производи од други преработувачки дејности. Значајна промена, поправка или реконструкција на производите главно се смета за преработувачка индустрија.

Аутпутот на преработувачкиот процес може да биде завршен во смисла да биде готов за употреба или потрошувачка, или може да биде полупроизвод во смисла да биде подготвен да стане инпут (влез) за понатамошна преработувачка. На пр: аутпутот на рафинеријата на алуминиум е инпут (влез) кој се употребува во примарното производство на алуминиумот; примарниот алуминиум е инпут (влез) во производството на алуминиумска жица, а алуминиумската жица е инпут (влез) во производството на производи од жица.

Производството на специјализираните компоненти и нивните делови, прибори и додатоци на машините и опремата, по правило е класифицирано во истата класа каде што е и производството на машините и опремата за коишто се однесуваат деловите и приборите.

Производството на специјализирани компоненти и делови на машините и опремата, на пр.мотори, клипови, електрични мотори, електрични агрегати, вентили, запчаници, валчести лежишта, е класифицирано во соодветната класа на преработувачка индустрија, без оглед на машините и опремата во кои тие предмети би можеле да бидат вклучени. Меѓутоа, производството на специјализирани компоненти и прибори со моделирање (вкалапување) или втиснување на пластични материјали е вклучено во групата 22.2.

Монтажата на составните делови на преработените производи се смета за преработувачка индустрија. Овде е вклучена монтажата на преработените производи и од сопствено произведените и од купените компоненти.

Обновувањето на отпадот, т.е. преработката на отпадот во секундарна суровина е класифицирано во групата 38.3 (Поправка -обновување на материјали). Ова може да вклучи физичка или хемиска трансформација, но не може да се смета како дел од преработувачката индустрија.

Основна цел на овие дејности е обработка или преработка на отпадот и поради тоа се класифицирани во секторот Е/Д (Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; управување со отпад и дејности за санација на околината). Меѓутоа, производството на нови финални производи (наспроти секундарните суровини) е класифицирано во преработувачката индустрија, дури и кога овој процес го употребува отпадот како инпут (влез). На пример, производството на сребро од остатоци од филмски ленти се смета за производствен процес.

Специјализираното одржување и поправка на индустриски, комерцијални или слични машини и опрема главно е класифицирано во одделот 33 (Поправка и инсталирање на машини и опрема). Меѓутоа, поправката на компјутери и предмети за лична употреба и апарати за домаќинствата е класифицирана во одделот 95 (Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата), додека поправката на моторни возила е класифицирана во одделот 45 (Трговија на големо и трговија на мало и поправка на моторни возила и на мотоцикли).

Инсталирањето на машини и опрема, кога се врши како специјализирана дејност, е класифицирано во класата 33.20.

Забелешка: Границите помеѓу преработувачката индустрија и другите сектори од класификациониот систем некаде може да бидат нејасни. Како главно правило, дејностите во преработувачкиот сектор ја вклучуваат трансформацијата на материјалите во нови производи. Нивниот аутпут е нов производ. Меѓутоа, дефиницијата од што е составен новиот производ некогаш може да биде субјективна. Како појаснување, следните дејности се сметаат за преработувачка индустрија во НКД:

- преработка на свежа риба (остриги, филети од риба), кои не се преработуваат на рибарски бродови, види 10.20;
- пастеризирање на млеко и полнење во шишиња, види 10.51;
- преработка на кожа, види 15.11;
- заштита на шума, види 16.10;
- печатење и дејности во врска со печатењето, види оддел 18.1;
- протектирање на гуми за возила, види 22.11;
- производство на готова бетонска смеса, види 23.63;
- електропресвлекување, пресвлекување, третирање на метал со затоплување и полирање, види 25.61;
- поправка и ремонт на машини (пр.автомобилски мотори, види 29.10).

Наспроти тоа, има дејности коишто, иако некогаш се вклучени во трансформациониот процес, се класифицирани во друг сектор во НКД - со други зборови, не се класифицирани како преработувачка индустрија. Тие вклучуваат:

- искористување на шуми, класифицирано во секторот A/A (Земјоделство, шумарство и рибарство);
- искористување на земјоделските производи, класифицирано во секторот A/A (Земјоделство, шумарство и рибарство);
- подготовка на храна за непосредна потрошувачка, класифицирано во одделот 56 (Услужни дејности за храна и пијалаци );
- искористување на рудите и другите минерали, класифицирано во секторот B/Б (Рударство и вадење на камен);
- изградба на монтажни објекти и операции изведувани на местото на изградба, класифицирани во секторот F/Ѓ (Градежништво);
- дејности на делење во рефус и редистрибуција во помали количини, вклучувајќи пакување, препакување или полнење на производи во шишиња, како што се течности или хемикалии; сортирање на отпадоци; мешање на бои по нарачка на купувачот и сечење на метали по нарачка на купувачот; постапката која не е последица на различни производи е класифицирана во секторот G/E (Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли).

**10** **Производство на прехранбени производи**

Овој оддел ја вклучува преработката на производите од земјоделството, шумарството и рибарството во храна за луѓе или животни и го вклучува производството на разновидни интермедијарни производи коишто директно не се прехранбени производи. Дејноста често ги генерира придружните производи од поголема или помала вредност (на пример, кожите од колењата или погачата од масло од производството на масло).

Овој оддел е организиран според дејностите кои се вршат со различни видови на производи: месо, риба, овошје, зеленчук, масти и масла, млечни производи, мелнички производи , храна за животни и останати прехранбени производи. Производството може да се врши за сопствена сметка, како и за трети лица, како што е колењето по нарачка.

Овој оддел не ја вклучува подготовката на јадења за непосредна потрошувачка, како што е во ресторани.

Некои дејности се сметаат како преработувачки (на пример, оние коишто се вршат во пекарници, слаткарници и продавници за подготовка на месо итн. кои ги продаваат своите сопствени производи) дури и да имаат трговија на мало во сопствена продавница на производителите. Меѓутоа, кога преработката е мала и не води кон вистинска трансформација, единицата е класифицирана во трговија на големо и трговија на мало (сектор G/E).

Подготовката на храна што обично се консумира на самото место е класифицирана во одделот 56 (Услужни дејности на доставување на храна и пијалаци).

Производството на добиточна храна за животни од отпадоците и остатоците од кланиците или од производите е класифицирано во групата 10.9, додека обработката на отпадоците и остатоците од храна и пијалаци во секундарна суровина е во групата 38.3, а отстранувањето на отпадоци од храна и пијалаци во класата 38.21.

**10.1** **Преработка и конзервирање на месо и производство на производи од месо**

**10.11** **Преработка и конзервирање на месо**

*Оваа класа опфаќа:*
- работа на кланиците кои се занимаваат со колење, обработување и пакување на месо: говедско, свинско, јагнешко, зајачко, овчо, од камила, итн.
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо, во трупови
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо, во парчиња

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- колење и преработка на китови на копно или на специјализирани бродови
- производство на кожи во кланици, вклучувајќи ги и кожите со влакна
- топење на маст и останати масти за исхрана од животинско потекло
- преработка на животински изнутрици
- производство на чепкана волна (добиена со отстранување од кожата)

*Оваа класа не опфаќа:*
- топење на живински масти за исхрана, види 10.12
- пакување на месо, види 82.92

**10.12** **Преработка и конзервирање на живинско месо**

*Оваа класа опфаќа:*

- работа на кланиците кои се занимаваат со колење, обработка и пакување на живина
- производство на свежо, разладено или замрзнато месо во посебни пакувања
- топење на живински масти за исхрана

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на пердуви

*Оваа класа не опфаќа:*
- пакување на месо, види 82.92

**10.13 Производство на животинско и живинско месо**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сушено, солено и чадено месо
- производство на месни производи:
● колбаси, салами, крвавици и преработки од дроб, салфалади, плескавици, ќебапчиња, конзервирано месо, шунка

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на полуготови замрзнати јадења од месо и живина, види 10.85
- производство на супи кои содржат месо, види 10.89
- трговија на големо со месо, види 46.32
- пакување на месо, види 82.92

**10.2 Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари**

**10.20 Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари**

*Оваа класа опфаќа:*

- преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари: замрзнување, длабоко замрзнување, сушење, готвење, чадење, солење, саламурење, конзервирање итн.

- производство на производи од риба, мекотели и лушпари: рибји филети, икри, кавијар, замени за кавијар итн.

- производство на храна од риба за потрошувачка или за исхрана на животни
- производство на храна и солублес (раствори) исцедени сокови од риба и други водени животни непогодни за човекова потрошувачка

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на бродовите кои само ја преработуваат и конзервираат рибата
- преработка на морски растенија

*Оваа класа не опфаќа:*
- преработка и конзервирање на риба на бродови кои се занимаваат со риболов, види 03.11
- преработка на китови на копно или специјализирани бродови, види 10.11
- производство на масла и масти од морски суровини, види 10.41
- производство на полуготови замрзнати јадења од риба, види 10.85
- производство на рибји супи, види 10.89

**10.3 Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук**

**10.31 Преработка и конзервирање на компири**

*Оваа класа опфаќа:*
- преработка и конзервирање на компири:

● производство на замрзнати полуготови јадења од компири

● производство на сушено пире од компири
● производство на помфрит и слични производи
● производство на чипс
● производство на брашно и прекрупа од компири

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- индустриско лупење на компири

**10.32 Производство на сокови од овошје и зеленчук**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сокови од овошје и зеленчук

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на концентрати од свежо овошје и зеленчук

**10.39 Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на производи (храна) претежно составени од овошје или зеленчук, освен полуготова замрзната или конзервирана храна
- конзервирање на овошје, ореови плодови или зеленчук: замрзнување, сушење, ставање во масло или солило, ставање во конзерви итн.
- производство на производи од овошје или зеленчук
- производство на џем, мармелада и овошни желеа
- пржење на ореови плодови
- производство на производи (храна) и паста од ореови плодови

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на краткотрајни производи од овошје и зеленчук, како:
● салати; мешани салати, пакувани салати
● лупен и сечен зеленчук
● тофу (сирење од соја)

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32

- производство на брашно или прекрупа од сушен мешункаст зеленчук, види 10.61
- конзервирање на овошје и ореови плодови во шеќер, види 10.82
- производство на јадења од зеленчук, види 10.85
- производство на вештачки концентрати, види 10.89

**10.4** **Производство на растителни и животински масла и масти**

Оваа група го опфаќа производството на сурови и рафинирани масла и масти од растително или животинско потекло, освен топена и рафинирана свинска маст и други животински масти за јадење

**10.41** **Производство на масла и масти**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сурови растителни масла: маслиново масло, соино масло, палмино масло, сончогледово масло, масло од памучно семе, масло од репка или синап, ленено масло итн.
- производство на неодмастено брашно и прекрупа од маслодајно семе, маслени ореови плодови или маслени семки
- производство на рафинирани растителни масла: маслиново масло, соино масло итн.
- преработка на растителните масла: дување, вриење (варење), дехидратација, хидрогенизација итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на животински масла и масти што не се за јадење
- добивање на рибино масло и масло од морски цицачи
- производство на памучен линтер, погачи од маслодајни семиња и други остатоци во производството на масло

*Оваа класа не опфаќа:*
- топење и рафинирање на свинска маст и други животински масти за јадење, види 10.11
- производство на маргарин, види 10.42

- влажно мелење на пченка, види 10.62
- производство на пченкарно масло, види 10.62
- производство на етерични масла, види 20.53
- обработка на масла и масти по пат на хемиски процес, види 20.59

**10.42 Производство на маргарин и слични масти за јадење**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на маргарин
- производство на мешавини и слични мазива
- производство на мешани масти за јадење

**10.5 Производство на млечни производи**

**10.51 Преработка на млеко и производство на сирења**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на свежо млеко, пастеризирано, стерилизирано, хомогенизирано и/или третирано на многу висока температура
- производство на пијалаци базирани на млеко
- производство на млечни кремови (павлака) од свежо млеко, пастеризирано, стерилизирано, хомогенизирано
- производство на млеко во прав или концентрирано млеко, засладено или незасладено
- производство на млеко или млечен крем (павлака) во цврста состојба
- производство на путер
- производство на јогурт
- производство на сирење и урда
- производство на сурутка
- производство на казеин или млечен шеќер (лактоза)

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на сурово млеко (кравјо), види 01.41
- производство на сурово млеко (овчо, козјо, коњско, магарешко, од камили итн.), види 01.43, 01.44, 01.45
- производство на сурогати (замена) на млеко и сирење, види 10.89

**10.52 Производство на сладолед**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сладолед и други замрзнати производи за јадење како шербет

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на сладоледџиски дуќани, види 56.10

**10.6 Производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб**

Оваа група го опфаќа мелењето на брашно од жито или зеленчук, мелењето, чистењето и полирањето на ориз, како што е производството на мешано брашно или тесто од овие производи. Оваа група, исто така, го опфаќа и влажното мелење на пченка и зеленчук и производството на скроб и производи на скроб.

**10.61 Производство на мелнички производи**

*Оваа класа опфаќа:*

- мелење на жита:производство на брашно, гриз, прекрупа или топчиња од пченица, ´рж, овес, пченка и други жита

- обработка на ориз: производство на бланширан, мелен, полиран, глазиран, делумно сварен или конвертиран; производство на брашно од ориз
- мелење на зеленчук: производство на брашно од сушен мешункаст зеленчук, корен или трупка или од ореови плодови за јадење
- производство на прехранбени производи од жита (житарки) за појадок
- производство на мешано брашно и тесто подготвено за леб, кекси, бисквити или палачинки

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на брашно од компир, види 10.31
- влажно мелење на пченка, види 10.62

**10.62 Производство на скроб и производи од скроб**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на скроб од ориз, компири, пченка итн.
- влажно мелење на пченка
- производство на гликоза, сируп од гликоза, малтоза, инулин итн.
- производство на глутен
- производство на тапиока (зрнесто скробно брашно) и замена за тапиока подготвена од скроб
- производство на пченкарно масло

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на лактоза (млечен шеќер)
- производство на шеќер од трска или репка, види 10.81

**10.7 Производство на пекарски производи и тестенини**

Оваа група опфаќа производство на пекарски производи, макарони, кори, њоки и слични производи

**10.71 Производство на леб; слатки (колачи,торти) во свежа состојба и бисквити (кекси)**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на леб и печива:
● леб и печива
● слатки, торти, колачи, слатки пити, палачинки, вафли, печива итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на суви пекарски производи, види 10.72
- производство на тестенини (пасти), види 10.73
- загревање (подготвување) на пекарските производи за брзо консумирање, види оддел 56

**10.72 Производство на двопек и бисквити; производство на конзервирани слатки и печива**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на двопек, бисквити и други суви пекарски производи
- производство на конзервирани слатки и печива
- производство на производи за грицкање (крекери, переци итн.), било да се слатки или солени

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на производи за грицкање од компир (чипс, помфрит и сл.производи), види 10.31

**10.73 Производство на макарони, њоки, кускус и слични тестенини**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на тестенини како макарони и њоки, варени или неварени, полнети или неполнети
- производство на кускус
- производство на конзервирани или замрзнати тестенини

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на преработено готово јадење кускус - тарана, види 10.85
- производство на супи кои содржат тестенини, види 10.89

**10.8 Производство на други прехранбени производи**

Оваа група опфаќа производство на шеќер и кондиторски производи, готови јадења и оброци, кафе, чај и зачини, како и специјалитети и лесно расипливи производи

**10.81 Производство на шеќер**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство или рафинирање на шеќер (сахароза) и супститути на шеќер што се добиваат од сок од трска, репа, јавор и палма
- производство на сирупи од шеќер
- производство на мелас
- производство на сируп и шеќер од јавор

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на гликоза, сируп од гликоза, малтоза, види 10.62

**10.82 Производство на какао, чоколади и кондиторски производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на какао, какао-путер, какао-маст, какао-масло
- производство на чоколади и чоколадни бонбони
- производство на кондиторски производи: карамели, кашу, нугати, фондан, бела чоколада
- производство на гуми за џвакање
- конзервирање на овошје, јаткасти плодови, кори од овошје и други делови од растенија во шеќер
- производство на фабрикувани слатки дражеи и пастили против кашлање

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на сахароза, види 10.81

**10.83 Преработка на чај и кафе**

*Оваа класа опфаќа:*
- декофеинирање и пржење на кафе
- производство на производи од кафе:
  - мелено кафе
  - инстант кафе (растворливо кафе)
  - екстракти и концентрати на кафе
- производство на замена за кафе
- мешавини на чај и мате
- производство на екстракти и преработки базирани на чај или мате

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на лековити билки (нане, вербена, камилица итн.)

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на инулин, види 10.62
- производство на алкохолни пијалаци, пиво, вино и освежителни пијалаци, види оддел 11

- преработка на ботанички производи за фармацевтски цели, види 21.20

**10.84 Производство на зачини и други додатоци**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на зачини, сосови и други додатоци:
  - мајонез
  - јадења од и брашно од сенф
  - сенф итн.
- производство на оцет

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- преработка на сол со квалитет за користење во јадења, т.е. јодирана сол

*Оваа класа не опфаќа:*

- одгледување на зачински растенија, види 01.28

**10.85 Производство на готови јадења и оброци**

Оваа класа опфаќа производство на готови (т.е.подготвени, сезонски и зготвени) јадења и оброци. Овие јадења се обработени за да се заштитат, во замрзната или конзервирана форма, и обично се спакувани и етикетирани за продажба, т.е. оваа класа не вклучува подготовка на јадења за брзо консумирање, како што е во ресторантите. За да се смета како готово јадење (оброк), оваа храна треба да содржи најмалку две различни состојки (освен зачини итн.).

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на готова храна од месо и живина
- производство на готова храна од риба, вклучувајќи риба и чипс
- производство на готова храна од зеленчук
- производство на замрзната или на друг начин конзервирана пица

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на локални или национални готови јадења

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на свежа храна или храна со помалку од две различни состојки, види ја соодветната класа од одделот 10
- производство на краткотрајна конзервирана лесно расиплива готова храна, види 10.89
- трговија на мало со конзервирани готови јадења и оброци во продавници, види 47.11, 47.29

- трговија на големо со конзервирани готови јадења и оброци, види 46.38

- дејности на добавувачите на услуги за храна, види 56.29

**10.86 Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на храна за одредени нутриционистички цели:
● храна за доенчиња
● дополнително млеко и друга дополнителна храна за доенчиња
● храна за бебиња
● нискокалорична храна за регулирање на телесната тежина
● диететска храна за специјални медицински цели
● храна со намалена содржина на натриум, вклучувајќи ја и диеталната сол со намалена содржина на натриум или без натриум
● храна без протеини
● храна за употреба при големи физички напори, особено за спортисти
● храна за дијабетичари

**10.89 Производство на останати прехранбени производи, неспоменати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на супи и чорби
- производство на вештачки мед и карамела
- производство на подготвена леснорасиплива храна, како што се:
● сендвичи
● свежа (неподготвена) пица
- додатоци за храна и други производи, неспомнати на друго место

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на квасец
- производство на екстракти и сосови од месо, риба, мекотели и лушпари
- производство на сурогати (замена) на млеко и сирење
- производство на производи од јајца, албумин од јајца
- производство на вештачки концентрати

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на краткотрајни лесно расипливи производи од овошје и зеленчук, види 10.39
- производство на замрзната пица, види 10.85

- производство на алкохолни пијалаци, пиво, вино и благи пијалаци, види оддел 11

**10.9** **Производство на готова храна за животни**

**10.91** **Производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни)**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на готова храна за домашни животни, вклучувајќи и концентрирана и дополнителна храна за животните
- подготвување на неизмешана (посебна) храна за домашни животни

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- обработка на отпадот и остатоците од кланица за производство на храна за домашни животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на храна од риба за исхрана на животни, види 10.20

- производство на погача од маслодајни семиња, види 10.41

- дејности чиишто резултат се производи кои се користат како храна за домашни животни без специјална обработка, на пр.маслиново семе (види 10.41), остатоци од мелење на жита (види 10.61) итн.

**10.92** **Производство на готова храна за домашни миленици**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на готова храна за домашни миленици, вклучувајќи кучиња, мачки, птици, риби итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- обработка на отпадот и остатоците од кланица за производство на храна за домашни животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на храна од риба за исхрана на животни, види 10.20

- производство на погача од маслодајни семиња, види 10.41

- дејности чиишто резултат се производи кои се користат како храна за домашни животни без специјална обработка, на пр.маслиново семе (види 10.41), остатоци од мелење на жита (види 10.61) итн.

**11** **Производство на пијалаци**

Овој оддел го опфаќа производството на пијалаци, како што се неалкохолни пијалаци и минерална вода, производство на алкохолни пијалаци, главно по пат на ферментација, пиво и вино, и производство на дестилирани алкохолни пијалаци.

*Овој оддел не опфаќа:*

- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32

- производство на пијалаци базирани на млеко, види 10.51

- производство на производи од кафе, чај и мате, види 10.83

## 11.0 Производство на пијалаци

### 11.01 Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалаци

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на дестилирани, питки алкохолни пијалаци: виски, бренди, џин, ликери итн.
- производство на мешани пијалаци со дестилирани алкохолни пијалаци
- мешање на дестилирани алкохолни пијалаци
- производство на неутрални (неодредени) алкохолни пијалаци

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на недестилирани алкохолни пијалаци, види 11.02-11.06
- производство на синтетички етил-алкохол, види 20.14
- производство на етил-алкохол од ферментирани материјали, види 20.14
- само флаширање и етикетирање, види 46.34 (доколку се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (доколку се врши со наплата или врз база на договор)

### 11.02 Производство на вино од грозје

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на вино
- производство на пенливи вина
- производство на вина од шира

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- мешање, чистење и флаширање на вино

- производство на нискоалкохолни или безалкохолни вина

*Оваа класа не опфаќа:*

- само флаширање и етикетирање, види 46.34 (доколку се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (доколку се врши со наплата или врз база на договор)

**11.03 Производство на јаболковина и вина од друго овошје**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на ферментирани но недестилирани алкохолни пијалаци: саќе, јаболковина, вино од крушка (крушковача) и останати вина од овошје

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на медовина и мешани пијалаци кои содржат овошни вина

*Оваа класа не опфаќа:*

- само флаширање и етикетирање, кл. 46.34 (доколку се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (доколку се врши со наплата или врз база на договор)

**11.04 Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на вермут и сл.

*Оваа класа не опфаќа:*

- само флаширање и етикетирање, кл. 46.34 (доколку се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (доколку се врши со наплата или врз база на договор)

**11.05 Производство на пиво**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на пијалаци со вриење на слад, како што е пиво, англиско бело пиво, црно пиво и јако црно пиво

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на нискоалкохолни или безалкохолни пива

**11.06 *Производство на слад***

**11.07 Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода**

Оваа класа опфаќа производство на безалкохолни пијалаци (освен безалкохолно пиво и вино):

- производство на природна минерална вода и друга флаширана вода

- производство на освежителни пијалаци:
● безалкохолни ароматизирани и /или засладени пијалаци (вода): лимонада, оранжада, кола, овошни пијалаци, тоник итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на сокови од овошје и зеленчук, види 10.32
- производство на пијалаци базирани на млеко, види 10.51
- производство на производи од кафе, чај и мате, види 10.83
- производство на алкохолни пијалаци, види 11.01, 11.02, 11.03, 11.04, 11.05
- производство на безалкохолно вино, види 11.02
- производство на безалкохолно пиво, види 11.05
- производство на сладолед, види 35.30
- само флаширање и етикетирање, види 46.34 (доколку се врши како дел од трговијата на големо) и 82.92 (доколку се врши со наплата или врз база на договор)

**12 Производство на тутунски производи**

Овој оддел ја опфаќа преработката на тутун како земјоделски производ, во форма достапна за финална потрошувачка

**12.0 Производство на тутунски производи**

**12.00 Производство на тутунски производи**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на производи од тутун и негови сурогати: цигари, тутун за цигари, пури, тутун за лула, тутун за џвакање, бурмут
- производство на хомогенизиран или реконституиран тутун

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- оджилување и ридраинг на тутунот

*Оваа класа не опфаќа:*

- одгледување или претходна обработка на тутун, види 01.15, 01.63

**13 Производство на текстил**

Овој оддел вклучува подготовка и предење на текстилни влакна како што се ткаење на текстил, доврѓшување на текстилни ткаенини и друга облека, производство на готови текстилни предмети освен облека (пр.крпи за домаќинствата, ќебиња, волнени прекривки, конопи итн). Одгледувањето на природни влакна спаѓа во одделот 01 (земјоделство), додека производството на синтетички влакна е хемиски процес класифициран во класата 20.60. Производството на облека е класифицирано во одделот 14.

## 13.1 Подготовка и предење на текстилни влакна

### 13.10 Подготовка и предење на текстилни влакна

Оваа класа ги опфаќа подготвителните операции на предење на текстилни влакна.Тоа може да биде направено со различни материјали, како што се свила или волна, со помош на животински, растителни или готови (произведени) влакна, како и хартија или стакло итн.

*Оваа класа опфаќа:*

- подготвителни операции на текстилни влакна:
  - намотување и перење на свила
  - одмастување и карбонизација на волната како и боење на руното
  - кардирање и чешлање на сите видови на влакна било од животинско, растително или од вештачко потекло
- предење и производство на предиво и конец за ткаење или шиење, за продажба или за понатамошна обработка
  - косење на лен
  - текстурирање, намотување, свиткување, врзување и перење (натопување) на предиво од синтетички или вештачки влакна

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на предиво од хартија

*Оваа класа не опфаќа:*

- подготвителни операции извршени во комбинација со земјоделството, види оддел 01
- натопување на растенија во вода кои се однесуваат на растителни текстилни предива (јута, лен, влакно од кокосов орев итн.), види 01.16
- пречистување на памукот, види 01.63
- производство на синтетички или вештачки влакна, производство на едножичани предива (вклучувајќи и предива со голема јачина и предива за теписи) од синтетички или вештачки влакна, види 20.60
- производство на стаклени влакна, види 23.14

**13.2 Ткаење на текстил**

**13.20 Ткаење на текстил**

Оваа класа опфаќа ткаење на текстил. Тоа може да се прави од различни материјали, како што се свила, волна, останати животински, растителни или вештачки влакна, хартија или стакло итн.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на широки ткаенини од памучен, волнен тип, волнена или свилена ткаенина, вклучувајќи мешавина, како и од вештачки или синтетички предива (полипропилен итн.)
- производство на други широки ткаенини со користење на лен, коноп, јута, лико влакна и специјални предива

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на ткаено букле, жанил ткаенини, фротир, газа итн.
- производство на ткаенини од стаклени влакна
- производство на конец од индиго влакна и арамиден конец
- производство на имитација на крзно со ткаење

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на плетени и хеклани ткаенини, види 13.91
- производство на подни покривки од текстил, види 13.93
- производство на тесни ткаенини, види 13.96
- производство на неткаена ткаенина и филц, види 13.99

**13.3 Доршување на текстил**

**13.30 Доршување на текстил**

Оваа класа опфаќа доршување на текстил и облека, т.е.белење, боење, доработка и слични дејности

*Оваа класа опфаќа:*

- белење и боење на текстилни ткаенини, предива и текстилни артикли, вклучувајќи и облека
- доработка, сушење, парење, собирање, крпење и мерцеризирање на текстилни ткаенини и текстилни артикли, вклучувајќи и облека

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- белење на џинс
- правење на набори и слични работи на текстилот
- правење водоотпорна, боење, гумирање или импрегнирање на купена облека

- печатење на апликации од свила на текстилни ткаенини и облека

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на текстилни ткаенини, импрегнирани, пресвлечени, прекриени или ламинирани со гума, каде што составен дел е главно гумата, види 22.19

## 13.9 Производство на останати текстили

Оваа група опфаќа производство на производи од текстил, освен облека, како што се готови текстилни предмети, теписи и подни прекривки, коноп, тесни ткаенини, текстилни предмети итн.

### 13.91 Производство на плетени и хеклани ткаенини

*Оваа класа опфаќа:*
- производство и преработка на плетени и хеклани ткаенини:
● букле и фротир ткаенини
● мрежести ткаенини и завеси, плетени на рахел или слични машини
● други плетени или хеклани ткаенини

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на имитација на крзно со плетење

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на мрежести ткаенини и завеси од чипка, плетени на рахел или слични машини, види 13.99
- производство на плетена и хеклана облека, види 14.39

### 13.92 Производство на готови текстилни производи, освен облека

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на готови производи од кој било текстилен материјал, вклучувајќи и плетени или хеклани ткаенини:

● ќебиња, вклучувајќи и ќебиња за патување
● постелнина, прекривки, тоалетни и кујнски крпи
● јоргани, перници, перничиња, перничиња за седење, вреќи за спиење итн.
- производство на готови производи за опремување:
● завеси, ролетни, креветски прекривки, прекривки за мебел и машини итн.
● церади, шатори, производи за кампување, едра, тенди, церади, прекривки за коли, машини или мебел итн.
● знамиња, барјаци, стегови итн.
● крпи за прашина, крпи за садови и слични производи, одела за спасување, падобрани итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на текстилниот дел од електричните ќебиња
- производство на рачно ткаени таписерии

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на текстилни производи за техничка употреба, види 13.96

## 13.93 Производство на теписи и ќилими (подни прекривки)

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на текстилни подни прекривки
● теписи, черги и асури, прекривки

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на филцани прекривки за под изработени со игла

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на асури и прекривки од плетарски материјал, види 16.29
- производство на подни прекривки од плута, види 16.29
- производство на еластични подни прекривки, како што се винил, линолеум, види 22.23

## 13.94 Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на плетенки, јажиња, конопи и кабли од текстилни влакна или ленти или сличен материјал, без оглед дали се или не импрегнирани, пресвлечени, прекриени или обложени со гума или пластика
- производство на јазлести мрежи од плетенки, јажиња или конопи
- производство на производи од коноп или мрежа: рибарски мрежи, одбојници за бродови, перници за истовар, јажиња за товарење, јажиња и кабли со метални прстени итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на мрежи за коса, види 14.19
- производство на жичан коноп (јаже), види 25.93
- производство на мрежи за спортски риболов, види 32.30

## 13.95 Производство на неткаен текстил и предмети од неткаен текстил, освен облека

Оваа класа ги опфаќа дејностите во врска со производството на текстилни ткаенини и текстилни производи, неспецијализирани во одделите 13 и 14, вклучувајќи голем број на преработки и разновидни произведени производи.

**13.96 Производство на друг технички и индустриски текстил**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на тесни ткаенини, вклучувајќи ги и оние без потка, составени со лепило (адхезив)
- производство на етикети (налепници) и беџови
- производство на декоративни украси: плетенки, реси, волнени украсни пуфки (прикачени на облека) итн.
- производство на импрегнирани ткаенини, пресвлечени, прекриени или ламинирани со пластика
- производство на метализирано предиво и обвиткано предиво, гумен конец и корд прекриен со текстилен материјал, текстилно предиво или лента, прекриено, импрегнирано, пресвлечено или обложено со гума или пластика
- производство на корд ткаенина за автогуми од вештачко предиво со голема цврстина
- производство на разни текстилни производи: цврсти или слични крути текстилни ткаенини, ткаенини прекриени со гума или со амилацеозна супстанција
- производство на различни текстилни производи: фитил, огноотпорни наметки за плин и цврст гас
- перелини, црева, трансмисиони или конвеерски ленти-каиши (зацврстени или не со метал или друг материјал), облека против гром, облека за филтрирање (цедење)
- производство на текстилни производи за опремување на моторни возила
- производство на сликарски платна и ткаенини за обележување

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на трансмисиони или конвеерски текстилни ленти-каиши, предиво или јаже, импрегнирано, пресвлечено, прекриено или ламинирано со гума, кадешто гумата е главен составен дел, види 22.19
- производство на плочи и фолии од целуларна гума или пластика комбинирана со текстил само заради зајакнување, види 22.19, 22.21
- производство на ткаенини од плетена метална жица, види 25.93

**13.99 Производство на останати текстили, неспомнато на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на филц
- производство на тул и други мрежести ткаенини, парчиња, ленти, тантела и вез со мотиви
- производство на ленти од ткаенина со пресија (превиткување)
- производство на врвки за чевли од текстил
- производство на перничиња за пудра и ракавици без прсти

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на филцани прекривки за под изработени со игла, види 13.93
- производство на текстилна вата и производи од вата: санитарни крпи, тампони итн., види 17.22

**14 Производство на облека**

Овој оддел го опфаќа шиењето (конфекциско или по мерка) од сите материјали (на пример: кожа, ткаенина, плетена или хеклана ткаенина итн.) на сите видови на облека (на пример: горна и долна облека за мажи, жени, или деца; работна облека, облека за излегување или секојдневна облека итн.) и прибори за облека. Овде не е направена разлика помеѓу облека за возрасни и облека за деца, или разлика помеѓу модерна и традиционална облека. Одделот 14, исто така, ја вклучува и индустријата на крзна (крзна и облека од крзно).

**14.1 Производство на облека, освен облека од крзно**

Оваа група го опфаќа производството на облека. Употребените материјали можат да бидат од секаков вид и можат да бидат пресвлечени, импрегнирани или гумирани.

**14.11 Производство на кожна облека**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на облека од кожа или композитна кожа вклучувајќи кожни индустриски предмети како што се престилки за заварување

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на облека од крзно, види 14.20
- производство на кожни спортски ракавици и спортски капи, види 32.30
- производство на противпожарна (отпорна) и заштитна облека, види 32.99

**14.12 Производство на работна облека**

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на обувки, види 15.20
- производство на противпожарна (отпорна) и заштитна облека, види 32.99
- поправка на облека, види 95.29

**14.13 Производство на друга горна облека**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на останата горна облека од ткаен, плетен и хеклан текстил, неткаен текстил итн., за мажи, жени и деца:
● палта, комплети, костуми, јакни, панталони, здолништа итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- шиење по нарачка
- производство на делови за гореспоменатите производи

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на облека од кожа (освен капи), види 14.20

- производство на облека од гума (каучук) или пластични материјали што не се составува со шиење туку со лепење, види 22.19 и 22.29
- производство на противпожарна (отпорна) и заштитна облека, види 32.99
- поправка на облека, види 95.29

**14.14 Производство на долна облека**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на долна и ноќна облека од ткаени, плетени или хеклани ткаенини, чипка итн., за мажи, жени и деца:

● поткошули, долги гаќи, гаќички, пижами, ноќници, домашни фустани, блузи, комбинезони, градници, корсети, маици итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка на облека, види 95.29

**14.19 Производство на други предмети и прибори за облека**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на облека за бебиња, облека за џогирање, скијачки одела, костуми за капење итн.
- производство на шапки и капи
- производство на друг прибор за облекување: ракавици, појаси, шалови, машни, вратоврски, мрежи за коса итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на капи од крзно
- производство на обувки од текстил без ѓон
- производство на делови за гореспоменатите производи

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на спортски капи, види 32.30
- производство на заштитни капи (освен спортски капи), види 32.99
- производство на противпожарна и заштитна облека, види 32.99
- поправка на облека, види 95.29

**14.2 Производство на предмети од крзно**

**14.20 Производство на предмети од крзно**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на производи изработени од крзно:
● крзнена облека и прибор

● составени крзна како што се парченца, плочи и ленти итн.

● разновидни производи од крзно: ќебиња, килими, табуретки, индустриски крпи за полирање

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на сурово крзно, види 01.4, 01.70
- производство на сурови кожи, види 10.11

- производство на имитација на крзно (материјал со долги влакна добиен со ткаење или плетење), види 13.20, 13.91

- производство на капи од крзно, види 14.19
- производство на облека украсена со крзно, види 14.19
- доработка и боење на крзно, види 15.11
- производство на чизми и чевли кои содржат крзнени делови, види 15.20

**14.3 Производство на плетена и хеклана облека**

**14.31 Производство на плетени и хеклани чорапи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на чорапи, вклучувајќи и сокни (куси чорапи), трико-чорапи и хула-хоп чорапи

**14.39 Производство на друга плетена и хеклана облека**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на плетена и хеклана облека и други готови предмети:
- пуловери, џемпери, елеци и слични производи

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на плетена и хеклана текстилна ткаенина, види 13.91
- производство на чорапи, види 14.31

**15** **Производство на кожа и слични производи од кожа**

Овој оддел опфаќа доработка и боење на крзно како и преработка на крзно и кожа со штавење или сушење и преработка на кожа во производи за финална потрошувачка. Овој оддел, исто така, вклучува производство на слични производи од други материјали (имитација на кожа или замена за кожа (сурогат), како обувки од гума, куфери од текстилна ткаенина итн. Производите направени од замена (сурогат) за кожа се вклучени во овој оддел, бидејќи тие се направени на сличен начин како и производите од кожа (на пр: куфери) и често се произведени во иста единица.

**15.1** **Штавење и доработка на кожа; производство на куфери, рачни торби, седла и сарачки производи; доработка и боење на крзно**

Оваа група опфаќа производство на кожа и крзно и нивни производи.

**15.11** **Штавење и доработка на кожа; доработка и боење на крзно**

*Оваа класа опфаќа:*
- штавење, боење и доработка на кожа
- производство на антилопски обработена, пергаментно обработена, лакирана или метализирана кожа
- производство на композитна кожа
- стружење, четкање (чистење), штавење, белење, шишање (стрижење) и чепкање (кубење) и боење на кожа со крзно и сурова кожа со влакна

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на сурова кожа како дел од одгледувањето на животни, види 01.4
- производство на кожи како дел од кланиците, види 10.11
- производство на кожна облека, види 14.11
- производство на имитација на кожа што не се базира на природна кожа, види 22.19, 22.29

**15.12** **Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки производи**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на куфери, рачни торби и слично, од кожа, кожни остатоци или од кој било друг материјал како што се пластични фолии, текстилни материјали, вулканфибер и картон, каде што е применета иста технологија како за кожа

- производство на седла и сарачки производи
- производство на неметализирани каивчиња за рачни часовници (од ткаенина, кожни, пластични)

- производство на разни производи од кожа или парчиња од составена кожа: појаси за возење, прибор за пакување итн.

- производство на кожни врвки за чевли

- производство на камшици за коњи и камшици за јавање

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на кожна облека, види 14.11
- производство на кожни ракавици и капи, види 14.19
- производство на обувки, види 15.20
- производство на седла за велосипеди, види 30.92
- производство на скапоцени метализирани каивчиња за рачни часовници, види 32.12
- производство на нескапоцени метализирани каивчиња за рачни часовници, види 32.13
- сериско производство на безбедносни појаси и други појаси за професионална употреба, види 32.99

**15.2 Производство на обувки**

**15.20 Производство на обувки**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на обувки за сите намени, од сите видови материјали и по сите постапки, вклучувајќи и лиење во калапи (види подолу за исклучоците)

- производство на делови од кожа за обувки: горни и долни делови, надворешни и внатрешни ѓонови, потпетици итн.

- производство на каљачи, сари и сл. производи

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на обувки од текстилен материјал без ѓонови, види 14.19
- производство на дрвени делови за чевли (на пр: потпетици и калапи), види 16.29
- производство на гумени чизми и потпетици и ѓонови за чевли и останати гумени делови за обувки, види 22.19

- производство на пластични делови за обувки, види 22.29

- производство на чевли за скијање, види 32.30
- производство на ортопедски чевли, види 32.50

**16** **Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал**

Овој оддел вклучува производство на производи од дрво, како што се градежно дрво, шпер-плочи, фурнири, дрвена амбалажа, граѓа за патоси, дрвени снопови и монтажни куќи од дрво. Производствениот процес вклучува пилење, обликување, ламинирање и монтажа на дрвените производи почнувајќи од трупци коишто се сечат во цепаници, коишто можат да се сечат понатаму или да бидат обликувани со струг или други алатки за обликување. Дрвениот материјал или другите трансформирани дрвени облици можат, исто така, дополнително да бидат рамнети и вградени во финалните производи како што е дрвена амбалажа. Со исклучок на пиланите, овој оддел се дели на уште помали делови кои главно се базираат на специфичните производи кои ги преработуваат. Овој оддел не го опфаќа производството на мебел (31.0) и вградувањето на столарија (дрвена опрема) и сл.(43.32, 43.33. 43.39).

**16.1** **Пилење и стружење на дрво**

**16.10** **Пилење и стружење на дрво**

*Оваа класа опфаќа:*
- пилење, рамнење и машинска обработка на дрво
- сечење (на парчиња), лупење и стружење на трупци
- производство на дрвени железнички прагови
- производство на несоставена дрвена граѓа за патоси
- производство на дрвена волна, дрвено брашно, деланки, ленти

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- сушење на дрво
- импрегнирање или хемиска постапка со дрво со користење на заштитни средства или други материјали

*Оваа класа не опфаќа:*
- сечење на дрвото на трупци и производство на грубо обработено дрво, види 02.20
- производство на тенки фурнир листови за употреба кај шпер-плочи, табли и панели, види 16.21
- производство на шиндра, профилирани ленти и калапи, види 16.23
- производство на трупци за огрев и пресувано дрво, види 16.29

**16.2** **Производство на производи од дрво, плута, слама и плетарски материјал**

Оваа група опфаќа производство на производи од дрво, плута, слама или плетарски материјал, вклучувајќи основни облици како и составени производи.

## 16.21 Производство на фурнир и други плочи од дрво

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на тенки фурнир листови за употреба како фурнири за правење шпер-плочи, плочи и панели и за други намени:
  - рамнење (мазнење), боење, пресвлекување, импрегнирање, зајакнување (зацврстување) (со хартија или текстилна поткрепа од ткаенина)
  - правење на облици (форми) со мотиви
- производство на шпер-плочи, фурнирани панел плочи и слични ламинирани дрвени табли и листови
- производство на т.н. ориентирани иверки како и други видови иверки и плочи-влакнатици
- производство на средно густи плочи-влакнатици и други плочи-влакнатици
- производство на збиени (густи) дрва
- производство на залепени (прицврстени) ламинирани дрва и ламиниран фурнир

## 16.22 Производство на паркет

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на дрвени паркетни блокови, ленти итн., споени во панели

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на неспоени дрвени подни плочи, види 16.10

## 16.23 Производство на друга градежна столарија и подови

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на производи од дрво наменети првенствено за употреба во градежништвото:
  - греди, коси греди за покриви, покривни потпорни греди
  - залепени (прицврстени), ламинирани и метално поврзани, како монтажни дрвени покривни потпирачи (главни греди)
  - врати, прозорци, капаци и нивни рамки, кои содржат или не метални елементи, како што се: шарки (на врата), брави итн.
  - скали, огради
  - дрвени декоративни елементи, интарзија, шиндра
- производство на монтажни згради и нивни елементи претежно од дрво, како на пр: сауна
- производство на мобилни куќи
- производство на дрвени прегради (освен самостоечки)

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на кујнски кабини, ормани за книги, гардеробери итн., види 31.01, 31.02, 31.09
- производство на дрвени самостоечки преградни панели, види 31.01, 31.02, 31.09

**16.24 Производство на дрвена амбалажа**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на сандаци за пакување, кутии, гајби, барабани и слична амбалажа од дрво
- производство на палети, палети во вид на сандаци и други товарни табли од дрво
- производство на буриња, бочви, каци и други бочварски производи од дрво
- производство на барабани (калеми) за кабли од дрво

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на куфери, види 15.12
- производство на сандаци од плетарски материјал, види 16.29

**16.29 Производство на останати производи од дрво; производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на разновидни производи од дрво:
● дрвени дршки и куќишта за алат, метли, четки
● дрвени калапи за чизми и чевли, закачалки за облека
● предмети за домаќинство и кујнски прибор од дрво
● дрвени статуи и украси, дрвени макетарии (интарзии) и резбарии
● дрвени ковчежиња и кутии за накит, прибори за јадење и слични производи
● дрвени калапи, поклопки, бобини (вретена), калеми за конец и слични производи од свиткано дрво
● останати производи од дрво
- преработка на природна плута, произведена од агломерирана плута
- производство на артикли од природна и агломерирана плута, вклучувајќи подни прекривки
- производство на плетеници и производи од плетарски материјали: подметки, простирки, завеси итн.
- производство на кошничарски производи и плетарска стока
- производство на трупци и ситна сачма за огрев, направени од пресувано дрво или други материјали како замена (сурогат), како што се кафе и соја
- производство на огледало од дрво и рамки за слики
- производство на рамки за уметнички платна (канвас)

- производство на дрвени делови за чевли (на пр: потпетици и калапи)
- производство на рачки за чадори, стапови и сл.
- производство на калапи за производство на лулиња за пушење

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на подметки и простирки од текстилен материјал, види 13.92
- производство на куфери, види 15.12
- производство на дрвени обувки, види 15.20
- производство на кибрити, види 20.51
- производство на кутии за часовници, види 26.52
- производство на дрвени калеми и вретена (гајтани) кои се дел од текстилниот механизам, види 28.94
- производство на мебел, види 31.0
- производство на играчки од дрво, види 32.40
- производство на четки и метли, види 32.91
- производство на мртовечки сандаци, види 32.99
- производство на појаси за спасување, види 32.99

## 17 Производство на хартија и производи од хартија

Овој оддел го опфаќа производството на целулоза, хартија или трансформирани производи од хартија. Производството на овие производи е групирано заедно бидејќи тие содржат серија на вертикално поврзани процеси. Повеќе од еден процес често се изведува само во една единица. Во суштина има три дејности: Производството на целулоза вклучува одвојување на целулозните влакна од другите материјали во дрвото или растворање и одмастување на користена хартија и мешање на мали количини на реагенси за поврзување на влакната. Производството на хартија вклучува ослободување на целулозата од подвижната жичена мрежа така што се формираат континуирани листови хартија. Трансформираните производи од хартија се прават од хартија и други материјали со разновидни техники. Производите од хартија можат да бидат печатени (пр.тапети, украсна хартија итн.), доколку печатената информација не е главна цел. Производството на целулоза, хартија и картон во неспакувана состојба е вклучено во групата 17.1, додека преостанатите класи вклучуваат натамошна преработка за производство на хартија и производи од хартија.

### 17.1 Производство на целулоза (пулпа), хартија и картон

#### 17.11 Производство на целулоза (пулпа)

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на белена, полубелена и небелена дрвна целулоза со механичка, хемиска (со растворање или без растворање) или полухемиска постапка
- производство на памучна-линтерс целулоза
- отстранување на печатарски бои и производство на целулоза од стара хартија

**17.12 Производство на хартија и картон**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хартија и картон наменети за понатамошна индустриска постапка

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- понатамошна преработка на хартија и картон:
● пресвлекување, прекривање и импрегнирање на хартија и картон
● производство на крепирана и плисирана хартија
● производство на ламинати и фолии, ако ламинирањето е со хартија или картон
- производство на рачно изработена хартија
- производство на новинска или друга печатена хартија или хартија за пишување
- производство на целулозна вата и ткаенина од целулозни влакна
- производство на карбон хартија и хартија на матрица во ролни или големи листови

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на брановидна хартија и картон, види 17.21

- производство на производи од хартија, картон или целулоза што се предмет на натамошна преработка, види 17.22,17.23,17.24,17.29

- производство на пресвлечена или импрегнирана хартија, каде што пресвлекувачот или импрегнаторот е главна состојка, да се видат класите во кои е класифицирано производството на пресвлекувачи или импрегнатори

- производство на абразивна хартија, види 23.91

**17.2 Производство на предмети од хартија и картон**

**17.21 Производство на брановидна хартија и картон и на амбалажа од хартија и картон**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на брановидна хартија и картон

- производство на амбалажа од брановидна хартија и картон

- производство на картонски кутии на склопување
- производство на амбалажа од цврсти блокови

- производство на останата амбалажа од хартија и картон

- производство на вреќи и кеси од хартија
- производство на канцелариски фасцикли за акти и сл. производи

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на пликови, види 17.23

- производство на калапи или пресувани производи од целулозна хартија (пр.кутии за пакување на јајца, обложени плочи (чинии) со целулозна хартија), види 17.29

**17.22 Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби за домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на производи од хартија за домаќинствата и за лична употреба и производи од  целулозна вата:

● ливчиња за отстранување на шминка
● шамивчиња, крпи, салвети
● тоалетна хартија
● санитарни крпи и тампони, пелени и ленти за пелени за бебиња
● чаши, чинии и послужавници
- производство на текстилна вата и на производи од вата: санитарни крпи, тампони итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на целулозна вата, види 17.12

**17.23 Производство на канцелариски материјал од хартија**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хартија за печатење и пишување, готова за употреба
- производство на хартија за компјутерско печатење, готова за употреба
- производство на самокопирачка хартија, готова за употреба
- производство на матрици за умножување и карбон хартија, готова за употреба
- производство на гумирана и леплива хартија, готова за употреба
- производство на пликови и дописници
- производство на канцелариски материјал за образование и комерција (нотес-бележник, врзувачи (подврзувачи на книги), регистри, сметководствени книги, деловни обрасци итн.), во случаите кога печатената информација не е главна карактеристика

- производство на кутии, торби, паричници, сетови кои содржат одреден асортиман на хартија за пишување.

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење на производи од хартија, види 18.1

### 17.24 Производство на ѕидни тапети

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на ѕидни тапети и слични покривки за ѕидови, вклучувајќи и ѕидни тапети пресвлечени со винил и ѕидни тапети од текстил

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на хартија и картон во неспакувана состојба, види 17.12
- производство на пластични ѕидни тапети, види 22.29

### 17.29 Производство на други предмети од хартија и картон

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на етикети
- производство на  филтер хартија и картон
- производство на бобини, шпулни, поклопци итн., од хартија и картон
- кутии од картон обликувани за јајца и други обликувани целулозни производи за пакување итн.
- производство на новитети од хартија
- производство на карти од хартија или картон за употреба на жакард машини

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на карти за играње, види 32.40
- производство на игри и играчки од хартија и картон, види 32.40

## 18 Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи)

Овој оддел опфаќа печатење на производи, како што се весници, книги, периодични изданија, деловни обрасци, честитки и др. материјали и поврзани (заеднички) помошни дејности како што се книговезни и завршни работи, услуги на изработка на печатарски форми и отсликување на податоци. Помошните дејности вклучени тука се составен дел од печатарската дејност (индустрија) и производот (плочата за печатење, укоричената книга или компјутерскиот диск CD или фајл) којшто е интегрален дел на печатарската дејност (индустрија) е речиси секогаш обезбеден со овие операции.

Процесите користени во печатењето вклучуваат разновидни методи за префрлање на сликата од плоча, екран или компјутерски фајл на медиум, како што е хартија, пластика, метал, текстилни производи или дрво. Најзначаен од овие методи е пренесувањето на сликата од плоча или екран на медиум со трансфер (префрлање) преку литографија, гравирање, екран и флексографично печатење. Компјутерскиот фајл често се користи за директно да го насочи печатениот механизам да создаде креирање на слика или електростатик и друг тип на опрема (дигитално или печатење без допир).

Иако печатењето и издавањето можат да бидат извршувани од иста единица (на пр. весници), сé помалку и помалку има случаи овие различни дејности да бидат извршувани на иста локација.

Овој оддел, исто така, вклучува репродукција на снимени медиуми, како што се компакт дискови CD, видео записи, софтвер на диск или лента, записи итн.

Овој оддел не ги опфаќа дејностите на издавање (сектор J/S).

## 18.1 Печатење и услужни дејности во врска со печатење

Оваа група го опфаќа печатењето на производи како што се весници, книги, периодични изданија, деловни обрасци, честитки и други материјали, и поврзани (заеднички) помошни дејности, како што се книговезни и завршни работи, услуги на изработка на печатарски форми и отсликување на податоци. Печатењето може да се врши со употреба на разновидни техники и со различни материјали.

### 18.11 Печатење на весници

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- печатење на останати периодични изданија коишто излегуваат најмалку четири пати неделно

*Оваа класа не опфаќа:*

- издавање на печатени материјали, види 58.1
- фотокопирање на документи, види 82.19

### 18.12 Друго печатење

*Оваа класа опфаќа:*

- печатење на магазини и останати периодични изданија коишто излегуваат помалку од четири пати неделно

- печатење на книги и брошури, музички дела и музички ракописи, мапи, атласи, постери, рекламни каталози, проспекти и друг и печатени реклами, поштенски марки, таксени марки, лични документи, чекови и други хартии од вредност, енциклопедии, албуми, дневници, календари и други комерцијални печатени материјали, предмети од хартија за лична употреба и други печатени материјали со обично печатење, офсет печатење, фотогравура, флексографија, скрин печатење и друго печатење со втиснување, машини за копирање, компјутерски печатари, печатари итн., вклучувајќи брзо печатење
- печатење директно на текстил, пластика, чаши, метал, дрво и керамика.

Печатени материјали кои вообичаено имаат авторско право.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- печатење на етикети и привезоци (литографика, печатење гравура, флексографик печатење, други)

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење на апликации со свила на текстилни ткаенини и облека, види 13.30
- производство на канцелариски материјал (нотес-бележник, врзувачи (подврзувачи на книги), регистри, сметководствени книги, деловни обрасци итн.), во случаите кога печатената информација не е главна карактеристика, види 17.23
- издавање на печатени материјали, види 58.1

**18.13 Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето**

*Оваа класа опфаќа:*
- подготовка на печатарскиот формат, подесување на изгледот на текстот, подесување на изгледот на сликата, влез на печатени податоци вклучувајќи скенирање и оптичко препознавање на карактери, електронска структура на текст/илустрација
- подготвување на  датотека за апликации на разни медиуми (печатење на хартија, CD-ROM, интернет)
- услуги за припремање на плочата за печатење, вклучувајќи подесување на  плочи  за процес на обично и офсет печатење
- подготовка на цилиндрите:гравирање или клиширање на цилиндрите за печатена гравура
- непосредна обработка на графичките плочи:"од компјутер на плоча" (исто така и фотополимер плоча)
- подготовка на плочи и матрици за релјефно втиснување или печатење;
- подготовка на:

● уметничка работа од технички карактер, како што е подготовка на литокамен и готови дрвени блокови
● медиуми за презентација, на пр: фолии за проекции и други форми на презентација
● скици, планови, макети итн.
● производство на копии од печатен текст

*Оваа класа не опфаќа:*

- специјализирани дејности на дизајнирање, види 74.10

**18.14 Книговезни и сродни услуги**

*Оваа класа опфаќа:*

- укоричување, изработка на пробен примерок и помошни услуги на печатарските дејности, како на пр. укоричување и завршни работи на книги, брошури, часописи, каталози, итн., со виткање, сечење и потсекување (украсување), составување, лепење, прошивање, лепливо врзување, сечење и покривање со лепење, редење, составување, злато печатење; спирално и пластично спојување и спојување со пластична жица
- укоричување и завршни работи на печатење на хартија и картон, со виткање, печатење, дупчење, перфорирање, релјефно печатење, лепење, ламинирање
- завршни работи на услуги за CD-ROM
- завршни работи на услугите за е-маил како што е нарачка, подготовка на коверти
- останати завршни дејности како што се втиснување, потопување и печатење, Браил копирање

**18.2 Репродукција на снимени медиуми**

**18.20 Репродукција на снимени медиуми**

*Оваа класа опфаќа:*

- репродукција од мастер копии од грамофонски плочи, компакт дискови CD и ленти со музички или други звучни записи (снимени материјали)
- репродукција од мастер копии од записи, компакт дискови CD и ленти со снимени слики или други видео записи
- репродукција од мастер копии од софтвер и податоци на дискови и ленти

*Оваа класа не опфаќа:*

- репродукција на печатени материјали, види 18.11, 18.12
- издавање на софтвер, види 58.2
- производство и дистрибуција на снимени слики, видео ленти и филмови на DVD или слични медиуми, види 59.11, 59.12, 59.13
- репродукција на снимени филмови за јавна дистрибуција, види 59.12

- производство на мастер копии на записи и аудио материјали, види 59.20

## 19 Производство на кокс и рафинирани нафтени производи

Овој оддел опфаќа трансформација на сурова нафта и јаглен во употребливи производи. Главниот процес е рафинирање на нафтата што вклучува сепарација на суровата нафта во составни производи низ соодветни техники како што се кршење (дробење) и дестилација. Овој оддел, исто така, го опфаќа производството за своја сметка на карактеристичните производи (на пр.јаглен (кокс), бутан, пропан, нафта, керозин, нуклеарно гориво, итн.). како и услуги во преработката (на пр. рафинирање по нарачка). Овој оддел опфаќа производство на гасови, како што се етан, пропан и бутан како производи на рафинираната нафта. Не е вклучено производството на некои гасови во други единици (20.14), производство на индустриски гасови (20.11), екстракција (вадење) на природен гас (метан, етан, бутан и пропан) (06.20) и производство на гориво различно од нафтените гасови (на пр: јаглен гас, воден гас, производствен гас, гасњоркс гас) (35.21). Производството на нафтени хемикалии од рафинираната нафта е класифицирано во одделот 20.

### 19.1 Производство на производи од печка за коксирање

#### 19.10 Производство на производи од печка за коксирање

*Оваа класа опфаќа:*
- работи на печките за коксирање
- производство на кокс и полукокс
- проиводство на катран и катран од кокс
- производство на гас во печка за коксирање
- производство на катран од суров јаглен и лигнит
- агломерација на кокс

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на брикети од јаглен, види 19.20

### *19.2 Производство на рафинирани нафтени производи*

#### 19.20 Производство на рафинирани нафтени производи

Оваа класа опфаќа производство на течно или гасовито гориво и други производи од сурова нафта, битуминозни минерали  и  производи од нивни фракции. Рафинирањето на нафтата опфаќа една или повеќе од следните дејности:фракционирање; директна дестилација на суровата нафта и крекирање.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на моторни горива: бензин, керозин итн.
- производство на горива: лесни, средни и тешки горива, масла, рафинериски гасови како што се етан, пропан, бутан итн.
- производство на масла и масти за подмачкување, вклучувајќи и од отпадни масла
- производство на производи за петрохемиската индустрија и производство на облоги за покривање на патишта
- производство на разновидни производи: шпиритус, вазелин, парафин, згусната нафта итн.
- производство на нафтени брикети
- мешање на биогорива, т.е.мешање на алкохол со нафта (на пр:гас алкохол-гасохол)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на брикети од тресет
- производство на брикети од суров јаглен и лигнит

**20** **Производство на хемикалии и хемиски производи**

Овој оддел опфаќа трансформирање на органски и неоргански сурови материјали со хемиски процес и создавање на производи. Производството на основните хемикалии кои ја сочинуваат првата индустриска група се разликува од производството на полупроизводи и крајни производи, произведени со натамошна преработка на основните хемикалии кои се содржани (опфатени) во останатите класи на индустријата.

**20.1** **Производство на основни хемикалии, ѓубрива и азотни соединенија, пластика и синтетички каучук во примарни облици**

Оваа група го опфаќа производството на основни хемиски производи, вештачки ѓубрива и азотни соединенија, како што се пластика и синтетички каучук во примарни облици

**20.11** **Производство на индустриски гас**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на течни или компримирани неоргански индустриски или медицински гасови:
  - елементарни гасови
  - течен или компримиран воздух
  - разладни гасови
  - мешани индустриски гасови
  - инертни гасови како што е јаглендиоксид

● гасови за изолација

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на метан, етан, бутан и пропан, види 06.20
- производство на запалливи гасови како што се етан, бутан и пропан во рафинериите за нафта, види 19.20
- производство на запалливи гасови од јаглен, отпад итн. види 35.21

**20.12 Производство на бои и пигменти**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на бои и пигменти со какво било потекло, во основниот облик или во облик на концентрат

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на производи што се користат како флуоросценти и луминосценти

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на готови бои и пигменти, види 20.30

**20.13 Производство на други основни неоргански хемикалии**

Оваа класа опфаќа производство на хемикалии употребувајќи основни постапки (преработки), како што се термалното крекирање и дестилирање. Аутпутот на овие постапки (преработки) се често издвоени хемиски елементи или издвоени хемиски соединенија.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хемиски елементи (освен индустриски гасови и основни метали)
- производство на неоргански киселини, освен азотна киселина
- производство на бази, лужини и други неоргански бази, освен амонијак
- производство на други неоргански соединенија
- пржење на железен пирит
- производство на дестилирана вода

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- збогатување со руди на ураниум и ториум

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на индустриски гасови, види 20.11
- производство на азотни вештачки ѓубрива и азотни соединенија, види 20.15
- производство на амонијак, види 20.15
- производство на амониумхлорид, види 20.15

- производство на нитрити и нитрати на калиум, види 20.15

- производство на амониум карбонат, види 20.15
- производство на ароматизирана дестилирана вода, види 20.53
- производство на основни метали, види оддел 24

## 20.14 Производство на други основни органски хемикалии

Оваа класа опфаќа производство на хемикалии употребувајќи основни постапки (преработки), како што е топлотно (термичко) крекирање и дестилирање. Аутпутот на овие постапки (преработки) често се издвоени хемиски елементи или издвоени хемиски соединенија.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на основни органски хемикалии:
● заситени и незаситени ациклични јагле125водороди
● заситени и незаситени циклични јагленоводороди
● ациклични и циклични алкохоли
● монокарбонски и поликарбонски киселини, вклучувајќи ја и оцетната киселина

● други соединенија со кислородна функција вклучувајќи ги и алдехидите, кетоните, хиноните и органските соединенија со други функции или со повеќе кислородни функции

● синтетички глицерин
● органски соединенија со азотна функција, вклучувајќи ги и амините
● ферментација на шеќерна трска, пченка и сл.за производство на алкохол и естри

● други органски соединенија вклучувајќи ги и производите на сувата дестилација на дрвото (на пр.дрвен јаглен ) итн.

- производство на синтетички ароматични производи
- дестилација на јагленов катран

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на пластични маси во примарни облици, види 20.16
- производство на синтетички каучук во примарни облици, види 20.17
- производство на суров глицерин, види 20.41
- производство на природни етерични масла, види 20.53
- производство на салицилна и О-ацетилсалицилна киселина, види 21.10

## 20.15 Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на вештачки ѓубрива:
● основни или сложени азотни, фосфорни или калиумови вештачки ѓубрива
● уреа, сурови природни фосфати и сурови природни калиумови соли
- производство на производи на азотни соединенија:
● азотни и сулфоазотни киселини, амонијак, амониум хлорид, амониум карбонат, нитрити и нитрати на калиум

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- прозводство на шалитра со тресет како основна состојка

- производство на шалитра од смеси (мешавина) на природна земја, песок, глина и минерали

*Оваа класа не опфаќа:*
- вадење на гуан, види 08.91
- производство на агрохемиски производи, како што се пестициди, види 20.20

**20.16 Производство на пластични маси во примарни облици**

Оваа класа опфаќа производство на смоли, пластични материјали и невулканизирани термопластични еластомери, мешавини и смеси на смолата врз база на барањата на корисниците, како и производство на синтетичка смола.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на пластични маси во примарни облици:

● полимери, вклучувајќи и полимери на етилен, пропилен, стирен, винил хлорид, винил ацетат и акрилати

● полиамиди
● фенолни и епоксидни смоли и полиуретани
● алкидни и полиестерски смоли и полиетри
● силикони
● изменувачи на јони врз база на полимери

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на целулоза и нејзини хемиски деривати

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вештачки и синтетички влакна, конец (долги влакна) и предива, види 20.60
- уништување на пластични производи, види 38.32

**20.17 Производство на синтетички каучук во примарни облици**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на синтетички каучук во примарни облици:

- синтетички каучук
- фактис

- производство на смеси на синтетички каучук и природен каучук или гуми слични на каучук (на пр: балата)

**20.2** **Производство на пестициди и други агрохемиски производи**

**20.20** **Производство на пестициди и други агрохемиски производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на инсектициди, родентициди, фунгициди, хербициди, акарициди, молусциди, биоциди
- производство на средства против ´ртење, средства за регулација на растот на растенијата
- производство на средства за дезинфекција (за земјоделството и друга употреба)
- производство на други хемикалии за земјоделството, неспомнати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија, види 20.15

**20.3** **Производство на бои, лакови и слични премази, печатарско мастило и китови**

**20.30** **Производство на бои, лакови и слични премази, печатарско мастило и китови**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на бои, фирнајз, емајл и лакови
- производство на подготвени пигменти и материи за боење, опацифиенти (средства за одбивање светлина) и бојосувачи
- производство на стаклест емајл, глазури и премази и слични препарати
- производство на китови
- производство на соединенија за затнување и слични препарати за неогноотпорни и надворешни полнења
- производство на сложени органски растворувачи и разредувачи
- производство на подготвени средства за отстранување на бои и лакови
- производство на печатарско мастило

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на материи за боење и пигменти, види 20.12

- производство на мастило и туш за пишување и цртање, види 20.59

**20.4** **Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање, парфеми и тоалетни препарати**

**20.41** **Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на органски површински активни супстанции

- производство на хартија, вата, филц итн. прекриени или обвиткани со сапун или детергент
- производство на глицерин
- производство на сапуни, освен козметички сапуни
- производство на површински активни препарати:
● прашоци за перење во цврста или течна состојба и детергенти
● препарати за миење садови
● омекнувачи на текстилни ткаенини
- производство на препарати за чистење и полирање:
● препарати за парфимирање или дезодорирање на простории
● вештачки восоци и подготвен, готов восок
● политури и креми за кожа
● политури и креми за дрво
● политури и креми за каросерии, стакло и метал
● пасти и прашоци за рибање, вклучувајќи хартија, вата итн. со кои се прекриени и обвиткани

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на различни хемиски дефинирани соединенија, види 20.13, 20.14
- производство на глицерин, синтетизиран од нафтени производи, види 20.14
- производство на козметички сапун, види 20.42

**20.42** **Производство на парфеми и тоалетни препарати**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на парфеми и тоалетни препарати:
● парфеми и тоалетни води
● препарати за разубавување и шминкање
● препарати за заштита од сонце и препарати за засилување на пигментацијата при сончање
● препарати за маникир и педикир
● шампони, лакови за коса, препарати за ондулација и исправање на коса

● препарати за одржување на хигиена на устата и забите, вклучувајќи и препарати за прицврстување на забни протези

● препарати за бричење, вклучувајќи препарати за пред и по бричење
● дезодоранси и соли за капење
● депилатори
- производство на козметички сапуни

*Оваа класа не опфаќа:*
- екстракција и пречистување на природни етерични масла, види 20.53

**20.5** **Производство на други хемиски производи**

Оваа група опфаќа производство на експлозивни и пиротехнички производи, лепаци, етерични масла и хемиски производи, неспомнати на друго место, на пр: фотографски хемиски материјали (вклучувајќи хартија за филм и осетлива хартија), сложени дијагностички препарати итн.

**20.51** **Производство на експлозиви**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на барут
- производство на експлозивни и пиротехнички производи, вклучувајќи ударни каписли, детонатори, сигнални светла итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на кибрити

**20.52** **Производство на лепаци**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на лепаци и подготвени лепила, вклучувајќи и лепила и лепаци врз база на гума

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на желатин и негови деривати, види 20.59

**20.53** **Производство на етерични масла**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на екстракти од природни ароматични продукти
- производство на смоли
- производство на мирисливи мешавини за произведување на парфеми и храна

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на вештачки ароматични производи, види 20.14
- производство на парфеми и тоалетни препарати, види 20.42

**20.59 Производство на други хемиски производи, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на фотографски плочи, филмови, осетлива хартија и останати осетливи неоткриени материјали

- производство на хемиски препарати за фотографска употреба
- производство на желатин и негови деривати
- производство на различни хемиски производи:

● пептони и нивни деривати и други протеински супстанции и нивни деривати, неспомнати на друго место
● хемиски модифицирани масла и масти
● материјали кои се користат за доврѓување на текстил и кожа
● прашоци и пасти кои се користат за заварување, тврдо или меко лемење
● супстанции кои се користат за одмастување на метал
● подготвени адитиви за цемент
● активен јаглен, додатоци на маслата за мачкање, подготвени забрзувачи (ацелатори) за вулканизација на гума, катализатори и други хемиски производи за употреба во индустријата
● антидетонаторски препарати, антифриз препарати
● течности за хидраулични преноси
● сложени лабораториски и дијагностички препарати

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на мастило за пишување и цртање

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на хемиски дефинирани производи во неспакувана состојба, види 20.13, 20.14
- производство на дестилирана вода, види 20.13
- производство на други органски основни хемикалии, види 20.14
- производство на мастило за печатење, види 20.30

- производство на лепила врз база на асфалт, види 23.99

**20.6 Производство на вештачки влакна**

**20.60 Производство на вештачки влакна**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на синтетички и вештачки долги (несечени) влакна
- производство на синтетички и вештачки сечени влакна, невлачени, чешлани или на друг начин подготвени за предење
- производство на синтетички и вештачки предива со долги влакна, вклучувајќи и предива со голема цврстина и текстурирани предива
- производство на синтетички и вештачки монофиламенти или ленти

*Оваа класа не опфаќа:*
- предење на синтетички и вештачки влакна, види 13.10
- производство на предива од вештачки сечени влакна, види 13.10

**21** **Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати**

Овој оддел опфаќа производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати. Овој оддел, исто така, вклучува производство на медицински, хемиски и ботанички производи.

**21.1** **Производство на основни фармацевтски производи**

**21.10** **Производство на основни фармацевтски производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на медицински активни супстанции кои што заради своите фармаколошки својства се користат во производството на лекови: антибиотици, основни витамини, салицилна и О-ацетилсалицилна киселина итн.
- преработка на крв

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на хемиски чисти шеќери
- преработка на жлезди и производство на екстракти од жлезди итн.

**21.2** **Производство на фармацевтски препарати**

**21.20** **Производство на фармацевтски препарати**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на медикаменти:
● антисеруми и други фракции на крвта
● вакцини
● разновидни медикаменти, вклучувајќи и хомеопатски препарати

- производство на хемиски средства за контрацепција за надворешна употреба и хормонски контрацептивни средства
- производство на медицински дијагностички препарати, вклучувајќи тест за бременост
- производство на радиоактивни ин-виво диагностички супстанци
- производство на биотехнолошки фармацевтски производи

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на медицинска импрегнирана вата, газа, бандажен материјал, завои итн.
- преработка на ботанички производи (мелење, сортирање, дробење) за фармацевтска употреба

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на лековити билки (нане, верваин, камилица итн.), види 10.83
- производство на цемент и други полнежи за потребите на стоматологијата, види 32.50
- производство на цемент за реконструкција на коски, види 32.50
- производство на хируршки ткаенини, види 32.50
- трговија на големо со фармацевтски производи, види 46.46
- трговија на мало со фармацевтски производи, види 47.73
- истаражување и развој на фармацијата и фармацевтската биотехнологија, види 72.1
- пакување на фармацевтски производи, види 82.92

**22** **Производство на производи од гума и производи од пластични маси**

Овој оддел опфаќа производство на производи од гума и производи од пластични маси. Овој оддел се карактеризира со употреба на сурови материјали во производниот процес. Меѓутоа, ова не значи дека производството на производите од овие материјали треба да се класифицира овде.

**22.1** **Производство на производи од гума**

Оваа група опфаќа производство на производи од гума.

**22.11** **Производство на надворешни и внатрешни гуми за возила; протектирање на гуми за возила (надворешни гуми)**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на гуми за моторни возила, опрема, подвижни машини, авиони, играчки, мебел и за други цели:

● пневматски гуми
● полни гуми и гуми за пумпање
- производство на внатрешни гуми наменети за надворешни гуми

- производство на заменливи делови за заштита, штитници од гума, профилирани ленти со шари од гума итн.

- обнова и заштита на надворешни гуми

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на гумен материјал за поправка, види 22.19

- поправка на надворешни и внатрешни гуми, местење (подесување) и замена, види 45.20

**22.19 Производство на други производи од гума**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на други производи од природен или синтетички каучук, невулканизирана, вулканизирана или тврда гума:
● гумени плочи, листови, ленти, шипки и други профилирани облици
● цевки, црева и шмркови
● транспортни ленти, преносни ремени и погонски ремени
● предмети од гума за хигиенски цели: презервативи од гума, вештачки гради, шишиња за топла вода итн.
● гумени предмети за облека (само ако се заедно залепени, а не сошиени)
● гумени ѓонови и останати делови за обувки од гума
● гумени нишки и кабли
● гумирано предиво и ткаенини
● гумени прстени, прибор и затки
● гумени подни прекривки
● гумени душеци за дување
● балони
- производство на гумени четки
- производство на цевоводи за пареа од тврда гума
- производство на чешли, шноли за коса, виклери и сл. од тврда гума

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на гумен материјал за поправка
- производство на текстилни ткаенини импрегнирани, пресвлечени, прекриени или ламинирани со гума, каде што составен дел е главно гумата
- производство на гумени душеци за воден кревет
- производство на гумени капи и кецели за бањање
- производство на гумени костуми за вода и нуркање

- производство на гумени секси артикли

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на корд ткаенини за производство на надворешни гуми, види 13.96
- производство на облека од еластични ткаенини, види 14.14, 14.19
- производство на гумени обувки, види 15.20
- производство на лепаци и лепила врз база на гума, види 20.52
- производство на профилирани ленти со шари од гума, види 22.11
- производство на сплавови и чамци на дување, види 30.11, 30.12
- производство на мадраци од непокриена целуларна гума, види 31.03
- производство на гумени спортски реквизити, освен облека, види 32.30
- производство на игри и играчки од гума (вклучувајќи детски чизми за базен, детски гумени чамци на дување, гумени животни на дување, топки и сл.), види 32.40
- поправка на дупнати гуми, види 38.32

**22.2 Производство на производи од пластични маси**

Оваа група опфаќа обработување на нови или стари (на пр.рециклирани) пластични смоли во полупроизводи или крајни производи, употребувајќи некои процеси на преработка како што е оформување (обликување, моделирање) со згуснување, оформување (обликување, моделирање) со истиснување (пресување), вшприцување, дување и леење. За повеќето од нив, производниот процес е таков што овозможува да се направи широк асортиман на производи.

**22.21 Производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на полупроизводи од пластични маси:
● пластични плочи, листови, блокови, филмови, фолии, ленти итн.(без оглед дали самолепливи или не)
- производство на готови производи од пластични маси:
● цевки и црева од пластични маси, прибор од пластични маси за цевки и црева
- филмови и листови од целофан

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на пластични маси во примарни облици, види 20.16
- производство на предмети од синтетичка и природна гума, види 22.1

**22.22** **Производство на амбалажа од пластични маси за пакување**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на предмети од пластични маси за пакување стоки:
● пластични ќеси, вреќи, кутии, сандаци, канистери, шишиња итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на куфери и рачни торби од пластични маси, види 15.12

**22.23** **Производство на предмети за вградување (градежна стока) од пластични маси**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на предмети од пластични маси за потребите на градежништвото
● пластични врати, прозорци, рамови, капаци, ролетни, лајсни за под итн.
● контејнери и резервоари
● подни, ѕидни или тавански облоги од пластични маси во облик на ролни или во облик на плочки итн.
● санитарни предмети од пластични маси: кади, туш-кади, лавабоа, чешми, шолји, казанчиња итн.
- производство на еластични подни облоги, како што се винил, линолеум итн.
- производство на вештачки камен (на пример, култивиран мермер)

**22.29** **Производство на други производи од пластични маси**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на трпезни и кујнски садови и предмети за тоалетни потреби од пластични маси
- производство на разновидни производи од пластични маси:
● пластични кациги, изолационен прибор, пластични делови и прибор за електрични светилки и расветна опрема, канцелариска и училишна опрема и прибор, предмети за облека (само ако заедно се залепени, а не сошиени), прибор за мебел, статуети, преносни ремени, самолепливи пластични ленти (врвки), пластични ѓонови за обувки, пластични држачи за пури и цигари, чешли, пластични виклери (спирали), други разновидни пластични производи итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на куфери од пластични маси, види 15.12
- производство на обувки од пластични маси, види 15.20
- производство на мебел од пластични маси, види 31.01, 31.02, 31.09
- производство на душеци од непокриена целуларна пластика, види 31.03
- производство на спортски реквизити од пластични маси, види 32.30
- производство на игри и играчки од пластични маси, види 32.40
- производство на медицински и стоматолошки производи од пластични маси, види 32.50
- производство на оптички производи од пластични маси, види 32.50
- производство на пластични кациги и останата лична безбедносна опрема од пластични маси, види 32.99

**23** **Производство на други неметални минерални производи**

Овој оддел опфаќа производни дејности поврзани со една супстанција од минерално потекло. Овој оддел опфаќа производство на стакло и производи од стакло (на пр. рамно стакло, шупливо стакло, стаклени влакна, техничка стаклена стока итн.), керамички производи, плочки и производи од печена глина, цемент и гипс, од суровини до завршни производи. Производството на обликуван и финализиран камен и други минерални производи, исто така, е вклучено во овој оддел.

**23.1** **Производство на стакло и производи од стакло**

Оваа група опфаќа стакло и производи од стакло во сите негови облици (форми) произведени во каква било постапка.

**23.11** **Производство на рамно стакло**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на рамно стакло, вклучувајќи и армирано, боено или матирано

**23.12** **Обликување и обработка на рамно стакло**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на зајакнато или ламинирано рамно стакло
- производство на стаклени огледала
- производство на повеќеѕидни стаклени елементи за изолација

**23.13 Производство на шупливо стакло**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на шишиња и друга амбалажа од стакло или кристално стакло
- производство на чаши за пијалак и друга стока за домаќинствата од стакло или кристално стакло

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на играчки од стакло, види 32.40

**23.14 Производство на стаклени влакна**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на стаклени влакна, вклучувајќи и стаклена волна и неткаени производи од нив

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на ткаенини од стаклени влакна, види 13.10

- производство на кабли од оптички влакна за пренос на податоци и пренос на слики во живо, види 27.31

**23.19 Производство и обработка на друго стакло, вклучувајќи и техничка стаклена стока**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на предмети од стакло за лабораториски, хигиенски или фармацевтски цели
- производство на стакло за рачни и други часовници, оптичко стакло и оптички елементи што не се оптички обработени
- производство на стаклена стока што се употребува за имитација на накит (бижутерија)
- производство на изолатори и изолационен прибор од стакло
- производство на стаклена топки за лампи
- производство на стаклени фигури
- производство на стаклени блокови за поплочување (коцки за градежништвото)
- производство на стаклени шипки и цевки

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на оптички елементи што се оптички обработени, види 26.70
- производство на шприцови и друга медицинска опрема за лабораторија, види 32.50

**23.2 Производство на огноотпорни производи**

**23.20 Производство на огноотпорни производи**

Оваа класа опфаќа производство на полупроизводи  од неметални минерали од рудници и каменоломи, како што се песок, крупен песок, камен и глина.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на огноотпорен малтер, бетон итн.
- производство на огноотпорни керамички производи:
● термоизолациони керамички производи од силикатно фосилно брашно
● огноотпорни тули, блокови, ќерамиди итн.
● реторти, лонци, муфови, сливници, цевки, лули итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на огноотпорни предмети што содржат магнезит, доломит или хромит

**23.3** **Производство на градежни материјали од глина**

Оваа група опфаќа производство на градежни материјали од глина.

**23.31** **Производство на керамички плочки и подни плочи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на неогноотпорни керамички плочки за огништа и ѕидови, мозаик коцки итн.
- производство на неогноотпорни керамички подни плочки и плочки за поплочување и обложување

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вештачки камен (на пр., обработка на мермер), види 22.23
- производство на огноотпорни керамички производи, види 23.20
- производство на керамички ѕидарски тули (цигли) и ќерамиди, види 23.32

**23.32** **Производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништвото**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на неогноотпорен градежен материјал од глина:
● производство на керамички ѕидарски тули, ќерамиди, делови од оџаци, цевки, одводи итн
- производство на подни блокови од печена глина

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на огноотпорни керамички производи, види 23.20
- производство на неградежни неогноотпорни керамички производи, види 23.4

**23.4** **Производство на останати порцелански и керамички производи**

Оваа група опфаќа производство на крајни производи од неметални минерали од рудници и каменоломи, како што се песок, крупен песок, камен и глина.

**23.41** **Производство на керамички предмети за домаќинствата и керамички украсни предмети**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на керамички производи што се употребуваат на маса и други керамички производи за домаќинствата или за тоалет
- производство на статуети и други украсни керамички предмети

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на имитација на накит (бижутерија), види 32.13
- производство на играчки од керамика, види 32.40

**23.42** **Производство на керамички санитарни уреди**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на керамички санитарни уреди, на пр. мијалници, кади, бидеа, тоалетни шолји итн.
- производство на други керамички уреди

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на огноотпорни керамички производи, види 23.20
- производство на керамички градежен материјал, види 23.3

**23.43** **Производство на керамички изолатери и изолационен прибор**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на електрични изолатери и изолационен прибор од керамика

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на огноотпорни керамички производи, види 23.20

**23.44** **Производство на други технички производи од керамика**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на керамички и железни магнети

- производство на керамички предмети за лабораториски, хемиски и индустриски потреби

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вештачки камен (на пр.обработка на мермер), види 22.23
- производство на огноотпорни керамички производи, види 23.20
- производство на керамички градежен материјал, група 23.3

**23.49 Производство на други керамички производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на керамички лонци, садови и слични производи што се користат за пренесување или пакување на стока
- производство на керамички производи, неспоменати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на керамички санитарни уреди, види 23.42

- производство на вештачки заби, види 32.50

**23.5 Производство на цемент, вар и гипс**

**23.51 Производство на цемент**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на клинкери и хидрауличен цемент, вклучувајќи и портланд цемент, алуминиумски цемент, цемент од згура и суперфосфатен цемент

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на огноотпорен малтер, бетон итн., види 23.20
- производство на готови и сушени бетонски смеси и малтер, види 23.63, 23.64
- производство на производи од цемент, види 23.69
- производство на цемент што се употребува во стоматологијата (забарски), види 32.50

**23.52 Производство на вар и гипс**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на негасена, гасена и хидраулична вар
- производство на гипс од калциумов гипс и калциумов сулфат

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на калциниран доломит

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на предмети од гипс, види 23.62, 23.69

## 23.6 Производство на производи од бетон, цемент и гипс

### 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на производи од бетон, цемент или предмети од вештачки камен за употреба во градежништвото:

● тули, плочи за поплочување, блокови, плочи, панели, полнетици, цевки, столбови итн.
- производство на монтажни градежни елементи за високоградба и нискоградба, од бетон, цемент или вештачки камен

### 23.62 Производство на производи од гипс за градежни цели

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на производи од гипс за употреба во градежништвото:
● табли, плочи, панели итн.

### 23.63 Производство на готова бетонска смеса

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на готови суво-мешани бетонски смеси и малтер

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на огноотпорен цемент, види 23.20

### 23.64 Производство на малтер

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на малтер во прав

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на огноотпорен малтер, види 23.20
- производство на готови суво-мешани бетонски смеси и малтер, види 23.63

### 23.65 Производство на влакнест цемент

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на градежен материјал од растителни супстанции (дрвена волна, слама, трска) агломериран со цемент, гипс или други минерални спојувачи

- производство на производи од азбест цемент и од целулозен влакнест цемент и сл.:
● брановидни и други плочи, панели, ќерамиди, цевки, резервоари, олуци, корита, сливници, садови, мебел, рамки за прозорци итн.

**23.69** **Производство на други производи од бетон, гипс и цемент**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на други производи од бетон, гипс, цемент или вештачки камен:
● статуи, мебел, предмети со плиток и висок релјеф, вазни и украсни садови, жардињери итн.

**23.7** **Сечење, обликување и доработка на камен**

**23.70** **Сечење, обликување и доработка на камен**

*Оваа класа опфаќа:*
- сечење, обликување и доработка (обработка) на камен за употреба во градежништвото, на гробишта, во изградбата на патишта, за покривање на покриви итн.
- производство на мебел од камен

*Оваа класа не опфаќа:*
- работи што се вршат во каменоломи, како на пример: производство на необработен или грубо обработен камен, види 08.11
- производство на мелнички камења,абразивен (брусен) камен и слични производи, види 23.9

**23.9** **Производство на абразивни (брусни) производи и други неметални минерални производи, неспомнати на друго место**

Оваа група опфаќа производство на други неметални минерални производи.

**23.91** **Производство на абразивни (брусни) производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на мелнички камења, камења за острење и полирање и помошни природни или вештачки абразивни (брусни) производи, вклучувајќи ги и оние на мека база (на пр.: брусна хартија)

**23.99** **Производство на други неметални минерални производи, неспомнато на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на фрикциони материјали и немонтирани предмети од нив врз база на минерални супстанции или целулоза
- производство на минерални изолациони материјали:
  - волна од шљака-згура, камена волна и слични минерални волни; експандирани вермикулити, експандирана глина и слични материјали за топлотна и звучна изолација или материјали кои апсорбираат звук
- производство на производи од разни минерални материјали:
  - обработен лискун и производи од лискун, тресет, графит (различни од електрични производи) итн.
- производство на производи од асфалт и слични материјали, на пр.: лепаци врз база на асфалт, камен ќумур намачкан со катранова смола (катранова смола од јаглен-камен ќумур) итн.
- производство на јаглеродни и графитни влакна и производи (освен на електроди и електрични производи)
- производство на вештачки корунд

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на стаклена волна и неткаени производи од стаклена волна, види 23.14
- производство на графитни електроди, види 27.90
- производство на јаглеродни или графитни дихтунзи, види 28.29

## 24 Производство на метали

Овој оддел вклучува дејности на растопување и/или преработка (рафинирање) на железни или нежелезни метали од руда, парчиња или метални отпадоци, користејќи електрометалуршки и други металуршки техники. Овој оддел, исто така, го опфаќа производството на метални легури и супер легури со употреба на други хемиски елементи во чисти метали. Излезот (аутпутот) од растопувањето и преработката (рафинирањето) на метали, вообичаено е во форма на шипки, а се користи во постапките на валање, извлекување и втиснување за да се изработат производи како што се лимови, ленти, шипки, прачки, жица или цевки и шупливи (издлабени) профили, и во лиена (растопена) форма за изработка на одливки и други основни метални производи.

### 24.1 Производство на сурово железо, челик и ферολегури

Оваа група опфаќа дејности како што се директна редукција на рудите од железо, производство на сурово железо во лиена (растопена) или цврста форма, претворање на сурово железо во челик, производство на ферологури и производство на производи од челик.

**24.10 Производство на сурово железо, челик и ферологури**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на високи печки, челични конвертори и валавница
- производство на сурово железо и огледално железо во парчиња, блокови или други примарни форми
- производство на феролегури
- производство на железни производи со директна редукција на железо и други порозни железни производи
- производство на исклучително чисто железо по пат на електролиза или друг хемиски процес
- претопување на остатоци на инготи (шипки) од старо железо и челик
- производство на железо во гранули и железо во прав
- производство на челик во инготи (шипки) и други примарни форми
- производство на полупроизводи од челик
- производство на топло валани и ладно валани плоснати производи од челик
- производство на топло валани шипки и прачки од челик
- производство на топло валани отворени профили од челик
- производство на плочи (столбови) од челик и заварени профили од челик
- производство на железнички шински материјали (несоставени шини) од челик

*Оваа класа не опфаќа:*
- ладно извлекување на шипки (прачки), види 24.31

**24.2 Производство на цевки, шупливи (издлабени) профили и слични производи од челик**

**24.20 Производство на цевки, шупливи (издлабени) профили и слични производи од челик**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на безрабни цевки со кружен или друг напречен пресек и делови со отвори со кружен напречен пресек,за натамошна обработка, со топло валање, топло втиснување или друга топла преработка на полупроизводи кои може да се клинови или суровини (во форма на прачки) добиени со топло валање или непрекинато леење

- производство на прецизни и непрецизни безрабни цевки со топло валање или топло втиснување на празнини за натамошна преработка, со ладно извлекување или ладно валање на цевки со кружен напречен пресек и ладно извлекување на цевки со друг напречен пресек и други вдлабнати профили
- производство на заварени цевки со надворешен дијаметар што надминува 406,4 мм, ладно обликувани од топло извалани рамни производи илонгитудинално или спирално заварени
- производство на заварени прецизни цевки со надворешен дијаметар што не надминува 406,4 мм за непрекинато ладно или топло обликување од топло или ладно извалани рамни производи и лонгитудинално или спирално заварени и некружни пресеци за топло или ладно обликувањево форма од топло или ладно изваланилонгитудинално заварени ленти
- производство на прецизно заварени цевки со надворешен дијаметар од 406,4 мм или помал за топло или ладно обликување од топло или ладно извалани лентии лонгитудинално заварени испорачани како заварени или понатамошна постапка, за ладно извлекување или ладно валање или ладно обликување во форма на цевки со некружен пресек
- производство на рамни прирабници и прирабници на ковани лежишта со процес на топло валање на рамни производи од челик
- производство на челно заварени фитинзи (прибор), како што се колена и редуцири, со ковање на топло валани безрабни цевки од челик
- фитинзи со навој и други цевки и фитинзи од челик

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на безрабни цевки од челик со центрифугално леење, види 24.52

**24.3 Производство на други производи со примарна преработка на челик**

Оваа група опфаќа производство на други производи со ладна преработка на челик

**24.31 Ладно влечење на прачки**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на челични прачки  и цврсти (масивни) профили од челик со ладно извлекување, грундирање и одвојување

*Оваа класа не опфаќа:*
- извлекување на жица, види 24.34

**24.32 Ладно валање на тесни ленти**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на пресвлечени или непресвлечени плоснати валани производи од челик во ролни или ленти со ширина помала од 600 мм со повторно ладно валање на топло валаните плоснати производи или на челични прачки

**24.33 Ладно обликување и свиткување**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на отворени профили со ладно обликување на валани пруги (валавници) или со свиткување на преси на плоснати валани производи од челик

- производство на ладно обликувани или ладно свиткани ребрести ленти и сендвич-панели

**24.34 Ладно извлекување на жица**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на челична жица, со ладно извлекување на челични прачки

*Оваа класа не опфаќа:*

- извлекување на прачки и производи од челик, види 24.31

- производство на жичани производи, види 25.93

**24.4 Производство на благородни и други обоени метали**

**24.41 Производство на благородни метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на благородни метали:
● производство и рафинирање на необработени или обработени благородни метали: злато, сребро, платина итн. од руда и парчиња отпадоци
- производство на легури од благородни метали
- производство на полупроизводи од благородни метали
- посребрување на метали
- позлатување на сребро или метали
- платинирање на злато, сребро или метали

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на жица од овие метали со извлекување
- производство на ламинирани фолии од благородни метали

*Оваа класа не опфаќа:*
- леење на обоени метали, види 24.53, 24.54
- производство на накит од благородни метали, види 32.12

**24.42 Производство на алуминиум**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на алуминиум од алуминиумов оксид (глиница)
- производство на алуминиум од електролитички рафинирани алуминиумски отпадоци и остатоци
- производство на легури на алуминиум
- примарна преработка на алуминиум

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на жица од овие метали со извлекување
- производство на алуминиумов оксид (глиница)
- производство на алуминиумска фолија за завиткување
- производство на ламинати од алуминиумски фолии во која алуминиумската фолија е главна компонента

*Оваа класа не опфаќа:*
- леење на обоени метали, види 24.53, 24.54

**24.43 Производство на олово, цинк и калај**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на олово, цинк и калај од руда:
- производство на олово, цинк и калај со електролитичко рафинирање на отпадоци и остатоци од олово, цинк и калај
- производство на легури од олово, цинк и калај
- примарна преработка на олово, цинк и калај

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на жица од овие метали со извлекување
- производство на фолија од калај

*Оваа класа не опфаќа:*
- леење на обоени метали, види 24.53, 24.54

**24.44 Производство на бакар**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на бакар од руда

- производство на бакар со електролитичко рафинирање на отпадоци и остатоци од бакар
- производство на легури од бакар
- производство на жица и лента за осигурувачи
- примарна преработка на бакар

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на жица од овие метали со извлекување

*Оваа класа не опфаќа:*
- леење на обоени метали, види 24.53, 24.54

**24.45 Производство на други обоени метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хром, манган, никел итн. од руда или оксиди
- производство на хром, манган, никел итн.од електролитички и алуминотермички рафинирани отпадоци и остатоци од хром, манган, никел итн.
- производство на легури од хром, манган, никел итн.
- примарна преработка на хром, манган, никел итн.
- производство на мате од суров никел

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на жица од овие метали со извлекување

*Оваа класа не опфаќа:*
- леење на обоени метали, види 24.53, 24.54

**24.46 Преработка на нуклеарно гориво**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на ураниум од мешан катран (смола) и други руди
- топење и рафинирање на ураниум

**24.5 Леење на метали**

Оваа група опфаќа производство на полуготови производи и разни одливки со процес на леење.

*Оваа група не опфаќа:*
- производство на готови леени производи како што се:
● бојлери и радијатори, види 25.21
● леени предмети за домаќинствата, види 25.99

**24.51 Леење на железо**

Оваа класа опфаќа дејности на леарници на железо.

*Оваа класа опфаќа:*

- леење на полуготови производи од железо
- леење на одливки од сиво железо
- леење на нодуларни (топчести) графитни одливки од железо
- леење на производи од ковлива одливка
- производство на цевки и шупливи профили и цевки и производи од леено железо

**24.52 Леење на челик**

Оваа класа опфаќа дејности на леарници на челик.

*Оваа класа опфаќа:*
- леење на полуготови производи од челик
- леење на одливки од челик
- производство на безрабни цевки од челик со центрифугално леење
- производство на цевки и прибор од леен челик

**24.53 Леење на лесни метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- леење на полуготови производи од алуминиум, магнезиум, титаниум, цинк итн.
- леење на одливки од лесни метали

**24.54 Леење на други обоени метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- леење на одливки од тешки метали
- леење на одливки од благородни метали
- леење во калапи на одливки од обоени метали

**25 Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема**

Овој оддел опфаќа производство на "чисти" метални производи (како што се делови, контејнери и конструкции), вообичаено со статични, неподвижни функции, наспроти одделите од 26 до 30 кои опфаќаат производство на комбинација или монтажа (составување) на овие метални производи (понекогаш со други материјали) во повеќе комплексни единици кои, ако не се чисто електрични, електронски или оптички, работат со подвижни делови. Производството на оружје и муниција, исто така, е вклучено во овој оддел.

*Овој оддел не опфаќа:*
- специјализирани дејности на поправка и одржување, види 33.1

- специјализирана инсталација на произведени стоки од овој одддел во згради, како што се бојлери за централно греење, види 43.22

## 25.1 Производство на метални конструкции

Оваа група опфаќа производство на метални конструкции (како што се метални рамки или делови за градежништво).

### 25.11 Производство на метални конструкции и делови на конструкции

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на метални рамки и скелиња за градежништвото и нивни делови (кули, јарболи, бали (главни греди), мостови итн.)
- производство на метални конструкции за индустрија (конструкции за високи печки, опрема за кревање и манипулација итн.)
- производство на монтажни згради, главно од метал:
  - бараки на градилишта, конструкции на стандардни изложбени елементи итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на делови за бродски или други котли, види 25.30
- производство на прицврстувачи за составување на железнички, види 25.99
- производство на делови за бродови, види 30.11

### 25.12 Производство на метални врати и прозорци

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на метални врати и прозорци, рамки за врати и прозорци, капаци и порти (капии)
- метални делови за катно припојување

## 25.2 Производство на цистерни, резервоари и садови од метал

Оваа група опфаќа производство на цистерни, радијатори и котли за централно греење

### 25.21 Производство на радијатори и котли за централно греење

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на електрични печки и грејачи за вода, види 27.51

**25.29** **Производство на други цистерни, резервоари и садови од метал**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на резервоари, цистерни и слични метални контејнери, инсталирани како уреди за складирање и/или кои се користат за производство
- производство на метални контејнери за компримиран или течен гас

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на метални буриња, резервоари, канти, кутии и др.кои се користат за чување и пакување на стоки, со капацитет што не преминува 300 литри, види 25.91 и 25.92

- производство на транспортни контејнери, види 29.20
- производство на тенкови (воени оклопни возила), види 30.40

**25.3** **Производство на парни котли, освен котли за централно греење со топла вода**

Оваа група опфаќа производство на парни котли.

**25.30** **Производство на парни котли, освен котли за централно греење со топла вода**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на котли за водена и друга пареа
- производство на помошни уреди за парни котли:
● кондензатори на пареа, економајзери, прегрејувачи, собирачи и акумулатори на пареа
- производство на нуклеарни реактори, освен сепаратори на изотопи
- производство на делови за бродски или други бојлери

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изградба на цевоводен систем вклучувајќи и натамошна обработка на цевките главно за да се направат цевки под притисок или цевоводни системи заедно со поврзаната конструкција и изградба

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на котли и радијатори за централно греење со топла вода, види 25.21
- производство на делови за бојлери-турбини, види 28.11
- производство на сепаратори на изотопи, види 28.99

**25.4** **Производство на оружје и муниција**

**25.40** **Производство на оружје и муниција**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на тешко оружје (артилерија, топови, ракети, цевки за торпедо, тешки митралези)
- производство на лесно оружје (револвери, пушки, лесни митралези)
- производство на пиштоли за воздух и гас (воздушни и гасни пиштоли)
- производство на боева муниција

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на оружје за лов, спортско или огнено оружје за самоодбрана и соодветна муниција
- производство на експлозивни направи како што се бомби, мини и торпеда

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на ударни игли, детонатори или светлечки ракети, види 20.51
- производство на сечила, мечеви, бајонети, итн., види 25.71
- производство на оклопни возила за превоз на пари или драгоцености, види 29.10
- производство на вселенски возила, види 30.30
- производство на тенкови и други борбени возила, види 30.40

**25.5** **Ковање, пресување, штанцување и валање на метали; металургија на прав**

Оваа група опфаќа главно дејности за обработка на метал, како што се ковање и пресување кои се вршат врз база на договор или со надомест.

**25.50** **Ковање, пресување, штанцување и валање на метали; металургија на прав**

*Оваа класа опфаќа:*
- ковање, пресување, штанцување и валање на метали
- металургија на прав: производство на метални предмети непосредно од метален прав со загревање (синтерување) или под притисок

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на метален прав, види 24.1, 24.2

**25.6** **Обработка и пресвлекување на метали; општи машински работи**

Оваа група опфаќа основни дејности на обработка на метали, како што се пресвлекување, гравирање, дупчење, полирање, заварување итн. кои се вршат врз база на договор или со надомест.

**25.61 Обработка и пресвлекување на метали**

*Оваа класа опфаќа:*
- пресвлекување, анодизирање итн. на метали
- термичка обработка на метали
- флемање и отстранување на мустаќи, пескарење со песочен млаз, полирање на метал во барабан и чистење на метали
- боење и гравирање на метали
- пресвлекување на метал со неметални материјали:
  - пластифицирање, емајлирање, лакирање итн.
- зајакнување (зацврстување), полирање на метал

*Оваа класа не опфаќа*:
- дејности на ковачи на коњи, види 01.62
- печатење на метал, види 18.12
- пресвлекување на пластични маси со метал, види 22.29
- валање со благородни метали на основни метали или други метали, види 24.41, 24.42, 24.43, 24.44

**25.62 Општи машински работи**

*Оваа класа опфаќа:*
- дупчење, стругање, глодање, еродирање, рендање, длетување, развртување, рамнење, пилење, острење, брусење, заварување, спојување итн. на метални парчиња
- сечење и пишување на метал со ласерски зраци

*Оваа класа не опфаќа*:
- дејности на ковачи на коњи, види 01.62
- услуги на "брзо" гравирање, види 95.25

**25.7 Производство на сечила, алати и метална опрема за општа намена**

Оваа група опфаќа производство на сечила, метални рачни алати и метална опрема за општа намена

**25.71 Производство на сечила**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на прибор за домаќинствата како што се ножеви, вилушки, лажици итн.
- производство на останати артикли за сечење:
  - секачи и секирчиња
  - бричови и ножиња за бричење
  - ножички за сечење, поткастрување и шишање
- производство на сечила, мечеви, бајонети итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на прибор за јадење и садови (тенџериња, котли, чаши, чинии, тацни итн.), види 25.99
- производство на сечила од благородни метали, види 32.12

**25.72 Производство на брави и шарки**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на катанци, брави, клучеви, шарки и сл. и метални предмети за згради, мебел, возила итн.

**25.73 Производство на алати**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на ножеви и листови за сечење за машини или за механички апарати
- производство на рачен алат како што се: клешти, шрафцигери итн.
- производство на нееликтичен рачен алат за земјоделството
- производство на пили и сечила за пили, вклучувајќи и сечила за кружни и верижни пили
- производство на потрошни алати за рачен алат, без оглед дали се електрични или не, производство на потрошни алати за машини-алатки: бургии, пробивачи, ножови за глодање итн.
- производство на алати за преси
- производство на ковачки алат: чекани, наковални итн
- производство на моделирани кутии и калапи (освен калапи за инготи)
- производство на менгеме, алати за стегање

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на рачен алат на електричен погон, види 28.24
- производство на калапи за инготи (шипки), види 28.91

**25.9 Производство на останати фабрикувани метални производи**

Оваа група опфаќа производство на разновидни метални производи како што се канти и кофи; шајки, завртки и наврткi; метални предмети за домаќинствата; метални уреди; пропелери и котви за бродови; составени железнички шински уреди итн. за различна употреба во домаќинствата и индустријата

**25.91 Производство на сандаци и слична амбалажа од челик**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на канти, бочви, кофи, кутии

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на цистерни и резервоари, види 25.2

**25.92** ***Производство на амбалажа за пакување од лесни метали***

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на лименки и конзерви за пакување на производи за исхрана, туби (за пакување) и кутии на расклопување
- производство на метални затворачи

**25.93** **Производство на жичани производи, синџири и пружини**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на метални кабли, вплетени јажиња и слични производи
- производство на неизолиран метален кабел и изолиран кабел кој не може да се користи како спроводник на електрична енергија
- производство на пресвлечена жица и жица со јадро
- производство на производи изработени од жица: бодликава жица, огради од жица, решетки, мрежи, ткаенини (платна) и др.
- пресвлечени електроди за електролачно заварување
- производство на шајки и игли
- производство на пружини (освен пружини за часовници):
  - ● лиснати пружини, спирални пружини, пружини за торзиони лостови
  - ● листови за пружини
- производство на синџири, освен синџири за електричен трансмисиски пренос

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на пружини за часовници, види 26.52
- производство на жица и кабел за пренос на електрична енергија, види 27.32
- производство на синџири за електричен трансмисиски пренос, види 28.15

**25.94** **Производство на сврзувачки елементи  и завртни машински производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на наврткi, шајбни и други производи без навои
- производство на завртни машински производи
- производство на завртки, штрафови, навртки и слични производи со навои

**25.99** **Производство на други фабрикувани метални производи, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на производи од метал за домаќинствата:

● рамни производи: чинии, тацни итн.
● шупливи производи: тенџериња, котли итн.
● производи за ручек: чаши, чинии итн.
● тенџериња, тави и други неелектрични садови за користење на трпеза или во кујна
● мали рачни кујнски уреди и прибор
● метален прибор за чистење

- производство на вградливи елементи од цинк: жлебови за покриви, кади, лавабоа, садови за перење и слични производи
- производство на метални производи за канцелариска употреба, освен мебел
- производство на сефови, каси, армирани врати итн.
- производство на различни производи од метал:

● производство на бродски пропелери и сечила
● котви
● ѕвона
● причврстувачи за составување на железнички шини
● спони, копчи и куки
● метални скали
● метални знаци, вклучувајќи и знаци за патишта
● производство на украси за ташни

- производство на перманентни метални магнети
- производство на метални вакумирани бокали и шишиња
- производство на метални значки и метални војнички симболи
- производство на метални виклери, метални рачки и други делови од метал за чадор, чешел

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на мечеви, бајонети итн, види 25.71
- производство на колички за шопинг, види 30.99
- производство на мебел од метал, види 31.01, 31.02, 31.09
- производство на спортски предмети, види 32.30
- производство на игри и играчки, види 32.40

**26** **Производство на компјутерски, електронски и оптички производи**

Овој оддел опфаќа производство на компјутери, компјутерска периферна (дополнителна) опрема, опрема за комуникација и слични електронски производи, како што се компонентите (составните делови) за некои производи. Производниот процес на овој оддел се карактеризира со дизајнирање (конструирање) и примена на интегрирани движења и многу  специјализирана технологија.Овој оддел, исто така, содржи производство на електроника за широка потрошувачка, опрема за мерење, тестирање и навигација, опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема, оптички инструменти и опрема и производство на магнетни и оптички медиуми.

**26.1** **Производство на електронски составни делови (компоненти) и електронски плочи**

**26.11** **Производство на електронски составни делови (компоненти)**

Оваа класа опфаќа производство на полупроводници и останати компоненти за електронска употреба.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на електронски кондензатори
- производство на електронски отпорници
- производство на микропроцесори
- производство на електронски цевки
- производство на електронски конектори
- производство на празни плочи за печатени кола
- производство на интегрирани кола (аналогни, дигитални и хибридни)
- производство на диоди, транзистори и слични посебни елементи
- производство на индуктори (пр., пригушувачи, навои, трансформатори), разни видови на електронски компоненети
- производство на електронски кристали и кристални склопови
- производство на калеми, прекинувачи и мерни претворувачи за електронска употреба
- производство на чипови или плочки, полупроводници, готови или полуготови
- производство на компоненти за прикажување (плазма, полимер, LCD)
- производство на светлечки диоди (диоди за емитување на светло) (LED)

*Оваа класа исто така опфаќа:*

- производство на кабли за принтер, кабли за монитор, USB кабли, конектори итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење на "smart" картици, види 18.12
- производство на компјутески и телевизиски монитори, види 26.20, 26,40
- производство на модеми (придружна опрема), види 26.30
- производство на рендгентски цевки и слични уреди за зрачење, види 26.60
- производство на оптичка опрема и инструменти, види 26.70
- производство на слични елементи за електронска употреба, види оддел 27
- производство на флуоресцентни баласти, види 27.11
- производство на електрични релеи, види 27.12
- производство на електрични жичани уреди, види 27.33
- производството на комплетна опрема е класифицирано секаде во класификацијата каде што се работи за комплетна опрема

**26.12 Производство на полни електронски плочи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на полни плочи за печатени кола
- полнење на компонентите на плочите на печатените кола
- производство на внатрешната страна на картите (на пр.звучни, видео, контролни, мрежни, модеми)

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење на "smart" картички, види 18.12
- производство на празни плочи за печатени кола, види 26.11

**26.2 Производство на компјутери (сметачки машини) и периферна опрема**

**26.20 Производство на компјутери (сметачки машини) и периферна (дополнителна) опрема**

Оваа класа опфаќа производство и/или составување на електронски компјутери, како што се мејнфрејм комјутери (централна единица), десктоп компјутери, лаптопови и компјутерски сервери; компјутерска периферна опрема како што се елементи за чување и елементи за инпут-влез/аутпут-излез (принтери, монитори, компјутерски типки). Компјутерите можат да бидат аналогни, дигитални и хибридни. Дигиталните компјутери, како најчест вид, се уреди кои го работат следново: (1) ја складираат процесната програма или програми и податоците потребни за извршување на програмата; (2) може да бидат програмирани според барањата на корисникот; (3) вршат аритметичка пресметка специфицирана од корисникот и (4) ја вршат, без човекова интервенција, процесната програма со приспособување на барањата за нивно исполнување во текот на процесот. Аналогните компјутери се способни за претворање на математичките модели и содржат барем најмалку аналогна контрола и елементи за програмирање.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на десктоп компјутери
- производство на лаптоп компјутери
- производство на мејнфрејм компјутери (централни единици)
- производство на рачни компјутери (на пр.PDA)
- производство на елементи на магнетни дискови, USB преносна меморија и други елементи за складирање
- производство на оптички дискови ( на пр. CD-RW, CD-ROM, DVD-ROM, DVD-RW)
- производство на принтери
- производство на монитори
- производство на тастатури
- производство на сите типови на глувчиња, џојстици и подвижни топчиња
- производство на компјутерски терминали за посебна намена
- производство на компјутерски сервери
- производство на скенери, вклучувајќи бар код скенер
- производство на читачи на "smart" картички
- производство на виртуелни кациги
- производство на компјутерски проектори (видео бимови)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на компјутерски терминали, како автоматски машини за говор (ATM' s), терминали за прикажување на производи за продажба (POS-point-of-sale), без механичко ракување

- производство на повеќефункционална опрема со извршување на две или повеќе од следните функции: принтање, скенирање, копирање, факс

*Оваа класа не опфаќа:*
- репродукција на снимени медиуми (компјутерски, звучни, видео итн.), види 18.20
- производство на електронски компоненти за компјутери и периферна опрема, види 26.1
- производство на внатрешни и надворешни компјутерски модеми, види 26.12
- производство на внатрешната страна на картите, модули и составни делови, види 26.12
- производство на полни електронски плочи, види 26.12
- производство на опрема за модеми и придружна опрема, види 26.30
- производство на дигитални прекинувачи за комуникација, опрема за размена на податоци (на пр.премостувачи, рутери, излези), види 26.30
- производство на електронски делови за широка потрошувачка, како што се CD плеери и DVD плеери, види 26.40
- производство на телевизиски монитори и дисплеери, види 26.40
- производство на конзоли за видео игри, види 26.40
- производство на празни оптички и магнетни медиуми за компјутери и други уреди, види 26.80

**26.3 Производство на опрема за комуникација**

**26.30 Производство на опрема за комуникација**

Оваа класа опфаќа производство на телефонска опрема и опрема за комуникација која се користи за пренос на електричните сигнали преку жици и воздух како што е радио и телевизиско емитување и жичана комуникациска опрема

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на опрема за телефонски централи
- производство на безжични телефони
- производство на уреди за изградба на главна централа (Private Branche Exchange Equipment- PBX)
- производство на телефонска и телефакс опрема, вклучувајќи и апарати за одговарање на телефонски повици (телефонски секретарки)
- производство на опрема за комуникација на податоците (на пр., премостувачи, рутери, излези )
- производство на антени за пренос и прием на сигнали
- производство на опрема за кабловска телевизија
- производство на пејџери
- производство на мобилни телефони

- производство на опрема за мобилна комуникација
- производство на опрема за радио и телевизиски студија и емитување, вклучувајќи телевизизски камери
- производство на модеми (опрема за пренос на податоци) и придружна опрема
- производство на алармни и противпожарни системи, кои испраќаат сигнали до контролните станици
- производство на радио и телевизиски преносувачи
- производство на комуникациски елементи со употреба на инфрацрвени зраци (на пр., далечински управувачи)

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на електронски компоненти и поткомпоненти кои се користат во комуникациската опрема, вклучувајќи и внатрешни/надворешни компјутерски модеми, види 26.1
- производство на полни електронски плочи, види 26.12
- производство на компјутери и компјутерска периферна опрема, види 26.20
- производство на аудио и видео опрема за широка потрошувачка, види 26.40
- производство на GPS уреди, види 26.51
- производство на електронски семафори (за спортски натпревари), види 27.90
- производство на сообраќајни семафори, види 27.90

**26.4 Производство на електроника за широка потрошувачка**

**26.40 Производство на електроника за широка потрошувачка**

Оваа класа опфаќа производство на електронска аудио и видео опрема за домашна забава, моторни возила, за јавен разглас и засилувачи за музички инструменти.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на видео касети за рекордери и опрема за размножување (копирање)
- производство на телевизори
- производство на телевизиски монитори и дисплеери
- производство на аудио рекордери и системи за размножување (копирање)
- производство на стерео опрема
- производство на радио приемници
- производство на звучници
- производство на видео камери за домашна употреба
- производство на џубокси
- производство на засилувачи за музички инструменти и системи за јавни настапи
- производство на микрофони
- производство на CD и DVD плеери

- производство на караоке машини
- производство на слушалки (на пр., радио, стерео, компјутер)
- производство на конзоли за видео игри

*Оваа класа не опфаќа:*

- репродукција на снимени записи (компјутерски, звучни, видео итн.), види 18.2
- производство на компјутерски периферни елементи и компјутерски монитори, види 26.20
- производство на апарати за одговарање на телефонски повици (телефонски секретарки), види 26.30
- производство на опрема за пејџери, види 26.30
- производство на опрема за далечинско управување (радиско и инфрацрвено), види 26.30
- производство на опрема за студиско емитување, како што е опрема за репродукција, пренос и антенски прием, комерцијални видео камери, види 26.30
- производство на антени, види 26.30
- производство на дигитални камери, види 26.70
- производство на електронски игри со фиксиран (а не заменлив) софтвер, види 32.40

**26.5** **Производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација; саати и часовници**

Оваа група опфаќа производство на опрема за мерење, испитување и навигација за разновидни индустриски и неиндустриски цели, вклучувајќи и елементи за мерење на времето како што се саати и часовници и сл.

**26.51** **Производство на инструменти и апарати за мерење, испитување и навигација**

Оваа класа опфаќа системи и инструменти за испитување, детекција, навигација, водење, воздухопловни и поморски системи и инструменти; автоматска контрола и регулатори за примена, како што се грејачи, разладни (клима) уреди, замрзнувачи (фрижидери) и апарати (опрема); инструменти и средства за мерење, прикажување, индицирање (најавување), забележување, пренос и контрола на температурата, влажноста, притисокот, вакуумот, согорувањето, протокот, нивото, вискозноста, густината, киселоста, концентрацијата и ротацијата; уреди за сумирање (на пр.регистрирање) на мерките за течност и инструментите за сметање; инструменти за мерење и испитување на карактеристиките на електрицитетот и електричните сигнали (знаци); инструменти и инструментационен систем за лабораториска анализа на хемискиот и физичкиот состав или концентрирање на примероци од цврст (тврд), течен, гасовит и композитен материјал; други инструменти за мерење и испитување и нивни делови. Оваа класа го опфаќа и производството на неелектрична опрема за мерење, испитување и навигација (освен едноставните механички ала

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на инструменти за мотори на воздухоплови
- производство на опрема за испитување на автомобилски издувни гасови
- производство на метереолошки инструменти
- производство на опрема за испитување на физичките својства и инспекциска опрема
- производство на полиграфски машини
- производство на детектори за радијација (зрачење) и мониторинг инструменти
- производство на инструменти за истражување
- производство на термометри од видот течност во стакло и биметални термометри (освен медицински)
- производство на инструменти за регулирање на влажноста
- производство на инструменти контрола на хидроничко ограничување
- производство на апарати за контрола на пламен и оган
- производство на спектрометри
- производство на мерачи за на воздушен притисок (манометри)
- производство на мерачи за потрошувачка (на пр.за вода, гас, електрична енергија)
- производство на мерачи на проток и сметачки инструменти
- производство на броила

- производство на детектори за мини, сигнални генератори; детектори на метал
- производство на опрема за испитување, детекција, навигација, воздухопловна и поморска опрема, вклучувајќи и соно-пловка (појас за спасување)
- производство на радарска опрема
- производство на GPS инструменти
- производство на опрема за контрола на животната средина (околина) и автоматска контрола на приборот
- производство на опрема за мерење и регистрирање (на пр. записи за летање)
- производство на детектори за движење
- производство на радари
- производство на инструменти за лабораториски анализи (на пр. опрема за анализа на крвта)
- производство на лаборатиски мерачи (ваги), инкубатори и разновидни лабораториски апарати за мерење, испитување итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- апарати за одговарање на телефонски повици (телефонски секретарки), види 26.30
- производство на опрема за медицинско испитување и зрачење, види 26.60
- производство на опрема за оптичко позиционирање, види 26.70
- производство на машини за диктирање (диктафони), види 28.23
- производство на инструменти за мерење тежина (освен лабораториските), либела, кројачки метар итн., види 28.29
- производство на медицински термометри, види 32.50
- инсталирање на опрема за контрола на индустрискиот процес, види 33.20
- производство на едноставни механички средства за мерење (на пр. мерни ленти), види ги класите за производство кои ги користат како основен материјал

**26.52 Производство на саати и часовници**

Оваа класа опфаќа производство на саати, часовници, временски механизми и нивни делови

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на саати и часовници од сите видови, вклучувајќи и часовници за инструмент-табли
- производство на кутии и орманчиња за саати и часовници, вклучувајќи ги и оние од благородни метали

- производство на апарати за бележење на времето и опрема за мерење, бележење и прикажување на временските интервали на друг поинаков начин со помош на механизам на часовникот или со синхронизиран мотор, како што се:
● паркинг-часовници
● часовници
● мерачи на време и дата
● мерачи на процесите
- производство на временски и други уреди за покренување со работа (движења) на саати и часовници или со синхронизиран мотор:
● временски брави
- производство на компоненти за саати и часовници:
● делови за сите видови на саати и часовници
● федери, лежиштен камен, бројчаници, стрелки, плочи, мостови и други делови
● кутии и орманчиња за саати и часовници од сите материјали

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на неметални ремчиња за часовници (текстил, кожа, пластика), види 15.12
- производство на ремчиња за часовници од благородни метали, види 32.12
- производство на ремчиња за часовници од неблагородни метали, види 32.13

**26.6 Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема**

**26.60 Производство на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на апарати и цевки за зрачење (на пр.индустриски, медицинско-дијагностички, медицинско-терапевтски, истражувачки, научни):
● бета, гама, икс-зраци и друга опрема за зрачење
- производство на CT скенери
- производство на PET скенери
- производство на опрема за магнетна резонанца (MRI)
- производство на медицинска ултразвучна опрема
- производство на електрокардиографи
- производство на електромедицинска ендоскопска опрема
- производство на медицинска ласерска опрема
- производство на пејсмејкери
- производство на помошни апарати за слушање

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- производство на опрема за стерилизирање храна и млеко со зрачење

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на кревети за сончање (во солариуми), види 28.99

## 26.7 Производство на оптички инструменти и фотографска опрема

### 26.70 Производство на оптички инструменти и фотографска опрема

Оваа класа опфаќа производство на оптички инструменти леќи, како што се бинокулари, микроскопи (освен електрон, протон), телескопи, призми и леќи (освен офтмалтички); пресвлекување и полирање на леќи (освен офтмалтички); монтирање на леќи (освен офтмалтички) и производство на фотографска опрема како што се камери и мери (мерила) на светлост.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на оптички огледала
- производство на оптичка нишани
- производство на оптичка позициона опрема
- производство на оптички инструменти за зголемување
- производство на оптички уреди со прецизни алати
- производство на оптички компаратори
- производство на филмски и дигитални камери
- производство на слика на филм и слајд проектори
- производство на графоскопи
- производство на оптички средства и инструменти за мерење и проверка (на пр.опрема за контрола на оган, мери (мерила) на фотографски светла, опсег (далечина) на пронајдувачи
- производство на леќи, оптички микроскопи, бинокулари и телескопи
- производство на ласерски делови

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на компјутерски проектори, види 26.20
- производство на комерцијални ТВ и видео камери, види 26.30
- производство на видео камери за домаќинствата, види 26.40
- производство на комплетна опрема со употреба на ласерски компоненти, види ги класите за производство од типот на машини (на пр.медицинска ласерска опрема, види 26.60)
- производство на фотокопир машини, види 28.23
- производство на офталмолошки производи, види 32.50

**26.8** **Производство на магнетски и оптички медиуми**

**26.80** **Производство на магнетски и оптички медиуми**

Оваа класа опфаќа производство на магнетски и оптички снимени медиуми.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на празни магнетски аудио и видео ленти

- производство на празни магнетски аудио и видео касети

- производство на празни дискети
- производство на празни оптички дискови
- производство на хард дискови медиуми

*Оваа класа не опфаќа:*
- репродукција на снимени медиуми (компјутерски медиуми, звучни, видео, итн), види 18.2

**27** **Производство на електрична опрема**

Овој оддел опфаќа производство на производи кои создаваат (произведуваат), дистрибуираат и употребуваат електрична енергија. Овој оддел, исто така, опфаќа производство на електрично осветлување, сигнална опрема и електрични апарати за домаќинството. Овој оддел не го опфаќа производството на електронски производи (види оддел 26).

**27.1** **Производство на електромотори, генератори, трансформатори и уреди за дистрибуција и контрола на електрична енергија**

Оваа група опфаќа производство на енергија, дистрибуција и специјални трансформатори; електромотори, генератори и мотор-генератор комплети.

**27.11** **Производство на електромотори, генератори и трансформатори**

Оваа класа го вклучува производството на секакви видови на електрични мотори и трансформатори: AC, DC и AC/DC.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на електромотори (со исклучок на стартните мотори на моторите со внатрешно согорување)

- производство на трансформатори за дистрибуција на електрична енергија

- производство на трансформатори за електролачно заварување
- производство на флуоросцентни баласти (на пр.трансформатори)
- производство на подстанични трансформатори за дистрибуција на електрична енергија
- производство на напонски регулатори за пренос и дистрибуција
- производство на генератори за струја (освен алтернатори за полнење на батериите кај моторите со внатрешно согорување)
- производство на комплети мотор-генератори (со исклучок на комплети на турбински генератори)
- премотување на арматура на фабричка начин

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство не електронски компоненти: одредени видови на трансформатори и прекинувачи, види 26.11
- производство на опрема за електрозаварување и лемење, види 27.90
- (производство на цврсти инвертори, исправувачи и конвертори, види 27.90
- производство на комплети турбини-генератори, види 28.11
- производство на  стартни мотори и генератори за моторите со внатрешно согорување, види 29.31

**27.12 Производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на прекинувачи на струјни електрични кола
- производство на напонски придушници (за дистрибуција на рамомерно ниво на напон)
- производство на контролни панели за дистрибуција на електрична енергија
- производство на електрични релеи
- производство на  канали за водовите кај елетричните разводни уреди
- производство на електрични осигурувачи
- производство на опрема за прекинување на енергија
- производство на електрични прекинувачи (освен соленоиди, одредени видови механизми, тастери)
- производство на генераторски сет на главниот придвижувач

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на опрема за контрола на животната средина и контролните инструменти за индустриски процеси, види 26.51

- производство на прекинувачи на електрични струјни кола, како што се прекинувачи и склопки, види 27.33

**27.2** **Производство на батерии и акумулатори**

**27.20** **Производство на батерии и акумулатори**

Оваа класа опфаќа производство на батерии кои можат и кои не можат да се полнат

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на примарни ќелии и примарни батерии
● ќелии кои содржат манган диоксид, живин диоксид, сребрен оксид итн.
- производство на електрични акумулатори, вклучувајќи нивни делови:
● сепаратори, контејнери, покривач
- производство на оловни батерии
- производство на NiCad батерии
- производство на NiMH батерии
- производство на литиумски батерии
- производство на батерии со суви ќелии
- производство на батерии со влажни ќелии

**27.3** **Производство на кабел и електроинсталациски материјал**

Оваа група опфаќа производството на електроинсталациски материјали за спроведување на струја како и на електроинсталациски материјали кои не спроведуваат струја без оглед на материјалот. Оваа група, исто така, вклучува изолација на кабелот и производство на кабли од оптички влакна.

**27.31** **Производство на кабли од оптички влакна**

*Оваа класа опфаќа:*

- производството на кабли од оптички влакна за пренос на податоци или слики во живо

*Оваа класа не опфаќа:*

- производството на стаклени влакна или нишки, види 23.14

- производство на сет од оптички кабли или комплети со конектори или останати приклучоци,во зависност од примената на пр., 26.12

**27.32** **Производство на други електронски и електрични жици и кабли**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на изолирани жици и кабли изработени од челик, бакар, алуминиум

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство (влечење) на жица, види 24.34, 24.41, 24.42, 24.43, 24.44, 24.45
- производство на кабли за компјутер, кабли за принтер, USB кабли и слични кабелски сетови или склопки, види 26.11
- производство на електрични кабли со изолирани жици и конектори, види 27.90
- производство на кабелски комплети, жичана опрема и слични кабловски комплети или склопови за примена во автомобилската индустрија, види 29.31

**27.33 Производство на електроинсталациски материјал**

Оваа класа опфаќа производство на жичани уреди кои пренесуваат и кои не пренесуваат струја за електрични струјни кругови независно од видот на материјалот.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на збирни шипки, електрични проводници (со исклучок на проводниците од типот на преклопници)
- производство на GFCI (уреди за заземјување)
- производство на држачи за светилки
- производство на осигурувачи и индуктивни намотки за осветлување
- производство на прекинувачи за електрична инсталација (на пр., на притисок, копчиња за придвижување на механизмот, федери, преклопници.)
- производство на електрични излези и прекидачи (фасонки)
- производство на кутии за елетрична жица (на пр.за спојување, отвор за излез, кутии за прекинувач)
- производство на електрични проводници и соодветни други уреди
- производство на кутии за елетрична жица (на пр.за спојување, за излез, кутии за прекинувач)
- производство на електрични водови и прибор
- производство на преносни столбови и линиски склопови
- производство на пластични уреди кои не пренесуваат струја вклучувајќи пластични разводни кутии, површински плочи и слична пластична инсталациона опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на керамички изолатори, види 23.43
- производство на електронски типови на конектори, приклучоци и прекинувачи, види 26.11

**27.4 Производство на електрична опрема за осветлување**

**27.40 Производство на електрична опрема за осветлување**

Оваа класа опфаќа производство на електрични светилки и цевки и нивни делови и компоненти (освен празните стаклени форми за електричните светилки), електричните уреди за осветлување и нивните компоненти (освен уредите за пренос на струја).

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сијалици со празнење, вжештени (усвитени) сијалици, флуоросцентни, ултравиолетови, инфрацрвени и др. расветни тела и светилки
- производство на плафоњерки
- производство на лустери
- производство на ламби за маса
- производство на новогодишни комплети на светилки
- производство на електрични камини
- производство на рачни батериски светилки
- производство на електрични лампи за инсекти
- призводство на фенери (карбидни, електрични, гасни, бензински, керозински)
- производство на рефлектори
- производство на улични расветни тела (освен сообраќајна сигнализација)
- производство на светлосна опрема како дел од транспортната опрема (на пр. за моторни возила, авиони, чамци)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на неелектрична опрема за осветлување

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на стаклени производи и стаклени делови за расветни тела, види 23.19
- производство на жичани уреди со спроведување на струја за расветни тела, види 27.33
- производство на тавански и бањски вентилатори со интегрирани светлосни уреди, види 27.51
- производство на електрична сигнална опрема како што е опремата за сообраќајни светлосни и пешачки сигнални уреди, види 27.90
- производство на електрични знаци, види 27.90

**27.5 Производство на уреди за домаќинствата**

Оваа група опфаќа производство на мали електрични апарати и електрични уреди за домаќинството, вентилатори за домаќинство, правосмукалки за домаќинство, електрични машини за одржување на подови, апарати за готвење во домаќинството, опрема за перење на алишта за домаќинството, фрижидери за домаќинството, замрзнувачи - исправени и со кутија (сандак) и останати електрични и неелектрични апарати за домаќинството, како што се машини за миење садови, грејачи за вода и апарати за отстранување на ѓубре. Оваа група опфаќа производство на апарати кои како погонско гориво користат струја, плин и сл.

**27.51 Производство на електрични апарати за домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа:*

*- производство на електротермички апарати за домаќинствата:*

- ● фрижидери
- ● замрзнувачи
- ● машини за миење садови
- ● машини за перење и сушење на алишта
- ● правосмукалки
- ● апарати за полирање на подови
- ● отстранувачи на отпадоци
- ● машини за сечење, миксери, соковници
- ● отворачи на конзерви
- ● електрични апарати за бричење, електрични четки за заби и други електрични уреди за лична употреба
- ● острачи на ножеви
- ● аспиратори или апарати за рециклирање

- производство на електротермички уреди за домаќинствата:

- ● електрични грејачи за вода
- ● електрични ќебиња
- ● електрични фенови за сушење на коса, чешли, четки, виклери
- ● електрични пегли
- ● електрични апарати за загревање на простории и домашни вентилатори
- ● електрични печки
- ● микробранови печки
- ● шпорети, решоа
- ● тостери
- ● апарати за подготвување кафе и чај
- ● фритези, скари
- ● електрични грејни тела итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на комерцијални и индустриски фрижидери и замрзнувачи, разладни (клима) уреди, тавански вентилатори, монтирани трајни грејачи на простории, комерцијални вентилатори и вентилатори за воздух, комерцијална опрема за готвење; перална за комерцијални потреби, опрема за хемиско чистење и пеглање; комерцијални, индустриски и институциски правосмукалки, види оддел 28
- производство на машини за шиење за домашна употреба, види 28.94
- инсталирање на централен систем за всмукување, види 43.29

**27.52** **Производство на неелектрични апарати за домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на неелектрична опрема за готвење и греење во домаќинството:
● неелектрични апарати за греење на простории, шпорети, скари, печки, грејачи за вода, апарати за готвење, уреди за подгревање

**27.9** **Производство на друга електрична опрема**

**27.90** **Производство на друга електрична опрема**

Оваа класа опфаќа производство на разновидна електрична опрема во која не спаѓаат мотори, генератори и трансформатори, батерии и акумулатори, жици и жичани уреди, опрема за осветлување и апарати за домаќинството.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на фиксни полначи за батерии
- производство на електричи уреди за отворање и затворање на врати
- производство на електрични ѕвона
- производство на продолжни кабли произведени од купена изолирана жица
- производство на ултразвучни машини за чистење (освен лабораториските и стоматолошките)
- производство на инвертори, уреди за исправување,горивни ќелии, регулирани  и нерегулирани уреди за напојување
- производство на уреди за непрекинато напојување (UPS)
- производство на потиснувачи на напонски удари, освен за оние за примена во дистрибуцијата на електричната енергија

- производство на кабли за апарати, продолжни кабли и останати електрични кабли со изолирана жица и конектори

- производство на јаглеродни и графитни електроди, контакти и други електрични јаглеродни и графитни производи
- производство на делови за акцелератори
- производство на електрични кондензатори, отпорници и сл. компоненти
- производство на електромагнети
- производство на сирени

- производство на електрични семафори за спортски натпревари (пр.за запишување на резултати од натпревар)

- производство на електрични знакови
- производство на електрични сигнални уреди како што е сообраќајната и пешачката сигнализација
- производство на електрични изолатори (освен стакло или порцелан), проводници и опрема изработени од неблагороден метал

- производство на електрична опрема за заварување и средства за лемење, вклучувајќи и рачни уреди за лемење

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на порцелански електрични изолатори, види 23.43
- производство на производи од јаглеродни и графитни влакна (освен електроди и оние за примена во електрични уреди), види 23.99
- производство на електронски компоненти за исправање и регулирање на напонот, струјно конвертирање (преобразување) на интегрирани кола за претворање на струја, електронски кондензатори, електронски отпорници и слични уреди, види 26.11
- производство на трансформатори, мотори, генератори, прекинувачи релеи и индустриски контроли, види 27.1
- производство на батерии, види 27.20
- производство на жици за комуникација и енергија, струјни и неструјни жичани уреди, види 27.3
- производство на опрема за осветлување, види 27.40
- производство на апарати за домаќинството, види 27.5
- производство на неелектрична опрема за заварување и средства за лемење, види 28.29

- производство на електрична опрема за моторни возила, како што се генератори, алтернатори, свеќички, комплет кабли за системот на палење, за електричните системи за прозорци и врати, регулатори на напон, види 29.31

**28** **Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место**

Овој одел опфаќа производство на машини и уреди кои самостојно механички или термално дејствуваат на материјалите  или изведуваат операции на материјалите (како што се ракување, распрскување, мерење или пакување), вклучувајќи ги нивните механички компоненти кои произведуваат и применуваат сила и кои било специјално произведени примарни делови. Ова вклучува производство на фиксни и мобилни или рачни уреди, без оглед дали тие се дизајнирани, планирани за употреба во индустријата, градежништвото, земјоделството или за домашна употреба. Производството на специјална опрема за транспорт на патници или стока (товарен транспорт) во рамките на напред наведеното разграничување, исто така, припаѓа на овој оддел.

Овој одел го разликува производството на машини за специјална намена, т.е. машини кои исклучиво се користат во преработувачката индустрија од класификацијата НКД или во мали групи на класификацијата НКД, како и машини од општа намена, т.е. кои се користат во најразлични индустрии од класификацијата НКД.

Овој оддел, исто така, опфаќа машини за останата посебна намена, без оглед дали се користат во производниот процес или не , како што се опрема за забавни паркови, автоматска опрема за куглани итн. Овој оддел не опфаќа производство на метални производи за општа употреба (оддел 25), контролни инструменти, компјутерска опрема, опрема за мерење и тестирање, електрична дистрибуција и контролни апарати (оддел 26 и 27) и моторни возила за општа намена (оддел 29 и 30).

***28.1 Производство на машини за општа намена***

**28.11 Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на клипни мотори со внатрешно согорување, освен моторни возила, авиони, млазни мотори

● бродски мотори
● мотори за локомотиви
- производство на клипови, клипни прстени, карбуратори и слично за сите мотори со внатрешно согорување, дизел мотори и сл.
- производство на влезни и издувни вентили за мотори со внатрешно согорување
- производство на турбини и нивни делови:
● турбини на водена пареа и останати парни турбини

● хидраулични турбини, водени тркала и нивни регулатори

● тубини на ветер
● гасни турбини за авиони, освен турбомлазни и турбопропелерски за погон на авиони
- производство на комплети бојлер-турбини
- производство на комплети турбина-генератори
- производство на мотори за индустриска употреба

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на електрогенератори (освен турбинско-генераторски комплети), види 27.11
- производство на основни мотори за стартување на генераторски агрегати (освен генераторски агрегати од турбински тип), види 27.11
- производство на електрична опрема и компоненти за мотори со внатрешно согорување, види 29.31
- производство на мотори за моторни возила, авиони и мотори за кружен погон (погон на тркало), види 29.10; 30.30; 30.91
- производство на турбо млазни мотори и турбо пропелерски мотори, види 30.30

**28.12 Производство на хидраулични погонски уреди (хидраулична опрема)**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хидраулични и пневматски компоненти (вклучувајќи хидраулични пумпи, хидраулични мотори, хидраулични и пневматски цилиндри, хидраулични и пневматски вентили, хидраулични и пневматски цевки и спојки )
- производство на уреди за подготовка на воздух за користење во пневматски системи
- производство на хидраулични погонски системи
- производство на хидраулична преносна опрема
- производство на хидростатични преносни уреди

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на компресори, види 28.13
- производство на пумпи за нехидраулична примена, види 28.13
- производство на вентили за нехидраулична погонска примена, види 28.14

- производство на механичка преносна опрема, види 28.15

**28.13 Производство на други пумпи и компресори**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на воздушни или вакуум пумпи, воздушни или други гасни компресори
- производство на пумпи за течност без оглед дали се или не се опремени со мерни инструменти
- производство на пумпи дизајнирани за примена на мотори со внатрешно согорување, пумпи на нафта, вода и гориво за моторни возила итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на рачни пумпи

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на хидраулична и пневматска опрема, види 28.12

**28.14 Производство на други славини и вентили**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на индустриски славини и вентили, вклучувајќи ги и вентилите за регулирање и славините за доток
- производство на санитарни славини и вентили
- производство на славини и вентили за греење

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на вентили од нестврднатата вулканизирана гума, стакло или керамички материјал, види 22.19; 23.19 или 23.44
- производство на всмукувачки и издувни вентили за мотори со внатрешно согорување, види 28.11
- производство на хидраулични и пневматски вентили и уреди за подготовка на воздухот за примена во пневматски системи, види 28.12

**28.15 Производство на лежишта, преносници, како и преносни и погонски елементи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на лагерски и валчести лежишта и нивни делови
- производство на уреди за механички пренос:
● преносни осовини и колена: запчести осовини и коленести осовини итн.
● лизгачки лежишта и нивни куќишта
- производство на запчаници, степени на пренос и други менувачи на брзина
- производство на квачила и спојки
- производство на замајци и каишници
- производство на зглобници за синџир
- производство на преносни погонски синџири

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на други синџири, види 25.93
- производство на хидраулична трансмисиона опрема, види 28.12

- производство на хидростатична трансмисија, види 28.12

- производство на електромагнетни квачила, види 29.31
- производство на одделни делови на трансмисионата опрема која соодветствува на деловите од моторни возила и авиони, види оддел 29 и 30

**28.2 Производство на други машини за општа намена**

**28.21 Производство на печки и горилници**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на електрични и други индустриски и лабораториски печки вклучувајќи и печки за уништување на отпад
- производство на пламеници
- производство на трајно вградени електрични грејачи на простории и електрични грејачи на базени
- производство на неелектрични уреди за греење за домашна употреба, како што се соларно греење, парно греење, греење со нафта и сл. уреди за греење
- производство на електрични печки за домаќинството (електрични печки за воздух, топлотни пумпи итн.), неелектрични печки за воздух за домаќинства

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на механички уреди за ложење, решетки за печки, отстранувачи на пепел итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на печки за домаќинството, види 27.51
- производство на земјоделски сушари, види 28.93
- производство на пекарски печки (пекари), види 28.93
- производство на сушари за дрво, хартиена каша, хартија и хартиена амбалажа, види 28.99
- производство на медицински, хируршки и лабораториски стерилизатори, види 32.50
- производство на стоматолошки лабораториски печки, види 32.50

**28.22 Производство на уреди за кревање и пренесување**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на уреди со рачно управување и механички погон, машини за кревање, пренесување, товарање и растоварање:
● уреди за кревање базирани на макари, чекреци, бродски чекреци, дигалки

● различни типови кранови, подвижни платформи за кревање, специфични типови на дигалки
● работни возила без разлика на тоа дали се опремени со уреди за кревање или пренесување, дали се или не се на сопствен погон,кои се користат во фабриките (во кои спаѓа и рачната количка)
● механички манипулатори и индустриски роботи специјално дизајнирани за кревање, пренесување, товарање и растоварање
- производство на транспортни ленти, жичари итн.
- производство на лифтови, ескалатори и подвижни патеки за движење
- производство на специјализирани делови на уреди (опрема) за кревање и манипулирање

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на индустриски роботи за повеќенаменска употреба, види 28.99
- производство на елеватори за континуирана употреба, како и транспортни ленти за користење под земја, види 28.92
- производство на машини за ископ, багери и натоварувачи, види 28.92
- производство на пловечки кранови, шински кранови и камион-кранови, види 30.11; 30.20
- инсталирање на лифтови и елеватори, види 43.29

**28.23 Производство на канцелариски машини и опрема (освен производство на компјутери и периферна опрема)**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на машини за сметање
- производство на калкулатори, регистар - каси
- производство на сметачи, електронски и нееелектронски
- производство на поштенски ваги, машини за обработка на пошта (машини за пополнување на пликовите, запечатување и адресирање); отворање, сортирање, прегледување), машини за класирање
- производство на машини за чукање (пишување)
- производство на стенографски машини
- канцелариска опрема за подврзување (на пр., пластично подврзување и подврзување со лента)
- производство на машини за испис на чекови
- производство на машини за броење и пакување на метални пари
- производство на машини за острење на моливи
- поизводство на хефталици и отстранувачи на хефталици
- производство на уреди за гласање
- производство на сталаци за самолеплива лента

- производство на дупчалки (перфоратори)
- производство на механички регистар-каси
- производсво на машини за копирање
- производство на тонер кертриџи
- производство на училишни табли; црни, бели и табли за маркери
- производство на диктофони

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на компјутерска и периферна (дополнителна) опрема, види 26.20

**28.24 Производство на механизирани рачни алати**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на рачни алатки, со електричен/неелектричен мотор или пневматски, како што се:
- ● циркулар или алтернативни пили
- ● моторни пили
- ● различни видови рачни и столни бормашини
- ● рачна брусилица
- ● пневматски чекан
- ● фреза
- ● брусилица
- ● хефталици
- ● пневматска поп-нитна клешта
- ● рамналка
- ● клешти за сечење
- ● специјални уреди за забивање шајки

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на заменливи додатоци за рачен алат, види 25.73
- производство на електрична рачна опрема за заварување и лемење, види 27.90

**28.25 Производство на разладна и вентилациска опрема која не е за примена во домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на индустриска разладна опрема и замрзнувачи, вклучувајќи и составни склопови
- производство на уреди за климатизација, вклучувајќи ги и оние за моторни возила
- производство на вентилатори кои не се предвидени за домашна употреба
- производство на изменувачи на топлина
- производство на машини за претворање на воздух и гас во течна состојба
- производство на вентилатори за тавански простории, калкански вентилатори, вентилатори за поткровје итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на фрижидери и замрзнувачи за домаќинствата, види 27.51
- производство на вентилатори за домаќинствата, види 27.51

## 28.29 **Производство на други машини за општа намена, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на уреди за мерење (освен прецизни лабораториски ваги):
● ваги за трговија и домаќинство, ваги платформи, ваги за континуирано мерење, тегови итн.
- производство на машини и апарати за филтрирање и прочистување на течности
- производство на опрема за исфрлување, дисперзија или распрснување на течности и прашоци:
● пиштоли за прскање, апарати за гаснење на пожари, машини за чистење со песочен млаз, машини за чистење со пареа итн.
- производство на машини за пакување и обвиткување:
● машини за полнење, затворање, затнување, капислирање или означување итн.
- производство на машини за перење или сушење шишиња и за газирање на пијалаци
- производство на постројки за дестилација или пречистување за рафинерии на нафта, за хемиската индустрија, индустријата за пијалаци итн.
- производство на гасни генератори
- производство на машини за валање и нивни цилиндри (освен за метал и стакло)
- производство на центрифуги (освен сепаратори на млеко и сушални за алишта)
- производство на дихтунзи и слични семеринзи изработени од комбиниран или истороден материјал
- производство на автомати за продажба на стоки
- производство на либели, мерни уреди и слични рачни алатки, алати за прецизна механика (освен оптички)
- производство на неелектрична опрема за заварување и лемење
- производство на разладни кули или слично за директно разладување со помош на вода која циркулира

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на прецизни (лабораториски) ваги, види 26.51
- производство на фрижидери и замрзнувачи за домаќинствата, види 27.51
- производство на вентилатори за домаќинствата, види 27.51

- производство на електрична опрема за заварување и лемење, види 27.90
- производство на земјоделски машини за прскање, види 28.30
- производство на машини и цилиндри за валање на метал или стакло, види 28.91, 28.99
- производство на сушарници за земјоделството, види 28.93
- производство на машини за филтрирање и прочистување на храна, види 28.93
- производство на сепаратори на павлака, види 28.93
- производство на комерцијални машини за сушење на алишта, види 28.94
- производство на машини за печатење на текстил, види 28.94

**28.3** **Производство на машини за земјоделството и шумарството**

Оваа група опфаќа производство на машини за земјоделството и шумарството.

**28.30** **Производство на машини за земјоделството и шумарството**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на трактори кои се користат во земјоделството и шумарството
- производство на мотокултиватори
- производство на косилки, вклучувајќи и косилки за трева
- производство на земјоделски самотоварни и саморастоварни приколки и полуприколки
- производство на земјоделски машини за подготовка на земјиштето, за сеидба или ѓубрење:
● плугови, растурачи на ѓубриво, машини за сеење, за дробење и израмнување на земјата итн.
- производство на машини за жетва и вршење:
● жетварки, вршалки, сортирки итн.
- производство на машини за молзење
- производство на машини за прскање во земјоделството (земјоделски прскалки)
- производство на разновидни земјоделски машини:
● машини за одгледување живина, пчели, опрема за подготовка на крма итн.
● машини за чистење, сортирање или класирање на јајца, овошје, итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на неелектричен рачен алат за земјоделството, види 25.73

- производство на транспортни ленти за употреба во змјоделството, види 28.22
- производство на електричен рачен алат, види 28.24
- производство на сепаратори за павлака, види 28.93
- производство на машини за чистење, сортирање и класирање на семе, зрна или сув легуминозен зеленчук, види 28.93
- производство на влечни возила за приколки или полуприколки, види 29.10
- производство на приколки или полуприколки, види 29.20

## 28.4 Производство на алатни машини за обработка на метали и машински средства (алати)

Оваа група опфаќа производство на алатни машини за обработка на метали и машински алати, како на пр. производство на машински алати за обработка на метали и други материјали (дрво, коска, камен,тврда гума, тврда пластика, ладно стакло итн.), вклучувајќи ги и оние кои користат ласерски зраци, ултразвучни бранови, млаз на плазма, магнетски пулс итн.

### 28.41 Производство на алатни машини за обработка на метал

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на алатни машини за обработка на метал, вклучувајќи ги и оние кои користат ласерски зраци, ултразвучни бранови, млаз плазма, магнетски пулс итн.
- производство на алатни машини за стругање, дупчење, глодање, обликување, рамнење, фрезување, брусење итн.
- производство на алатни машини за печатење и пресување
- производство на преси за дупчење, хидраулични преси, хидраулични сопирачки, чекан за обликување, машини за ковање итн.
- производство на машини за извлекување на метал, валјаци за жица или машини за обработка на жица

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на различни заменливи делови за рачен алат, види 25.73
- производство на машини (опрема) за заварување и лемење, види 27.90

### 28.49 Производство на други алатни машини

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на алатни машини за обработка на дрво, коска, камен, тврда гума, тврда пластика, ладно стакло итн., вклучувајќи ги и оние кои користат ласерски зраци, ултразвучни бранови, млаз плазма, магнетски пулс итн.
- производство на држачи за алатни машини
- производство на разделни глави и други посебни додатоци за алатни машини
- производство на стационарни машини за заковување, захефтување, лепење и на друг начин составување на дрво, плута, коска, тврда гума и пластика итн.
- производство на стационарни ротирачки или ротирачки ударни дупчалки, машини за пополнување, машини за заковување, машини за сечење на лим итн.
- производство на преси за обработка на поединечни штици и сл.
- производство на машини за галванизација

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на делови и додатоци за наведените машини и алатки

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на дополнителни алати за алатни машини: бургии, пробивачи, калапи, приклучоци, ножеви за глодање, алати за струг, сечила за пили, ножеви за сечење итн., види 25.73
- производство на електрични рачни лемила и пиштол лемила, види 27.90
- производство на електрични рачни алатки, види 28.24
- производство на машини кои се користат во валавниците и леарниците, види 28.91
- производство на машини за рудници и каменоломи, види 28.92

## 28.9 Производство на други машини за специјални (посебни) потреби

Оваа група опфаќа производство на машини за специјални намени, т.е.машини кои исклучиво се користат во индустријата од НКД или во мала група од НКД индустријата. Повеќето од нив се користат во производствениот процес, како што е производството на храна или текстил, а оваа група, исто така, опфаќа и производство на специфични (посебни) машини (за непроизводствената индустрија), како што е воздухопловна опрема за лансирање на авиони или опрема за забавни паркови.

### 28.91 Производство на машини за металургијата

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на машини и опрема за ракување со врел метал:

● конвертори, кокили, лонци за леење, машини за одливки

- производство на линии за валање на метал и ваљаци за тие линии

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на машини за влечење на метали, види 28.41

- производство на кутии и калапи за леење (освен калапи за инготи), види 25.73
- производство на машини за формирање калапи за леарница, види 28.99

**28.92 Производство на машини за рударство, каменоломи и градежништво**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на бесконечни ленти и елеватори за работа под земја
- производство на машини за дупчење, пресекување, машини за прокопување тунели (без оглед дали се за работа под земја или не)
- производство на машини за обработка на минерали преку просејување, сортирање, сепарација, миење, кршење на руди итн.
- производство на мешалки за бетон и малтер

- производство на машини за отстранување на земјиште:

● булдожери, израмнувачи, машини за рамнење, утоварувачи, лопати за товарање итн.
- производство за набивање и вадење на столбови, орудија за нанесување малтер, битумен и машини за рамнење на површинскиот слој на бетон
- производство на машини за поставување на пруги и трактори за градежништво и рударство
- производство на сите видови рала за булдожери и англ-дозери
- производство на теренски камиони (кипери)

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на опрема за кревање и ракување, види 28.22
- производство на останати трактори, види 28.30, 29.10
- производство на алатни машини за обработка на камен, вклучувајќи и машини за сечење и брусење на камен, види 28.49
- производство на камиони бетон-мешалки, види 29.10

**28.93 Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на сушарници за земјоделството
- производство на машини за млекарската индустрија:
● сепаратори на павлака

● машини за обработка на млекото (на пр., хомогенизатори)

● машини за производство на путер (на пр. миксери за путер, машини за обработка и обликување на путер)
● машини за изработка на сирење (на пр. хомогенизатори, калапи, преси) итн.
- производство на машини за мелничката индустрија:

● машини за чистење, сортирање и градирање на семето, зрното или сушеното зрнесто растение (вршилици, сита за просејување, сепаратори, машини за лупење)

● машини за производство на брашно и крма: мелнички камења, мелнички тркала или валјаци за мешање тесто, водови, сита, сепаратори на трици, мешалки, машини за лупење ориз, за чистење на мешунки итн.
- производство на преси, машини за мелење итн. за производство на вино, јаболковина, сокови итн.
- производство на машини за пекарската индустрија или за изработка на макарони, шпагети и слични производи:
● пекарски печки, уреди за мешање на тесто, разделување, обликување и истенчување на тесто, машини за правење кекси итн.
● производство на машини и опрема за преработка на разновидна храна:

● машини за изработка на слатки, какао или чоколада; за производство на шеќер; пиво; за обработка на месо или живина, за подготвување на овошје, ореви или зеленчук; за подготвување на риба, школки и друга морска храна;

● машини за филтрирање и пречистување
● други машини за индустриска подготовка или производство на храна или пијалаци

- производство на машини за екстракција или преработка на животински или растителни масти или масла

- производство на машини за преработка на тутун и изработка на цигари и пури, тутун за лула или џвакање или бурмут
- производство на машини за подготовка на храна во хотели и ресторани

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на опрема за зрачење на храна (намирници) и млеко, види 26.60
- производство на машини за пакување, завиткување и мерење, види 28.29
- производство на машини за чистење, сортирање или класирање на јајца, овошје или други плодови (освен семе, зрна и сув легуминозен зеленчук), види 28.30

**28.94** **Производство на машини за индустријата за текстил, облека и кожа**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на текстилни машини:

● машини за подготовка, производство, извлекување, влачење, текстурирање и/или сечење на рачно изработени текстилни влакна, материјали или предива

● машини за подготовка на текстилни влакна: за чистење на памук, раскинување на бали, собирање и растресување на памук, чистење и карбонизација на волна, за чешлање и влачење, лентести влачарки итн.

● машини за предење

● машини за подготвување на текстилна преѓа (предива): машини за намотување, сновење и слични машини

● машини за ткаење (разбои), вклучувајќи и машини за рачно ткаење

● машини за плетење

● машини за изработка на јазлести мрежи, тил, чипка, плетенки итн.

- производство на помошни уреди или опрема за текстилни машини:

● доби, жакард, автоматски запирачи на движењето, механизми за заменување на ткајачките совалки, вретена и делови за вретена итн.

- производство на машини за печатење на текстил
- производство на машини за обработка на ткаенини:

● машини за перење, белење, бојадисување, декорирање, финална обработка, премачкување или импрегнација на текстилните ткаенини

● производство на машини за намотување, одмотување, свиткување, сечење или перфорирање на текстилните влакна

- производство на машини за перење:

● машини за пеглање, вклучувајќи и топли преси

● машини за перење и сушење на алишта во перални (комерцијални)

● машини за хемиско чистење

- производство на машини за шиење, глави и игли за машини за шиење (без оглед дали се или не за домашна употреба)

- производство на машини за изработка или финална обработка на филц или неткаен текстил
- производство на машини за кожа:

● машини за подготовка, штавење или обработка на кожа (сурова и со влакна)

● машини за обработка или поправка на обувки како и други производи од крзно, сурова кожа и обработена кожа

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на хартија и картичка со програма што се користат на жакард машините, види 17.29
- производство на машини за перење и сушење во домаќинствата, види 27.51
- производство на машини за валање (ваљаци), види 28.29
- производство на машини за книговезници, види 28.99

**28.95 Производство на машини за индустријата за хартија и картон**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на машини за изработка на хартиена целулоза (пулпа)
- производство на машини за изработка на хартија и картон
- производство на машини за изработка на производи од хартија и картон

**28.96 Производство на машини за обработка на пластика и гума**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на машини за преработка на мека гума или пластика како и машини за изработка на производи од тие материјали:
● екструдери, калапи, машини за изработка на пневматика и протектирање на гуми и други машини за изработка на посебен вид производи од гума и пластика

**28.99 Производство на други специјализирани машини, неспомнати на друго место**

Оваа класа опфаќа производство на други специјализирани машини кои не припаѓаат на некое друго место во системот на класификација

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на сушари за дрво, хартиена пулпа, хартија и картон и други материјали (освен за земјоделски и текстилни производи)
- производство на машини за печатење и книговезни машини и машини кои овозможуваат печатење врз разновидни материјали
- производство на машини за изработка на керамички плочки, различни керамички форми, цевки, графитни електроди, креди за табла итн.
- производство на машини за производство на полупроводници
- производство на индустриски роботи за извршување на разновидни задачи за специјални намени

- производство на разновидни специјални машини и опрема:

● машини за составување на електрични и електронски лампи, цевки или светилки
● машини за производство или топла обработка на стакло или стаклени садови, стаклени влакна или стаклено предиво
● машини или апарати за сепарација на изотопи
- производство на уреди за центрирање и балансирање на гуми; опрема за балансирање (освен балансирање на тркала)
- производство на централни системи за подмачкување
- производство на опрема за катапултирање авиони, катапулти за носачи на авиони и сл.опрема
- производство на кревети за сончање (солариуми)
- производство на опрема за автоматизирана куглана (на пр. машина за поставување на чунови)
- производство на вртелешки, лулашки, стрелишта и друга опрема за забавни паркови

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на апарати за домаќинството, види 27.5

- производство на машини за фотокопирање итн., види 28.23

- производство на уреди и опрема за работа со тврда гума, тврда пластика или ладно стакло, види 28.49
- производство на ингот калапи, види 28.91

**29** **Производство на моторни возила, приколки и полуприколки**

Овој оддел опфаќа производство на моторни возила за превоз на патници или товар. Производството на разновидни делови и дополнителен прибор, како и производството на приколки и полуприколки, исто така, е вклучено во овој оддел.
Одржувањето и поправката на возилата произведени во овој оддел се класифицирани во 45.20.

**29.1** **Производство на моторни возила**

**29.10** **Производство на моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на патнички возила
- производство на комерцијални возила:

● камионети, камиони, влечни возила за полуприколки итн.

- производство на автобуси, тролејбуси и вагони
- производство на мотори за моторни возила
- производство на шасии за моторни возила
- производство на други моторни возила:

● возила за снег, голф возила, возила амфибии
● противпожарни возила, возила за чистење на улици, мобилни библиотеки, армирани возила итн.
● камиони за мешање на бетон

- возила за секаков терен, картинзи и сл., тркачки возила

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- фабричко ремонтирање на мотори за моторни возила

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на електрични мотори (освен стартни мотори), види 27.11
- производство на светлосна опрема за моторни возила, види 27.40
- производство на клипови, клипни прстени како и карбуратори, види 28.11
- производство на земјоделски трактори, види 28.30
- производство на трактори за градежништво и рударство, види 28.92
- производство на кипери, види 28.92

- производство на каросерии за моторни возила, види 29.20

- производство на електрични делови за моторни возила, види 29.31
- производство на делови и дополнителна опрема за моторни возила, види 29.32

- производство на тенкови и други воени возила, види 30.40

- одржување, поправка и преправка на моторни возила, види 45.20

**29.2** **Производство на каросерии за моторни возила, производство на приколки и полуприколки**

**29.20** **Производство на каросерии за моторни возила, приколки и полуприколки**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на каросерии, вклучувајќи и кабини за моторни возила
- опремување на секакви видови на моторни возила, приколки и полуприколки
- производство на приколки и полуприколки:
● цистерни, приколки за селидба итн.
● камп-приколки итн.
- производство на транспортни контејнери за одреден или повеќе видови на превоз

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на приколки и полуприколки специјално изградени за употреба во земјоделството, види 28.30

- производство на делови и прибор за каросерии на моторни возила, види 29.32

- производство на возила што влечат животни, види 30.99

**29.3** **Производство на делови и дополнителен прибор за моторни возила**

**29.31** **Производство на електрична и електронска опрема за моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*

- производството на електрична опрема за моторни возила, како што се генератори, алтернатори, свеќички, комплет на жици за системот за палење, системи за отворање и затворање на прозорци и врати, вградување на мерни инструменти во инструмент табла, регулатори на напон

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на батерии за возила, види 27.20
- производство на светлосна опрема за моторни возила, види 27.40
- производство на пумпи за мотори и моторни возила, види 28.13

**29.32** **Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на разновидни делови и дополнителен прибор за моторни возила:
  - ● сопирачки, менувачи на брзини, осовини, тркала, суспензија, амортизери, ладилници, придушувачи, издувни цевки, катализатори, квачила, волани, управувачки столбови и управувачки кутии
- производство на делови и прибор за каросерии на моторни возила:
  - ● сигурносни ремени, воздушни перничиња, врати, браници
- производство на седишта за возила

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на гуми, види 22.11
- производство на гумени црева, ремени, како и други гумени производи, види 22.19
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори, види 28.11
- одржување, поправка и преправка на моторни возила, види 45.20

**30** **Производство на останата опрема за транспорт**

Овој оддел опфаќа производство на транспортна опрема како што е производството на чамци, бродови, производството на шински возила и железнички локомотиви, воздухопловни и вселенски летала, како и производството на нивни делови.

**30.1** **Изградба на чамци и бродови**

Оваа група опфаќа изградба на чамци, бродови и други пловечки објекти за транспорт и други комерцијални цели, како и за спортски и рекреациски цели

**30.11** **Изградба на бродови и пловечки објекти**

Оваа класа го опфаќа производството на бродови, со исклучок на чамците за спорт и рекреација, како и изградбата на пловечки објекти:

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на комерцијални бродови:
● патнички бродови, траекти, товарни бродови, танкери, реморкери итн.
- изградба на воени бродови
- изградба на рибарски бродови и бродови фабрики за преработка на риба

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изградба на ховеркрафти со исклучок на ховеркрафтите за рекреациони цели
- изградба на платформи за дупчење, пловечки или подводни
- изградба на пловечки објекти:
● пловечки докови, кесони, пловки, платформи за истоварување, пловни знаци, пловечки танкери, баржи, светилници, пловечки дигалки, гумени чамци на надувување кои не се користат во рекреациски цели итн.
- производство на елементи за бродови како и пловечки објекти

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на делови за пловила кои не се дел од главните делови на трупот:
● производство на едра, види 13.92
● производство на бродски пропелери, види 25.99
● производство на железни и челични сидра, види 25.99
● производство на бродски мотори, види 28.11
- производство на инструменти за навигација, види 26.51
- производство на светлосна опрема за бродови, види 27.40
- производство на амфибиски возила, види 29.10

- производство на рекреациони чамци или сплавови на надувување, види 30.12
- специјализирана поправка и одржување на бродови и пловечки објекти, види 33.15
- демолирање на бродови, види 38.31
- внатрешна инсталација на бродови, види 43.3

**30.12 Изградба на чамци за рекреација и спортски чамци**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на чамци и сплавови на надувување
- изградба на едрилици со или без помошен мотор
- изградба на моторни чамци
- изградба на рекреативни ховеркрафти
- изградба на приватни пловила
- изградба на други чамци за спорт и рекреација:
● кануа, кајаци, чамци за веслање, скифови

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на делови за рекреативни и спортски чамци:

● производство на едра, види 13.92
● производство на железни и челични сидра, види 25.99
● производство на бродски мотори, види 28.11

- производство на даски за едрење и сурфање, види 32.30

- одржување и поправка на чамци за рекреација, види 33.15

**30.2 Производство на железнички локомотиви и шински возила**

**30.20 Производство на железнички локомотиви и шински возила**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на локомотиви: електрични, дизел, парни и други видови на локомотиви
- производство на самодвижечки железнички или трамвајски вагони, приколки и теретни вагони, сервисни возила и возила за одржување
- производство на возила за железнички и трамвајски шински возила без сопствен погон
● патнички вагони, вагони за транспорт на стоки, вагони-цистерни, вагони со автоматско истоварување, вагони-работилници, вагони-кревалки, вагони за набавки
- производство на специјализирани делови за железнички и трамвајски локомотиви и шински возила:
● подвозја, осовини и тркала, кочници и делови за кочење, спојувачки уреди меѓу вагоните, одбојници и нивни делови; амортизери; шасии за вагони и локомотиви; каросерии; спoеви меѓу платформи итн.

*Оваа класа исто така опфаќа:*
- производство на локомотиви и шински возила за рударство
- производство на механички и електромеханички уреди за сигнализација, безбедност и опрема за контрола на сообраќајот за железница, трамваи, воден сообраќај, патишта, опрема за паркинг, аеродроми итн.
- производство на седишта за шински возила

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на несоставени шини, види 24.10
- производство на прицврстувачи за поставување на шини, види 25.99
- производство на електромотори, види 27.11
- производство на електрични уреди за сигнализација, безбедност и контрола на сообраќајот, види 27.90
- производство на мотори и турбини, види 28.11

**30.3** **Производство на воздухопловни и вселенски летала како и сродна машинерија**

**30.30** **Производство на воздухопловни и вселенски летала како и сродна машинерија**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на авиони за превоз на стока или патници, производство на авиони за потребите на одбранбените сили, производство на авиони за спорт или за друга употреба
- производство на хеликоптери
- производсто на воздушни едрилици и параглајдери
- производство на дирижабли и балони на топол воздух
- производство на делови и дополнителен прибор за воздухоплови од оваа класа:
● главни делови како што се трупови на авиони, крила, врати, контролни површини, стоен трап, резервоари за гориво, гондола итн.
● пропелери, хеликоптерски ротори, лопатки на ротор со сопствен погон
● видови на мотори и машини кои вообичаено се користат кај авионите
● делови за турбомлазни и турбопропелерски мотори
- изработка на уреди за обука за летање на земја

- производство на вселенски летала и возила за лансирање, сателити, планетарни сонди, орбитални станици, шатлови

- производство на интерконтинентални балистички ракети (ICBM)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- сервис и преправки на авионите и нивните мотори

- производство на седишта за воздухопловните средства

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на падобрани, види 13.92
- производство на воено оружје и муниција, види 25.40
- производство на телекомуникациска опрема за сателити, види 26.30
- производство на инструменти за авиони, како и аеронаутички инструменти, види 26.51
- производство на воздухопловни навигациони системи, види 26.51
- производство на светлосна опрема за авиони, види 27.40
- производство на делови на системите за палење и др.електрични делови за моторите со внатрешно согорување, види 27.90
- производство на клипови, клипни прстени и карбуратори, види 28.11
- производство на уреди за катапултирање на авиони, катапулт на носач на авиони и сл.опрема, види 28.99

**30.4 Производство на воени борбени возила**

**30.40 Производство на воени борбени возила**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на тенкови
- производство на оклопни воени возила амфибии
- производство на други воени борбени возила

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на оружје и муниција, види 25.40

**30.9 Производство на превозни средства, неспомнато на друго место**

Оваа група го опфаќа производството на превозни средства различни од моторните возила, како и од железничките, пловечките, воздухопловните и вселенските превозни средства и воени возила.

**30.91 Производство на мотоцикли**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на мотоцикли, мопеди и велосипеди со помошен мотор
- производство на мотори за мотоцикли
- производство на странични приколки за мотори
- производство на делови и дополнителен прибор за мотоцикли

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на велосипеди, види 30.92
- производство на инвалидски колички, види 30.92

**30.92 Производство на велосипеди и инвалидски колички**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на велосипеди и други велосипеди без мотор, вклучувајќи и трицикли за доставување на стоки, тандем велосипеди, детски велосипеди и трицикли
- производство на делови и дополнителен прибор за велосипеди
- производство на инвалидски колички, со или без мотор
- производство на делови и прибори за инвалидска количка
- производство на детски колички

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на велосипеди со помошен мотор, види 30.91
- производство на играчки на тркала наменети за возење, вклучувајќи пластични велосипеди и трицикли, види 32.40

**30.99 Производство на други превозни средства, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на рачно придвижени средства: патни торби, рачни колички, санки, колички за пазарење итн.
- производство на возила што ги влечат животни: двоколки едноседи за коњски трки, колички што ги влечат магариња, мртовечки коли итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- работни колички со или без опрема за кревање и ракување, без разлика дали имаат сопствен погон или не, од тип што се користи во фабриките (во кои спаѓаат рачните вагонети и рачните колички), види 28.22
- ресторански колички, како што се колички за десерт, колички за храна, види 31.01

**31 Производство на мебел**

Овој оддел опфаќа производство на мебел и сродни производи од кој било  материјал освен од камен, бетон и керамика. Процесите кои се употребуваат во производството на мебел се стандардни методи на формирање и составување на компонентите, вклучуваќи сечење, обликување и ламинирање. Дизајнот на производот естетски и функционално (и од гледна точка на естетски квалитет и од гледна точка на функционален квалитет) е важен аспект на производниот процес.

Некои процеси употребени во производството на мебел се слични на процесите кои се употребуваат во останатите сегменти на производството. На пример, сечењето и монтажата во производството на дрвени греди е класифицирано во одделот 16 (Преработка на дрво и дрвени производи). Меѓутоа, повеќекратниот  процес го разликува производството на дрвен мебел од производството на дрвени производи. Производството на метален мебел употребува техники коишто, исто така, се употребени во производството на валани производи кое е класифицирано во одделот 25 (Производство на метални производи). Процесот на обликување на пластичниот мебел е сличен со обликувањето на останатите пластични производи. Меѓутоа, производството на пластичен мебел има тенденција да стане специјализирана дејност.

## 31.0 Производство на мебел

### 31.01 Производство на канцелариски мебел и мебел за продавници

Оваа класа опфаќа производство на мебел од кој било  вид и материјал (освен од камен, бетон или керамика) за кое било  место и за различни намени.

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на столови и седишта за канцеларии, работилници, хотели, ресторани, јавни места
- производство на столови и седишта за театри, кина и сл.
- производство на специјален мебел за продавници: тезги, мебел за излози, сталажи итн.
- производство на канцелариски мебел
- производство на лабораториски клупи, столчиња и други лабораториски седишта, како и лабораториски мебел (на пр. катедри и маси)
- производство на мебел за цркви, училишта и ресторани

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- ресторански колички, како што се колички за десерт, колички за храна

*Оваа класа не опфаќа:*
- училишни табли, види 28.23
- производство на седишта за автомобили, види 29.32
- производство на седишта за железнички возила, види 30.20
- производство на седишта за воздухопловни летала, види 30.30
- производство на медицински, хируршки, забарски и ветеринарен мебел, види 32.50
- мебел за вградување, поставување помошни прегради, монтирање на мебел за лаборатории, види 43.32

**31.02 Производство на кујнски мебел**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на кујнски мебел

**31.03 Производство на душеци**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на душеци:

● душеци со пружини или исполнети со носечки материјал

● непресвлечени душеци од гума или пластична маса
- производство на носачи на душеци

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на гумени душеци на надување, види 22.19

- производство на гумени водени кревети, види 22.19

**31.09 Производство на друг мебел**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на каучи, каучи кревети и каучи фотелји
- производство на маси и столови за градини
- производство на мебел за спални соби, дневни соби, градини итн.
- производство на кабинети за машини за шиење, ормарчиња за телевизори итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- завршна обработка на мебелот како што е тапацирање на масите и столовите
- завршна обработка на мебелот како што е боење, полирање и тапацирање

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на перници, украсни перничиња, јоргани и полнетици со пердуви, види 13.92
- производство на мебел од керамика, бетон и камен, види 23.42, 23.69, 23.70
- производство на светилки и светлосна опрема, види 27.40
- производство на седишта за возила, види 29.32
- производство на седишта за железнички возила, види 30.20
- производство на седишта за воздухопловни летала, види 30.30
- пресвлекување и реставрација на мебел, види 95.24

**32** **Останата производствена индустрија**

Овој оддел опфаќа производство на разновидни производи кои не се опфатени со останатите делови на класификацијата. Бидејќи овој оддел е остаток од класификациониот процес, производните процеси, влезните материјали, како и намената на производите може мошне да се разликува и вообичаените критериуми за групирање на класите не можат да се применат во овој оддел.

**32.1** **Производство на накит, бижутерија и сродни производи**

Оваа група опфаќа производство на накит и бижутерија.

**32.11** **Производство на пари (монети)**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на ковани пари, вклучувајќи ги и оние што се законско средство за плаќање, без оглед на тоа дали се или не се од благородни метали

**32.12** **Производство на накит и слични производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на обработени бисери
- производство на обработени скапоцени и полускапоцени камења, вклучувајќи ја и обработката на камењата со индустриски квалитет, како и вештачките скапоцени или полускапоцени камења
- обработка на дијаманти
- производство на накит од благородни метали или основни метали обложени со скапоцени метали или со скапоцени или полускапоцени камења, или комбинација на скапоцени метали со скапоцени или полускапоцени камења или други материјали

- производство на златарски предмети од благородни метали или базични метали обложени со скапоцени метали:

● садови (плитки, длабоки), предмети за опремување на тоалети, канцеларии и бироа, предмети за религиозна употреба итн.
- производство на технички и лабораториски предмети од благородни метали (освен инструменти и нивни делови):садови за топење метал, шпатули, аноди за галванизирање итн.
- производство на ремчиња за часовници од скапоцени метали, манжетни, каивчиња за часовници и табакери

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- гравирање лични предмети од скапоцени и нескапоцени метали

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на неметални ремчиња за часовници (текстилни, кожни, пластични итн.), види 15.12

- изработка на производи од базични метали обложени со скапоцени метали (освен имитација на накит), види оддел 25

- производство на кутии за часовници, види 26.52
- производство на (нескапоцени) метални ремчиња за часовници, види 32.13.
- производство на бижутерија, види 32.13
- поправка на накит, види 95.25

**32.13 Производство на бижутерија и слични производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на бижутерија:
● прстени, бразлетни, огрлици и слични примери на накит изработени од базични метали обложени со благородни метали
● накит кој содржи имитација на камења како што е имитација на скапоцени камења, имитација на дијаманти и сл.
- производство на метални ремчиња за часовници (со исклучок на оние од скапоцени метали)

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на накит од благородни метали или обложени со благородни метали, види 32.12
- производство на накит кој содржи вистински скапоцени камења, види 32.12
- производство на ремчиња за часовници од благородни метали, види 32.12

**32.2 Производство на музички инструменти**

**32.20 Производство на музички инструменти**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на инструменти со жици
- производство на клавијатурни инструменти со жици, вклучувајќи го и автоматскиот клавир
- производство на оргули, вклучувајќи и хармониуми и слични клавијатурни инструменти со слободни метални пискови
- производство на хармоники и слични инструменти, вклучувајќи и усни хармоники
- производство на дувачки инструменти
- производство на ударачки музички инструменти
- производство на музички инструменти чиј звук се произведува по електронски пат
- производство на музички кутии, панаѓурски огули, оргули на пареа итн.
- производство на делови на музички инструменти и дополннителен прибор:
● метрономи, звучни вилушки, свирки за интонација, картички, плочи и валјаци за автоматски механички инструменти итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- производство на свирчиња, труби за повикување и други усни нструменти за повикување или сигнализација

*Оваа класа не опфаќа:*
- репродукција на снимени звучни и видео ленти и дискови, види 18.2
- производство на микрофони, засилувачи, звучници, слушалки и слични производи, види 26.40
- производство на грамофони, касетофони и слични апарати, види 26.40
- производство на музички играчки, види 32.40
- реконструкција на оргули и други историски музички инструменти, види 33.19
- издавање на снимени звучни и видео ленти и дискови, види 59.20
- штимање на пијано, види 95.29

**32.3 Производство на спортска опрема**

**32.30 Производство на спортска опрема**

Оваа класа опфаќа производство на спортска и атлетска опрема  (освен облека и обувки)

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на предмети и справи за спортови, игри во отворен или затворен простор, од  каков било материјал:

- тврди, меки и топки на дување
- рекети, палки и стапови за голф
- скии, везови и стапови за скии
- чевли за скијање
- даски за едрење и сурфање
- реквизити за спортски риболов, вклучувајќи и мрежи
- реквизити за лов, алпинизам итн.
- спортски ракавици и спортски капи направени од кожа
- базени за пливање и базени на надувување итн.
- лизгалки, ролшуи итн.
- лакови и самострели
- опрема за гимнастика,фитнес или атлетска опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на едра за чамци, види 13.92
- производство на спортска облека, види 14.13
- производство на седла и ремени, види 15.12
- производство на камшик за јавање, види 15.12
- производство на спортски обувки, види 15.20
- производство на спортско оружје и муниција, види 25.40
- производство на метални тегови кои се користат при кревање на тегови, види 25.99
- производство на спортски возила, освен тобогани и слично, види оддел 29 и 30
- производство на чамци, види 30.12
- производство на маси за билјард, види 32.40
- производство на ушни и носни тампони (на пр.заштита при пливање и врева), види 32.99
- поправка на спортска опрема, види 95.29

**32.4 Производство на игри и играчки**

**32.40 Производство на игри и играчки**

Оваа класа опфаќа производство на кукли, играчки и игри (вклучувајќи електронски игри), намалени модели за игра и детски возила (освен метални велосипеди и трицикли)

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на кукли, облека и прибор за кукли
- производство на фигурички за игра
- производство на играчки-животни
- производство на музички играчки
- производство на карти за играње
- производство на игри за на табла и сл.игри
- производство на електронски игри: шаховски игри итн.
- производство на модели и макети за забава, електрични возови, комплети за составување итн.

- производство на играчки автомати, билјарди, специјални маси за казино игри итн.
- производство на предмети за панаѓури, игри за на табла и игри за во соба
- производство на играчки со тркала што можат да се возат, вклучувајќи пластични велосипеди и трицикли
- производство на сложувалки и сл. игри

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на играчки конзоли, види 26.40
- производство на велосипеди, види 30.92
- производство на играчки и предмети за разонода, види 32.99
- пишување и издавање на софтвер за играчки конзоли, види 58.21, 62.01

**32.5** **Производство на медицински и стоматолошки инструменти**

**32.50** **Производство на медицински и стоматолошки инструменти**

Оваа класа опфаќа производство на лабораториски апарати, хируршки и медицински инструменти,хируршки апарати и материјали, стоматолошка опрема и материјали, ортодонтски помагала, вилици и ортодонтска опрема. Во оваа класа е вклучено и производството на медицински, стоматолошки и сл.мебел, каде што специфичните функции ја определуваат намената на производот, како што се стоматолошки столови со вградена хидраулика.

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на хируршки наметки, стерилен конец и ткаенина
- производство на стоматолошки полнетици и цемент (освен забарски лепила), стоматолошки восок и останати стоматолошки гипсани препарати
- производство на цемент за коскена реконструкција
- производство на печки за стоматолошки лаборатории
- производство на лабораториски ултразвучни машини за чистење
- производство на лабораториски стерилизатори
- производство на лабораториски апарати за дестилирање, лабораториски центрифуги
- производство на медицински, хируршки, стоматолошки и ветеринарен мебел, како што се:
● операциони маси
● маси за преглед
● болнички кревети со механички елементи (делови)
● забарски столови

- производство на плочки и штрафови кои се вградуваат во случај на скршеници на коски, шприцеви, игли, катетри, канили, итн.

- производство на стоматолошки инструменти (вклучувајќи ја и забарската столица како дел од забарската опрема)

- производство на вештачки заби, мостови итн., изработени во стоматолошки лаборатории
- производство на ортопедски и протетички направи
- производство на стаклени очи
- производство на медицински термометри
- производство на офталмолошки производи, очила, очила за сонце, леќи изработени по рецепт, контактни леќи, заштитни очила
- производство на апарати за дестилирање, лабораториски центрифуги

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на лепила за забни протези, види 20.42
- производство на медицински импрегнирана вата, гази итн., види 21.20
- производство на електромедицинска и електротерапевтска опрема, види 26.60
- производство на инвалидски колички, види 30.92
- оптичарски дејности, види 47.78

**32.9 Производство, неспомнато на друго место**

**32.91 Производство на метли и четки**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на метли и четки, вклучувајќи ги и оние што се составни делови на машини, рачно управувани механички направи за чистење на подови, четки со реси и пердуви, сликарски и молерски четки, валјаци и влошки за бојадисување, четки од сунѓер и други четки, метли итн.

- производство на четки за обувки и облека

**32.99 Останато производство, неспомнато на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на заштитна опрема
● производство на огненоотпорна и заштитна облека
● производство на безбедносни појаси за професионална употреба
● производство на плутени појаси за спасување
● производство на заштитни шлемови и друга лична заштитна опрема од пластика (на пр. атлетски шлем)
● производство на противпожарни заштитни одела
● производство на метални заштитни шлемови и друга лична метална заштитна опрема

● производство на заштитни тампони за уво и нос
● производство на гас маски
- производство на сите видови пенкала, моливи без разлика дали се механички или не
- производство на мини за моливи
- производство на датумари, жигови или нумератори, рачни апарати за печатење и втиснување на етикети, рачни уреди за печатење, производство на ленти за машини за пишување и перничиња за печати
- производство на глобуси
- производство на чадори, чадори за сонце, бастуни
- производство на копчиња, дрикери и патент затворачи
- производство на запалки за цигари
- производство на предмети за лична употреба: лули за пушење, чешли, шноли, спрејови, термос-шишиња и други термос садови за употреба во домаќинствата, перики, вештачки бради, вештачки веѓи
- производство на разновидни предмети: различни видови свеќи; букети, вештачко цвеќе, овошје и гранки со лисја, предмети за правење шеги или загатки, сита и решета, кројачки кукли, мртовечки сандаци итн.

- производство на кошници за цвеќе, букети, венци и слично

- дејности при препарирање на животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на фитили за запалки, види 13.96
- производство на работна и сервисна облека (на пр. лабораториски наметки, комбинезони, униформи), види 14.12
- производство на хартиени играчки, види 17.29

**33** **Поправка и инсталирање на машини и опрема**

Овој оддел опфаќа специјализирана поправка на стоките произведени во производниот сектор со цел да се вратат во функција. Во овој оддел се вклучува и обезбедувањето на елементарен сервис и одржување со цел да се спречи оштетувањето и непотребните поправки. Овој оддел ги опфаќа исклучиво специјализираните поправки и одржувањето. Честопати, поголемите поправки се вршат од страна на производителот на опремата, машинеријата. Класификацијата на сé она што учествува во поправката се врши според принципот на додадена вредност според кој овие дејности се извршуваат од страна на производителот на опремата. Истиот принцип се користи и во комбинираната трговија и поправки. Реконструкцијата или ремонтирањето на опремата се смета за производствена дејност која е вклучена во останатите гранки од овој одел. Поправката и одржувањето на прозводи кои се користат  како капитални стоки но и како стоки за широка потрошувачка, се класифицирани како поправка и одржување на стоки за домашни потреби (на пр.поправка на канцелариски мебел и мебел за домашни потреби, види 95.24).

Во овој оддел е вклучено и специјализираното инсталирање на машини.Меѓутоа, инсталирањето на опремата која претставува интегрален дел од згради и слични конструкции, како што е електричната инсталација, инсталирањето на ескалатори и системи (уреди) за климатизација (клима уреди), е класифицирано како градежништво.

*Во овој оддел не спаѓаат:*
- чистење на индустриски машини, види 81.22
- поправка и одржување на компјутери и комуникациска опрема, види 95.1
- поправка и одржување на стоки за домашни потреби, види 95.2

**33.1** **Поправка на фабрикувани метални производи, машини и опрема**

Оваа група опфаќа специјализирана поправка на произведените стоки во производниот сектор со цел за реставрација на металните производи, машините, опремата и останатите производи. Во оваа класа е вклучено и обезбедувањето на основно одржување (т.е. сервис) на овие производи за да се осигура нивно ефикасно работење и за да се спречи нивно оштетување и непотребна поправка.

*Оваа група не опфаќа:*

- реставрација и ремонтирање на машини и опрема, види ги соодветните класи во одделите 25-30
- чистење на индустриски машини, види 81.22
- поправка и одржување на компјутери и комуникациска опрема, види 95.1
- поправка и одржување на стоки за домашни потреби, види 95.2

## 33.11 Поправка на фабрикувани производи од метал

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на фабрикувани производи од метал од одделот 25.

*Оваа класа опфаќа:*
- поправка на цистерни, резервоари и контејнери
- поправка и одржување на цевки и цевоводи
- мобилни поправки со заварување
- поправка на челични транспортни буриња
- поправка и одржување на генератори на пареа и други видови испарувања
- поправка и одржување на помошни постројки за парни генератори:
● кондензатори, економизери, супер-грејачи, колектори и акумулатори на пареа
- поправка и одржување на нуклеарни реактори, освен сепаратори на изотопи
- поправка и одржување на делови за бродски и индустриски бојлери
- поправка на плочи во разменувач на топлина кај бојлерите и радијаторите за централно греење
- поправка и одржување на оружје и артилерија (вклучувајќи и поправка на спортско и рекреативно оружје)
- поправка и одржување на колички за купување

*Оваа класа не опфаќа:*
- острење на сечива и пили, види 33.12
- поправка на системи за централно греење итн., види 43.22
- поправка на уреди за механичко заклучување, сефови итн., види 80.20

## 33.12 Поправка на машини

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на индустриски машини и опрема како на пр., острење или монтирање на комерцијални и индустриски сечила и пили; обезбедување на заварувачки услуги и сервис (на пример, кај автомобилите); поправка на земјоделски и други тешки и индустриски машини и опрема (на пр., вилушки за кревање и друга опрема за ракување, машински алати, комерцијална разладна опрема, опрема за градежништво и рударство), вклучувајќи машини и опрема од одделот 28.

*Оваа класа опфаќа:*

- поправка и одржување на немоторни возила
- поправка и одржување на пумпи, компресори и сл.опрема
- поправка и одржување на опрема со хидраулични системи
- поправка на вентили
- поправка на преносни и погонски елементи
- поправка и одржување на индустриски печки
- поправка и одржување на уреди за кревање и манипулирање
- поправка и одржување на индустриска разладна опрема и уреди (опрема) за климатизација
- поправка и одржување на комерцијални машини за општа намена
- поправка на други механизирани рачни алати
- поправка и одржување на алатни машини и опрема за сечење и обработка на метал
- поправка и одржување на други алатни машини
- поправка и одржување на земјоделски трактори
- поправка и одржување на земјоделски машини и машини за примена во шумарство (за одгледување и користење на шуми)
- поправка и одржување на машини за металургијата
- поправка и одржување на машини за рударство, градежништво, нафтени и гасни платформи
- поправка и одржување на машини кои се користат во индустријата за храна, пијалаци и тутун
- поправка и одржување на машини за производство на текстилна облека и машини за производство на кожа
- поправка и одржување на машини за изработка на хартија
- поправка и одржување на машини за пластика и гума
- поправка и одржување на други машини за специјална намена од одделот 28
- поправка и одржување на опрема за мерење
- поправка и одржување на автомати
- поправка и одржување на регистар-каси
- поправка и одржување на машини за копирање
- поправка на сметачи, електронски и неелектронски
- поправка на дактилографски машини

*Оваа класа не опфаќа:*

- инсталирање, поправка и одржување на печки и друга опрема за греење, види 43.22
- инсталирање, поправка и одржување на лифтови и подвижни скали, види 43.29
- поправка на компјутери, види 95.11

**33.13 Поправка на електронска и оптичка опрема**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на произведените стоки од групите 26.5, 26.6 и 26.7, освен оние кои се сметаат за производи за домашни потреби.

*Оваа класа опфаќа:*

- поправка и одржување на опрема за мерење, испитување, контрола и навигација од групата 26.5, како што е:

● инструменти за воздухопловни мотори
● опрема за испитување на издувните гасови кај автомобилите
● метереолошки инструменти
● опрема за испитување и тестирање на физички, хемиски и електрични својства
● геодетски инструменти
● детектори за радијација и инструменти за следење на радијацијата

- поправка и одржување на опрема за зрачење, електромедицинска и електротерапевтска опрема од класата 26.60, како што е:

● опрема за магнетна резонанца
● медицинска ултразвучна опрема
● пејсмејкери
● помошни апарати за слушање
● електрокардиографи
● електромедицинска ендоскопска опрема
● апарати за зрачење

- поправка и одржување на оптички инструменти и опрема од класата 26.70, доколку се користат главно во комерцијални цели, како што се:

● двогледи
● микроскопи (освен електронски и протонски)
● телескопи
● призми и леќи (освен офтмалтички)
● фотографска опрема

*Оваа класа не опфаќа:*

- поправка и одржување на машини за копирање, види 33.12

- поправка и одржување на компјутерска и периферна опрема, види 95.11

- поправка и одржување на компјутерски проектори, види 95.11
- поправка и одржување на комуникациска опрема, види 95.12
- поправка и одржување на комерцијални ТВ и видео камери, види 95.12
- поправка на видео камери за домашна употреба, види 95.21
- поправка на рачни и останати типови на часовници, види 95.25

**33.14 Поправка на електрична опрема**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на стоки од одделот 27, освен на оние од групата 27.5 (уреди за домаќинството)

*Оваа класа опфаќа:*
- поправка и одржување на трансформатори за електрична енергија, трансформатори за дистрибуција и специјални трансформатори
- поправка и одржување на електрични мотори, генератори и мотор-генератор комплети
- поправка и одржување на прекинувачи на преклопни механизми и контролни табли
- поправка и одржување на релеи и индустриски контролни уреди
- поправка и одржување на обични батерии и акумулаторски батерии
- поправка и одржување на електрична светлосна опрема
- поправка и одржување на делови од електричните инсталации кои пренесуваат и делови кои не пренесуваат струја

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка и одржување на компјутерска и периферна опрема, види 95.11
- поправка и одржување на телекомуникациска опрема, види 95.12
- поправка и одржување на електроника за широка потрошувачка, види 95.21
- поправка на рачни и други различни видови часовници, види 95.25

**33.15 Поправка и одржување на чамци и бродови**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на чамци и бродови. Меѓутоа, фабричката реставрација и ремонтот на бродови спаѓа во одделот 30.

*Оваа класа опфаќа:*

- поправка и рутинско одржување на бродови
- поправка и одржување на чамци за рекреација

*Оваа класа не опфаќа:*
- фабричко преправање на бродови, види 30.1
- поправка на мотори за чамци и бродови, види 33.12
- рециклирање, демонтирање на бродови, види 38.31

**33.16 Поправка и одржување на воздухопловни и вселенски летала**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на воздухопловни и вселенски летала.

*Оваа класа опфаќа:*
- поправка и одржување на воздухопловни средства (освен фабрички преправки, ремонт или реставрација)
- поправка и одржување на воздухопловни мотори

*Оваа класа не опфаќа:*
- фабричко ремонтирање и реставрација на воздухоплови, види 30.30

**33.17 Поправка и одржување на други превозни средства**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на други превозни средства од одделот 30, освен мотоцикли и велосипеди.

*Оваа класа опфаќа:*
- поправка и одржување на локомотиви и шински возила (освен фабричко ремонтирање и преправки)
- поправка на чези и кочии што ги влечат животни

*Оваа класа не опфаќа:*
- фабричко ремонтирање и реставрирање на локомотиви и шински возила, види 30.20
- поправка и одржување на воени борбени возила, види 30.40
- поправка и одржување на колички за пазарење, види 33.11
- поправка и одржување на мотори за железницата, види 33.12
- поправка и одржување на мотоцикли, види 45.40
- поправка на велосипеди, види 95.29

**33.19 Поправка на останата опрема**

Оваа класа опфаќа поправка и одржување на опрема која не е опфатена со другите групи на овој оддел.

*Оваа класа опфаќа:*

- поправка и крпење на рибарски мрежи
- поправка на јажиња, бродски јажиња и едра, платна и церади
- поправка на вреќи за вештачко ѓубриво и вреќи за складирање на хемиски соединенија
- поправка на дрвени палети, бродски буриња и сл.
- производство на флипери и други автомати кои се стартуваат со помош на жетони
- реконструкција на оргули и други историски музички инструменти

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка на канцелариски мебел и мабел за домашна употреба, реставрација на мебел, види 95.24
- поправка на велосипеди, види 95.29
- поправка и преправка на облека, види 95.29

**33.2 Инсталирање на индустриски машини и опрема**

**33.20 Инсталирање на индустриски машини и опрема**

Оваа класа опфаќа специјализирано инсталирање на машини.Меѓутоа, инсталирањето на опрема која е составен дел на згради и слични структури, како што е инсталирањето на ескалатори, електрични жици, алармни системи против кражби, системи за климатизација е класифицирано како градежништво

*Оваа класа опфаќа:*
- инсталирање на индустриски машини во индустриски постројки
- составување на индустриска контролна опрема
- инсталирање на останата индустриска опрема, на пр:
● комуникациска опрема
● мејнфрејм компјутери
● опрема за зрачење и електромедицинска опрема итн.
- демонтирање на големи машини и опрема
- монтерски дејности
- машински сајли
- инсталирање на опрема за куглање

*Оваа класа не опфаќа:*
- инсталирање на лифтови, ескалатори, автоматски врати, системи за всмукување на прав итн., види 43.29
- инсталирање на врати, скали, елементи за продавница, мебел итн., види 43.32
- инсталирање на персонални компјутери, види 62.09

**D/Г** ***СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА***

Овој сектор ги опфаќа дејностите за обезбедување на електрична енергија, природен гас, пареа, топла вода и слично преку постојаната инфраструктура (мрежа) на линии, главни цевки и цевки. Големината на мрежата не е одлучувачка; дистрибуцијата на електрична енергија, гас, пареа, топла вода и слично во индустриските паркови и станбените згради, исто така, е вклучена.Овој сектор, исто така, го опфаќа работењето на електричните и гасни постројки кои произведуваат, контролираат и дистрибуираат електрична енергија или гас. Во овој сектор е вклучено и снабдувањето со пареа и климатизација. Овој сектор го исклучува собирањето, постапувањето (пречистувањето), снабдувањето со вода и отстранувањето на отпадни води, види ги одделите 36 и 37. Овој сектор, исто така, го исклучува (вообичаено на голема одалеченост) транспортот на гас преку цевоводи (цевоводен транспорт).

**35** **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација**

**35.1** **Производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија**

Оваа група опфаќа производство и пренос на електрична енергија од производните капацитети до дистрибутивните центри и дистрибуција до крајните корисници.

**35.11** **Производство на електрична енергија**

*Оваа класа опфаќа:*

- работа на капацитетите кои произведуваат електрична енергија вклучувајќи термо, нуклеарна, хидро, гасни турбини како и дизел гориво и обновлива енергија.

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на електрична енергија преку согорување на отпад, види 38.21

**35.12** **Пренос на електрична енергија**

*Оваа класа опфаќа:*

- работење на преносните системи кои ја пренесуваат електричната енергија од производните капацитети до дистрибутивниот систем

**35.13** **Дистрибуција на електрична енергија**

*Оваа класа опфаќа:*

- работење на дистрибутивните системи (т.е се состои од линии, столбови, броила и жици) кои ја пренесуваат електричната енергија добиена од производните капацитети или преносниот систем до крајниот корисник

**35.14 Трговија на електрична енергија**

*Оваа класа опфаќа:*

- продажба на електрична енергија на корисниците
- дејности на брокерите или агентите што посредуваат во продажбата на електрична енергија преку дистрибутивните системи за електрична енергија со кои раководат други
- работење на системите за пренос и размена на електрична енергија

**35.2 Производство на гас; дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи**

Оваа група опфаќа производство на гас и дистрибуција на природен или синтетички гас до корисниците преку дистрибутивните системи. Во оваа група се вклучени и продавачите и брокерите коишто посредуваат во продажбата на природниот гас преку дистрибутивните системи со кои раководат други.
Посебните операции на гасоводите што се со голема одалеченост, поврзувањето на производителите со дистрибутерите на гас или помеѓу градските центри, не е опфатено во оваа група и е класифицирано со останатите дејности на цевоводен транспорт.

**35.21 Производство на гас**

*Оваа класа опфаќа:*

- производство на гас со карбонизирање на јаглен од нуспроизводите во земјоделството или од отпадоци
- производство на гасовити горива со одредена калорична вредност по пат на чистење, мешање и преку други процеси од различни видови гасови, вклучувајќи и природен гас

*Оваа класа не опфаќа:*

- производство на суров природен гас, види 06.20
- работа на коксните печки, види 19.10
- производство на нафтени деривати, види 19.20
- производство на индустриски гас, види 20.11

**35.22 Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи**

*Оваа класа опфаќа:*

- дистрибуција и снабдување на гасовити горива од сите видови преку дистрибутивните системи

*Оваа класа не опфаќа:*
- (на голема одалеченост) транспорт на гасови низ цевоводите, види 49.50

**35.23 Трговија на гас преку дистрибутивните системи**

*Оваа класа опфаќа:*
- продажба на гас на корисниците преку дистрибутивните системи
- дејности на брокерите или агентите што посредуваат во продажбата на гас преку дистрибутивните системи за гас со кои раководат други
- капацитети за складирање, транспорт и размена на гасовити горива

*Оваа класа не опфаќа:*
- продажба на гасовити горива, види 46.71
- трговија на мало со гас во боци, види 47.78
- директна продажба на гориво, види 47.99

**35.3 Снабдување со пареа и климатизација**

**35.30 Снабдување со пареа и климатизација**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство, собирање и дистрибуција на пареа и топла вода за затоплување, погонски и други цели
- производство и дистрибуција на ладен воздух
- производство и дистрибуција на ладна вода за разладни цели
- производство на мраз, за потребите на ладење на храната и останати потреби (пр., ладење)

**Е/Д СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА**

Овој сектор опфаќа дејности кои се однесуваат на управувањето (вклучувајќи го и собирањето, постапувањето и отстранувањето) со различни форми на отпад, како цврст или нецврст индустриски отпад или отпад од домаќинствата, како и контаминирани делови. Произведената количина од процесот на постапување со отпадот или отпадоците може да биде отстранета или да стане влез во други производствени процеси. Во овој сектор се групирани и дејностите на снабдување со вода, затоа што тие често се спроведуваат заедно со или од единиците кои, исто така, се вклучени во постапувањето со отпадоците.

**36** ***Собирање, обработка и снабдување со вода***

Овој оддел опфаќа собирање, обработка и дистрибуција на вода за домашни и индустриски потреби. Во овој оддел е вклучено собирањето на вода од различни извори, како и дистрибуцијата со различни средства.

**36.0 Собирање, обработка и снабдување со вода**

**36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода**

Оваа класа ги опфаќа дејностите за собирање, обработка и дистрибуција на вода за домашни и индустриски потреби. Вклучено е собирањето на вода од различни извори, како и дистрибуцијата со различни средства.

Во класата се вклучени операциите на каналите за наводнување; меѓутоа не е вклучено обезбедувањето на услуги за наводнување по пат на распрскување на водата и слични помошни услуги во земјоделството.

*Оваа класа опфаќа:*

- собирање на вода од реки, езера, извори итн.
- собирање на дождовница
- пречистување на вода за потребите на снабдување со вода
- пречистување на вода за индустриски и други цели
- отсолување на морска вода и подземна вода за производство на вода како главен продукт на интерес
- дистрибуција на вода со посредство на цевки, со камиони или други средства
- операции на каналите за наводнување

*Оваа класа не опфаќа:*

- операции на опремата за наводнување за потребите на земјоделството, види 01.61
- постапување со отпадните води заради спречување на загадувањето, види 37.00
- меѓумесен пренос на вода преку цевоводи, види 49.50

**37 Отстранување на отпадни води**

Овој оддел ги опфаќа операциите на системите за канализација или инсталациите за постапување со отпадните води со помош на кои се собираат, обработуваат и се испуштаат отпадните води.

**37.0 Отстранување на отпадни води**

**37.00 Отстранување на отпадни води**

*Оваа класа опфаќа:*

- операции на системите за канализација и инсталациите за обработка на отпадните води
- собирање и транспорт како на отпадните води од домаќинствата и индустријата од еден или повеќе корисници, така и на дождовницата по пат на канализациона мрежа, колектори, танкови или други превозни средства, како и нивна преработка и одвод
- празнење и чистење на септички јами и танкови, одводи и јами од кал; одржување на хемиски уреди
- обработка на отпадни води (вклучувајќи домашни и индустриски отпадни води, вода од базените итн.) по пат на физички, хемиски и биолошки процеси како што се разредување, цедење, филтрирање, седиментација итн.
- одржување и чистење на канализацијата и одводните канали за истекување на дождовницата, вклучувајќи го деблокирањето на одводите

*Оваа класа не опфаќа:*
- деконтаминација на површинските и подземните води на загадените места, види 39.00
- чистење и деблокирање на канализационите одводни цевки во зградите, види 43.22

**38** ***Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали***

Овој оддел опфаќа собирање, обработка и отстранување на отпадот. Овој оддел, исто така, опфаќа локален превоз на отпадните материјали и обновување на материјалите со помош на уредите (на пр., оние уреди со кои се сортираат материјалите кои можат да се обноват од отпадните текови).

**38.1** **Собирање на отпад**

Оваа група опфаќа собирање на отпадот од домаќинствата и деловните субјекти со средства како што се канти за смет, канти за ѓубре на тркала, контејнери итн.Тоа вклучува собирање на безопасен и опасен отпад, на пр., отпадот од домаќинствата, од искористените батерии, искористените масла и масти од готвење, искористеното масло од бродовите и од гаражите, како и градежниот отпад и отпадот од рушење.

**38.11** **Собирање на безопасен отпад**

*Оваа класа опфаќа:*

- собирање на цврст безопасен отпад (на пр., смет) во рамките на локално подрачје, како што е собирање на отпадот од домаќинствата и деловните субјекти со средства како што се канти за смет, канти за смет на тркала, контејнери итн. Може да вклучува различни видови смет кој може да се обновува:
- собирање на предмети за рециклажа
- собирање на отпад од канти за смет на јавни места

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- собирање на градежен отпад и отпад од рушење
- собирање и отстранување на остатоци како што се гранки и чакал
- собирање на отпад од текстилните фабрики
- дејности на објектите за одвод на отпадот кои се занимаваат со безопасен отпад

*Оваа класа не опфаќа:*
- собирање на опасен отпад, види 38.12
- дејности на депониите за располагање со безопасен отпад, види 38.21
- дејности на објектите за рециклирање во кои се доведува материјалот за обновување како што се хартија, пластика итн. и се распоредува во препознатливи категории, види 38.32

**38.12 Собирање на опасен отпад**

Оваа класа опфаќа собирање на цврст и друг опасен отпад, на пр., експлозивен, реактивен, запалив, отровен, иритирачки, штетен, канцероген, корозивен, инфективен отпад или останати супстанции и препарати штетни за човековото здравје и животната средина. Подразбира утврдување, обработка, пакување и етикетирање на отпадот за потребите на превозот.

*Оваа класа опфаќа:*
- собирање на опасен отпад, како што се:
  - искористени масла од бродови и гаражи
  - биоопасен отпад
  - нуклеарен отпад
  - искористени батерии итн.
- дејности на објектите за рециклирање и за собирање на опасниот отпад

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка и чистење на контаминираните згради, минираните подрачја, подземните води, на пр., отстранување на азбест, види 39.00

**38.2 Обработка и отстранување на отпад**

Оваа група опфаќа отстранување и обработка на отпадот од различни облици на отпад пред отстранување на отпадот со различни средства, како на пр., обработка на органскиот отпад заради негово отстранување; обработка и отстранување на токсичните (отровни) живи или мртви животни и друг контаминиран отпад; обработка и отстранување на преодниот радиоактивен отпад од болниците, итн., исфрлање на отпадоци во земја или во вода; закопување или заорување на отпадоци; отстранување на дотраени производи како што се фрижидери заради елиминирање на влијанието на штетниот отпад; отстранување на отпадот преку палење или согорување. Исто така, вклучено е обновувањето на енергијата која настанува при процесот на палење на отпадот.

*Оваа група не опфаќа:*

- обработка и отстранување на отпадните води, види 37.00

- обновување на материјалите, види 38.3

**38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад**

Оваа класа опфаќа отстранување и обработка на отпадот пред отстранување на цврстиот и другиот безопасен отпад:

- дејности на депониите за безопасен отпад
- отстранување на безопасен отпад преку согорување, палење или со други методи, што за резултат има или нема производство на електрична енергија или пареа, алтернативни горива, биогас, пепел или некој друг облик на нуспроизводи за натамошна употреба и др.

- обработка на органски отпад за отстранување

*Оваа класа не опфаќа:*

- палење и согорување на опасен отпад, види 38.22

- дејности на објектите за рециклирање во кои се доведува материјал за обновување како што е хартија, пластика, употребени конзерви од пијалаци и метали кои се сортираат според препознатливите категории, види 38.32

- деконтаминирање, чистење на земјиштето и водените површини, намалување на токсичните (отровните) материјали, види 39.00

**38.22 Обработка и отстранување на опасен отпад**

Оваа класа опфаќа обработка и отстранување на цврст и друг опасен отпад пред отстранувањето, на пр., на експлозивниот, оксидирачкиот, запаливиот, отровниот, иритирачкиот, канцерогениот, инфективниот отпад или останатите супстанции и препарати штетни за човековото здравје и животната средина.

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на уредите за обработка на опасниот отпад
- обработка и отстранување на токсичните (отровните) живи и/или мртви животни и друг контаминиран отпад
- палење на опасниот отпад
- отстранување на дотраени проиводи како што се фрижидери за да се елиминира влијанието на штетниот отпад
- обработка, отстранување и складирање на радиоактивниот нуклеарен отпад вклучувајќи:

● обработка и отстранување на преносниот радиоактивен отпад, т.е оној што се распаѓа со текот на времето, превоз од болниците

● енкапсулација, подготовка и друга обработка на нуклеарниот отпад за складирање

*Оваа класа не опфаќа:*

- повторна обработка на нуклеарно гориво, види 20.13
- палење (горење) на безопасен отпад, види 38.21
- деконтаминирање, чистење на земјиштето и водата; намалување на токсичните (отровните) материјали, види 39.00

**38.3 Обновување на материјали**

**38.31 Демонтирање на крш**

Оваа класа опфаќа демонтирање на крш од кој било вид (автомобили, бродови, компјутери, телевизори и друга опрема) заради обновување на материјалите.

*Оваа класа не опфаќа:*

- отстранување на употребените производи како што се фрижидери за да се отстрани штетниот отпад, види 38.22

- демонтирање на автомобили, бродови, компјутери, телевизори и друга опрема заради добивање употребливи делови погодни за повторна продажба, види сектор G/E.

**38.32 Обновување на посебно издвоени материјали**

Оваа класа опфаќа обработка  на металниот и неметалниот отпад и остатоците, како и предметите  во секундарни суровини, обично вклучувајќи механички и/или хемиски трансформационен процес.

Во оваа класа, исто така, е вклучено и обновувањето на материјалите од отпадните текови во форма (1) на издвојување и сортирање на материјалите за обновување од неопасните отпадни текови (на пр., ѓубрето) или (2) издвојување и сортирање на мешаниот материјал за обновување како што се хартија, пластика, употребени конзерви од пијалаци и метали, сортирани според препознатливите категории.

Примери за механички и хемиски трансформациони процеси кои се опфатени во оваа класа се следните:

- механичко дробење на металниот отпад како што се возила, машини за перење, велосипеди итн.
- механичко редуцирање на големи железни парчиња како што се железнички вагони
- раситнување со сечење  на металниот отпад, стари возила итн.
- други методи на механичка обработка, на пр., сечење, пресување, за да се намали обемот
- обновување на метали од фотографски отпад, како на пр., фиксир раствор или фотографски филмови и хартија
- поправка на гуми од  употребени надворешни гуми  за производство на секундарни суровини
- сортирање и дробење на пластика за производство на секундарни суровини за цевки, саксии за цвеќе, палети и сл.
- обработка (чистење, топење, мелење)  на отпад  од пластика и гума во гранули
- дробење, чистење и издвојување на стакло
- дробење, чистење и издвојување на други отпадоци, на пример, остатоци од рушење за добивање на секундарни суровини
- преработка на употребени масла и масти за готвење во секундарни суровини
- преработка на останата отпадна храна, пијалаци и тутун како и резидуални супстанции во секундарни суровини

*Оваа класа не опфаќа:*

производство на нови готови  производи од секундарни суровини (без оглед на тоа дали се од сопствено призводство или не), на пр.,предење на влакна од залихи, правење (добивање) на пулпа (каша за хартија) од стара хартија, протектирање на гуми или производство на метал од метални отпадоци,види кореспондентни класи  во секторот С/В (Преработувачка индустрија)

- повторна обработка на нуклеарно гориво, види 20.13
- претопување на железен отпад, види 24.10

- обновување на материјалите за време на горење на отпадот или во текот на процесот на палење, види 38.2

- обработка и отстранување на безопасен отпад, види 38.21

- обработка на органски отпад за отстранување, вклучувајќи производство на компост, види 38.21
- обновување на енергијата добиена при процес на палење на безопасниот отпад, види 38.21
- постапување  и отстранување на преодниот радиоактивен отпад од болниците итн., види 38.22
- постапување и отстранување на токсичен, контаминиран отпад, види 38.22
- трговија но големо со материјали погодни за обновување, види 46.77

39 **Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад**

Овој оддел вклучува обезбедување на услуги за санација, на пример, чистење на контаминирани згради и локации, почва, површински или подземни води.

39.0 **Дејности за санација  и останати услуги на управување со отпад**

39.00 **Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад**

*Оваа класа опфаќа:*
- деконтаминација на почвата и подземните води на местата на загадување, било на самото место  или надвор од него со употреба на, на пр., механички, хемиски или биолошки методи
- деконтаминација на индустриски фабрики и места,вклучувајќи ги и нуклеарните фабрики и места
- деконтаминација и чистење на површинските води после случајно загадување, на пр., преку собирање на загадувачите или со примена на хемикалии
- чистење на нафтени флеки и други загадувања на земјата, на површинските води, во океаните и морињата, вклучувајќи го крајбрежјето
- намалување на азбестот, оловни бои и други токсични материјали
- останати специјализирани дејности поврзани со контрола на загадувањето

*Оваа класа не опфаќа:*
- контрола на штетници во земјоделството, види 01.61
- пречистување на водата за потребите на снабдување со вода, види 36.00

- обработка и отстранување на безопасен отпад, види 38.21

- обработка и отстранување на опасен отпад, види 38.22
- надворешно чистење и миење на улици, види 81.29

**F/Ѓ** ***ГРАДЕЖНИШТВО***

Овој сектор ги вклучува општите градежни работи и специјализираните градежни дејности за објектите од високоградба и нискоградба. Тоа опфаќа новоградби, доградби и надградби, поправки, подигање на објекти или градби од префабрикувани елементи на градилиште (монтажни објекти), како и објекти од привремен карактер.

Општите градежни работи опфаќаат целосна изградба на станови, административни згради, продавници и други јавни и комунални објекти, фарми итн., или објекти од нискоградба како што се автопати, улици, мостови, тунели, железници, аеродромски писти, пристаништа и други хидрообјекти, системи за наводнување, одводни системи, индустриски објекти, цевоводи и електрични водови, спортски терени итн.

Оваа работа може да биде извршена на своја сметка или врз основа на договор. Делови од работата или понекогаш целокупната работа може да биде изведувана од подизведувачи. Во овој сектор се класифицирани единиците кои ја сносат целокупната одговорност за градежниот проект.

Во овој сектор, исто така, е вклучена и поправката на објектите од високоградбата и нискоградбата.

Овој сектор опфаќа целосна изградба на објекти од високоградба (оддел 41), целосна изведба на објекти од нискоградба (оддел 42), како и специјализирани градежни дејности доколку се изведуваат како дел од градежниот процес (оддел 43).

Изнајмувањето на градежна опрема со оператор е класифицирано според специјализираните градежни дејности извршени со оваа опрема.

Овој сектор, исто така, опфаќа развој на градежните проекти за објектите од високоградба и нискоградба со помош на финансиски, технички и физички средства за да се реализираат градежните проекти за подоцнежна продажба. Доколку овие дејности не се извршуваат со цел за продажба на градежниот објект, туку за нивно користење (на пр., издавање на делови од овие згради, производствени дејности во фабриките), тогаш единицата нема да биде вклучена во овој сектор туку ќе биде вклучена според нејзините дејности, т.е. во дејности во врска со недвижен имот, производство итн.

**41** **Изградба на згради**

Овој оддел опфаќа, генерално, изградба на згради од сите видови (високоградба).Тоа вклучува новоградби, поправки, доградби и надградби, подигање на згради или структури од префабрикувани елементи на градилиштето, како и изградба на објекти од привремен карактер.

Во овој оддел е вклучена изградбата на станови, административни згради, продавници и други згради за јавна и општа употреба, фарми, итн.

**41.1 Развој на градежни проекти**

**41.10 Развој на градежни проекти**

*Оваа класа опфаќа:*
- развој на градежни проекти за станбени и нестанбени згради заедно со соединување на финансиски, технички и физички средства за да се реализираат градежните проекти за подоцнежна продажба на објектот.

*Оваа класа не опфаќа:*
- изградба на згради, види 41.20
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
- проектантски услуги во врска со градежните проекти, види 71.1

**41.2 Изградба на станбени и нестанбени згради**

Оваа група опфаќа комплетна изградба на станбени и нестанбени згради за продажба, на сопствена сметка или врз база на договор. Притоа е можно склучување договор за изградба на делови или целосна изградба на објектите. Доколку се извршува исклучиво само специјализиран дел од градежниот процес, тогаш дејноста е класифицирана во одделот 43.

**41.20 Изградба на станбени и нестанбени згради**

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на сите видови станбени згради:
  - индивидуални куќи
  - колективни згради (згради со повеќе станови), вклучувајќи ги и високите згради
- изградба на сите видови нестанбени згради:
  - згради за индустриско производство, на пр., фабрики, работилници, погони итн.
  - болници, училишта, административни згради
  - хотели, продавници, трговски центри, ресторани
  - аеродромски згради
  - спортски објекти од затворен тип

- катни гаражи, вклучувајќи и подземни паркинг простори
- магацини
- религиозни објекти

 - монтирање и подигање на конструкции од префабрикувани елементи на градилиште (монтажни објекти)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
 - реконструкција или адаптација на постоечки станбени објекти

*Оваа класа не опфаќа:*

 - изградба на индустриски објекти, освен згради, види 42.99

 - архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
 - проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1

**42 Нискоградба**

Овој оддел опфаќа градење на објекти од нискоградба.Тоа вклучува новоградби, поправки, доградби и надградби, подигање на структури од префабрикувани елементи на градилиште, како и изградба на објекти од привремен карактер.

Во овој оддел е вклучено градењето на објекти од нискоградба како што се автопатишта, улици, мостови, тунели, железнички пруги, аеродромски писти, пристаништа и други хидрообјекти, системи за наводнување, одводни системи, индустриски постројки, цевоводи и електрични линии, отворени спортски терени, итн. Оваа работа може да биде извршена на своја сметка или врз основа на договор. Делови од работата или, понекогаш и целокупната работа, можат да бидат изведувани од подизведувачи.

**42.1 Изградба на патишта и железници**

**42.11 Изградба на патишта и автопати**

*Оваа класа опфаќа:*
 - изградба на автопати, улици, патишта и други велосипедски и пешачки патеки
 - изградба на коловозна конструкција на улици, патишта, надвозници, мостови и тунели:
- изработка на тротоари на патиштата
- обележување на патиштата и други ознаки
- поставување на заштитни огради, сообраќајни знаци и сл.

 - изградба на аеродромски писти

*Оваа класа не опфаќа:*

- поставување на улично осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1

### 42.12 Изградба на железници и подземни железници

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на железници и подземни железници

*Оваа класа не опфаќа:*
- поставување на осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1

### 42.13 Изградба на мостови и тунели

*Оваа класа опфаќа:*

- изградба на мостови, вклучувајќи и надвозници и вијадукти
- изградба на тунели

*Оваа класа не опфаќа:*
- поставување на осветлување и електрични сигнали, види 43.21
- архитектонски и инженерски дејности, види 71.1
- проектно менаџирање на градежната дејност, види 71.1

## 42.2 Изградба на комунални објекти

### 42.21 Изградба на комунални објекти за течности

Оваа класа опфаќа изградба на дистрибуциони цевоводи за транспорт на течности и придружни објекти и структури коишто се составен дел на овие системи.

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на објекти од нискоградба:
  - водови на големи далечини и разводна градска мрежа
  - главна водоводна цевка и разводна мрежа
  - системи за наводнување (канали)
  - резервоари
- изградба на:
  - канализациони системи, вклучувајќи и поправка
  - колектори за отпадни води
  - пумпни станици

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дупчење на бунари за вода

*Оваа класа не опфаќа:*

- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

**42.22 Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии**

Оваа класа опфаќа изградба на дистрибуциони електрични водови и телекомуникациски линии и придружни објекти и структури коишто се составен дел од овие системи.

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на објекти од нискоградба за:
● далекуводи и градски мрежи за снабдување со струја и телекомуникациски линии
● енергетски централи

*Оваа класа не опфаќа:*
- проектно менаџирање на градежни дејности во нискоградба, види 71.12

**42.9 Изградба на други објекти од нискоградба**

**42.91 Изградба на хидроградежни објекти**

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на:
● водени текови, пристаништа и регулација на реки, пристаништа за мали бротчиња (марини) итн.
● брани и насипи
- подводни ископи

*Оваа класа не опфаќа:*
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

**42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- изградба на индустриски објекти, освен згради, како што се:
● рафинерии
● хемиски фабрики
- градежни дејности за објекти, освен изградба на згради, како што се:
● спортски објекти на отворено

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- поделба на земјиштето со подобрување на околината (на пр., доградба на патишта, инфраструктура итн.)

*Оваа класа не опфаќа:*

- инсталирање на индустриски машини и опрема, види 33.20
- поделба на земјиште без подобрување на околината, види 68.10
- проектно менаџирање на градежните дејности во нискоградба, види 71.12

**43** **Специјализирани градежни дејности**

Овој оддел опфаќа специјализирани градежни дејности, т.е. изградба на делови од објекти за високоградба и нискоградба или претходни подготовки. Овие дејности вообичаено се специјализирани во еден аспект, заеднички за различни објекти, кои бараат специјализирани искуства или опрема, како што се поставување макари, темелење на објектите, изработка на носечка конструкција, бетонски работи, ѕидање со цигли, поставување на камен, подигање на скелиња, поставување на кровови итн. Подигањето на челични конструкции е вклучено под услов деловите да не се произведени од самите единици што ги монтираат. Специјализираните градежни работи, главно, се изведуваат врз основа на подизведувачи, но кога се работи на поправка на објекти, тие се вршат директно за сопственикот на имотот.

Овој оддел, исто така, опфаќа завршни градежни дејности, како што се градежно-занаетчиски завршни и инсталатерски работи.

Овој оддел ги опфаќа и инсталатерските работи од секаков вид кои што прават објектот да функционира. Овие дејности вообичаено се изведуваат на градилиштето, иако делови од работата може да бидат изведени во работилница. Вклучени се дејности како што се поставување на водоводни и канализациони инсталации, инсталации за грејни и разладни системи,антени, алармни системи и други електрични работи, системи за гасење на пожар (распрскувачи т.н. спринклери), лифтови итн. Исто така се вклучени изолационите работи од вода, топлина и звук, лимарски работи, опрема и спроводници за ладење, инсталирање на системи за осветлување и сигнално сигурносни системи на патиштата, железници, аеродромите, пристаништата итн. Исто така се вклучени работите на поправка од ист вид како горе наведените дејности.

Градежно-занаетчиските завршни работи, исто така, вклучуваат дејности коишто придонесуваат за комплетирање или завршување на изградбата како што се застаклување, малтерисување, бојадисување, поставување на подни и ѕидни облоги или покривање со други материјали како паркет, подни облоги, тапети итн., стругање на подови, завршна столарија, акустични работи, расчистување на надворешниот терен, итн. Исто така,  вклучени се и работите на поправка од ист вид како горенаведените дејности.

Изнајмувањето на градежна опрема со изведувачи е класифицирано со придружната градежна дејност.

***43.1 Уривање и подготовка на градилиште***

Оваа група опфаќа подготовка на градилиштето за идните градежни дејности, вклучувајќи го отстранувањето на претходно постоечките објекти.

**43.11 Уривање**

*Оваа класа опфаќа:*
- уривање или демонтажа на згради и други објекти.

**43.12 Подготвителни работи на градилиште**

*Оваа класа опфаќа:*
- расчистување на градилиштето
- земјани работи: ископување, насипување, нивелирање и градација на градежното земјиште, ископ на јама, отстранување на камења, минирање итн.
- подготовка на земјиштето за рударски работи:
   - отстранување на наслагите на јаловина и друга подготовка на рударското земјиштето и градилиштата, со исклучок на градилиштата на нафта и гас

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дренажни работи на градилиштата
- дренажни работи на земјоделско или шумско земјиште

*Оваа класа не опфаќа:*
- дупчење на експлоатациони извори на нафта и гас, види 06.10, 06.20
- деконтаминација на почвата, види 39.00
- дупчење на извори (бунари) на вода, види 42.21
- ископ на окна, види 43.99

**43.13 Пробно дупчење и сондирање**

*Оваа класа опфаќа:*

- пробно дупчење, сондирање и земање примероци за градежни, геофизички, геолошки, геомеханички и слични испитувања

*Оваа класа не опфаќа:*
- дупчење на експлоатациони извори на нафта и гас, види 06.10, 06.20
- услуги на пробно дупчење и сондирање во рударството, види 09.90
- дупчење на бунари за вода, види 42.21
- ископ на окна, види 43.99
- истражување на наоѓалишта на нафта и гас, геофизички, геолошки и сеизмички истражувања, види 71.12

**43.2 Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни инсталатерски работи**

Оваа група опфаќа инсталатерски дејности за функционирање на зградите, вклучувајќи и инсталирање на електрични системи, водоводни, канализациски и плински инсталации, системи за греење и климатизација, лифтови итн.

**43.21 Електроинсталатерски работи**

Оваа класа опфаќа инсталирање на електрични системи во сите објекти од високоградба и нискоградба.

*Оваа класа опфаќа:*
- инсталирање на:
● електрична мрежа
● телекомуникациски инсталации
● инсталации за компјутерска мрежа и кабелска телевизија, вклучувајќи и оптички кабел
● сателитски антени
● осветлувачки системи
● противпожарни аларми
● алармни системи против кражби
● улично осветлување и електрични сигнали
● осветлување на аеродромски писти

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- поврзување на електрични апарати и опрема за домаќинствата, вклучувајќи и системи за подно греење

*Оваа класа не опфаќа:*
- изградба на комуникациски и енергетски водови за пренос, види 42.22

- надгледување и далечинско набљудување на електронски заштитни системи, како што се алармни системи против кражби и противпожарни аларми, вклучувајќи нивно инсталирање и одржување, види 80.20

**43.22** **Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима-уреди**

Оваа класа опфаќа монтирање на водоводни и канализациони инсталации и за плин, грејни системи и клима уреди, вклучувајќи и доградби, преправки, одржување и поправки.

*Оваа класа опфаќа:*
- поставување на инсталации во згради или други објекти на:
● систем за греење (електричен, на гас и на нафта)
● печки, разладни системи
● нееелектрични колектори за сончева енергија
● водоводни и канализациони инсталации и санитарна опрема
● опрема за вентилација, климатизација и цевки
● инсталација за гас
● цевки (цевовод) за пареа
● противпожарни распрскувачи
● системи за прскање на тревник
- инсталациони канали

*Оваа класа не опфаќа:*
- инсталирање на системи за подно греење, види 43.21

**43.29** **Други градежно-инсталатерски работи**

Оваа класа опфаќа инсталирање на опрема поинаква од електроинсталатерските, водоводните, инсталациите за греење и клима уредите или индустриските машини во објектите од високоградба и нискоградба.

*Оваа класа опфаќа:*
- инсталирање во згради и други објекти на:
● лифтови, ескалатори (подвижни скали), вклучувајќи и нивна поправка и одржување
● автоматски врати и врати на сензори
● светлечки патокази
● системи за всмукување на прашина
● изолација од топлина, звук и вибрации

*Оваа класа не опфаќа:*
- инсталирање на индустриска машинерија, види 33.20

**43.3** **Завршни работи во градежништвото**

**43.31 Малтерисување**

*Оваа класа опфаќа:*
- малтерисување на згради и други објекти со малтер за надворешни и внатрешни површини, вклучувајќи и слични материјали

**43.32 Поставување на столарија**

*Оваа класа опфаќа:*
- поставување на врати (освен автоматски и врати на сензори), прозорци, рамки за врати и прозорци, од дрво или од друг материјал
- вградување на готови кујни, ормари, скали, опрема за продавници и слично
- внатрешни завршни работи како што се тавани, подвижни преградни ѕидови итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- вградување на автоматски и врати на сензори, види 43.29

**43.33 Поставување на подни и ѕидни облоги**

*Оваа класа опфаќа:*
- обложување, поплочување, поставување или опремување на згради и други објекти со:
- ѕидни или подни керамички плочки, бетонски плочки или плочки од обработен камен, керамички печки
- паркети и други дрвени подни и ѕидни облоги
- подови од теписон и линолеум, вклучувајќи и подови од гума и пластика
- подни и ѕидни облоги од тераццо, мермер, гранит и плочи од шкрилци
- тапети

**43.34 Бојадисување и застаклување**

*Оваа класа опфаќа:*
- внатрешно и надворешно бојадисување на згради
- бојадисување на објекти од нискоградбата
- застаклување и поставување на огледала итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- вградување на прозорци, види 43.32

**43.39 Останати завршни градежни работи**

*Оваа класа опфаќа:*
- чистење на зградите по завршувањето на градежните работи

- останати завршни градежни работи, неспомнати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности за внатрешно дизајнирање, види 74.10
- внатрешно чистење на згради и други објекти, види 81.21
- специјализирано внатрешно и надворешно чистење на згради, види 81.22

**43.9 Други специјализирани градежни работи**

**43.91 Дејности на покривни конструкции**

*Оваа класа опфаќа:*
- изведба на покривни конструкции
- покривање на покривни конструкции

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на градежна машинерија и опрема без оператор, види 77.32

**43.99 Останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- специјализирани градежни дејности што се заеднички за различни видови објекти, а кои бараат посебна вештина и опрема:
  - изградба на темели (фундирање), вклучувајќи и набивање на шипови за темели
  - изолација од влага и хидроизолација на зградите
  - отстранување на влага од зградите
  - дупчење на окна
  - монтажа на челични елементи
  - виткање на арматура
  - ѕидање со тула и камен
  - монтажа и демонтажа на скелиња и работни платформи, не вклучувајќи издавање на скелиња и платформи
  - ѕидање на оџаци и индустриски печки
  - работа со стручњаци кои поседуваат неопходни вештини за качување и употреба на соодветна опрема, на пр., работа на високи градежни објекти
- потповршински работи
- изградба на отворени базени
- чистење со пареа, пескарење и сл.дејности на фасада на зградите
- издавање на кранови и друга градежна опрема со оператор којашто не може да се определи за одреден вид на изградба

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на градежна машинерија и опрема без оператор, види 77.32

G/E

***ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ***

Овој сектор опфаќа трговија на големо и трговија на мало (т.е.продажба без преработка) на кој било вид  стока и давање повремени услуги при продажба на трговска стока. Трговијата на големо и на мало е краен чекор во дистрибуцијата на трговската стока. Исто така, во овој сектор е вклучена и поправката на моторни возила и мотоцикли.

Се смета дека продажбата без преработка вклучува и вообичаени операции (или манипулации) поврзани со трговијата, на пример: сортирање, раздвојување и составување на производите, мешање на производите (на пр., вино или песок), флаширање (со или без претходно чистење на шишињата), пакување, распакување и препакување за дистрибуција во помали пакувања, складирање (без оглед дали е или не е замрзнато или разладено).

Одделот 45 ги вклучува сите дејности во врска со трговијата и поправката на моторни возила и мотоцикли, додека одделите 46 и 47 ги вклучуваат сите останати дејности во трговијата. Разликата помеѓу одделот 46 (трговија на големо) и одделот 47 (трговија на мало ) се базира на претежниот вид на потрошувачот (купувачот).

Трговија на големо е препродавање (продажба без преработка) на нови и употребени производи на трговците на мало, на индустриските, трговските или професионалните корисници и установи или на други трговци на големо; вклучувајќи ги дејностите за посредување во купувањето, односно продажбата на стоки на трети лица. Карактеристични трговци на големо се оние кои полагаат право на стоката која ја продаваат како што се: трговци на големо со трговска стока или посредници-препродавачи, индустриски дистрибутери, извозници, увозници и посреднички асоцијации, трговски претставништва и трговски канцеларии (но не продавници на мало), со кои управуваат производни или рударски единици, но кои се издвоени од фабриките или рудниците заради пласирање на своите производи и кои не ги преземаат само оние нарачки кои се извршуваат со директни испораки од фабриките или рудниците. Исто така,  вклучени се и дејностите на разни посредници со трговска стока и производи, комисиони трговци и агенти и задружни организации за пласирање на земјоделските производи.

Трговците на големо често сами ги составуваат, сортираат и распоредуват производите во големи пакувања, ја делат стоката во помали пакувања, на пр., во фармацијата; извршуваат дејност на складирање, ладење, испорака и инсталација на стоката, како и дејности во врска со промотивна продажба за своите купувачи и дизајнирање на етикети.

Трговијата на мало е препродавање (продажба без преработка) на нови и користени производи, главно на населението за лична потрошувачка и потрошувачка во домаќинствата или употреба, која се одвива во продавници, стоковни куќи, на штандови, по пат на пошта и интернет, преку улични продавачи, продажба од врата на врата, трговци на ситна стока, потрошувачки задруги, акционерски куќи итн. Повеќето трговци на мало имаат право на производот што го продаваат, а некои работат како посредници во име на сопствениците на стоката и вршат продажба врз основа на консигнација или провизија.

**45** **Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли**

Овој оддел ги опфаќа сите дејности (освен производство и издавање) во врска со моторните возила и мотоцикли, вклучувајќи ги и камионите и другите товарни возила, како што е трговијата на големо и трговијата на мало на нови и половни возила, поправка и одржување на возила и трговија на големо и трговија на мало на делови и прибор за моторни возила и мотоцикли. Во овој оддел, исто така, се вклучени дејностите на комисионите агенти вклучени во трговијата на големо и трговијата на мало на возила, трговија на големо на возила преку аукција (продажба на лицитација) и трговија на големо преку интернет.

Овој оддел, исто така, вклучува дејности како што се миење, полирање на возила итн.
Овој оддел не опфаќа трговија на мало на моторни горива, производи за подмачкување и ладење и/или изнајмување на моторни возила и мотоцикли.

**45.1** **Трговија со моторни возила**

**45.11** **Трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со нови и половни (користени) возила:

● патнички моторни возила, вклучувајќи и специјализирани патнички моторни возила како што се возила на брза помош, минибуси итн. (носивост до 3.5 тони)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со теренски моторни возила (до 3.5 тони)

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со делови и прибор за моторни возила, види 45.3
- изнајмување на моторни возила со шофер, види 49.3
- изнајмување на моторни возила без шофер, види 77.1.

**45.19 Трговија со останати моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со нови и половни (користени) возила:
● камиони, приколки и полуприколки
● возила за кампување како што се каравани и приколки

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со теренски моторни возила (носивост над 3.5 тони)

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо и на мало со делови и прибор за моторни возила, види 45.3
- изнајмување на камиони со возач, види 49.41
- изнајмување на камиони без возач, види 77.12

**45.2 Одржување и поправка на моторни возила**

**45.20 Одржување и поправка на моторни возила**

*Оваа класа опфаќа:*
- одржување и поправка на моторни возила:
● механички поправки
● електрични поправки
● поправка на електронски системи за вшприцување
● редовен сервис
● поправки на каросеријата
● поправки на делови на моторните возила
● миење, полирање итн.
● прскање и бојадисување
● поправка на ветробрани и прозорци
● поправка на седишта за моторни возила
- поправка, монтажа или замена на внатрешни и надворешни гуми
- заштита од корозија

- вградување на делови и прибор кои не се дел од производниот процес

*Оваа класа не опфаќа:*
- протектирање и препродажба на надворешни гуми, види 22.11

**45.3 Трговија со делови и прибор на моторни возила**

Оваа група опфаќа трговија на големо и трговија на мало со делови, алатки и прибор за моторни возила, како што се:

● надворешни и внатрешни гуми
● свеќички, батерии, опрема за осветлување и електрични делови

**45.31 Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила**

**45.32 Трговија на мало со делови и прибор за моторни возила**

*Оваа класа не опфаќа:*
- продажба на мало на моторни горива, види 47.30

**45.4 Трговија со мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли, одржување и поправка на мотоцикли**

**45.40 Трговија со мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли, одржување и поправка на мотоцикли**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо и трговија на мало со мотоцикли, вклучувајќи и мопеди
- трговија на големо и на мало со делови и прибор за мотоцикли вклучувајќи и комисионо посредување (трговски посредници) и набавка преку пошта
- одржување и поправка на мотоцикли

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со велосипеди и делови и прибор за велосипеди, види 46.49
- трговија на мало со велосипеди и делови и прибор за велосипеди, види 47.64
- издавање на мотоцикли, види 77.39
- поправка и одржување на велосипеди, види 95.29

**46 Трговија на големо, освен трговија со моторни возила и мотоцикли**

Овој оддел опфаќа трговија на големо за сопствена сметка,со надомест или врз основа на договор (комисиона продажба) на домашната трговија на големо и интернационалната големопродажба (експорт/импорт).

*Овој оддел не опфаќа:*
- трговија на големо на моторни возила, каравани и мотоцикли, види 45.1, 45.4
- трговија на големо со прибор за моторни возила и мотоцикли, види 45.31, 45.40
- закуп и лизинг на стоки, види оддел 77
- пакување на цврсти производи и флаширање на гасовити или течни производи, вклучувајќи мешање и филтрирање за трети лица, види 82.92

**46.1** **Трговија на големо со надомест или врз основа на договор**

*Оваа група опфаќа:*

- дејност на трговските посредници, брокери и сите други трговци на големо кои работат во име и за сметка на други

- дејност на оние кои се ангажирани околу поврзување на продавачите и купувачите или преземање комерцијални трансакции во име на сопственикот на стоката, вклучувајќи и преку интернет

*Оваа група, исто така, опфаќа:*
- дејности на аукциски куќи на големо, вклучувајќи интернет аукциска големопродажба

**46.11** **Посредување во трговијата со земјоделски суровини, живи животни, текстилни суровини и полупроизводи**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.12** **Посредување во трговијата со горива, руди, метали и индустриски хемикалии**

Оваа класа опфаќа посредници вклучени во продажба на:

● горива, руди, метали и индустриски хемикалии, вклучувајќи и ѓубрива (вештачки)

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.13** **Посредување во трговијата со дрво, дрвена граѓа и градежен материјал**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.14** **Посредување во трговијата со машини, индустриска опрема, бродови и воздухопловни средства**

Оваа класа опфаќа посредување во продажба на:

● машини, вклучувајќи канцелариски машини и компјутери, индустрисјка опрема, бродови и воздухопловни средства

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на трговски посредници во продажба на моторни возила, види 45.1
- аукција на моторни возила, види 45.1

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.15** **Посредување во трговијата со мебел, предмети за домаќинствата, метална и железна стока**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.16** **Посредување во трговијата со текстил, облека, крзно, обувки и предмети од кожа**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.17** **Посредување во трговијата со храна, пијалаци и тутун**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.18** **Посредување специјализирано за трговија со останати посебни производи или групи на производи**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99
- дејности на агентите за осигурување, види 66.22
- дејности на агенции за недвижен имот, види 68.31

**46.19** **Посредување во трговијата со разновидни производи**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо за сопствена сметка, види од 46.2-46.9

- трговија на мало преку трговски посредници вон продавници, види 47.99

**46.2** **Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни**

**46.21** **Трговија на големо со жита, суров тутун, семе и добиточна храна**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со жита и семе
- трговија на големо со маслодајни плодови
- трговија на големо со суров тутун
- трговија на големо со храна за животни и земјоделски суровини, неспомнати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со текстилни влакна, види 46.76

**46.22** **Трговија на големо со цвеќе и садници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со цвеќе, садници и луковици

**46.23** **Трговија на големо со живи животни**

**46.24** **Трговија на големо со сурова, недовршена и довршена кожа**

**46.3** **Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун**

**46.31** **Трговија на големо со овошје и зеленчук**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со свежо овошје и зеленчук
- трговија на големо со конзервирано овошје и зеленчук

**46.32** **Трговија на големо со месо и производи од месо**

**46.33** **Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со млечни производи
- трговија на големо со јајца и производи од јајца
- трговија на големо со масла за јадење и масти од животинско и растително потекло

**46.34** **Трговија на големо со пијалаци**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со алкохолни пијалаци
- трговија на големо со безалкохолни пијалаци

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- купување на вино на големо (рефус) и флаширање без претходна доработка

*Оваа класа не опфаќа:*
- мешање на вино и дестилирани алкохолни пијалаци, види 11.01, 11.02

**46.35** **Трговија на големо со производи од тутун**

**46.36** **Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер

- трговија на големо со пекарски производи

**46.37** **Трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини**

**46.38** **Трговија на големо со друга храна, вклучувајќи и риба, лушпари и мекотели**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со храна за домашни миленици

**46.39** **Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун**

## 46.4 Трговија на големо со предмети за домаќинствата

Оваа група опфаќа трговија на големо со предмети за домаќинства, вклучувајќи и текстил.

### 46.41 Трговија на големо со текстил

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со предиво
- трговија на големо со ткаенини
- трговија на големо со платно за домаќинствата итн.
- трговија на големо со позамантерија и прибор: игли, конец за шиење итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со текстилни влакна, види 46.76

### 46.42 Трговија на големо со облека и обувки

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија  на облека, вклучувајќи и спортска облека
- трговија на големо со прибор за облека, како што се ракавици, вратоврски и нараменици
- трговија на големо со обувки
- трговија на големо со крзнени производи
- трговија на големо со чадори

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со накит, види 46.48
- трговија на големо со предмети од кожа, види 46.49
- трговија на големо со специјализирана спортска опрема и обувки како што се чизми за скијање, види 46.49

### 46.43 Трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата
- трговија на големо со радио и телевизиски уреди
- трговија на големо со фотографски и оптички предмети
- трговија на големо со електрични апарати за греење
- трговија на големо со снимени аудио и видео ленти, CD, DVD

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со празни аудио и видео ленти, CD и DVD, види 46.52
- трговија на големо со машини за шиење, види 46.64

**46.44 Трговија на големо со порцелан, стакларија и средства за чистење**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со порцелан и стакларија
- трговија на големо со средства за чистење

**46.45 Трговија на големо со парфимериски и козметички препарати**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со парфимериски, козметички препарати и сапуни

**46.46 Трговија на големо со фармацевтски производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со фармацевтски и медицински производи

**46.47 Трговија на големо со мебел, подни прекривки и опрема за осветлување**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со мебел за домаќинствата
- трговија на големо со подни прекривки
- трговија на големо со опрема за осветлување

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со канцелариски мебел, види 46.65

**46.48 Трговија на големо со часовници и накит**

**46.49 Трговија на големо со друга стока за домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на големо со предмети од дрво, прачки, плута итн.
- трговија на големо со велосипеди и делови и прибор за велосипеди
- трговија на големо со канцелариски прибор, книги, списанија и весници
- трговија на големо со кожни производи и предмети за патувања
- трговија на големо со музички инструменти
- трговија на големо со игри и играчки
- трговија на големо со спортски предмети, вклучувајќи и специјални спортски обувки како што се чизми за скијање

**46.5** **Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема**

Оваа група опфаќа трговија на големо со информатичка и комуникациска технолошка опрема (ICT), т.е. компјутери, телекомуникациска опрема и нивни делови.

**46.51** **Трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со компјутери и компјутерска периферна опрема
- трговија на големо со софтвер

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со електронски делови, види 46.52
- трговија на големо со канцелариски машини и опрема, (освен компјутери и периферна опрема), види 46.66

**46.52** **Трговија на големо со електронска и телекомуникациска опрема и делови**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со електронски цевки
- трговија на големо на елементи за полуспроводници
- трговија на големо со микрочипови и интегрирани кола
- трговија на големо со печатени кола
- трговија на големо со празни аудио (визуелни) и видео ленти и дискети, магнетни и оптички дискови (CD, DVD)
- трговија на големо со телефонска и комуникациска опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо на снимени аудио и видео ленти, CD и DVD, види 46.43
- трговија на големо со компјутери и компјутерска периферна опрема, види 46.51

**46.6** **Трговија на големо со други машини, опрема и прибор**

Оваа група опфаќа трговија на големо со специјализирани машини, опрема и прибор за сите видови на индустриски машини и машини за општа намена.

**46.61** **Трговија на големо со земјоделски машини, прибор и опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со земјоделски машини и опрема:

● плугови, растурачи на ѓубриво, сеалки
● жетварки
● вршалки
● машини за молзење
● машини за одгледување живина
● машини за одгледување пчели
● трактори за земјоделство и шумарство

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на големо со косилки за трева без оглед на начинот на функционирање

**46.62 Трговија на големо со алатни машини**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо на алатни машини од било кој вид и за било кој материјал

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на големо со алатни машини кои што се компјутерски контролирани

**46.63 Трговија на големо со машини за рударството и градежништвото**

**46.64 Трговија на големо со машини за текстилната индустрија, машини за шиење и плетење**

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на големо со машини за текстилната индустрија и машини за шиење и плетење кои што се компјутерски контролирани

**46.65 Трговија на големо со канцелариски мебел**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со услуги во трговијата поврзана со:
● предметите (стоките) класифицирани во класа 31.01 (Производство на канцелариски мебел и мебел за продавници)

**46.66 Трговија на големо со останати канцелариски машини и опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со канцелариски машини и опрема, освен компјутери и компјутерска периферна опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со компјутерска и периферна опрема, види 46.51

- трговија на големо со електронски делови и телефонска и комуникациона опрема, види 46.52

**46.69 Трговија на големо со други машини и опрема**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на големо со транспортна опрема со исклучок на моторни возила, мотоцикли и велосипеди
- трговија на големо со роботизирани производни линии
- трговија на големо со жици и прекинувачи и друга инсталациона опрема за индустриска употреба
- трговија на големо со други електрични предмети (материјали) како што се електрични мотори, трансформатори
- трговија на големо со други машини, неспомнати на друго место за користење во индустријата (освен во рударството, градежништвото (високоградба и нискоградба) и текстилната индустрија), трговијата и навигацијата и други услужни дејности

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- трговија на големо со мерни инструменти и опрема

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо со моторни возила, приколки и каравани, види 45.1
- трговија на големо со делови за моторни возила, види 45.31
- трговија на големо со мотоцикли, види 45.40
- трговија на големо со велосипеди, види 46.49

**46.7 Друга специјализирана трговија на големо**

Оваа група опфаќа дејности на друга специјализирана трговија на големо некласифицирани во останатите групи на овој оддел. Овој оддел опфаќа трговија на големо со полупроизводи, освен земјоделски, несвојствени за домашна употреба.

**46.71 Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на големо со горива, масти, средства за подмачкување, масла како што се:
  - дрвен јаглен-ќумур, јаглен, кокс, дрва за огрев, нафта
  - сурова нафта, сурово масло, дизел гориво, бензин, мазут, масло за ложење, керозин
  - течен нафтен гас, бутан и пропан гас
  - масла и масти за подмачкување, производи на рафинирана нафта

**46.72 Трговија на големо со метали и метални руди**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со руди на железо и руди на обоени метали
- трговија на големо со железо и обоени метали во примарна форма
- трговија на големо со полупроизводи од железо и обоени метали, неспомнати на друго место
- трговија на големо со злато и други благородни метали

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со метални остатоци, види 46.77

**46.73 Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со дрво во необработена состојба
- трговија на големо со производи од примарната обработка на дрво
- трговија на големо со боја и лак
- трговија на големо со градежен материјал:
● песок, чакал
- трговија на големо со ѕидни и подни прекривки (облоги)
- трговија на големо со рамно стакло
- трговија на големо со санитарна опрема:
● кади, лавабоа, WC школки, тоалетни и други санитарни предмети од порцелан-плочки
- трговија на големо со предградежни (префабрикувани) конструкции

**46.74 Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со метална стока и брави
- трговија на големо со инсталациски материјал
- трговија на големо со уреди за затоплување (грејачи, бојлери)
- трговија на големо со санитарна инсталациона опрема:
● цевки, прибор, славини, Т-делови, спојници, гумени цевки итн.
- трговија на големо со алати како што се чекани, пили, штрафцигери и други рачни алатки

**46.75 Трговија на големо со хемиски производи**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со индустриски хемикалии:

● анилин, печатарски бои, етерични масла, индустриски гасови, хемиски лепила, бои и лакови, синтетички смоли, метилалкохол, парафин, вештачки ароми и вкусови, сода, индустриска сол, киселини и сулфур, штирак итн.
- трговија на големо со производи од ѓубрива и агрохемиски производи

**46.76 Трговија на големо со останати полупроизводи**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со пластични материјали во примарна форма
- трговија на големо со каучук
- трговија на големо со текстилни влакна итн.
- трговија на големо со хартија во големи количества, непакувана
- трговија на големо со скапоцени камења

**46.77 Трговија на големо со отпадоци и остатоци**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на големо (купување и продажба) со метални и неметални отпадоци и остатоци за рециклажа, вклучувајќи собирање, сортирање, одделување на искористени производи како што се автомобили со цел да се добијат повторно употребливи делови, пакување и отпакување, складирање и испорака, но без вистински трансформирачки процес. Притоа, купените и продадените отпадоци ја задржуваат преостанатата вредност.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- одвојување (демонтирање) на автомобили, компјутери, телевизори и друга опрема за да се добијат употребливи делови за продажба (препродажба)

*Оваа класа не опфаќа:*
- собирање на отпад од домаќинствата и индустриски отпад, види 38.1
- обработка на отпадот, не за понатамошна употреба во индустрискиот производствен процес, туку со цел за негово отстранување, види 38.2

- обработка на отпадоци, остатоци и други производи во секундарни суровини кога е потребен вистински трансформационен процес (секундарните суровини се подготвени за директна употреба во индустрискиот производствен процес и не се финален производ), види 38.3

- одвојување (демонтирање) на автомобили, компјутери, телевизори и друга опрема за обновување на материјалите, види 38.31
- одвојување (демонтирање) на бродови, види 38.31

- одвојување (демонтирање) на автомобили со употреба на механички процес, види 38.32
- трговија на мало со половна стока, види 47.79

**46.9** **Неспецијализирана трговија на големо**

**46.90** **Неспецијализирана трговија на големо**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на големо со различни стоки, без посебна специјализација

**47** **Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли**

Овој оддел опфаќа трговија на мало (продажба без преработка) на нови и користени стоки главно на населението за лична потрошувачка или за потрошувачка на домаќинствата, преку продавници, стоковни куќи, тезги, преку пошта, интернет, продавачи кои одат по домовите на купувачите, улични продавачи, потрошувачки задруги итн.

Трговијата на мало прво е класифицирана според типот на продавницата (трговија на мало во продавници, групи 47.1 до 47.7; трговија на мало вон продавници: групи 47.8 и 47.9). Трговијата на мало во продавници опфаќа и трговија на мало со користени (половни) стоки (класа 47.79.). Кај трговијата на мало во продавници постои понатамошно разликување помеѓу специјализираната трговија на мало (групите од 47.2 до 47.7) и неспецијализираната трговија на мало (група 47.1). Овие групи понатаму се делат според видот на производите кои ги продаваат. Продажбата што не е преку продавници се разликува според начинот на кој се одвива како што е продажба на тезги и пазари (група 47.8) и друга продажба вон продавници, на пр., порачка преку пошта, врата на врата, самопослужни автомати итн.(група 47.9).

Продадените стоки во овој оддел често се ограничени на стоки кои се однесуваат на стоките за широка потрошувачка или стоките за трговија на мало. Поради тоа, стоките кои обично не спаѓаат во трговија на мало, како што се жита, руди, индустриски машини итн.не се опфатени (вклучени) во овој оддел. Овој оддел, исто така, ги опфаќа и единиците кои се ангажирани во продажбата на трговски стоки на населението, производи како што се персонални компјутери, канцелариски прибор, бои и дрвен материјал, иако овие производи може да не се употребуваат за лична потрошувачка или за потрошувачка во домаќинствата. Ракувањето со стоката коешто е вообичаено во трговијата не влијае на основните карактеристики на трговската стока и може да вклучува (опфаќа) на пр., сортирање, разделување, мешање и пакување.

Овој оддел, исто така, опфаќа трговија на мало преку посредници и дејности на акционерските куќи.

*Овој оддел не опфаќа:*
- продажба на земјоделски производи од страна на земјоделците, види оддел 01
- продажба на производи од сопствено производство, класифицирани во секторот Преработувачка индустрија, одделите од 10-32
- продажба на моторни возила, мотоцикли и нивни делови, види оддел 45
- трговија со жито и зрнести производи, руда, сурова нафта, индустриски хемикалии, железо и челик и индустриски машини и опрема, види оддел 46
- продажба на храна и пијалаци што се конзумираат на самото место и продажба на храна што може да се изнесува, види оддел 56
- изнајмување на лични добра и добра на домаќинствата на населението, види група 77.2

**47.1 Трговија на мало во неспецијализирани продавници**

Оваа група опфаќа трговија на мало со разновидни производи во иста единица (неспецијализирани продавници), како што се супермаркети и/или стоковни куќи.

**47.11 Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со разновидни стоки, меѓу кои преовладуваат храна, пијалаци или тутун

● дејност на продавници за мешовита стока кои покрај главните производи, храна, пијалаци и тутун, продаваат и разни други стоки како што се: облека, мебел, домашни апарати, метална стока, козметика итн.

**47.19** **Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со разновидни стоки, меѓу кои не преовладуваат храна, пијалаци и тутун
- дејност на стоковни куќи со мешовита стока како што е: облека, мебел, домашни апарати, метална стока, козметика, накит, играчки, спортска опрема итн.

**47.2** **Трговија на мало со храна, пијалаци и тутун во специјализирани продавници**

**47.21** **Трговија на мало со овошје и зеленчук во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со свежо овошје и зеленчук
- трговија на мало со приготвено и конзервирано овошје и зеленчук

**47.22** **Трговија на мало со месо и производи од месо во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со месо и производи од месо (вклучувајќи и живинско месо)

**47.23** **Трговија на мало со риби, лушпари и мекотели во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со риби, друга морска храна (плодови) и нивни производи

**47.24** **Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки во специјализирани продавници**

**47.25** **Трговија на мало со пијалаци во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со пијалаци (што не се консумираат на самото место):

● алкохолни пијалаци
● безалкохолни пијалаци

**47.26** **Трговија на мало со производи од тутун во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со тутун
- трговија на мало со производи од тутун

**47.29** **Друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со млечни производи и јајца
- трговија на мало со други прехранбени производи, неспомнати на друго место

**47.3** **Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници**

**47.30** **Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на мало со горива за моторни возила и мотоцикли

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- трговија на мало со производи за подмачкување и за ладење на моторни возила

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со горива, види 46.71
- трговија на мало со течен нафтен гас во контејнери (плински боци) за потребите на домаќинство, види 47.78

**47.4** **Трговија на мало со информатичка и комуникациска опрема во специјализирани продавници**

Оваа група опфаќа трговија на мало со информатичка и комуникациска технолошка опрема (ICT), како што се компјутери и периферна опрема, телекомуникациска и електрична опрема за широка потрошувачка во специјализрани продавници.

**47.41** **Трговија на мало со компјутери, периферни единици и софтвер во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со компјутери
- трговија на мало со компјутерска периферна опрема
- трговија на мало со конзоли за видео игри
- трговија на мало со стандарден софтвер, вклучувајќи и видео игри

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на големо со празни ленти и дискети, види 47.63

**47.42 Трговија на мало со телекомуникациска опрема во специјализирани продавници**

**47.43 Трговија на мало со аудио и видеоопрема во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со радио и телевизиска опрема
- трговија на мало со аудио и видеоопрема
- трговија на мало со CD, DVD итн., плеери и плочи

**47.5 Трговија на мало со друга опрема за домаќинствата во специјализирани продавници**

Оваа група опфаќа трговија на мало со опрема за домаќинствата, како што е текстил, метална стока, ќилими, електрични апарати или мебел во специјализирани продавници.

**47.51 Трговија на мало со текстил во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со ткаенини
- трговија на мало со предиво-плетиво
- трговија на мало со основни материјали за покривки (ќилими), гоблени (таписерии) и вез
- трговија на мало со текстил
- трговија на мало со позамантерија и прибор: игли, конец за шиење итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со облека, види 47.71

**47.52 Трговија на мало со метална стока, бои и стакло во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со метална стока
- трговија на мало со бои, лакови и премази
- трговија на мало со рамно стакло
- трговија на мало со друг градежен материјал, како што се тули, дрво, санитарна опрема
- трговија на мало со материјал и опрема за "направи сам"

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- трговија на мало со косилки, без оглед на начинот на функционирање
- трговија на мало со сауни

**47.53** **Трговија на мало со килими, теписи, ѕидни и подни облоги во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со ќилими и теписи
- трговија на мало со завеси и мрежи
- трговија на мало со ѕидни тапети и подни облоги

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со плочи од плута за подни облоги, види 47.52

**47.54** **Трговија на мало со електрични апарати за домаќинствата во специјализирани продавници**

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со аудио и видеоопрема, види 47.43

**47.59** **Трговија на мало со мебел, опрема за осветлување и други предмети за домаќинствата, во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со мебел за домаќинствата
- трговија на мало со предмети за осветлување (светилки)
- трговија на мало со кујнски садови, прибор за јадење, глинени и керамички лонци, стаклени, порцелански и грнчарски предмети
- трговија на мало со производи од дрво, плута и прачки
- трговија на мало со нееелектрични апарати за домаќинство
- трговија на мало со музички инструменти и нотен материјал
- трговија на мало со електричен заштитен алармен систем, како што се заштитни брави, сефови и трезори, без услуги на инсталирање и одржување
- трговија на мало со предмети и опрема за домаќинствата, неспомнати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со антиквитети, види 47.79

**47.6** **Трговија на мало со производи за култура и рекреација во специјализирани продавници**

Оваа група опфаќа трговија на мало со производи за култура и рекреација, како што се книги, весници, музички и видео записи, спортска опрема, игри и играчки, во специјализирани продавници

**47.61** **Трговија на мало со книги во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со книги од сите видови

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со половни книги и антиквитетни книги, види 47.79

**47.62** **Трговија на мало со весници и канцелариски прибор во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со канцелариски прибор како што се моливи, пенкала, хартија итн.

**47.63** **Трговија на мало со музички и видео записи во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со музички записи, аудио ленти, компакт дискови и касети
- трговија на мало со видео ленти и DVD

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со празни ленти и дискови

**47.64** **Трговија на мало со спортска опрема во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со спортска опрема, прибор за риболов, опрема за кампување, чамци и велосипеди

**47.65** **Трговија на мало со игри и играчки во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на мало со игри и играчки од различен материјал

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со конзоли за видео игри, види 47.41
- трговија на мало со стандарден софтвер, вклучувајќи видео игри, види 47.41

**47.7** **Трговија на мало со други стоки во специјализирани продавници**

Оваа група опфаќа трговија на мало со посебни производи во специјализирани продавници  кои не се вклучени во другите делови од класификацијата, како што се облека, обувки и предмети од кожа, фармацевтски и медицински препарати, часовници, сувенири, материјали за чистење, оружје, цвеќе, домашни миленици и др. Оваа група, исто така, опфаќа трговија на мало со користени (половни) стоки во специјализирани продавници.

**47.71** **Трговија на мало со облека во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со предмети за облекување
- трговија на мало со предмети од крзно
- трговија на мало со галантерија како што се: ракавици, вратоврски, нараменици итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со текстил, види 47.51

**47.72** **Трговија на мало со обувки и предмети од кожа во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со обувки
- трговија на мало со производи од кожа
- трговија на мало со прибор за патување од кожа и замена за кожа

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со специјални спортски обувки како што се чизми за скијање, види 47.64

**47.73** **Аптеки**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со фармацевтски производи

**47.74** **Трговија на мало со медицински препарати и ортопедски помагала во специјализирани продавници**

**47.75** **Трговија на мало со козметички и тоалетни препарати во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на мало со парфеми, козметички и тоалетни производи

**47.76** **Трговија на мало со цвеќе, садници, семе, ѓубриво, домашни миленици и храна за нив во специјализирани продавници**

**47.77** **Трговија на мало со часовници и накит во специјализирани продавници**

**47.78** **Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- фотографска, оптичка и прецизна опрема
- дејности на оптичари
- трговија на мало со сувенири, ракотворби и религиозни предмети
- дејности на комерцијалните уметнички галерии
- трговија на мало со масло за греење (ложење) за домаќинствата, плин, јаглен и дрво за домаќинствата
- трговија на мало со оружје и муниција
- трговија на мало со марки и ковани монети
- трговија на мало на услугите на уметничките галерии
- трговија на мало со непрехранбени производи, неспомнати на друго место

**47.79** **Трговија на мало со половни стоки во специјализирани продавници**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со половни книги
- трговија на мало со други половни стоки
- трговија на мало со антиквитети
- дејности на аукционерските куќи во врска со трговијата на мало

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со половни моторни возила, види 45.1
- дејности на аукции на интернет и други аукции вон продавници (трговија на мало), види 47.91, 47.99
- дејности на продавници на заложни предмети, заложувалници види 64.92

**47.8** **Трговија на мало на тезги и пазари**

Оваа група опфаќа трговија на мало со кој било вид на нови и половни стоки на вообичаени подвижни тезги покрај главните патишта или на организирани пазари.

**47.81** **Трговија на мало со храна, пијалаци и тутунски производи на тезги и пазари**

*Оваа класа не опфаќа:*

- трговија на мало со готова храна за брзо консумирање (продавачи на храна на подвижни места-тезги), види 56.10

**47.82 Трговија на мало на тезги и пазари со текстил, облека и обувки**

**47.89 Трговија на мало со други стоки на тезги и пазари**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со други стоки на тезги и пазари, како што се:
● подни облоги и килими
● книги
● игри и играчки
● електрични апарати за домаќинство и широка потрошувачка
● музички и видео записи

**47.9 Трговија на мало вон продавници, тезги и пазари**

Оваа група опфаќа дејности на трговија на мало по пошта, преку интернет, продажба од врата на врата, односно преку лица кои доаѓаат во домовите на купувачите, преку автомати итн.

**47.91 Трговија на мало преку пошта и интернет**

Оваа класа опфаќа дејности на трговија на мало преку пошта и/или интернет, т.е.дејности на трговијата на мало каде што купувачот го врши изборот на стоката врз основа на оглас, каталог, информации (податоци) добиени од интернет-страница или некое друго средство за огласување и купувачот ја нарачува стоката преку пошта, телефон или преку интернет (обично преку специјални методи на нарачување дадени на интернет-страниците). Купените производи може да бидат или директно симнати од интернет или физички испорачани до купувачот.

*Оваа класа опфаќа:*

- трговија на мало со производи од било кој вид по пошта

- трговија на мало со производи од било кој вид преку интернет

*Оваа класа исто така опфаќа:*
- директна продажба преку телевизија, радио и телефон
- интернет аукции во врска со трговијата на мало

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со моторни возила и делови и прибор за моторни возила преку интернет, види групи 45.1, 45.3
- трговија на мало со мотоцикли и делови и прибор за моторцикли преку интернет, види 45.40

**47.99 Друга трговија на мало вон продавници, тезги и пазари**

*Оваа класа опфаќа:*
- трговија на мало со производи од кој било вид и на начин кој не е предвиден во претходните класи:
● трговија на мало преку лица кои доаѓаат во домовите на купувачите (продажба од врата на врата)
● преку автомати итн.
- директна продажба на гориво (нафта за греење, огревно дрво, итн.), доставени до местото на купувачите
- дејности на аукции вон продавници (трговија на мало со исклучок на интернет)
- трговија на мало преку трговски агенти (вон продавници)

**Н/Ж** ***ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ***

Овој сектор опфаќа дејности поврзани со вршење превоз на патници и стоки, во линиски или слободен превоз, со железница, цевоводи, пат, вода или воздухоплов како и придружни дејности на терминали и паркиралишта, претовар на товар, складирање итн. Овој сектор опфаќа и изнајмување на превозни средства и транспортна опрема со возач или ракувач. Исто така, вклучува поштенски и курирски дејности.

*Овој сектор не опфаќа:*
- генерален ремонт или поправки на превозните средства, освен моторните возила, види група 33.1
- изградба, одржување и поправка на патишта, железнички пруги, пристаништа, аеродроми, види оддел 42
- одржување и поправка на моторни возила, види 45.20
- изнајмување на превозни средства без возач или ракувач, види 77.1 и 77.3

**49 Копнен транспорт и цевоводен транспорт**

Овој оддел опфаќа превоз на патници и стока по пат и со железница, како и превоз на стока преку цевоводи.

**49.1 Патнички железнички транспорт, меѓуградски**

***49.10 Патнички железнички транспорт, меѓуградски***

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на патници на главни железнички пруги кои се распространети на пошироко географско подрачје
- превоз на патници со меѓуградска железница
- дејности на железнички вагони (коли) за спиење и јадење како интегрален дел на железничките компании

*Оваа класа не опфаќа:*
- превоз на патници во градски и приградски транзит систем, види 49.31
- дејности на патнички терминали, види 52.21
- операции на железничката инфраструктура, дејности поврзани со маневрирање и ранжирање, види 52.21
- дејности на железнички вагони за спиење и јадење кога функционираат како посебни единици, види 55.90, 56.10

**49.2 Товарен железнички транспорт**

***49.20 Товарен железнички транспорт***

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на стока со меѓуградска, приградска и градска железница

*Оваа класа не опфаќа:*
- складирање, види 52.10
- дејности на терминали за стока, види 52.21
- работа на железничката инфраструктура, дејности поврзани со маневрирање и ранжирање, види 52.21
- претовар на товар, види 52.24

**49.3 Друг патнички копнен транспорт**

Оваа група ги опфаќа сите дејности на копнен превоз на патници, освен железничкиот превоз. Меѓутоа, железничкиот превоз е вклучен во оваа група како дел од градскиот и приградскиот превоз.

**49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*

- градски или приградски копнен превоз. Тука можат да се опфаќаат различни видови на копнен превоз, како што е превоз со автобуси, трамваи, автомобили, тролејбуси, подземна и надземна железница итн. Превозот се врши на редовни релации со точно утврден ред на возење, со земање и оставање патници на одредени станици.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- линии за превоз од град до аеродром или од град до железничка станица
- дејност на жичари и сл. ако се дел од градски, приградски или меѓуградски копнен транзитен систем

*Оваа класа не опфаќа:*

- превоз на патници со меѓуградска железница, види 49.10

**49.32 Такси служба**

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- друго изнајмување на приватни автомобили со возач

**49.39 Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- друг патнички патен транспорт:
● редовен автобуски превоз линиски
● чартер превози, екскурзии и други повремени услуги на превоз
● аеродромски шатлови (комбиња-автобуси за превоз од/до аеродром)
- дејност на жичари, ски лифтови и сл. ако не се дел од градскиот или приградскиот транзитен систем

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- работа на автобуси за превоз на ученици и автобуси за превоз на вработени
- превоз на патници со возила што ги влечат луѓе или животни (рикша или запрежна кола)

*Оваа класа не опфаќа:*
- превоз со амбулантни возила, види 86.90

**49.4 Товарен патен транспорт и услуги за преселување**

Оваа група го опфаќа севкупниот копнен превоз на стока освен, железничкиот превоз.

**49.41 *Товарен патен транспорт***

*Оваа класа опфаќа:*
- севкупен товарен патен превоз
● превоз на огревни дрва
● превоз на добиток
● превоз на товар со ладилници
● превоз на тешки товари

● превоз на неспакувани товари, вклучувајќи и превоз со танкер камиони, вклучувајќи и собирање на млеко од фарми

● превоз на автомобили
● превоз на отпад и отпаден материјал, без собирање и одложување

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување камиони со возач
- превоз на товар со возила што ги влечат луѓе или животни (рикша или запрежна кола)

*Оваа класа не опфаќа:*
- превоз на трупци во шумите, како дел од шумските дејности (искористувањето на шумите), види 02.40
- дистрибуција на вода со камиони, види 36.00
- работа на опрема за претовар на товар на терминали, види 52.21
- услуги за пакување за превоз, види 52.29
- поштенски и курирски дејности, види 53.10, 53.20
- превоз на отпад како интегрален дел од дејностите за собирање на отпад, 38.11, 38.12

**49.42 Услуги за преселување**

*Оваа класа опфаќа:*
- услуги на копнен превоз за преселување (дислоцирање) на деловни субјекти и домаќинства

**49.5 Цевоводен транспорт**

**49.50 Цевоводен транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- транспорт на гас, течности, вода, разреден цемент, малтер и други стоки преку цевоводи

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- работа на пумпни станици

*Оваа класа не опфаќа:*
- дистрибуција на природен или индустриски добиен гас, вода или пареа, види 35.22, 35.30, 36.00
- превоз на течности со камиони, види 49.41

**50 Воден транспорт**

Овој оддел опфаќа превоз на патници и стока по воден пат, во редовен или вонреден превоз. Исто така, опфаќа влечење или туркање на бродови, ексурзии, кружни патувања и разгледување со брод, превоз со траекти, такси превоз итн. Иако местото е индикатор за одвојување на морскиот од слатководниот превоз, одлучувачки фактор е видот на бродското пловило коешто се употребува. Превозот со бродските пловила во морските води е класифицирано во групите 50.1 и 50.2, додека превозот со другите видови бродски пловила е класифициран во групите 50.3 и 50.4.

Овој одел не ги опфаќа дејностите на ресторани и барови стационирани на палубите на бродовите (види 56.10 и 56.30) ако ги вршат издвоени единици.

**50.1** **Поморски и крајбрежен патнички воден транспорт**

Оваа група вклучува превоз на патници со бродови коишто се оспособени за превоз во морските и крајбрежните морски води.
Исто така, опфаќа превоз на патници на големи езера итн., кога се користат ист вид на пловила.

**50.10** **Поморски и крајбрежен патнички воден транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на патници преку море и низ крајбрежни морски води, редовен или вонреден превоз:
● превоз со бродови или чамци за екскурзии, кружни патувања или разгледувања
● превоз со траекти, такси превоз на водни патишта

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на чамци со екипаж за морски и крајбрежен морски превоз (за рибарење)

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на рестораните и баровите на палубите на бродовите, кога се врши преку одвоени единици, види 56.10, 56.30
- изнајмување на чамци и јахти за разонада без екипаж, види 77.21
- изнајмување на комерцијални бродови или чамци без екипаж, види 77.34
- дејност на "казина на вода", види 92.00

**50.2** **Поморски и крајбрежен товарен воден транспорт**

Оваа група вклучува превоз на стока со бродови во морските и крајбрежните морски води. Исто така, вклучува превоз на стока преку големи езера итн. кога се употребуваат ист вид на бродови.

**50.20** **Поморски и крајбрежен товарен воден транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на стока преку мориња и крајбрежни води, редовен или вонреден превоз
- превоз со влечење или туркање на баржи, танкери за дупчење и црпење на нафта

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на бродови со екипаж за поморски и крајбрежен превоз на стока

*Оваа класа не опфаќа:*
- складирање на стоките, види 52.10
- управување на пристаништата и други помошни дејности како што се: впловување, кормиларење, осветлување, спасување на пловни објекти, види 52.22
- претовар, види 52.24
- изнајмување на комерцијални бродови или чамци без екипаж, види 77.34

**50.3** **Внатрешен патнички воден транспорт**

Оваа група вклучува превоз на патници во внатрешните води, вклучувајќи и бродови кои не се соодветни за морски превоз.

**50.30** **Внатрешен патнички воден транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на патници преку реки, канали, езера и други внатрешни водни патишта, вклучувајќи и превоз внатре во пристаништата и доковите

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
изнајмување на рекреативни чамци со екипаж за превоз во внатрешни води

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на чамци и јахти без екипаж, види 77.21

**50.4** **Внатрешен товарен воден транспорт**

Оваа група вклучува превоз на стоки во внатрешните води со бродови кои не се соодветни за морски превоз.

**50.40** **Внатрешен товарен воден транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*

- превоз на стоки преку реки, канали, езера и други внатрешни водни патишта, вклучувајќи и превоз внатре во пристаништата и доковите

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на бродови со екипаж за превоз на стока во внатрешните води

*Оваа класа не опфаќа:*
- претовар на товар, види 52.24
- изнајмување на комерцијални бродови и чамци без екипаж, види 77.34

**51** **Воздухопловен транспорт**

Овој оддел опфаќа превоз на патници или стоки во воздухопловен или вселенски транспорт.

*Овој оддел не опфаќа:*
- прскање на посеви, види 01.61
- ремонт на воздухоплови или воздухопловни мотори, види 33.16
- дејност на аеродромите, види 52.23
- рекламирање од воздух, види 73.11
- снимање од воздух (аерофотографија), види 74.20

**51.1** **Патнички воздухопловен транспорт**

**51.10** **Патнички воздухопловен транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на патници по воздухопловен пат на редовни линии со утврден ред на летање.
- чартер летови за патници
- панорамско разгледување од воздух

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на воздухопловни летала со екипаж со цел превоз на патници
- останати дејности на воздухопловниот превоз како што се:
● превоз на патници што го вршат аероклубовите со цел обука или разонода

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на воздухопловни летала без управувач, види 77.35

**51.2** **Товарен воздухопловен транспорт и вселенски транспорт**

**51.21** **Товарен воздухопловен транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- превоз на стока по воздухопловен пат на редовни линии со утврден ред на летање
- чартерски летови за превоз на стока

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на воздухопловни летала со екипаж со цел превоз на стока

**51.22** **Вселенски транспорт**

*Оваа класа опфаќа:*
- лансирање на сателити и вселенски летала
- вселенски превоз на стока и патници

## 52 Складирање и помошни дејности во превозот

Овој оддел опфаќа складирање и помошни дејности во транспортот, како што се операции во транспортната инфраструктура (аеродроми, пристаништа, тунели, мостови, итн.) и дејности на агенциите за превоз и претовар на товар.

### 52.1 Складирање на стока

**52.10** **Складирање на стока**

*Оваа класа опфаќа:*

- работа на складишните објекти за сите видови на стока:

● работа на силоси за жито, складишта за мешовита стока, складишта-ладилници, складишта-цистерни (танкери)

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- складирање на стока во надворешни трговски зони
- комори за моментно замрзнување

*Оваа класа не опфаќа:*
- паркиралишни услуги за моторни возила, види 52.21
- управување со објекти за самоскладирање, види 68.20
- давање на слободен складишен простор под наем, види 68.20

### 52.2 Придружни дејности во превозот

Оваа група вклучува придружни дејности за превоз на патници или стоки, како што се делови на превозната инфраструктура или дејности коишто се однесуват на управување со товар пред, после или помеѓу одредени превозни сегменти. Вклучени се и дејностите на одржување на сите транспортни објекти.

**52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности поврзани со копнен превоз на патници, животни или стока:
  - работа на станичните објекти како што се железничките станици, автобуските станици, станиците со ракување на стоките
  - работи на железничката инфраструктура
  - работи на патиштата, мостовите, тунелите, паркиралиштата или јавните гаражи, паркиралиштата за велосипеди
  - складишта за станбени автоприколки во зима
- ранжирање и маневрирање
- влечна служба и помош на пат

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- точење на гас за превозни цели

*Оваа класа не опфаќа:*

- претовар на товар, види 52.24

**52.22 Услужни дејности поврзани со водниот превоз**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности поврзани со воден превоз на патници, животни или стока:
  - работа на терминалските објекти како што се пристаништа
  - работа на затворени води
  - навигација, кормиларење и застанување на бродови
  - осветлување, дејности за спасување
  - дејности на светилници

*Оваа класа не опфаќа:*

- претовар на товар, види 52.24
- работа на марина, види 93.29

**52.23 Услужни дејности поврзани со воздухопловниот превоз**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности поврзани со превоз на патници, животни или стоки по воздухопловен пат:

● работа на терминалските објекти како што се воздухопловни терминали,
● работа на аеродромите и контролите на воздушниот сообраќај,
● работа на аеродромските служби на пистите

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- противпожарни услуги на аеродромите

*Оваа класа не опфаќа:*
- претовар на товар, види 52.24
- дејност на школите за летање, види 85.32, 85.53

**52.24 Претовар на товар**

*Оваа класа опфаќа:*

- товарање и истоварање на стоки или багаж на патници без оглед на видот на транспортот со кој е извршен превозот

- товарање во потпалуба

- товарање и истоварање на стока од железнички вагони

*Оваа класа не опфаќа:*
- работа на станичните објекти, види 52.21, 52.22 и 52.23

**52.29 Останати придружни дејности во превозот**

*Оваа класа опфаќа:*
- работи на шпедиција (испраќање на стоки)
- организирање или спроведување на транспортни операции по железница, сувоземен пат, море или воздух
- организирање на групни или индивидуални пратки (вклучувајќи собирање и испорака на стоки и групирање на пратките)
- издавање и набавување на транспортни документи и товарни листови
- работа на царинарници
- работи на поморските шпедитери и авиошпедитери
- застапување на бродски и воздухопловен простор за складирање на товар

- работи на ракување со стоката, т.е. привремено пакување со цел стоките да се заштитат за време на транзит, препакување, земање на примерок, мерење на стоката

*Оваа класа не опфаќа:*
- курирски дејности, види 53.20
- осигурување на превозните средства, види 65.12
- дејност на патничките агенции, види 79.11
- дејност на туроператорите, види 79.12
- помошни услуги во туризмот, види 79.20

- дејност на туристичките водичи, види 79.90

**53** **Поштенски и курирски дејности**

Овој оддел вклучува поштенски и курирски дејности како што се собирање, транспорт и испорака на писма и пратки. Локалната испорака и услугите на пораките, исто така, се вклучени.

**53.1** **Дејности за давање на универзални поштенски услуги**

**53.10** **Дејности за давање на универзални поштенски услуги**

Оваа класа опфаќа дејности на поштенски услуги (дејности на давање на универзални поштенски услуги) од страна на еден или повеќе даватели на универзални поштенски услуги. Услугите вклучуваат употреба на универзална услужна инфраструктура (поштенска мрежа), вклучувајќи локации за прием на поштенски пратки, нивно сортирање, како и услуги за испорака на поштата.

Испораката вклучува пошта, т.е. писма, разгледници, печат (весници, периодични списанија, реклами, итн.) мали пакети, добра и документи. Исто така, вклучува и други услужни дејности тесно поврзани со универзалните поштенски услуги.

*Оваа класа опфаќа:*

- собирање, сортирање, превоз и испорака на (домашни или меѓународни) писма, пошта, пратки и пакети што ја вршат давателите на универзалните поштенски услуги. Може да се вклучи еден или повеќе видови на превоз, а работите може да се изведуваат со сопствени (приватни) превозни средства или со користење на јавниот превоз.
- прибирање на писма и пакети од јавните поштенски сандачиња или од поштите

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејност на поштенските жиро и штедни сметки и останатите финансиски работи кои ги извршуваат поштенските уреди, види 64.19

**53.2** **Дејности за давање на останати поштенски и курирски услуги**

**53.20** **Дејности за давање на останати поштенски и курирски услуги**

*Оваа класа опфаќа:*

- собирање, сортирање, превоз и испорака (домашна или меѓународна) на писма, пошта, пратки и пакети од претпријатија кои не се даватели на универзални поштенски услуги. Може да се употеби еден или повеќе видови на превоз, а работите може да се изведуваат со сопствени (приватни) превозни средства или со користење на јавниот превоз.

*Оваа класа, исто така , опфаќа:*
- услуги на испорака на домашна адреса

*Оваа класа не опфаќа:*
- превоз на товар, (според видот на превозот), види 49.20, 49.41, 50.20, 50.40, 51.21, 51.22

**I/3** **ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА**

Овој сектор опфаќа сместување за краток престој на посетителите и останатите патници и сместување со комплетен оброк и пијалаци за брзо консумирање. Количината и видот на дополнителниот сервис што се обезбедува во оваа секција може да варира.

Овој сектор не опфаќа сместување за подолг престој, како главен (основен) престој што е класифицирано во дејностите во врска со недвижен имот (сектор L/J). Исто така, исклучена е и подготовката на храна и пијалаци кои не се за брзо консумирање или се за продажба низ независни дистрибутивни канали, односно трговијата на големо или трговијата на мало. Подготовката на оваа храна е класифицирана во производството (сектор C/В).

**55** **Објекти за сместување**

Овој оддел опфаќа услуги на сместување за краток престој на посетителите и останатите патници. Исто така, опфаќа и сместување за долг престој и сместување на студенти, работници и слични индивидуи. Некои објекти можеби обезбедуваат само сместување, додека останатите обезбедуваат комбинација од сместување, оброци и /или опрема за рекреативни дејности.

Овој оддел не опфаќа дејности на примарно сместување за долг престој кој се смета за главно сместување во објекти како што се апартмани кои се изнајмуваат месечно или годишно, и кои се класифицирани во дејностите во врска со недвижен имот (сектор L/J).

**55.1** **Хотели и слични објекти за сместување**

**55.10** **Хотели и слични објекти за сместување**

Оваа класа опфаќа услуги  во сместувалишта, на дневна или неделна основа, најмногу за краток престој на посетители. Единиците опфатени во оваа класа пружаат сместување во наместени соби и апартмани, понекогаш и со чајни кујни. Сервисот вклучува дневно чистење и местење на кревети. Дополнително  може да се обезбеди храна и пијалак, паркинг, перална, базен за пливање и соби за вежбање, рекреативни објекти и опрема како и опрема за разни конференции, состаноци, приредби и слични намени.

*Оваа класа опфаќа објекти за сместување како:*
- хотели
- хотелски населби
- апартмантски хотели
- мотели

*Оваа класа не опфаќа:*
- сместување во домови и опремени или неопремени станови или апартмани за повеќенаменска употреба, на месечно или годишно ниво, види оддел 68

**55.2 Одморалишта и останати објекти за пократок престој**

**55.20 Одморалишта и останати објекти за пократок престој**

Оваа класа опфаќа краткорочни услуги на сместување на посетителите, на дневна и неделна основа, главно за краток престој на посетителите, со комплетно опремени соби за дневен престој и спална, со објекти за готвење или комплетна кујна. Објектите се слични на апартмани или станови во рамките на самостојни повеќефункционални згради, групи на згради или бунгалови, куќи за одмор, вили и селски куќи или колиби. Дополнителните услуги се многу малку или воопшто ги нема.

*Оваа класа ги опфаќа објектите за сместување како што се:*

- детски и останати летувалишта
- станови за гости и бунгалови
- селски куќи и колиби без домашна послуга
- одморалишта за млади и планинарски одморалишта

*Оваа класа не опфаќа:*
- услуги на сместување за покус престој со дневно чистење и наместен кревет, храна и пијалак, види 55.10
- услуги на домови и опремени или неопремени станови или апартмани за повеќенаменска употреба, на месечно или годишно ниво, види оддел 68

**55.3** **Кампови, автокампови и простори за кампирање**

**55.30** **Кампови, автокампови и простори за кампирање**

*Оваа класа опфаќа:*

- услуги на сместување во камп-куќички или приколки, во простори за кампирање и логорување, со цел за разонода, лов и риболов, за краток престој на посетители

- просторни услуги за сместување на рекреативни камп-приколки

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- заштитени места или празни објекти за поставување шатори и/или вреќи за спиење

*Оваа класа не опфаќа:*
- планинарски одморалишта, кабини и одморалишта за млади, види 55.20

**55.9** **Друг вид на сместување**

**55.90** **Друг вид на сместување**

Оваа класа опфаќа услуги на сместување на подолг рок во еднокреветни или повеќекреветни соби или домови за студенти, мигранти (сезонски) работници и останати поединци.

*Оваа класа опфаќа:*
- студентски домови или интернати
- школски домови или интернати
- работнички хостели
- пансиони
- коли за спиење во железницата

**56** **Дејности за подготовка на оброци и служење на храна**

Овој оддел опфаќа служење на храна и пијалаци, обезбедувајќи комплетни оброци или пијалаци за потрошувачка на самото место без разлика дали станува збор за традиционални ресторани, самопослужни или брзи ресторани, во облик на трајни или привремени штандови, со седење или без.
Важен е фактот дека се нудат оброци за консумирање на самото место, без разлика на начинот на кој е пружена услугата

Овде не е опфатено производството на оброци кои не се наменети за консумирање на самото место или подготовка на храна која не се смета за оброк (види оддел 10: производство на храна и 11: производство на пијалаци). Исто така, не е опфатена и продажбата на произведена храна која не се смета за оброк или не е за консумирање на самото место (види сектор G/E: Трговија на големо и трговија на мало).

**56.1** **Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна**

**56.10** **Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна**

Оваа класа опфаќа услуги на доставување на приготвена храна за потрошувачите, било оброкот да им е сервиран додека седат, или секој сам си сервира од изложените подготвени оброци, без разлика дали оброците се консумираат на самото место, се носат со себе или се носат до потрошувачот. Ова ја вклучува подготовката и сервирањето на оброци за консумирање на самото место од моторизирани возила или од немоторизирани колички

*Оваа класа опфаќа:*
- ресторани
- кафетерии
- ресторани за брза храна
- ресторани за храна која се изнесува
- камиони за продажба на сладоледи
- подвижни колички за храна
- подготвување на храна на пазар

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- ресторани и барови врзани за транспорт, кога дејноста се извршува преку одвоени единици

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на мало со храна со помош на автомати, види 47.99
- подготвување на храна на база на концесија, види 56.29

**56.2** **Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг) и останати сервиси во врска со храната**

Оваа група опфаќа дејности на подготовка на храна за индивидуи за специфични настани или за специфичен период, како и доставување на храна врз основа на концесија за спортски или слични настани.

**56.21** **Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг)**

Оваа класа опфаќа доставување на храна за одреден купувач, на локација која ја одредил купувачот за одреден настан.

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на храна со краток рок (лесно расиплива храна), за препроджба, види 10.89
- трговија на мало со храна со краток рок (лесно расиплива храна), види оддел 47

**56.29** **Останати услуги за подготвување и служење на храна**

Оваа класа опфаќа индустриски кетеринг, односно подготовка на храна за купувач, базирана на договор за одреден период. Ова вклучува и доставување на храна за време на спортски и слични настани на база на концесија.

Храната вообичаено се подготвува во централната единица.

*Оваа класа опфаќа:*
- сервисни дејности за доставување на храна, врз основа на договор (на пр., за транспортните компании)
- сервисни дејности за доставување на храна, врз основа на концесија, за спортски или слични објекти
- кантини и кафетерии (за фабрики, канцеларии, болници или школи), врз основа на концесија

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на храна со краток рок (лесно расиплива храна), за препроджба, види 10.89
- трговија на мало со храна со краток рок (лесно расиплива храна), види оддел 47

**56.3** **Подготовка и послужување на пијалаци**

**56.30** **Подготовка и послужување на пијалаци**

Оваа класа опфаќа подготовка и сервирање на пијалаци за консумирање на самото место.

*Оваа класа опфаќа:*
- барови
- таверни
- салони за подготовка на коктели
- дискотеки (пијалакот е доминантен)
- пивници
- кафулиња

- барови за подготовка на овошни напитоци
- продажба на пијалаци преку автомат

*Оваа класа не опфаќа:*

- препродавање на пакуван/подготовен пијалак, види 47
- трговија на мало со пијалаци по пат на самопослужување, види 47.99
- дискотеки и подиуми за играње без служење на пијалак, види 93.29

## J/S ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ

Овој сектор опфаќа производство и дистрибуција на информации, производи од областа на културата, обезбедување на средства за пренос или дистрибуција на овие производи, како и пренос на податоци, информатичко-технолошки дејности, обработка на податоци и други информатичко-сервисни дејности.

Главните компоненти на овој сектор се дејности од областа на издаваштвото (оддел 58), кое го вклучува и издавањето на софтвер, дејности за снимање на музика и филм (оддел 59), радио и ТВ емитување и програмски дејности (оддел 60), телекомуникациски дејности (оддел 61), информатичко-технолошки дејности (оддел 62) и останати информатичко-технолошки услужни дејности (оддел 63).

Издавањето вклучува добивање авторски права за содржината (информатички продукти) и обезбедување достапност на оваа содржина до јавноста со вклучување во (или организирање на) репродукцијата и дистрибуцијата на оваа содржина во различни форми. Сите можни форми на издавање (печатена, електронска или аудио форма, на интернет, мултимедија продукти како што е CD-ROM итн.) се вклучени во овој сектор.
Дејностите поврзани со продукцијата и дистрибуцијата на ТВ програмите поопширно се дадени во одделите 59, 60 и 61, претставувајќи различни фази во овој процес.
Индивидуалните компоненти како што се филмот, телевизиските серии итн. се дејности опишани во одделот 59, додека креирањето на комплетната телевизиска програма од компоненти опфатени во одделот 59 или останати компоненти (како програми на вести во живо) се опфатени во одделот 60. Одделот 60, исто така, опфаќа емитување на овие програми од страна на продуцентот. Дистрибуцијата на комплетната телевизиска програма од трети лица, т.е. без промена на содржината, е опфатена во одделот 61. Оваа дистрибуција во одделот 61 може да се обезбеди преку емитирање, сателитски или кабелски системи.

### 58 Издавачка дејност

Овој оддел вклучува издавање на книги, брошури, летоци, речници, енциклопедии, атласи, мапи и графикони; издавање на весници, списанија и периодични весници; именици и адресни листи и останато издавање, како и издавање на софтвер.

Издавањето вклучува добивање авторски права за содржината (информатички продукти) и обезбедување достапност на оваа содржина до јавноста со вклучување во (или организирање на) репродукцијата и дистрибуцијата на оваа содржина во различни форми. Сите можни форми на издавање (печатена, електронска или аудио форма, на интернет, мултимедија продукти како што е CD-ROM итн.), освен издавање на филмови, се вклучени во овој сектор.

Овој оддел исклучува издавање на филмови, видео ленти и DVD филмови или слични формати (оддел 59), и продукција на мастер копии за снимање или аудио материјали (оддел 59). Исто така, исклучено е и печатењето (види 18.11,18.12) и масовната репродукција на снимените материјали (види 18.20).

## 58.1 Издавање на книги, периодични изданија и останати издавачки дејности

Оваа група вклучува дејности на издавање на книги, весници, магазини и останати периодични изданија, именици и адресари, како што се фотографии, резбарија, поштенски разгледници, возни редови, формулари, постери и репродукции на уметнички дела. Овие работи се карактеризираат со интелектуална креативност потребна за нивно создавање и вообичаено се заштитени со авторско право.

### 58.11 Издавање на книги

Оваа класа опфаќа дејности на издавање на книги во печатена, електронска (CD, електронски приказ итн.) или аудио форма или на интернет.

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање на книги, брошури, летоци и сл. публикации, вклучувајќи речници и енциклопедии.
- издавање на атласи, карти и графикони
- издавање на аудио книги
- издавање на енциклопедии итн. на CD-ROM

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на глобуси, види 32.99
- издавање на рекламен материјал, види 58.19
- издавање на музички книги, види 59.20
- дејности на независни автори, види 90.03

**58.12 Издавање на именици и списоци на адреси**

Оваа класа опфаќа издавање на списоци, на факти / информации (бази на податоци), што се заштитени во својата форма но не и во содржината. Овие списоци можат да бидат издадени во печатена или електронска форма.

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање на список на адресари
- издавање на телефонски именици
- издавање на останати именици и компилации, како што се збирки на закони, фармацевтски додатоци (преглед на лекови) и сл.

**58.13 Издавање на весници**

Оваа класа опфаќа издавање на весници, вклучувајќи рекламни весници, што излегуваат барем 4 пати неделно. Издавањето може да биде во печатена или електронска форма, вклучувајќи и интернет.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на новинските агенции, види 63.91

**58.14 Издавање на списанија и периодични публикации**

Оваа класа опфаќа издавање на периодични и останати списанија што се појавуваат помалку од 4 пати неделно. Издавањето може да биде во печатена или електронска форма, вклучувајќи и интернет. Тука е вклучено и печатењето на радио и телевизиски програми.

**58.19 Други издавачки дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање (вклучувајќи и онлајн (преку интернет)) на:
  - каталози
  - фотографии, гравури и поштенски разгледници
  - честитки
  - формулари
  - постери, уметнички репродукции
  - рекламен материјал
  - останати печатени материјали
- интернетско (онлајн) обезбедување на статистички и останати информации

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење за рекламни весници, види 58.13
- обезбедување на софтвер онлајн (хостирање на апликации и други услуги во врска со тоа), види 63.11

**58.2** **Издавање на софтвер**

**58.21** **Издавање на компјутерски игри**

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање на игри за компјутери за сите платформи

**58.29** **Издавање на останата програмска опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање на готов софтвер (софтвер неприлагоден за нечии специфични потреби-станарден), вклучувајќи и превод или адаптација на готови софтвери за одреден пазар на своја сметка:
- ● оперативни системи
- ● деловни и останати апликации

*Оваа класа не опфаќа:*
- репродукција на софтвер, види 18.20
- трговија на мало со готови (неприлагодени-станардни) софтвери, види 47.41
- производство на софтвер кој не е наменет за издавање, вклучувајќи го и преводот или адаптацијата на готови (неприлагодени-станардни) софтвери за поединечни пазари врз база на договор или надоместок, види 62.01
- обезбедување на софтвер онлајн (хостирање на апликации и други услуги во врска со тоа), види 63.11

**59** **Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво**

Овој оддел опфаќа снимање на играни и документарни филмови на филмски ленти, видеоленти или на диск за јавно прикажување во кина или на телевизија; помошни дејности како филмска обработка, монтажа, сихронизација на звук, итн.; филмска дистрибуција и останати филмски продукции на други индустрии, како и прикажување на филмови или филмски продукти.
Купувањето и продажбата на филмски дела и права на видеодистрибуција, исто така, се вклучени.
Овој оддел вклучува и дејности на звучни записи, т.е. продукција на оригинални звучни записи, нивна промоција и дистрибуција, издавање на музика, како и дејности на снимање звук во студио или на друго место.

**59.1** **Филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма**

Оваа група вклучува снимање на играни и документарни филмови на филмски ленти, видеоленти, DVD или др. вклучувајќи дигитална дистрибуција за јавно прикажување во кина или за емитување на телевизија; помошни дејности како филмска обработка, монтажа, сихронизација на звук итн.; дистрибуција на филм и останати филмски продукти (видеоленти, DVD итн.) за други индустрии, како и нивно прикажување. Купувањето и продажбата на филмски дела и права на видеодистрибуција, исто така, се вклучени.

**59.11** **Дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма**

*Оваа класа опфаќа:*
- производство на филмови, видео и телевизиски програми (телевизиски серии, документарни итн.) или телевизиски реклами

*Оваа класа не опфаќа:*
- копирање на снимени материјали (освен копирање на филм за прикажување во кино), како и копирање на аудио и видеоленти, CD или DVD копирање од мастер копии, види 18.20
- трговија на големо на снимени видеоленти, CD, DVD, види 46.43
- трговија на големо на празни видеоленти, CD, види 46.52
- трговија на мало на видеоленти, CD, DVD, види 47.63
- постпродукција, види 59.12
- звучни записи и снимање на книги на ленти, види 59.20
- телевизиско емитување, види 60.2
- креирање на комплетна телевизиска програма, види 60.2
- обработка на филмови различно од филмската дејност, види 74.20
- дејности на приватните киносали или на филмските агенти или агенции, види 74.90
- изнајмување на видеоленти, DVD за јавно прикажување, види 77.22
- диртектно (симултано) титлување на телевизиски преноси во живо (на пр., состаноци, конференции), види 82.99
- дејност на самостојни уметници, аниматори, режисери, сценографи, специјалисти за техника итн., види 90.0

**59.12** **Дејности кои следат после производството на филмови и видеофилмови и телевизиска програма**

Оваа класа опфаќа дејности кои следат после производството на филмови, како филмска монтажа, префрлање на ленти, вметнување на превод на филмови, изработка на одјавна шпица, компјутерска графика, анимирање и специјални ефекти, развивање и обработка на филмови, како и дејности на филмски лаборатории и специјални лаборотории за анимирани филмови.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејност на филмски архиви

*Оваа класа не опфаќа:*
- копирање на снимени материјали (освен репродукција на филм за прикажување во кино) како и репродукција на аудио и видеоленти, CD или DVD репродукција од мастер копии, види 18.20
- трговија на големо на снимени видеоленти, CD, DVD, види 46.43
- трговија на големо на празни видеоленти, CD, види 46.52
- трговија на мало на видеоленти, CD, DVD, види 47.63
- обработка на филмови различно од филмската дејност, види 74.20
- изнајмување на видеоленти, DVD-ја за јавно прикажување, види 77.22
- дејност на самостојни уметници, аниматори, режисери, сценографи, специјалисти за техника итн., види 90.0

**59.13 Дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма**

*Оваа класа опфаќа:*
- дистрибуција на филм, видеоленти, DVD и слични продукции на кина, телевизиски мрежи и станици и изложувачи

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- стекнување со права за дистрибуција на филм, видеоленти и DVD

*Оваа класа не опфаќа:*
- репродукција на снимени материјали, како и репродукција на аудио и видеоленти, CD или DVD од мастер копии, види 18.20
- трговија на големо на снимени видеоленти, DVD, види 46.43
- трговија на мало на снимени видеоленти и DVD, види 47.63

**59.14 Прикажување на филмови**

*Оваа класа опфаќа:*

- прикажување на филмови и видеоленти во киносали, на отворено или во други објекти за прикажување
- дејност на киноклубови

**59.2** **Снимање на звучни записи и издавање на музички записи**

**59.20** **Снимање на звучни записи и издавање на музички записи**

Оваа класа опфаќа оригинални дејности за продукција на оригинални (звучни) мастер копии, како ленти, CD, издавање, промоција и дистрибуција на звучни записи за големопродажба, малопродажба или директно на јавноста. Овие дејности може или не мора да се интегрирани со продукцијата на мастер снимките во иста единица. Ако не се, тогаш единицата која ги изведува овие дејности треба да добие права за репродукција и дистрибуција за снимање на мастер копии.
Оваа класа, исто така, го опфаќа и снимањето на звучни записи во студио или сл. вклучувајќи ја продукцијата на снимени (не во живо) радиопрограми.

Оваа класа, исто така, го опфаќа музичкото издаваштво, т.е. дејности за стекнување и регистрирање на авторски права за музичките композиции, нивно промовирање, авторизирање и користење на овие композиции при снимање, на радио, телевизија, филмови, претстави во живо, печатени или други медиуми. Единиците вклучени во овие дејности може да ги поседуваат авторските права или да делуваат како управувач на музичките авторски права во име на сопствениците. Издавањето на музички книги е вклучено тука.

**60** **Емитување на програма**

Овој оддел опфаќа креирање на содржината или стекнување на правото на дистрибуција на содржината и емитување на содржината на радио, телевизија, за забавни програми, вести, говорни емисии и сл.
Исто така, го опфаќа и емитувањето на податоци, интегрирани со радио и телевизија. Емитувањето може да се изврши со користење на различни технологии, во етер, преку сателит, кабловски или преку интернет.
Овој оддел, исто така, ја вклучува продукцијата на програмите што се по природа во ограничена форма (лимитирана форма како што се вести, спортски, образовни и младински програми) со претплата, на трета партија, за последователно јавно емитување.
Овој оддел ја исклучува дистрибуцијата на кабелската или друга претплатничка програма (види оддел 61).

**60.1 Емитување на радиопрограма**

**60.10 Емитување на радиопрограма**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на емитување на радиосигнали од радиостудија и објекти за трансмисија на програмите за јавност, за примателите или за претплатниците

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на радиомрежи, имено, составување и трансмисија на програма за примателите или претплатниците преку етер, кабелски или преку сателит
- емитување на радио преку интернет (интернет радиостаници)
- емитување на податоци интегрирани со радиоемитување

*Оваа класа не опфаќа:*
- продукција на снимена радиопрограма, види 59.20

**60.2 Дејности на телевизиската програма и емитување**

**60.20 Дејности на телевизиската програма и емитување**

Оваа класа опфаќа креирање на комплетна телевизиска програма, од откупени програмски компоненти (филмови, документарци и сл.), програмски компоненти од сопствена продукција (локални вести, репортажи во живо) или комбинирано.
Оваа комплетна телевизиска програма може да биде емитувана или од единицата што ја продуцира или продуцирана за трансмисија од страна на трета партија дистрибутери, како што се кабелски компании или сателитски провајдери.

Програмата може да биде од општа или специјализирана природа (лимитирана форма како што се вести, спорт, образовни или програми за млади). Оваа класа опфаќа програма достапна за корисниците бесплатно, како и програма наменета само за претплатници. Програмирањето на видеоканали, исто така, е опфатено со оваа класа.

Оваа класа, исто така, опфаќа емитување на податоци интегрирани со телевизиското емитување.

*Оваа класа не опфаќа:*
- продукција на елементи од телевизиски програми (филмови, документарци, шоу програми, реклами итн.) што не се поврзани со емитување, види 59.11
- собирање на пакет од канали и дистрибуција на тие пакети, без програмирање, види оддел 61

**61** **Телекомуникации**

Овој оддел опфаќа дејности за обезбедување телекомуникациски и сличнии услуги, како што се пренос на глас, податоци, текст, звук и видео. Опремата за извршување на овие дејности може да биде базирана на една или комбинација од повеќе технологии. Заедничко за дејностите класифицирани во овој оддел е преносот на содржината, без учество во нејзината креација. Поделбата во овој оддел е базирана на типот на користената инфраструктура.

Во случај на пренесување на телевизиски сигнал, тоа може да опфаќа поврзување на комплетните програмски канали (произведени во оддел 60) во програмски пакет за дистрибуција.

**61.1** **Дејности на жичани телекомуникации**

**61.10** **Дејности на жичани телекомуникации**

*Оваа класа опфаќа:*

- работни дејности, одржување или пристап до опремата за пренос на глас, податоци, текст, звук и видео со користење на жичана телекомуникациска инфраструктура, вклучувајќи:

● работа и одржување на опремата за пренос и трансмисии за обезбедување комуникации од точка до точка преку земјани линии, микробранови или комбинација од земјани линии и сателитски врски
● работа на кабелски дистрибутивни системи (на пр., за дистрибуција на податоци и телевизиски сигнали)
● опремување на телеграфски и останати безвучни комуникации користејќи сопствена опрема.

Преносната опрема за изведување на овие дејности може да биде базирана на една или комбинација од повеќе технологии.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- обезбедување пристап и мрежен капацитет од сопствениците и мрежните оператори и обезбедување телекомуникациски услуги за фирмите и домаќинствата со користење на овој капацитет
- обезбедување на интернет пристап од страна на операторот за жичана инфраструктура

*Оваа класа не опфаќа:*
- препродавачи на телекомуникации, види 61.90

**61.2** **Дејности на безжични телекомуникации**

**61.20 Дејности на безжични телекомуникации**

*Оваа класа опфаќа:*
- работни дејности, одржување или обезбедување пристап до опремата за пренос на глас, податоци, текст, звук и видео со користење на безжична телекомуникациска инфраструктура
- дејности за одржување и работа на мрежите за повикување (пагинг) како и мобилните и други безжични телекомуникациски мрежи

Преносната опрема обезбедува трансмисија преку бранови и може да биде базирана на една или комбинација од повеќе технологии.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- обезбедување пристап и мрежен капацитет од сопствениците и мрежните оператори и обезбедување безжични телекомуникациски услуги (освен сателит) со користење на овој капацитет за фирмите и домаќинствата

- обезбедување на интернет пристап од страна на операторот за безжична инфраструктура

*Оваа класа не опфаќа:*
- препродавачи на телекомуникации, види 61.90

**61.3 Дејности на сателитска телекомуникација**

**61.30 Дејности на сателитска телекомуникација**

*Оваа класа опфаќа:*

- работни дејности, одржување или пристап до опремата за пренос на глас, податоци, текст, звук и видео со користење на сателитска телекомуникациска инфраструктура

- доставување на визуелна, звучна или текстуална програма добиена од кабелските мрежи, локалните телевизиски станици или радио мрежи до корисниците преку директен домашен сателитски систем. (Единиците класифицирани овде не изработуваат програмски материјал).

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- обезбедување на интернет пристап од страна на операторот на сателитската инфраструктура

*Оваа класа не опфаќа:*
- препродавачи на телекомуникации, види 61.90

**61.9 Други телекомуникациски дејности**

**61.90 Други телекомуниկациски дејности**

*Оваа класа опфаќа:*

- обезбедување на специјализирани телекомуникациски апликации, како што се сателитско следење, комуникациска телеметрија и работа на радарски станици

- работење на сателитските терминалски станици и придружната опрема поврзани со еден или повеќе земјани комуникациски системи и способност за пренесување на телекомуникациите до или примање телекомуникации од сателитските системи
- обезбедување на интернет пристап преку мрежите помеѓу клиентот и провајдерот (ISP) на интернет услугите кои не се во сопственост или под контрола на интернет провајдерот (ISP), како што е dial - up интернет пристап итн.

- обезбедување на телефонски и интернет пристап во објекти отворени за јавност
- обезбедување на телекомуникациски услуги преку постоечките телефонски врски:
● VOIP услуги (Voice Over Internet Protocol) - телефонирање преку интернет
- телекомуникациска препродажба (т.е. набавка и препродажба на мрежен капацитет без обезбедување на дополнителни услуги)

*Оваа класа не опфаќа:*
- обезбедување на интернет пристап од страна на операторите на телекомуникациската инфраструктура, види 61.10, 61.20, 61.30

**62 Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности**

Овој оддел ги опфаќа следниве дејности за обезбедување експертски услуги на полето на информатичката технологија:

пишување, модифицирање, тестирање и поддршка на софтверот; планирање и дизајнирање на компјутерски системи што го интегрираат хардверот, софтверот и комуникациската технологија; управување и работа со компјутерските системи на корисниците и /или опрема за обработка на податоците и други професионални и сродни техничко-компјутерски дејности.

**62.0 Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности**

**62.01 Компјутерско програмирање**

Оваа класа опфаќа пишување, модифицирање, тестирање и поддршка на софтверот.

*Оваа класа опфаќа:*
- изработка на структурата и содржината на, и/или пишување на компјутерски код неопходен за креирање и применување на:
● системскиот софтвер (вклучувајќи го и ажурирањето)
● апликативен софтвер (вклучувајќи го и ажурирањето)
● базите на податоци
● веб-страниците
- прилагодување на софтверот, т.е. модифицирање и конфигурација на постоечката апликација така што таа е функционална во рамките на информативниот систем на корисникот

*Оваа класа не опфаќа:*
- издавање на софтверски пакети, види 58.29
- превод или адаптирање на готов (неприлагоден-стандарден) софтвер за одреден пазар на сопствена сметка, види 58.29
- планирање и изработка на компјутерски системи што ги интегрираат компјутерскиот харвер, софтвер и комуникациските технологии, дури и во случаи кога обезбедувањето на софтвер е интегрален дел на дејноста, види 62.02

**62.02 Компјутерски консултантски дејности**

Оваа класа опфаќа планирање и изработка на компјутерски системи што ги интегрираат компјутерскиот хардвер, софтвер и комуникациските технологии. Услугите може да вклучат и обука на корисниците.

*Оваа класа не опфаќа:*
- продажба на компјутерски хардвер или софтвер, види 46.51, 47.41
- инсталирање на меинфреим и слични компјутери, види 33.20
- инсталирање (поставување) на персонални компјутери, види 62.09
- инсталирање на софтвер, опоравување од компјутерски крах, види 62.09

**62.03 Дејности на управување со компјутерска опрема**

Оваа класа опфаќа управување и работа со компјутерските системи на корисниците и /или опрема за обработка на податоците, како и сродни услуги за поддршка.

**62.09** **Останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите**

Оваа класа опфаќа останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите, неспомнати на друго место како што се:
- услуги за опоравување од компјутерски крах
- инсталирање (поставување) на персонални компјутери
- услуги за инсталирање на софтвер

*Оваа класа не опфаќа:*
- инсталирање на меинфреим и слични компјутери, види 33.20
- компјутерско програмирање, види 62.01
- компјутерски консултации, види 62.02
- управување со компјутерската опрема, види 62.03
- обработка на податоците и нивно хостирање, види 63.11

**63** **Информативни услужни дејности**

Овој оддел опфаќа дејности на интернет-портали, обработка на податоци и дејности на поставување на главниот компјутер (хостирање), како и останати дејности што првенствено обезбедуваат информации.

**63.1** **Обработка на податоци, хостирање и слични дејности; интернет портали**

Оваа група опфаќа подготвување на инфраструктура за хостирање, услуги за обработка на податоци и сродни дејности, како и обезбедување можности за пребарување и други портали за интернет.

**63.11** **Обработка на податоци, хостирање и слични дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- подготвување на инфраструктура за хостирање, услуги за обработка на податоци и слични дејности
- специјализирани дејности на хостирање како што се:
● интернет хостирање
● услуги на континуиран тек на податоци
● хостирање на апликации
- услуги за подготовка на апликации
- овозможување на давање на користење на меинфреим од страна на поголем број корисници (принцип на поделба на време)
- дејности на обработка на податоците:
● комплетна обработка на податоците обезбедени од корисниците

● генерирање на специјализирани извештаи од податоците обезбедени од корисниците
- услуги за обезбедување на влез на податоците

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејностите каде што набавувачот го користи компјутерот само како средство се класифицирани според природата на обезбедените услуги

**63.12 Интернет портали**

*Оваа класа опфаќа:*
- работа на веб (интернет)-страници кои користат пребарувачи и одржуваат екстензивни бази на податоци со интернет адреси и содржини кои се во лесно пребарлива форма
- работа на други интернет-страници што дејствуваат како портали на интернет, како што се медиумските сајтови (страници) што обезбедуваат периодично ажурирана содржина

*Оваа класа не опфаќа:*
- издавање на книги, весници, журнали итн. преку интернет, види оддел 58
- емитување преку интернет, види оддел 60

**63.9 Останати информативни услужни дејности**

Оваа група опфаќа дејности на новинските агенции и сите останати информативни услужни дејности.

*Оваа група не опфаќа:*
- дејности на библиотеки и архиви, види 91.01

**63.91 Дејности на новинските агенции**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на новинските синдикати и новинските агенции што ги снабдуваат медиумите со вести, слики и настани

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на независни фоторепортери, види 74.20
- дејности на независни новинари, види 90.03

**63.99 Останати информативни услужни дејности, неспомнати на друго место**

Оваа класа опфаќа останати информативни услужни дејности, неспомнати на друго место, како што се:
- телефонски информациски услуги со компјутерска поддршка

- услуги за пребарување на информации, врз база на договор или со надоместок
- услуги на собирање новински исечоци и сл.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на центрите за повик, види 82.20

**К/И** **ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Овој сектор опфаќа финансиски услужни дејности вклучувјќи го осигурувањето, реосигурувањето и дејности на пензиските фондови и помошни дејности кај финансиските услуги.

Овој сектор, исто така, ги вклучува дејностите на управување со имот како што се дејностите на холдинг-друштвата и дејностите на заемните фондови (трустовите), останатите фондови и слични финансиски субјекти.

**64** **Финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови**

Овој оддел ги опфаќа дејностите на обезбедување и прераспределба на финансиски средства освен за осигурување, пензиски фондови и задолжително социјално осигурување.

Забелешка: Уредувањето и организацијата на националните институции имаат многу значајна улога во одредувањето на класификацијата во рамките на овој оддел.

**64.1** **Монетарно посредување**

Оваа група опфаќа обезбедување на финансиски средства во вид на преносливи (трансферибилни) депозити, т.е. средства кои се непроменливи во парична смисла и кои се обезбедуваат на дневна основа освен од централната банка и од нефинансиски извори.

**64.11** **Централна банка**

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање и управување со националната валута
- мониторинг и контрола на паричната маса
- земање депозити кои се наменети за порамнување на сметките помеѓу финансиските институции
- супервизија на банкарското работење
- управување со меѓународните резерви на државата
- вршење на банкарски работи за државата

Дејностите на централната банка се разликуваат поради институционални причини.

**64.19 Друго монетарно посредување**

Оваа класа опфаќа примање на депозити и /или супститути на депозитите, како и одобрување на кредитни средства и средства за заеми. Кредитирањето може да биде во различна форма како, на пример, позајмици, хипотеки, кредитни картички итн. Овие дејности генерално ги вршат монетарни институции кои се различни од централната банка, како што се:
- банки
- штедилници
- кредитни друштва

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- дејност на поштенски жиро-банки и поштенски штедилници
- одобрување на станбени кредити од специјализирани депозитни институции
- дејности за нарачување на пари

*Оваа класа не опфаќа:*
- одобрување на станбени кредити од страна на специјализирани недепозитни институции, види 64.92
- дејности за обработка и извршување на трансакции со кредитни картички, види 66.19

**64.2 Дејности на холдинг-друштвата**

**64.20 Дејности на холдинг-друштвата**

Оваа класа опфаќа дејности на холдинг-компаниите, т.е. единици кои имаат сопственост на имотот (го имаат контролниот пакет на сопственичкиот капитал) на група од корпорациски подружници и на кои главна цел им е сопственост над групата. Холдинг-компаниите во оваа класа не обезбедуваат каква и да е друга услуга на претпријатијата во кои имаат поголем дел од сопственичкиот капитал, т.е тие не раководат и не управуваат со другите единици.

*Оваа класа не опфаќа:*
- активно управување со компаниите и претпријатијата, стратешко планирање и донесување на одлуки во врска со компаниите, види 70.10

**64.3 Трустови, останати фондови и слични финансиски субјекти**

**64.30 Трустови, останати фондови и слични финансиски субјекти**

Оваа класа ги вклучува правните субјекти коишто се организирани за здружување на хартии од вредност или останати финансиски средства, без управување, во име на акционерите или на корисниците. Портфолијата се прилагодени за купувачите  да можат да постигнат одредени инвестициски карактеристики, како што се диверзификација на ризик, стапка на принос, како и промена на цените. Тие субјекти остваруваат добивка на камата, дивиденда и други приходи од имот, но имаат или воопшто немаат вработени и не остваруваат приходи од продажба на услуги.

*Оваа класа опфаќа:*
- отворени инвестициски фондови
- затворени инвестициски фондови
- инвестициски фондови на единици (фондови на доверба)
- трустови, агенции за недвижности или книговодствени агенции кои се управувани во име на корисниците преку условите кои се наведени во договорот на трустот или договорот на агенцијата.

*Оваа класа не опфаќа:*
- заемни фондови (трустови) и останати фондови кои остваруваат приход од продажба на добра или услуги, види ја класата во НКД Рев.2 во согласност со нивната главна дејност
- дејности на холдинг-компаниите, види 64.20
- пензиски фондови, види 65.30
- управување со фондови, види 66.30

**64.9 Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови**

Оваа група ги опфаќа финансиско-услужните дејности различни од оние кои ги вршат монетарните институции.

*Оваа група не опфаќа:*
- осигурување и пензиски фондови, види оддел 65

**64.91 Финансиски лизинг**

*Оваа класа опфаќа:*

- лизинг, каде што рокот за закуп приближно го покрива очекуваното времетраење на средствата (активата), а закупецот ги стекнува сите користи од неговата употреба и ги презема сите ризици поврзани со сопственоста. Сопственоста над средствата (активата) на крајот може, но и не мора да биде пренесена на заемопримателот. Лизингот ги покрива сите или речиси сите трошоци, вклучувајќи ја и каматата.

*Оваа класа не опфаќа:*
- оперативен лизинг, види оддел 77, што е поврзан со видот на стоката што се дава под закуп

**64.92 Друго кредитно посредување**

*Оваа класа опфаќа:*
- финансиски услужни дејности кои главно се однесуваат на давање на заеми преку институции кои не се вклучени во монетарното посредување, каде доделувањето на кредит може да биде во различна форма како што се заеми, хипотеки, кредитни картички итн. при што ги нудат следните услуги:
● одобрување на потрошувачки кредит
● финансирање на меѓународна трговија
● обезбедување на дологорочно финансирање за индустријата од страна на индустриски банки
● парични позајмици надвор од банкарскиот систем
● одобрување на станбени кредити од страна на специјализирани недепозитни институции
● дејности на заложувалници и заемодавачи

*Оваа класа не опфаќа:*
- одобрување на станбени кредити од страна на специјализирани депозитни институции, види 64.19
- оперативен лизинг, види оддел 77, што е поврзан со видот на добрата кои се даваат под закуп
- дејности за давање на парична помош (дотации) од страна на здруженија, види 94.99

**64.99 Други финансиско-услужни дејности освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- други финансиски услужни дејности кои се различни од давањето на заеми:
● факторинг дејности (наплата на побарувања и наплатно-кредитно работење)
● договарање на каматни и девизни конверзии: ("Swap" аранжмани), опции и други инструменти за надминување (покривање) на ризик

● дејности на друштва кои тргуваат со полиси за животно осигурување на други лица
- дејности на инвестирање за сопствена сметка, како што се по пат на компании за капитални вложувања, инвестициски клубови, итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- финансиски лизинг, види 64.91
- посредување во работењето со хартии од вредност за туѓа сметка, види 66.12
- продажба, изнајмување и посредување во работењето со недвижности, види оддел 68
- наплата на меница без преземање на долгот, види 82.91
- дејности за давање на парична помош (дотации) од страна на здруженија, види 94.99

**65** **Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжително социјално осигурување**

Овој оддел опфаќа преземање на ризик за полиси за осигурување и вложување на премии за осигурување заради јакнење на портфолиото на финансискиот имот што ќе може да се користи во случај на идни побарувања за надомест на штети. Вклучено е директното осигурување и реосигурувањето.

**65.1** **Осигурување**

Оваа група опфаќа осигурување на животот со или без значителни елементи на штедење, како и неживотно осигурување.

**65.11** **Осигурување на живот**

*Оваа класа опфаќа:*

Преземање ризици за полиси за рентно осигурување и осигурување на живот, полиси за осигурување на приходи поради неспособност за работа, полиси за осигурување во случај на смрт и инвалидитет како последица на несреќен случај (со или без значителни елементи на штедење)

**65.12** **Неживотно осигурување**

*Оваа класа опфаќа:*
- услуги на осигурување, освен осигурување на животот и тоа:
● осигурување од незгоди и пожар
● здравствено осигурување
● патничко осигурување
● осигурување на имот

● осигурување на моторни возила, пловни објекти, воздухоплови и осигурување на превоз
● осигурување од финансиски загуби и осигурување од одговорност

**65.2** **Реосигурување**

**65.20** **Реосигурување**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности за преземање на сите или на дел од ризиците поврзани со постоечки полиси за осигурување кои изворно се склучени со други друштва за осигурување

**65.3** **Пензиски фондови**

**65.30** **Пензиски фондови**

Оваа класа опфаќа активности на правни лица (т.е. фондови, планови и/или програми) кои се организирани да обезбедат пензии исклучиво за вработени или членови. Овде се вклучени пензиските планови со однапред определени надоместоци, како и индивидуални планови каде што надоместоците се едноставно одредени преку придонесите на членовите.

*Оваа класа опфаќа:*

- планови за надоместоците на вработените
- пензиски фондови и планови
- пензиски планови

*Оваа класа не опфаќа:*

- управување со пензиските фондови, види 66.30
- програми за задолжително социјално осигурување, види 84.30

**66** **Помошни дејности кај финансиските услуги и дејностите во осигурувањето**

Овој оддел опфаќа давање на услуги кои се вклучени или се тесно поврзани со финансиските услужни дејности, но сами по себе не се финансиски услуги. Основното расчленување на овој оддел е според видот на финансиските трансакции или видот на вложувањата во фондот.

**66.1** **Помошни дејности кај финансиските услуги, освен осигурување и пензиски фондови**

Оваа група опфаќа подготовка на физички или електронски пазари за потребите на купување и продавање на акции, опции на акции, обврзници или стоковни договори.

**66.11 Управување со на финансиски пазари**

Оваа класа опфаќа управување и надзор на финансиските пазари освен оние кои ги вршат државните органи како што се:
- берза на стоки
- терминска берза на стоки
- берза на хартии од вредност
- берза на акции
- берза на опции на акции или стоковни опции

**66.12 Дејности на посредување во работењето со хартии од вредност и стокови договори**

*Оваа класа опфаќа:*
- работење на финансиски пазари за туѓа сметка (на пр., акционерско посредување) и сродни дејности.
- посредување во работењето со хартии од вредност
- посредување во стокови договори
- дејност на менувачниците итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- работење на финансиски пазар за своја сметка, види 64.99

- управување со портфолио, со наплата или врз база на договор, види 66.30

**66.19 Останати помошни дејности кај финансиските услуги, освен осигурување и пензиски фондови**

Оваа класа опфаќа помошни дејности во финансиското посредување, неспомнати на друго место, како што се:

- дејности за обработка и извршување на финансиски трансакции вклучувајќи и трансакции со кредитни картички

- услуги на инвестициски советници
- дејности на советници и посредници за работењето со хипотека

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- услуги на повереници и чување на хартии од вредност, со наплата или врз основа на договор

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на агенти и посредници во осигурување, види 66.22
- управување со фондови, види 66.30

**66.2** **Помошни дејности во осигурувањето и пензиските фондови**

Оваа група опфаќа дејности на застапниците (т.е.посредниците) во продажбата на ренти и осигурителни полиси или услуги поврзани со надоместоците за вработените, осигурување и пензии, како што се решавање на жалби и управување за трети лица.

**66.21** **Процена на ризици и штети**

Оваа класа опфаќа давање на административни услуги на осигурување како што се процена и надомест на штети од осигурување

*Оваа класа опфаќа:*
- процена на штети од осигурувања
● порамнување на штети
● процена на ризици
● пресметка на ризици и штети
● процена на хаварии и загуби
- исплата на штети од осигурувања

*Оваа класа не опфаќа:*
- процена на недвижен имот, види 68.31
- процена за други цели, види 74.90
- истражувачки дејности, види 80.30

**66.22** **Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на застапници и брокери за осигурување при продажба или преговарање за ренти и полиси за осигурување и реосигурување.

**66.29** **Помошни дејности во осигурувањето и пензиските фондови**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности кои се вклучени или се тесно поврзани со осигурувањето и пензиските фондови (освен финансиско посредување, порамнување на штети, како и дејности на застапниците за осигурување):

● административни услуги во врска со спасување во случај на незгода

● технички услуги

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на поморско спасување, види 52.22

66.3 **Дејности на управување со фондови**

66.30 **Дејности на управување со фондови**

Оваа класа ги опфаќа дејностите за управување со портфолија и фондови со наплата или врз основа на договор, за физички лица, деловни субјекти и останато, како што се:
- управување со заеднички фондови
- управување со други инвестициски фондови
- управување со пензиски фондови

**L/J ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Овој сектор опфаќа дејности како закуподавци, посредници и/или брокери во една или повеќе од следните дејности: продавање или купување на недвижност, давање под закуп на недвижности, давање на други услуги во врска со недвижности - процена на недвижностите или делување како агенти за залог на недвижностите. Дејностите во овој сектор може да се однесуваат за сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп и може да бидат врз база на договор или хонорар (плаќање). Исто така, вклучуваат и изградба на објекти за сопствена сметка или давање под закуп на таквите објекти.

Овој сектор опфаќа управување со недвижностите.

68 **Дејности во врска со недвижен имот**

68.1 **Купување и продажба на сопствен недвижен имот**

68.10 **Купување и продажба на сопствен недвижен имот**

*Оваа класа опфаќа:*
- купување и продажба на сопствен недвижен имот:
● станбени згради и живеалишта
● нестанбени згради, вклучувајќи и изложбени салони, сопствени складишта и трговски центри
● земјиште

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- парцелизирање  на недвижноста без подобрување на земјиштето (без инфраструктура)

*Оваа класа не опфаќа:*
- развој на градежни проекти за продажба, види 41.10
- парцелизирање и подобрување на земјиштето (обезбедување на инфраструктура), види 42.99

**68.2 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)**

**68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)**

*Оваа класа опфаќа:*
- издавање (изнајмување) и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп:
- станбени згради и живеалишта
- нестанбени згради, вклучувајќи и изложбени салони, сопствени складишта
- земјиште

- обезбедување на куќи, наместени и ненаместени станови или апартмани за постојана употреба, карактеристично за употреба на месечно и на годишно ниво

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- развој на градежни проекти за сопствено користење
- користење на станбени парцели за мобилни домови

*Оваа класа не опфаќа:*
- користење на хотели, хотели со апартмани за живеење, викендички, куќи за издавање (пансиони), земјиште за кампување, кампови и други нестанбени згради или места за краток престој, види оддел 55

**68.3 Управување со недвижен имот со надомест или врз база на договор**

**68.31 Агенции за недвижен имот**

Оваа класа ги опфаќа дејностите на агенциите за работење со недвижности:

- за посредувањето за купување, продажба и издавање под закуп на недвижности, врз основа на надомест или договор

- советодавни дејности и услуги за процена во врска со купување, продажба и давање под закуп на недвижности врз основа на договор или хонорар (наплата)
- дејности на агенти за залог на недижности

*Оваа класа не опфаќа:*

- правни работи, види 69.10

**68.32 Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор**

*Оваа класа не опфаќа:*
- правни работи, види 69.10
- услуги за оддржување (комбинација на услуги како генерално внатрешно чистење, одржување и вршење мали поправки, исфрлање на ѓубре, надзор и обезбедување) види 81.10
- управување со објекти како што се воени бази, затвори и останати објекти (освен управување со компјутерска опрема), види 81.10

**M/K СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

Овој сектор опфаќа специјализирани, научни и технички дејности. Овие дејности бараат голем степен на оспособување и им овозможуваат на корисниците стручно знаење и вештини.

**69 Правни и сметководствени дејности**

Овој оддел вклучува правно застапување на интересите на една страна против интересите на друга страна, пред судовите или други правосудни органи, со или под супервизија, на лица членови на адвокатска комора, како што е советување и застапување во граѓански предмети, советување и застапување во кривични предмети, правни совети и застапување во спорови кои произлегуваат од работните односи. Исто така, вклучува и подготовка на правни документи како што се предмети за основање на деловни субјекти, договори за партнерство или слични документи во врска со основање на деловните субјекти, индустриска сопственост и авторски и сродни права, подготовка на документи за подароци, тестаменти, старателства итн., како и останати дејности на јавни (државни) нотари, граѓански нотари, судски службеници, арбитри, ревизори и вештаци.

Исто така, вклучува и сметководствени и книговодствени услуги како што се ревизија на сметководствените сметки, подготовка на финансиски извештај и книговодство.

**69.1 Правни работи**

**69.10 Правни работи**

*Оваа класа опфаќа:*

- правно застапување на интересите на странките пред судовите или другите правосудни органи со или под супервизија на лица кои се членови на адвокатската комора:

● правни совети и застапувања во граѓански предмети
● правни совети и застапувања во кривични предмети
● правни совети и застапувања во спорови кои произлегуваат од работните односи
- правно советување, подготовка на правни документи:
● предмети за основање на деловни субјекти, договори за партнерство или слични документи во врска со основање на деловни субјекти
● индустриска сопственост и авторски и сродни права
●подготовка на предмети за подарок, тестаменти, старателства и др.

- останати дејности на јавни (државни) нотари и граѓански нотари, судски службеници, арбитри, ревизори и вештаци.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на судовите, види 84.23

**69.2** **Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување**

**69.20** **Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување**

*Оваа класа опфаќа:*
- книжење на комерцијални трансакции на претпријатија или други
- подготовка или ревизија на финансиски извештаи
- контрола и потврдување на исправноста на финансиските извештаи
- подготовка на пријави за враќање на персонален данок и данок на доход
- дејности на советување и застапување на клиентот пред даночните органи

*Оваа класа не опфаќа:*
- обработка на податоци и табелирање, види 63.11
- деловно советување во врска со сметководствениот систем, процедури за буџетска контрола, види 70.22
- наплата на сметки, види 82.91

**70** **Управувачки дејности; советување во врска со управувањето**

Овој оддел опфаќа давање на совет и помош на претпријатијата и другите организации за прашања во врска со управувањето, како што се стратешки и организациски планирања; финансиски планирања и буџетирање; маркетинг цели и политики; политика, пракса и планирање поврзани со човечките ресурси; изработка на планови на производство и контрола на планирањето. Овде, исто така, е вклучен и надзорот и управувањето над останатите единици во иста компанија или претпријатие, т.е. дејности на главните-матичните единици.

**70.1 Управувачки дејности**

**70.10 Управувачки дејности**

Оваа класа вклучува надзор и управување со другите единици во компанијата или претпријатието; донесување на стратешки или организациски планови и одлучувачка улога на компанијата или претпријатието; извршување на оперативна контрола и управување со дневните дејности на единиците со кои се поврзани.

*Оваа класа опфаќа дејности на:*

- главните-матични единици
- централизираните административни единици
- корпоративните единици
- локалните и регионалните канцеларии
- помошните управувачки канцеларии

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на холдинг-компаниите кои не се вклучени во управувањето, види 64.20

**70.2 Дејности во врска со советување во управувањето**

**70.21 Односи со јавноста и дејности на информирање**

Оваа класа опфаќа давање на совет, раководење и оперативна помош, вклучувајќи го и лобирањето за претпријатијата или другите организации во односи со јавноста и информирањето.

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на агенции за рекламирање и услуги за огласување преку медиумите, види 73.1
- истражувања на пазарот и испитување на јавното мислење, види 73.20

**70.22 Дејности на советување во врска со работењето и останато управување**

Оваа класа вклучува: давање на совет, давање на насоки и оперативна помош на претпријатијата и другите организации во управувањето, како што се стратегиски и организациски планирања, реинженеринг на работниот процес, промени во раководењето, намалување на трошоците и други финансиски прашања; маркетинг цели и политики; политика, пракса и планирање поврзани со човечките ресурси; стратегии за надоместоци и пензионирање; изработка на планови за производство и контрола на планирањето.

Ова давање на деловни услуги може да вклучува совет, давање на насоки или оперативна помош на претпријатијата и јавните служби што се поврзани со:
- креирање на сметководствени методи или процедури, програми за сметководство на трошоци, процедури за буџетска контрола
- советување и помош во врска со планирање, организирање, ефикасност и контролирање, управување со информациите итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дизајнирање на програми за сметководство, види 62.01
- правно советување и застапување, види 69.10
- сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности, даночно советување, види 69.20
- советување во архитектонските дејности и инженерството, види 71.11, 71.12
- советување за заштита на околината, за агрономијата, обезбедување и сродни консултативни дејности, види 74.90
- советување во врска со барање на раководен кадар или нивно вработување, види 78.10
- образовни консултантски дејности, види 85.60

**71** **Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа**

Овој оддел опфаќа давање на архитектонски услуги, инженерски услуги, услуги поврзани со изработка на нацрти (проектирање), градежни инспекциски услуги и истражување и картографски услуги. Исто така, вклучува и извршување на физички, хемиски услуги и други аналитички испитувања.

**71.1** **Архитектонски дејности и инженерство и со нив поврзано техничко советување**

Ова група опфаќа давање на архитектонски услуги, инженерски услуги, услуги поврзани со изработка на нацрти (проектирање), градежни инспекциски услуги и истражување и картографски услуги и слични на нив.

**71.11 Архитектонски дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- архитектонско-консултантски дејности
● изработка на нацрти (проектирање) на згради
● урбанистичко и просторно планирање и проектирање како и проектирање на околината

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на компјутерски советници, види 62.02, 62.09
- внатрешно декорирање, види 74.10

**71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување**

*Оваа класа опфаќа:*

- техничко проектирање (примена на законите на физиката и принципите на инженерството во дизајнирањето на машини, материјали, инструменти, структури, процеси и системи) и советодавни дејности за:

● проекти за развој и изработка на постројки, индустриски процеси и индустриска опрема
● проекти од обласа на градежништво, хидротехника и сообраќајно инженерство
● проекти за управување со водата
● проектни елаборати и реализација поврзани со проектирање на инсталации за струја и електроника, рударско инженерство, хемиско инженерство, машинско, индустриско и системско инженерство, инженерство за заштита при работа
- елаборација на проекти за користење на клима-уреди, разладни уреди, проекти за хигиено-техничка заштита и заштита од загадување, проекти за акустика итн.

- геофизички, геолошки и сеизмички истражувачки дејности

- геодетски истражувачки дејности
● премерување на земјиштето и граници
● хидролошки истражувачки дејности
● потповршински истражувачки дејности
● картографско и просторно снимање

*Оваа класа не опфаќа:*
- испитување за дупчење поврзано со рударски операции, види 09.10, 09.90
- развој или издавање на поврзани софтвери, види 58.29, 62.01

- дејности на компјутерски консултанти, види 62.02, 62.09

- технички испитувања, види 71.20
- дејности за истражување и развој поврзани со инженерството, види 72.19

- индустриски дизајн, види 74.10
- фотографирање од воздух, види 74.20

**71.2** **Техничко испитување и анализа**

**71.20** **Техничко испитување и анализа**

Оваа класа опфаќа физички, хемиски и останати аналитички тестирања на сите видови на материјали и производи, како што се:
● акустични и вибрациони тестирања
● тестирање на составот и чистота на минералите итн.
● тестирање од областа на хигиенско-техничките услови на храната, вклучувајќи го и ветеринарното тестирање и контролата во производството на храна

● тестирање на физичките карактеристики на материјалите, како што се јачина, цврстина, трајност, радиоактивност итн.

● тестирање на квалитет и веродостојност
● тестирање на комплетната машинерија: мотори, автомобили, електронска опрема итн.
● рендгентски тестирања на местата на заварување и спојувања
● анализи на недостатоците
● тестирање и мерење на индикатори на околината: загадување на воздухот и водата итн.

● сертификати на производи, вклучувајќи ги потрошувачките добра, сообраќајните средства, леталата, контејнери под притисок, нуклеарната опрема итн.

● периодични технички испитувања на сообраќајните средства заради сигурноста на патот
● тестирања со употреба на модели или имитации (на пр., авиони, бродови, брани итн.)
● операции во полициски лаборатории

*Оваа класа не опфаќа:*
- тестирања на животински примероци, види 75.00
- дијагностицирање, тестирање и анализи на медицински и стоматолошки примероци, види 86

**72** **Научно истражување и развој**

Овој оддел опфаќа три вида дејности на полето на истражување и развој:
1) Основни истражувања:
Експериментална или теоретска работа што се презема првенствено заради стекнување на ново знаење за потенцираните основни појави и набљудуваните факти без одредена примена или употреба.
2) Применети истражувања:

Оригинални истражувања преземени за да се стекне ново знаење, првенствено насочени кон одредена практична цел.

3) Експериментален развој:
Систематска работа базирана врз постоечко знаење добиено од истражувања и/или практично искуство, насочени кон производство на нови материјали, производи и уреди, инсталирање на нови процеси, системи и услуги за битно подобрување на оние што веќе се произведени или инсталирани.
Истражувањето и експерименталниот развој во овој оддел се поделени во две категории: природни науки, технички и технолошки науки и општествени и хуманистички науки.

*Овој оддел не опфаќа:*
- истражување на пазарот, види 73.20

**72.1** **Истражување и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки**

Оваа група содржи основни и практични истражувања, експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки.

**72.11** **Истражување и експериментален развој во биотехнологијата**

Оваа класа опфаќа истражување и експериментален развој во биотехнологијата:
- DNK/RNK: геномика, фармакогеномика, генетички проби, генетички истражувања, секвенционирање/синтеза/проширување на DNK/RNK, профилирање на изразувањето (експресија) на гените и употреба на антисенс (безосетна) технологија

- протеински и други молекули: секвенционирање/синтеза/подвојување на протеини и пептиди (со вклучување на големи молекулни хормони); подобрување на методите за пренос на големи молекулни лекови; протеомика, прочистување и изолација на протеини, сигнализирање, идентификација на рецепторни ќелии

- истражувања на култура на ткива и ќелии: култура на ќелии/ткива, истражување на ткива (со вклучување на елементи на ткивата и биомедицински истражувања), фузија на ќелии, вакцинации/имунски стимуланси, култивирање на ембриони
- биотехнолошки техники: ферментација со употреба на биореактори, биопроцесирање, биоизлачување, биопретворање, биобелење, биолошко отсумпурирање, биоремедијација, биофилтрација, фиторемедијација

- генски и RNK вектори: генска терапија и вирусни вектори

- биоинформатика: изработка на база на податоци за геноми, протеински секвенци, моделирање на сложени биолошки процеси, вклучувајќи ја систематската биологија

- нанобиотехнологија: применува алати и процеси на нано и микробиотехнологијата за изградба на уреди за проучување на биосистемите и употребата во фармацијата, дијагностиката итн.

**72.19 Други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки**

*Оваа класа опфаќа:*
- истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки освен истражувањата и експерименталниот развој во биотехнологијата:
● истражување и развој во природните науки
● истражување и развој во техничките и технолошките науки
● истражување и развој во медицинските науки
● истражување и развој во земјоделските науки

● интердисциплинарни истражувања и развој, првенствено во природните и техничко-технолошките науки

**72.2 Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки**

**72.20 Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки**

*Оваа класа опфаќа:*
- истражување и развој во општествените науки
- истражување и развој во хуманитарните науки
- интердисциплинарни истражувања и развој, првенствено во општествените и хуманитарните науки

*Оваа класа не опфаќа:*
- истражување на пазарот, види 73.20

**73 Маркетинг (реклама и пропаганада) и истражување на пазарот**

Овој оддел опфаќа создавање на рекламни кампањи, како и огласување во списанија, весници, на радио и на телевизија и во останати медиуми, како и креирање и поставување на реклами на отворен простор.

**73.1 Маркетинг (реклама и пропаганада)**

**73.11 Агенција за маркетинг**

Оваа класа вклучува цел спектар на услуги за огласување (по пат на сопствените капацитети на претпријатието или со договори) вклучувајќи  советување, креативни услуги, изработка на рекламен материјал и купување. Тоа вклучува:

- креирање и реализација на пропагандни кампањи:
- креирање и поставување на пропаганда во весници, списанија, радио, телевизија, интернет и други медиуми
- креирање и поставување на пропаганда на отворен простор, т.е. билборди, паноа, реклами на излози, реклами на автобуси и автомобили во изложбени простори итн.
- рекламирање од воздух
- дистрибуција или испорака на пропаганден материјал или примероци
- уредување на штандови и останати објекти и простори

- водење на маркетиншки кампањи и други рекламирања кои се усмерени кон привлекување и задржување на купувачи:
- промоција на продукти
- маркетинг на место на продажба
- огласување преку пошта
- маркетиншки консултации

*Оваа класа не опфаќа:*

- печатење на рекламен материјал, види 58.19
- снимање на рекламни пораки за телевизија и филм, види 59.11
- снимање за комерцијални пораки за радио, види 59.20
- истражување на пазарот, види 73.20
- изработка на рекламни фотографии, види 74.20
- организација на состаноци и деловни саеми, види 82.30
- поштенски дејности, види 82.19

**73.12 Огласување преку медиуми**

*Оваа класа опфаќа:*

- огласување преку медиуми, т.е. продажба на времето и просторот за различни видови на медиумско огласување.

*Оваа класа не опфаќа:*

- продажба на време или простор за огласување директно од страна на сопственикот (издавачот итн.) види го соодветниот оддел на дејност
- односи со јавноста и дејности на соопштување, види 70.21

**73.2 Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење**

**73.20** **Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење**

*Оваа класа опфаќа:*
- истражување на пазарниот потенцијал, сестраноста, препознатливоста на добрата и услуги и куповните навики на потрошувачите заради продажна промоција и развој на нови производи и услуги, вклучувајќи и статистички анализи на резултатите
- истражување на јавното мислење за политички, економски и општествени прашања и статистички анализи на резултатите од испитувањето

**74** **Останати стручни, научни и технички дејности**

Овој оддел опфаќа стручни, научни и технички дејности (освен правни и сметководствени дејности, архитектура и инженеринг, технички тестирања и анализи, управување и управувачко - консултантски дејности, истражување и развој и рекламирање).

**74.1** **Специјализирани дизајнерски дејности**

**74.10** **Специјализирани дизајнерски дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- моден дизајн на текстил, облека, обувки, накит, мебел и други внатрешни декорации и други модни производи, како и други производи за лична потрошувачка или добра за домаќинствата

- индустриски дизајн, т.е. креирање и развој на нацрт и спецификација кои ја оптимизираат употребата, цената и изгледот на производите, вклучувајќи ги изборот на материјалите, механизмите, формата, бојата и начинот на површинската обработка на производот, земајќи ги предвид човечките карактеристики и потреби, сигурноста, пазарната склоност во дистрибуцијата, употребата и одржувањето

- дејности на графички дизајнери
- дејности на внатрешни декоратери

*Оваа класа не опфаќа:*
- изработка и програмирање на веб-страници, види 62.01
- архитектонско дизајнирање, види 71.11
- проектирање и инженеринг, т.е. примена на законите на физиката и начелата на инженерингот во дизајнирањето на машини, материјали, инструменти, структури, процеси и системи, види 71.12

**74.2** **Фотографски дејности**

**74.20** **Фотографски дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- изработка на фотографии за комерцијални потреби и за потрошувачи:
● изработка на фотографии за патни исправи, училишта, свадби итн.
● изработка на фотографии за комерцијални, модни или туристички цели, како и за потреби на издаваштво и работење со недвижнини
● фотографирање од воздух
● видеоснимање на важни случувања: свадби, состаноци итн.
- обработка на филмови
● развивање, изработка и зголемување на фотографии од негативи или филмови земени од клиенти
● дејност на лаборатории за развивање на филмови и изработка на фотографии
● дејност на фото-студија за изработка на фотографии (кои не се дел од продавниците со фотографска опрема)
● монтирање на дијапозитиви
● копирање и реставрација или ретуширање на стари фотографии
- дејности на фоторепортерите

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- микрофилмови за документи

*Оваа класа не опфаќа:*
- обработка на играни филмови кои се однесуваат на филмска и телевизиска индустрија, види 59.12
- картографско и просторно снимање и информирање, види 71.12
- работа на автомати кои работат на пари (самоуслужување), фотоавтомати, види 96.09

**74.3** **Преведувачки дејности и услуги на преведувачите**

**74.30** **Преведувачки дејности и услуги на преведувачите**

**74.9** **Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место**

**74.90** **Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место**

Оваа класа опфаќа различни услужни дејности наменети претежно за деловните странки. Тоа се дејности што бараат поголеми стручни, научни и технички способности, меѓутоа не ги вклучуваат тековните, рутинските деловни функции кои обично се со кратко траење.

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на деловно посредување, т.е. организирање на купување и продажба на мали и средно големи деловни субјекти, вклучувајќи ја и професионалната пракса, освен посредување во работењето со недвижнини

- дејности при посредување во врска со патенти (организирање на купување и продажба на патенти)
- дејности на проценување, освен за недвижнини или осигурување (за антиквитети, накит итн.)
- ревизија на сметки и информации за надоместоци за превоз на стока (возарина)
- дејности за прогнозирање на времето
- советување во подрачјето на осигурувањето
- советување во подрачјето на агрономијата
- советување во подрачјето на заштита на животната средина
- други технички советувања
- дејности на консултанти освен од подрачјето на архитектурата, инженерингот и деловното управување
- дејности на квантитативни проценители

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на агенти и агенции кои застапуваат лица заради добивање на ангажмани во филмски, театарски или други претстави или спортски атракции, како и агенции за пласирање на книги, игри, уметнички дела, фотографии итн. кај издавачите, режисерите итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- трговија на големо со користени моторни возила по пат на аукција, види 45.1
- дејности на аукција преку интернет (во врска со трговијата на мало), види 47.91
- дејности на аукции (аукциски куќи) во врска со трговијата на мало, види 47.79
- дејности на посредници во врска со недвижности, види 68.31
- книговодствени дејности, види 69.20
- дејности на консултанти во врска со управувањето, види 70.22
- дејности за архитектонски и инженерски консултации, види 71.1
- изработка на индустриски и машински дизајн, види 71.12, 74.10
- ветеринарни тестирања и контрола на производство на храна, види 71.20
- креирање и поставување на реклами и други рекламни дизајни, види 73.11
- уредување на штандови и останати објекти и простори, види 73.11
- организација на состаноци и деловни саеми, види 82.30

- дејности на самостални аукционери, види 82.99
- управување со програми за лојалност, види 82.99
- советување во врска со кредитирање и долгувања, види 88.99

**75** **Ветеринарни дејности**

Овој оддел вклучува грижа за здравјето на животните и контролни дејности за животните на фарми или домашни миленици. Оваа дејност се одвива преку квалификувани ветеринари во ветеринарни болници, како и при посетата на фарми, штали, куќи или домови, во приватни ветеринарни ординации и операциони сали или на друго место. Исто така, ги опфаќа и амбулантските дејности за болните животни.

**75.0** **Ветеринарни дејности**

**75.00** **Ветеринарни дејности**

*Оваа класа опфаќа:*

- грижа за здравјето на животните и контролни дејности за животните на фарма
- грижа за здравјето на животните и контролни дејности за домашни миленици

Оваа дејност се одвива преку квалификувани ветеринари и ветеринарни болници како и при посета на фарми, штали, куќи или домови, во приватни ветеринарни ординации и операциони сали или на друго место

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- дејности на ветеринарни асистенти или друг помошен ветеринарен персонал
- клиничко - патолошки и останати дијагностички дејности во врска со животните
- амбулантски дејности за животните

*Оваа класа не опфаќа:*

- хранење на животните без грижа за здравјето, види 01.62
- стрижење на овците, види 01.62
- услуги и контрола на стадата, пасење, кастрирање на живината, види 01.62
- дејности за вештачкото оплодување, види 01.62
- нега и згрижување на домашни миленици без грижа за здравјето, види 96.09

**N/Л** **АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ**

Овој сектор опфаќа различни дејности кои го поддржуваат општото работење. Овие дејности се разликуваат од оние во секторот M/K по тоа што нивната главна намена не е пренесување на специјализирано знаење.

**77** **Дејности на изнајмување и давање под закуп (лизинг)**

Овој оддел опфаќа дејности на изнајмување и давање под закуп на опредметени и нефининсиски неопредметени средства, вклучувајќи мноштво материјални добра како што се автомобили, компјутери, предмети за широка потрошувачка, како и индустриски машини и опрема, на потрошувачите во замена за периодично плаќање на наемнина или закупнина. Поделен е на: (1) изнајмување на моторни возила, (2) изнајмување на опрема за рекреација и спорт како и предмети за лична употреба и за домаќинството, (3) давање под закуп на останати машини и опрема кои често се користат во работењето, меѓу кои и останатите превозни средства и (4) лизинг на производите од интелектуална сопственост и слични производи.

Овој оддел го вклучува само оперативниот закуп (лизинг).

*Овој оддел не опфаќа:*
- финансиски закуп, види 64.91
- (закуп) изнајмување на недвижности, види сектор L/J
- (закуп) изнајмување на опрема со (преку) оператор, види во соодветната класа според дејноста која се извршува со помош на таа опрема (на класите на дејности кои управуваат со таа опрема), на пр., градежништво (сектор F/Ѓ) транспорт (сектор H/Ж)

**77.1** **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила**

**77.11** **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување и оперативен закуп на следните видови на возила:
- ● патнички автомобили и останати моторни возила од лесна категорија -лесни товарни возила (со носивост до 3.5 тони) без возач

*Оваа класа не опфаќа:*

- изнајмување или давање под закуп на автомобили и моторни возила од лесна категорија со возач, види 49.32 и 49.39

**77.12 Изнајмување и давање под закуп на камиони**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување и оперативен закуп на следните видови возила:
● камиони, приколки и тешки моторни возила (со носивост преку 3.5 тони)
● автодомови (кампери)

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување или оперативен закуп на камиони и тешки возила со носивост преку 3.5 тони со возач, види 49.41

**77.2 Изнајмување и давање под закуп на предмети за лична употреба и за домаќинството**

Оваа група опфаќа изнајмување и давање под закуп предмети за лична употреба и за домаќинството како што се закуп на опрема за рекреација и спорт и видеоленти. Дејностите во оваа група, главно, се однесуваат на изнајмување и давање под закуп за пократок временски период, иако не е исклучено дека може да се однесува и на подолг временски период.

**77.21 Изнајмување и давање под закуп на опрема за рекреација и спорт**

Оваа класа опфаќа изнајмување на опрема за рекреација и спорт:
- чамци, едрилици, кануа,
- велосипеди
- лежалки и чадори за на плажа
- скии
- останата спортска опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на чамци и едрилици со екипаж, види 50.10, 50.30
- изнајмување на видеоленти и дискови, види 77.22
- изнајмување на останати предмети за лична употреба и домаќинство, види 77.29
- изнајмување на опрема за одмор и рекреација како составен дел на рекреативните објекти, види 93.29

**77.22 Изнајмување на видеоленти и дискови**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување на видеоленти, рекордери, CD и DVD итн.

**77.29** **Изнајмување и давање под закуп на останати предмети за лична и семејна употреба**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување на разни предмети за лична и семејна употреба (освен опремата за спорт и рекреација), на домаќинствата или претпријатијата:
  - облека, обувки и текстил
  - мебел, керамички и стаклени производи, кујнски прибор, електрични апарати за домаќинство и домашни потреби
  - накит, музички инструменти, сценски реквизити и костуми
  - книги, весници и списанија
  - машини и опрема што се употребуваат од аматери или за хоби, т.е. алат за поправки во домаќинството
  - цвеќиња и растенија
  - електронска опрема за употреба во домаќинството

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на автомобили, камиони, приколки и автодомови(кампери), без возач, види 77.1
- изнајмување на опрема за рекреација и спорт, види 77.21
- изнајмување на видеоленти и дискови, види 77.22
- изнајмување на канцелариски мебел, види 77.33
- изнајмување на мотоцикли и камп-приколки без возач, види 77.39
- изнајмување на постелнина, работни одела и слични предмети во пералниците, види 96.01

**77.3** **Изнајмување и давање под закуп на останати машини, опрема, како и материјални добра**

**77.31** **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на земјоделски машини и опрема**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување и оперативен закуп на машини и опрема за земјоделството и шумарството без оператор:
  - изнајмување на производствени машини од класата 28.30, како што се земјоделските трактори

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на  машини и опрема за земјоделството и шумарството со оператор, види 01.61 и 02.40

**77.32** **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на машини и опрема за градежништвото и инженерството**

*Оваа класа опфаќа:*

- изнајмување и оперативен закуп на машини и опрема за градежништвото и инженерството без оператор:
- ● кранови
- ● скелиња и работни платформи, без монтажа и демонтирање

*Оваа класа не опфаќа:*

- изнајмување и оперативен закуп на машини и опрема за градежништвото и инжинерството со оператор, види оддел 43

**77.33 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на канцелариски машини и опрема, вклучувајќи и компјутери**

*Оваа класа опфаќа:*

- изнајмување и оперативен закуп на канцелариски машини и опрема без оператор:
- ● компјутери и компјутерска споредна опрема;
- ● машини за пишување, фотокопирање и обработка на текст;
- ● машини и опрема за сметководство: регистар-каси, електронски калкулатори и сл.
- ● канцелариски мебел

**77.34 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на водни сообраќајни средства**

*Оваа класа опфаќа:*

- изнајмување и оперативен закуп (лизинг) на водни сообраќајни средства без оператор:
- ● комерцијални чамци и бродови

*Оваа класа не опфаќа:*

- изнајмување на водни сообраќајни средства со оператор, види оддел 50
- изнајмување на чамци за разонода, види 77.21

**77.35 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на воздушни превозни средства**

*Оваа класа опфаќа:*

- изнајмување и оперативен закуп (лизинг) на воздушни сообраќајни средства без оператор:
- ● авиони
- ● воздушни балони

*Оваа класа не опфаќа:*

- изнајмување на воздушни сообраќајни средства со оператор, види оддел 51

**77.39** **Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини, опрема и материјални добра, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- изнајмување и оперативен закуп (лизинг) на други машини и опрема без оператор кои општо се употребуваат како капитални добра во индустријата:
  - мотори и турбини
  - машински алати
  - опрема за рударство и нафтени полиња
  - професионална радио, телевизиска и телекомуникациска опрема
  - опрема за мерење и контрола
  - филмска продукциска опрема
  - други комерцијални, научни и индустриски машини
- изнајмување и оперативен закуп (лизинг) на копнени превозни средства (освен моторни возила) без возач:
  - мотоцикли, камп-приколки, итн.
  - возила за железнички превоз

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- изнајмување на станбени или канцелариски контејнери
- изнајмување на животни (како на пр., расни коњи)
- изнајмување на контејнери
- изнајмување на палети

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на велосипеди, види 77.21
- изнајмување на машини и опрема за земјоделството и шумарството, види 77.31
- изнајмување на машини и опрема за градежништвото и инженерството, види 77.32
- изнајмување на канцелариски машини и опрема, вклучувајќи и компјутери, види 77.33

**77.4** **Лизинг на производи од интелектуална сопственост и слични производи, освен авторски дела**

**77.40** **Лизинг на производи од интелектуална сопственост и слични производи, освен авторски дела**

Оваа класа опфаќа дејности кои им овозможуваат на другите да користат производи од интелектуална сопственост и слични производи за кои се плаќа соодветен надоместок или надоместок за лиценца на сопственикот на производот. Лизингот на овие производи може да биде во различна форма како што е дозволата за репродукција, користењето за понатамошни процеси или производи, работењето врз основа на франшиза итн. Производите може, но и не мора да бидат направени од моменталните сопственици.

*Оваа класа опфаќа:*

- лизинг на производите од интелектуална сопственост (освен авторските дела како што се книгите или софтвер)

- примање соодветен надоместок или надоместок за лиценца од користењето на:
  - патенти
  - трговски марки за производи или трговски марки за услуги
  - бренд - имиња
  - истражување и процена на минерали
  - договори за франшиза

*Оваа класа не опфаќа:*

- стекнување на авторските права и издавање, види оддел 58 и 59
- производство, репродукција и дистрибуција на авторски дела (книги, софтвер, филм), види оддел 58 и 59
- лизинг на недвижности, види 68.20
- лизинг на материјални добра (имот), види група 77.1, 77.2, 77.3

## 78 Дејности на вработување

Овој оддел опфаќа составување на понуди за слободни работни места, упатување или вработување на кандидатите, при што кандидатите за работа не се вработени преку агенциите за вработување, вработување на работници на определено време поради потреба од дополнителна работна сила на клиентите и останато обезбедување на човечки ресурси.

*Овој оддел опфаќа:*

- дејности на барање и вработување на раководен кадар
- дејности на агенциите за посредување при доделување на театарски или филмски улоги (кастинг агенции)

*Овој оддел не опфаќа:*

- дејности на лични театарски или уметнички агенти или агенции, види 74.90

### 78.1 Дејности на агенциите за вработување

#### 78.10 Дејности на агенциите за вработување

Оваа класа опфаќа составување на понуди за слободни работни места и упатување и вработување на кандидатите, при што кандидатите за работа не се вработени преку агенцијата за вработување.

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на барање, избор и вработување на кадри, вклучувајќи и вработување на раководни кадри
- дејности на агенциите за посредување при доделување на театарски или филмски улоги (кастинг агенции)
- дејности на агенциите за вработување преку интернет

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на театарските или уметничките агенти или агенции, види 74.90

**78.2 Дејности на агенциите за привремено вработување**

**78.20 Дејности на агенциите за привремено вработување**

Оваа класа вклучува дејности на вработување на работници на определено време заради привремена замена или потреба од дополнителна работна сила на клиентите, на пр., сезонски работи, посебни проекти итн. Вработените поединци се вработени преку агенцијата за привремено вработување која не обезбедува директен надзор на вработените на работното место на клиентот.

**78.3 Останато отстапување на човечки ресурси**

**78.30 Останато отстапување на човечки ресурси**

Оваа класа опфаќа останато отстапување на човечки ресурси. Единиците кои се тука распределени го претставуваат работодавецот за вработените по прашањата поврзани со платата, даноците, придонесите и останатите кадровски прашања, меѓутоа не се одговорни за стручното водење или надзор на вработените. Отстапувањето на човечки ресурси обично е долгорочно и постојано (на неопределено време), а единиците кои се тука распределени извршуваат голем број на задачи кои се однесуваат на управувањето со човечките потенцијали, а се поврзани со ова отстапување.

*Оваа класа не опфаќа:*
- отстапување на човечки ресурси заедно со надзор или водење на работата, види во класата која се однесува на економската дејност на тоа претпријатие
- отстапување на човечки ресурси заради привремена замена или потреба од дополнителна работна сила за клиентите, види 78.20

**79 Туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејности поврзани со нив**

Овој оддел опфаќа дејности на туристичките агенции кои првенствено се занимаваат со продажба на патувања, пакет-аранжмани, услуги за превоз и сместување на индивидуални корисници и деловни странки, како и дејности на организирање на пакет аранжмани кои се продаваат преку туристичките агенции или директно преку агентите како што се туроператорите, како и останати услуги поврзани со патувањата вклучувајќи ги и резервациските услуги. Овој оддел, исто така, ги вклучува дејностите на туристичките водичи и туристичката промоција.

**79.1 Дејности на туристичките агенции и организаторите на патувања (туроператори)**

Оваа група опфаќа дејности на туристичките агенции кои првенствено се занимаваат со продажба на патувања, пакет-аранжмани, услуги за превоз и сместување на индивидуални корисници и деловни странки, како и дејности на организирање на пакет-аранжмани кои се продаваат преку туристичките агенции или директно преку агентите како што се туроператорите.

**79.11 Дејности на туристичките агенции**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на агенциите кои првенствено се занимаваат со продажба на патувања, пакет-аранжмани, услуги за превоз и сместување, на големо или на мало, на индивидуални корисници и деловни странки.

**79.12 Дејности на организаторите на патувања (туроператорите)**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на организирање на пакет-аранжмани кои се продаваат преку туристички агенции или директно преку агенти како што се туроператорите. Патувањата можат да вклучуваат која било или сите наведени услуги:

● превоз
● сместување
● исхрана

● посета на музеи, историски или културни знаменитости, театарски претстави, музички или спортски настани

**79.9 Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив**

**79.90 Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив**

*Оваа класа опфаќа:*

- останати резервациски услуги поврзани со патувањата:

● резервациии за превоз, хотели, ресторани, изнајмување на возила, забава, спорт, итн.

- услуги поврзани со размена на станови (апартмани), за користење во определен период во текот на годината
- дејности на продажба на билети за театарски претстави, спортски и останати забавни настани
- услуги за давање помош на туристите:
  - ● давање на туристички информации на посетителите
  - ● дејности на туристичките водичи
- дејности на туристичка промоција

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на туристичките агенции и организаторите на патувањата (туроператорите), види 79.11,79.12
- организирање и водење на настани како што се состаноци, конгреси и конференции, види 82.30

**80** **Заштитни и истражни дејности**

Овој оддел опфаќа услуги поврзани со заштитата како што се: истрага и детективски услуги; чување и патролирање; подигнување и доставување на пари, признаници, примање на пари и други вредносни предмети со персоналот и опремата заради заштита додека е во транзит; ракување со електронски сигурносни алармни системи како што се аларми против кражба и пожар, каде што се работи за далечински надзор на таквите системи, меѓутоа често се вклучени и услуги за продажба, поставување и поправки. Ако услугите за продажба, поставување и поправки се пружаат одвоено, се исклучуваат од овој оддел и се распределуваат во трговијата на мало, градежништвото итн.

**80.1** **Дејности на приватна заштита**

**80.10** **Дејности на приватна заштита**

Оваа класа вклучува обезбедување на една или повеќе од следните услуги: чување и патролирање, подигнување и доставување на пари, примање на пари или други вредносни предмети со персоналот и опремата заради нивна заштита додека се во транзит.

*Оваа класа опфаќа:*

- услуги на заштита со блиндирани автомобили
- услуги од телохранители
- полиграфски услуги
- услуги со земање на отисоци од прсти

- услуги на чување на згради, канцеларии, фабрики, складишта, хотели, трговски центри, спортски објекти итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на јавниот ред и мир, види 84.24

**80.2 Услуги за заштита со помош на сигурносни системи**

**80.20 Услуги за заштита со помош на сигурносни системи**

*Оваа класа опфаќа:*

- надзор или далечински надзор на електронски сигурносни алармни системи, како што се аларми против кражба и пожар, вклучувајќи и нивно поставување и одржување

- поставување, поправка, повторно вградување и прилагодување на механичките и електронските уреди за заклучување, сефовите и сигурносните трезори, поврзани со подоцнежниот надзор и далечинскиот надзор.

Единиците кои ги извршуваат овие дејности можат, исто така, да се занимаваат и со продажба на таквите сигурносни системи, механичките или електронските уреди за заклучување, сефовите и сигурносните трезори.

*Оваа класа не опфаќа:*

- поставување на сигурносни системи, како што се аларми против кражби и пожари,без далечински надзор, види 43.21

- трговија на мало на сигурносни системи, механички или електронски уреди за заклучување, сефови и сигурносни трезори во специјализирани продавници, без услуги за надзор, поставување или одржување, види 47.59

- советување во подрачјето на заштитата и сигурноста, види 74.90
- дејности на јавниот ред и обезбедување, види 84.24

- услуги на обезбедување на дупликат клучеви, види 95.29

**80.3 Истражни дејности**

**80.30 Истражни дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- истражни и детективски услужни дејности
- дејности на сите приватни истражители, независно од видот на корисникот или целите на истрагата

**81** **Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата**

Овој оддел опфаќа обезбедување на голем број општи помошни услужни дејности како што се обезбедување на комбинација на помошни услуги во рамките на објектите на корисниците на услугите, внатрешно и надворешно чистење на сите видови згради, чистење на индустриските машини,чистење на возови, автобуси, авиони, итн., чистење на внатрешноста на цистерни и танкери, дејности на дезинфекција и заштита од штетници во згради, бродови, возови, итн., чистење на шишиња, чистење на улици, отстранување на снег и мраз, уредување и одржување на околината, како и обезбедување на тие услуги заедно со проектирање на околината и/или изградба на патеки за шетање, потпорни ѕидови, дрвени подови, огради, вештачки езерца или рибници и слични градежни работи.

**81.1** **Комбинирани помошни дејности на објектите**

**81.10** **Комбинирани помошни дејности на објектите**

Оваа класа опфаќа пружање на комбинација од помошни услуги во рамките на објектите на корисниците на услугите. Тие услуги вклучуваат внатрешно чистење, одржување, отстранување на смет, надзор и заштита, распределба на пошта, прием, перење на алишта и слични услуги во рамките на објектот. Овие помошни дејности ги извршува помошен персонал кој не е вклучен или одговорен за извршување на главните дејности на корисникот на услугите.

*Оваа класа не опфаќа:*

пружање само на една помошна услуга (на пр., само услуга на внатрешно чистење) или функција (на пр., греење), види ја соодветната класа според видот на пружената услуга

- пружање услуги на раководниот и работниот персонал заради целосно работење на претпријатието во сопственост на корисникот на услугите, како на пр., хотели, ресторани, рудници или болници, види ја класата на дејности што ги извршува претпријатието
- управување и работење на компјутерскиот систем на корисникот и/или опремата за обработка на податоците, види 62.03
- дејност на поправните установи, заедно со наплата или врз основа на договор, види 84.23

**81.2** **Дејности на чистење**

Оваа група опфаќа дејности на општо внатрешно чистење на сите видови на згради, надворешно чистење на згради, дејности на специјализирано чистење на згради или останато специјализирано чистење, чистење на индустриски машини, чистење на внатрешноста на цистерни и танкери, дезинфекција и заштита од штетници во зградите и за индустриските машини,чистење на шишиња, чистење на улици, отстранување на снег и мраз.

*Оваа група не опфаќа:*
- заштита од штетници во земјоделството, види 01.61
- чистење на нови згради непосредно по завршувањето на изградбата, 43.39
- чистење на теписи и завеси, види 96.01
- чистење со пареа и песочен млаз и слични дејности на надворешните делови на зградите, види 43.99

**81.21 Основно чистење на згради**

*Оваа класа опфаќа:*
- општо (неспецијализирано) чистење на сите видови згради како што се:
  - канцеларии
  - куќи или апартмани
  - фабрики
  - продавници
  - институции
- општо (неспецијализирано) чистење на други деловни простори, како и станбени згради со повеќе станови

Овие дејности, главно, се однесуваат на внатрешно чистење на зградите, иако можат да вклучуваат и чистење на поврзани надворешни делови како што се прозорци или премини.

*Оваа класа не опфаќа:*
- специјализирано чистење како што е чистење на прозорци, оџаци, камини, разни видови на печки, меѓу кои и печки за горење, котли, бојлери, вентилациони цевки и издувни единици, види 81.22

**81.22 Останати дејности на чистење на згради и објекти**

*Оваа класа опфаќа:*

- надворешно чистење на сите видови згради, вклучувајќи канцеларии, фабрики, продавници, институции и други деловни простори, како и станбени згради со повеќе станови

- специјализирано чистење на згради како што е миење на прозорци, чистење на оџаци и камини, разни видови на печки, меѓу кои и печки за горење, котли, вентилациони цевки и издувни единици

- чистење на индустриски машини
- останати дејности на чистење на згради и објекти

*Оваа класа не опфаќа:*
- чистење со пареа и песочен млаз и слични дејности на надворешните делови на зградите, види 43.99

**81.29 Останати услуги на чистење, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- чистење и одржување на базени за пливање
- одржување на возови, автобуси, авиони итн.
- чистење на внатрешноста на цистерни и танкери
- дезинфекција и заштита од штетници
- чистење на шишиња
- чистење  на улици и отстранување на снег и мраз
- останати дејности на чистење

*Оваа класа не опфаќа:*
- заштита во земјоделството, види 01.61
- чистење и перење на автомобили, види 45.20

**81.3 Услужни дејности на уредување и одржување на животната средина**

**81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина**

*Оваа класа опфаќа:*
- уредување и одржување на:
  - паркови и градини за:
    - приватни куќи и станбени згради
    - згради со јавна и полујавна намена  (училишта, болници, административни згради, цркви итн.)
    - градски површини (паркови, зелени површини, гробишта итн.)
    - зеленило покрај сообраќајници (улици, железнички и трамвајски шини, водени патишта, пристаништа)
    - индустриски и комерцијални згради
  - зеленило за:
    - згради (покривни градини, фасадно зеленило, внатрешни градини итн.)
    - спортски терени (фудбалки игралишта, игралишта за голф, итн.), детски игралишта, површини за сончање  и останати рекреативни паркови
    - стоечки и тековни води (базени, променливи влажни подрачја, вештачки езерца, базени за пливање, канали, водени текови, системи за прочистување на водата)
- садење и одржување на растенија за заштита од  бучава, ветер, ерозија, видливост и засенување

*Оваа класа не опфаќа:*

- одгледување на украсни растенија и дрвја за продажба, види 01 и 02
- расадници на дрвја, вклучувајќи и расадници на шумски дрвја, види 01.30 , 02.10
- одржување на земјиштето во добра земјоделска и еколошка состојба, види 01.61
- градежни дејности за потребите на уредување и одржување на околината, види сектор F/Ѓ
- просторно планирање и архитектурни дејности, види 71.11

**82** **Канцелариско-административни и помошни дејности и деловно-помошни дејности**

Овој оддел опфаќа давање на голем број на секојдневни канцелариски административни услуги, како и извршување на рутински дејности за други, со наплата или врз основа на договор. Овој оддел, исто така, ги опфаќа сите помошни услужни дејности кои по правило им се даваат на претпријатијата, а кои не се распределени на друго место. Единиците распределени во овој оддел не го обезбедуваат персоналот кој ќе ги извршува сите деловни дејности на претпријатието.

**82.1** **Канцелариско-административни и помошни дејности**

Оваа група опфаќа давање на голем број секојдневни канцелариски административни услуги како што се финансиско планирање, издавање на сметки и водење евиденции, распоредување на персоналот, набавка, логистика итн. за други, со наплата или врз основа на договор.

Оваа група, исто така, опфаќа помошни дејности за други, со наплата или врз основа на договор, односно извршување на рутински дејности кои претпријатијата и организациите вообичаено ги извршуваат за себе. Единиците распределени во оваа група не обезбедуваат персонал кој ќе ги извршува сите деловни дејности на претпријатието. Единиците кои извршуваат само една од овие дејности се распределуваат според таа одредена дејност.

**82.11** **Комбинирани канцелариски и административни услужни дејности**

Оваа класа вклучува давање на целосни секојдневни канцелариски административни услуги (комбинација на тие услуги), како што се прием, финансиско планирање, издавање на сметки и водење на евиденции, кадровски и поштенски услуги итн. за други, со наплата или врз основа на договор.

*Оваа класа не опфаќа:*
- извршување само на една од овие дејности, види ја класата на таа одредена дејност
- отстапување на персонал без надзор, види 78

**82.19 Фотокопирање, подготовка на документи и останати специјализирани канцелариски помошни дејности**

Оваа класа вклучува различни дејности како што се фотокопирање и подготовка на документи и други специјализирани канцелариски помошни дејности. Дејностите на фотокопирање/ печатење на документите кои се тука вклучени ја покриваат само дејноста на краткорочно печатење.

*Оваа класа опфаќа:*
- подготовка на документи
- уредување на документи или исправки (коректура)
- печатење и обработка на текст
- секретарски помошни услуги
- препис на документи и други секретарски услуги
- пишување на писма
- услуги за изнајмување на поштенски сандачиња и останати поштенски услуги како што се претходно распределување, адресирање, итн.
- фотокопирање
- умножување
- изработка на нацрти
- останати услуги за копирање на документи (без печатарски услуги како што се офсет печат, брз печат, дигитален печат, услуги за подготовка за печатење)

*Оваа класа не опфаќа:*
- печатење на документи (офсет печатење, брз печат итн.), види 18.12
- услуги на подготовка за печат, види 18.13
- креирање и организирање на кампањи по пошта, види 73.11
- специјализирани стенографски услуги како што се стенографско бележење на судски расправи, види 82.99
- јавни стенографски услуги, види 82.99

**82.2 Дејности на повикувачки центри**

**82.20 Дејности на повикувачки центри**

*Оваа класа опфаќа дејности на:*

повикувачки центри за примени повици каде на повиците одговара оператор или се користи автоматска дистрибуција на повиците, интегрирани компјутерско-телефонски системи, интерактивни говорни системи или слични методи за примање нарачки, давање информации за производите, одговарање на прашања на купувачите или решавање на жалби

повикувачки центри за пратени повици каде што се користат слични методи за продажба на стоки или услуги на потенцијалните купувачи, спроведува истражување на пазарот или испитување на јавното мислење и слични дејности кои се извршуваат за корисниците

**82.3** **Организација на состаноци и деловни саеми**

**82.30** **Организација на состаноци и деловни саеми**

Оваа класа опфаќа организација, промоција и /или водење на настани, како што се деловни и трговски саеми, конгреси, конференции и состаноци со или без услуги за опремување на просторот во кој се одржуваат овие настани.

**82.9** **Деловни помошни услужни дејности, неспомнати на друго место**

Оваа група опфаќа дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки, кредитните канцеларии и сите помошни дејности кои се даваат на претпријатијата, а кои не се распределени на друго место.

**82.91** **Дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии**

*Оваа класа опфаќа:*
- наплата на побарувања и дознака на наплатените побарувања на корисниците (нарачателите), како што се услуги за наплата на сметки и долгови
- собирање на информации, како што се податоци за кредити и вработеност на поединци, како и податоци за кредити на претпријатија и давање на информации на финансиските институции, трговците на мало и на други заради процена на кредитната способност на тие лица и претпријатија

**82.92** **Дејности на пакување**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на пакување, со наплата или врз основа на договор, без оглед дали вклучуваат автоматизирана постапка или не:

● полнење на шишиња со течности, вклучувајќи пијалаци и храна
● пакување на цврсти предмети (водоотпорно пакување, прекривање со фолија, итн.)
● сигурносно пакување на фармацевтски препарати
● етикетирање, запечатување, означување

● пакување на марки и декоративно пакување на подароци

*Оваа класа не опфаќа:*
- производство на освежителни пијалаци и минерална вода, види 11.07
- дејности на пакување поврзани со превоз, види 52.29

**82.99** **Останати деловни помошни услужни дејности, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- буквално известување и стенографско бележење на правни постапки во живо, како и дополнителен препис на снимени материјали како што се:
● стенографско бележење на судски расправи
● услуги на јавна стенографија
- симултано титлување на телевизиски преноси во живо (на пр., состаноци, конференции)
- услуги за подготовка на линиски кодови
- услуги за втиснување на линиски кодови
- организирање на прибирање на парични средства со наплата или врз основа на договор
- услуги за одземање на имот заради присилна наплата
- услуги за собирање на монети од паркингметрите
- дејности на независни лицитатори
- управување со програми за лојалност
- останати помошни дејности кои вообичаено се нудат на фирмите, неспомнати на друго место

*Оваа класа не опфаќа:*
- услуги за препис на документи, види 82.19
- услуги за додавање на текст (поднаслов) или титлување на филмови или видеоленти, види 59.12

**О/Љ** **ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Овој сектор ги опфаќа дејностите на јавната управа, вообичаено извршувани од страна на јавната администрација. Овде се вклучени и донесувањето и правното толкување на законите и соодветните регулативи, како и администрирањето на програмите кои се базирани на нив, законодавните дејности, даночната политика, народната одбрана, јавен ред и безбедност, имигрантски услуги, надворешни работи и администрирање на владините програми. Овој сектор, исто така, ги вклучува и дејностите на задолжителното социјално осигурување.

Правниот или институционалниот статус самиот по себе не е определувачки фактор за дејноста да се класифицира во овој сектор, туку природата на дејностите наведени во претходниот параграф. Ова значи дека дејностите класифицирани на друго место во НКД не спаѓаат во овој сектор дури и да се извршуваат од јавни тела. На пример, управувањето со школскиот систем (на пример, изработка на правилници, проверки и дефинирање на наставните програми) спаѓа во овој сектор, но самите наставни дејности не припаѓаат (види го секторот P/M Образование), како и затворските или воените болници се класифицирани во здравствената заштита (види го секторот Q/H). Во согласност со тоа, некои дејности опишани во овој сектор може да се извршуваат од страна на невладини единици.

**84** **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување**

**84.1** **Државна управа, економска и социјална политика на земјата**

Оваа група ги вклучува општите дејности на јавната управа (извршни, законодавни, финансиски административни дејности итн., на сите нивоа на државната управа) и контролата во областа на социјалниот и економскиот живот.

**84.11** **Општи дејности на јавната управа**

*Оваа класа опфаќа:*
- извршни и законодавни административни дејности на централните и локалните тела
- управување и надгледување на фискалните работи:
● управување со даноци
● собирање царини, даноци на стоки и истрага на даночни прекршоци
● царинска администрација
- буџетска политика и управување со јавните фондови и долгови
● собирање и прием на пари и контрола на нивното издавање (исплаќање)

- управување со целокупното (цивилно) истражување и развојни политики и други фондови
- управување и раководење со целокупното економско и социјално планирање и статистички услуги на разни нивоа на владата (државата)

*Оваа класа не опфаќа:*
● управување и ставање во употреба на згради што се во сопственост на државата, види 68.2, 68.3
● истражувачки и развојни политики со намера за подобрување на благосостојбата и други фондови, види 84.12
● истражувачки и развојни политики со намера за подобрување на економските перфоманси и конкуренцијата, види 84.13
● управување и работи на одбраната за истражување и развој на полициските и слични фондови, види 84.22
● управување со државните архиви, види 91.01

**84.12** **Регулирање на дејностите на институциите кои обезбедуваат здравствена заштита, образование и култура и други социјални услуги, исклучувајќи го задолжителното социјално осигурување**

*Оваа класа опфаќа:*
- програмски дејности со цел лично подобрување на благосостојбата на:
● здравјето
● образованието
● културата
● спортот
● рекреацијата
● животната средина
● домувањето
● социјалните услуги
- јавна администрација и истражувачки и развојни политики и слични фондови во овие области

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- спонзорирање за рекреативни и културни дејности
- доделување на јавни донации за уметниците
- управување со програма за вода за пиење
- управување со програма за собирање и отстранување на комунален отпад
- управување со програми за заштита на животната средина
- управување со програма за домување

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности околу отстранување на отпадоци, види оддел 37, 38, 39

- обезбедување  на задолжителна социјална заштита, види 84.30
- образовни дејности, види го секторот P/M
- здравствени и сродни дејности, види оддел 86

- музејски и останати културни институции, види оддел 91

- дејности за управување со државните библиотеки и архиви, види 91.01

- спортски и останати рекреативни дејности, види оддел 93

**84.13 Управување и давање помош за поуспешно деловно работење**

*Оваа класа опфаќа:*

- управување вклучувајќи и субвенции за различни економски сектори:
  - земјоделство
  - употреба на земјиште
  - енергетски и рударски ресурси
  - инфраструктура
  - транспорт
  - комуникација
  - хотели и туризам
  - продажба на големо и продажба на мало

- истражувачки и развојни политики со намера за подобрување на економските перформанси и конкуренцијата

- управување со подрачјата за вработување
- имплементација на мерки за регионалната развојна политика, за намалување на невработеноста

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на истражување и експериментален развој, види оддел 72

**84.2 Обезбедување на услуги на земјата во целина**

Оваа група вклучува надворешни работи, работи на одбраната, судски и правосудни дејности и работи на јавниот ред и безбедност

**84.21 Надворешни работи**

*Оваа класа опфаќа:*

- управување и раководење со Министерството за надворешни работи и дипломатските и конзуларните мисии во странство или кацелариите во меѓународни организации

- управување, раководење и поддршка на информативните и културните услуги со цел дистрибуција надвор од националните граници

- помош на странски земји која се остварува или не преку меѓународни организации
- давање на воена помош на странски земји
- управување со надворешната трговија, меѓународните финансиски и странски технички работи

*Оваа класа не опфаќа:*
- услуги при меѓународни катастрофи или згрижување на бегалци, види 88.99

**84.22 Работи на одбраната**

*Оваа класа опфаќа:*
- управување, контрола и раководење со одбранбените работи во копнените сили, поморството и во воздухопловството, како што се:
● борбени трупи на копнената војска, морнарицата и воздухопловството,
● инженерски, сообраќајни, комуникациски, човечки, материјални и други неборбени трупи и команди
● резервни и помошни трупи на одбранбените сили
● воена логистика (снабдување со опрема, борбени структури, залихи итн.),
● дејности за здравствена заштита на воениот персонал на терен,
- управување, раководење и поддршка на единиците на цивилната заштита
- поддршка на обуката и извршување на вежбите во кои се опфатени цивилните установи и народот
- управување со политики за истражување и развој во областа на одбраната и слични фондови

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на истражување и експериментален развој, види оддел 72
- снабдување на странски земји со воена помош, види 84.21
- дејности на воените судови, види 84.23
- обезбедување на залихи за користење во случај на катастрофи во земјата за време на мир, види 84.24
- дејности на обука во воените училишта и академии, види 85.4
- дејности на воените болници, види 86.10

**84.23 Судски и правосудни дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- управување и работа на граѓански, управни и кривични судови, воени судови и правосуден систем, вклучувајќи го и правното застапување и советување на сметка на државата или кога се обезбедени од страна на државата во облик на исплата на пари или давање услуги

- донесување на пресуди и примена на законот
- арбитража во граѓански спорови
- управување на затвори и казнено-поправни и воспитно-поправни установи, вклучувајќи ги услугите на рехабилитација

*Оваа класа не опфаќа :*
- совети и застапување во граѓански, кривични и други предмети, види 69.10
- дејности на затворските училишта, види оддел 85
- дејности на затворските болници, види 86.10

**84.24 Работи на јавниот ред и безбедноста**

*Оваа класа опфаќа:*

управување со редовните и помошните полициски сили поддржани од власта, со оние во пристаништата, на границите, крајбрежната стража и други специјални полициски единици, вклучувајќи ја и сообраќајната, регистрација на странци и чување на извештаи за уапсените

- снабдување со потребни артикли во случај на некоја катастрофа во земјата за време на мир

*Оваа класа не опфаќа:*
- работа на полициските лаборатории, види 71.20
- управување и раководење со воените оружени сили, види 84.22

**84.25 Дејности на пожарникарската служба**

*Оваа класа опфаќа:*
- гасење и превенција од пожари
- управување со редовните и помошните пожарникарски бригади во превенција од пожари, гасење на пожари, спасување на луѓе и животни, помош при цивилни несреќи, поплави, сообраќајни несреќи итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- услуги за заштита од шумски пожари и гасење, види 02.40

- противпожарна служба на нафтените полиња и полиња на гасови, види 09.10
- аеродромски противпожарни служби кои се обезбедуваат од неспецијализирани единици, види 52.23

**84.3 Дејности на задолжителното социјално осигурување**

**84.30 Дејности на задолжителното социјално осигурување**

*Оваа класа опфаќа:*

- финансирање и управување со владините програми за задолжителна социјална заштита:
● болничко осигурување, осигурување од повреди на работа и осигурување на невработените
● пензии
● програми кои ги опфаќаат губитоците од доход поради мајчинство, привремена неспособност, вдовици и сл.

*Оваа класа не опфаќа:*
- незадолжителна социјална помош, види 65.30
- обезбедување на социјална заштита (освен сместување), види 88.10, 88.99

**Р/M** **ОБРАЗОВАНИЕ**

Овој сектор го опфаќа образованието на сите степени и сите струки. Наставата може да се изведува усмено или писмено и може да се спроведува преку радио, телевизија, интернет или преку кореспонденција. Овој сектор опфаќа образование што се врши во различни институции во редовниот школски систем, на различни степени, како и образование на возрасни, програми за описменување итн. Исто така, ги опфаќа и воените школи и академии, затворските школи и други до соодветното  ниво. Овој сектор го опфаќа државното и приватното образование. Се опфаќа и специјалното образование на лица со посебни потреби на сите степени на редовното образование.

Категориите во овој сектор се базирааат на степените на образование кои се дефинирани со Меѓународната стандардна  класификација ISCED 1997. Дејностите кои ги обезбедуваат образовните институции на степенот ISCED 0 се класифицирани во 85.10, за степенот ISCED 1 во 85.20, за степените ISCED 2-3 во групата 85.3, за степенот ISCED 4 во 85.41 и за степените ISCED 5-6 во 85.42.

Овој сектор, исто така, опфаќа инструктажи (настава)  каде што главна дејност се  спортски и рекреативни дејности како што е тенис, голф и помошни образовни дејности.

**85** **Образование**

**85.1** **Претшколско образование**

**85.10** **Претшколско образование**

*Оваа класа опфаќа:*

- претшколско образование (забавишта и други).
Претшколското образование е дефинирано како почетен степен на организирање на настава претежно дизајнирана за запознавање на многу малите деца со школската средина, како и градење на мост помеѓу домот и школската средина.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на дневна грижа за деца, види 88.91

**85.2 Основно образование**

**85.20 Основно образование**

Оваа класа го опфаќа основното образование: посета на образовни курсеви и работилници кои им даваат на учениците основно образование по читање, пишување и математика, како и елементарно запознавање со други науки како што е историјата, географијата, природните науки, општествените науки, уметност и музика.

Ова образование претежно се однесува на децата со програми за описменување во школскиот или надвор од школскиот образовен систем со исти програми на основно образование, но се наменети и за оние кои се сметаат за премногу стари за да ги посетуваат основните училишта (на пример: програмите за описменување на возрасни).

*Оваа класа не опфаќа:*
- образование на возрасни кое е дефинирано во 85.5
- дејности на дневна грижа за децата, вклучувајќи и дејности на дневен престој за ученици, види 88.91

**85.3 Средно образование**

Оваа група опфаќа обезбедување на општо средно образование и техничко и стручно средно образование

*Оваа група не опфаќа:*
- образование на возрасни кое е дефинирано во 85.5

**85.31 Општо средно образование**

Оваа класа опфаќа обезбедување на образование кое ја поставува основата на доживотното учење и развој на личноста и дава можност за натамошно образование. Ова образование опфаќа програми за кои се потребни поспецијализирани наставници и најчесто ангажирање на повеќе наставници за изведување на настава во нивното поле на специјализација.

Стручното насочување на овој степен започнува да има некое влијание на образованието на оние лица кои следат општи образовни програми. Овие програми се наменети за стекнување со техничко и стручно образование или за преминување во високото образование без некои посебни стручни предуслови.

*Оваа класа опфаќа:*
- нижо општо средно образование коешто повеќе или помалку одговара на задолжителното школување
- средно образование кое овозможува натамошно школување во високи стручни школи и факултети

**85.32 Техничко и стручно средно образование**

Оваа класа опфаќа обезбедување на образование типично предметно специјализирано и образование на теориски и практични вештини, генерално придружени со перспектива за сегашни или идни вработувања. Целта на програмата може да варира од подготовка за општо поле на вработување, до многу специјалистичка професија.

*Оваа класа опфаќа:*
- стручно и техничко образование кое припаѓа на ниво пониско од високото стручно образование кое е дефинирано во 85.4

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- образование (обука) за туристички водич
- образование за угостителство и туризам
- образование за козметичари и бербери
- курсеви за поправка на компјутери
- школи за професионалните возачи (возила), на пр., на камиони, автобуси, школи за професионални пилоти

*Оваа класа не опфаќа:*
- стручно и техничко образование на повисок степен на образование, види 85.4
- уметнички курсеви за рекреација, хоби и самоиницијативни цели, види 85.52
- автошколите кои не се однесуваат на професионалните возачи, види 85.53
- работилници кои се дел од социјалната работа, без сместување, види 88.10, 88.99

**85.4 Високо образование**

Оваа група опфаќа послесредно образование (образование по средното образование) кое не е високо, како и високо образование за стекнување на сите степени на додипломски и последипломски нивоа на образобание, односно сите циклуси на високото образование - Bachelor, магистер, доктор.

*Оваа група не опфаќа:*
- образование на возрасни кое е дефинирано во 85.5

**85.41 Образование после средното, кое не е високо**

Оваа класа опфаќа образование после средното кое не се класифицира како високо.
На пример, дополнително послесредно образование за подготовка за високо образование или послесредно образование кое не е високо стручно образование.

**85.42 Високо образование**

*Оваа класа опфаќа:*
- прв, втор и трет степен (циклус) на високо образование

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- школи за уметност кои обезбедуваат високо образование

**85.5 Друго образование**

Оваа група опфаќа продолжување на општото образование, продолжување на стручното образование и курсеви за одредени професии, хоби, или образование за самоиницијативни цели.

Ги исклучува образовните дејности опфатени во групата 85.1-85.4, т.е. претшколско образование, основно образование, средно образование или високо образование. Вклучува кампови и школи што нудат настава од областа на атлетски дејности за групи или поединци, настава по странски јазици, настава од областа на уметноста, драма или музика или останати обуки или специјализирани тренинзи нераспоредени во групите 85.1-85.4

**85.51 Спортско и рекреативно образование**

Оваа класа опфаќа инструктажа во атлетските дејности за групи или поединци, како што се кампови и школи. Вечерните и дневните инструктажни кампови се исто така вклучени. Не се вклучени академските школи, колеџи и универзитети. Инструктажите може да се одржуваат во различни објекти како што се тренинг објекти, образовни институции и сл. Инструктажите во оваа класа се формално организирани.

*Оваа класа опфаќа:*
- спортски инструктажи (безбол, кошарка, крикет, фудбал итн.)
- спортски инструктажи во кампови
- инструктажи за гимнастика
- инструктажи за јавање, академски или школски
- инструктажи по пливање
- професионални спортски инструктажи, со учители, тренери
- инструктажи по боречки вештини
- инструктажи за играње карти (како на пр., бриџ)
- инструктажи по јога

*Оваа класа не опфаќа:*
- образование во културата, види 85.52

**85.52 Образование во културата**

Оваа класа опфаќа инструктажа во областа на уметноста, драмата и музиката. Единиците кои обезбедуваат настава можат да се викаат "школи", "студија", "класови" итн. Тие обезбедуваат формално организирани часови, претежно за хоби, рекреација или по самоиницијатива, но овие часови не водат кон професионална диплома, Backelor или диплома за додипломски студии.

*Оваа класа опфаќа:*
- инструктажи по пијано со учители како и за други музички инструктажи
- инструктажи по уметност
- инструктажи по танц
- школи за драма (освен академски)
- школи за применета уметност (освен академски)
- школи за уметност (освен академски)
- школи за фотографија (освен комерцијални)

*Оваа класа не опфаќа:*
- инструктажи по странски јазици, види 85.59

**85.53 Дејност на школите за возачи**

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- школи за летање, пловење, морнарица, кои не спаѓаат во комерцијални сертификати и дозволи

*Оваа класа не опфаќа:*
- автошколи за професионални возачи, види 85.32

**85.59 Друго образование, неспомнато на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- образование што не е дефинирано по степен
- академско учење
- центри за читање со напредни курсеви
- професионални курсеви за полагање на испит
- инструктажи за странски јазици и инструктажи за конверзација
- компјутерски курсеви
- инструктажи по веронаука

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- тренинзи за спасувачи
- тренинзи за опстанок
- тренинзи за јавен говор
- инструкции за брзо читање

*Оваа класа не опфаќа:*
- програми за описменување на возрасни, види 85.20
- општо средно образование, види 85.31
- техничко и стручно средно образование, види 85.32
- високо образование, види 85.4

**85.6 Помошни услуги во образованието**

**85.60 Помошни услуги во образованието**

*Оваа класа опфаќа:*
- обезбедување на неинструктажни дејности што го помагаат образовниот процес или систем:
● образовни консултации
● советодавни образовни дејности
● дејности на вреднување на образованието
● дејност на образовни тестирања
● организациска програма за размена на студенти

*Оваа класа не опфаќа:*
● истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки, види 72.20

**Q/H ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Овој сектор опфаќа дејности за здравствена и социјална заштита. Вклучува широка палета на дејности почнувајќи од здравствена заштита  која се остварува од страна на стручни здравствени работници во болници и други здравствени установи, преку дејности  за социјална заштита со сместување кои вклучуваат одреден степен на здравствена нега до здравствена заштита, без учество на стручни здравствени работници.

**86** **Дејности за здравствена заштита**

Овој оддел опфаќа дејности на краткотраен или долготраен престој во болници, општи или специјализирани, хируршки и психијатриски болници, установи за лекување на зависници, установи за здравствена нега, центри за рехабилитација и други здравствени установи кои имаат сместувачки капацитети и обезбедуваат услуги за дијагностика и лекување на пациентите без разлика на нивната здравствена состојба. Исто така, опфаќа здравствени услуги како што се советување и лекување во областа на општа и специјализирана медицина која ја обезбедуваат доктори по општа медицина, специјалисти и хирурзи. Опфаќа и специјалистичка стоматолошка пракса и ортодонтски дејности. Дополнително, овој оддел опфаќа дејности за здравствена заштита кои не се остваруваат во болници или од доктори на медицина, туку од други здравствени работници и лица на кои им е легално признато право на лечење на пациентите.

**86.1** **Дејности на болниците**

**86.10** **Дејности на болниците**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности за краткотраен или долготраен престој во болници, т.е. медицински, дијагностички и третмански дејности кои се спроведуваат во општи болници (на пр., општински или регионални болници, болници на непрофитни организации, универзитетски болници, воени и затворски болници) и специјализирани болници (на пр., психијатриски болници, установи за лекување на зависници, болници за инфективни болести, породилни болници, специјализирани санаториуми). Дејностите се однесуваат на пациентите во болниците и се остваруваат под директна супервизија на доктори по медицина и опфаќаат:

● услуги од целокупниот медицински персонал
● услуги на лабароториски и технички установи, вклучувајќи услуги на радиологија и анестезиологија
● услуги на итна медицинска помош

● услуги на операциони  сали, услуги на болнички аптеки, услуги за исхрана на пациентите во болниците и останати болнички услуги
● услуги на центри за планирање на семејство кои обезбедуваат здравствени услуги, како што се стерилизација или прекин на бременост, со сместување

*Оваа класа не опфаќа:*

- лабораториски тестирања и испитувања на сите видови материјали и производи, освен медицински, види 71.20

- ветеринарни дејности, види 75.00
- здравствени дејности за воениот персонал на отворено, види 84.22
- дејности на општа и  специјалистичка стоматолошка пракса, на пр., болести на заби, ендодонција и педодонција, орална патологија, ортодонција, види 86.23

- приватни консултантски  услуги за пациентите, види 86.2

- медицински лабораториски испитувања, види 86.90
- транспорт на пациенти со возила на итна медицинска помош, види 86.90

**86.2 Дејности на медицинска и стоматолошка пракса**

Оваа група опфаќа медицински консултации и лекување спроведени од доктори по општа медицинска пракса, специјалисти, вклучувајќи хирурзи, стоматолози итн.

Овие дејности може да се остваруваат во приватни ординации, здравствени домови или во амбулантите на болниците за надворешни пациенти, како и во амбуланти кои се во рамките на претпријатија, училишта, домови за стари лица и верски заедници, како и во домовите на пациентите.

*Оваа група, исто така, опфаќа:*

- приватни консултантски услуги за пациентите во болница

**86.21 Дејности на општа медицинска пракса**

*Оваа класа опфаќа:*

- медицински консултации и лекување во подрачјето на општата медицина што го вршат доктори по општа медицина

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на болници, види 86.10

- дејности на останати здравствени работници како што се бабици, сестри и физиотерапевтски техничари, види 86.90

**86.22 Дејности на специјалистичка медицинска пракса**

*Оваа класа опфаќа:*
- медицински консултации и лекување во областа на специјализираната медицина што госпроведуваат доктори-специјалисти и хирурзи

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- услуги на центрите за планирање на семејство кои обезбедуваат здравствени услуги како што се стерилизација или прекин на бременост, без сместување

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на болници, види 86.10
- дејности на останати здравствени работници како што се бабици, сестри и физиотерапевтски техничари, види 86.90

**86.23 Дејности на стоматолошка пракса**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на општа и специјализирана стоматолошка пракса, на пр., лекување на болести на заби, ендодонција и педодонција, орална патологија
- ортодонтски дејности

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- орална хирургија

*Оваа класа не опфаќа:*
- изработка на вештачки заби, вилици, протези и протетички помагала во заботехнички лабораторији, види 32.50
- дејности на болници, види 86.10
- дејности на останати здравствени работници, како што се стоматолошки хигиеничари, види 86.90

**86.9 Други дејности за здравствена заштита**

**86.90 Други дејности за здравствена заштита**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на здравствена заштита што не се вршат во болници или што не ја вршат доктори по медицина или стоматолози:
    - дејности на медицински сестри, бабици, физиотерапевтски техничари или персонал во соодветното подрачје
    - оптометрија, хидротерапија, медицинска масажа, работна терапија, говорна терапија, подијатрија, хомеопатија, киропрактика,акупунктура итн.

Овие дејности може да се вршат во здравствените амбуланти во рамките на претпријатија, училишта, домови за стари лица, во здравствени установи со сместување и нега (освен болници), како и во приватни ординации, во домови на пациенти или на друго место.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- дејности на останатиот стоматолошки персонал како што се забни терапевти, забни медицински сестри во училиштата и стоматолошки хигиеничари, кои може да работат самостојно, но периодично се надгледувани од стоматолози

- дејности на медицинските лаборатории како што се:
  - рендген лаборатории и останати дијагностички центри
  - лаборатории за анализа на крвта
- дејности на банки за крв, сперма, органи за трансплатација итн.
- транспорт на пациенти со возило на итна медицинска помош и други видови на транспорт, вклучувајќи и воздушен (авионски). Овие услуги многу често се поврзани со пружање на итна медицинска помош.

*Оваа класа не опфаќа:*

-изработка на вештачки заби, вилици, протези и протетички помагала во стоматолошки лаборатории, види 32.50

- транспорт на пациенти без медицински персонал и без опрема за спасување на живот, види оддел 49, 50, 51
- немедицински лабораториски испитувања, види 71.20
- дејности на испитување на хигиенска исправност на храна, види 71.20
- дејности на болници, види 86.10

- дејности на медицинска и стоматолошка пракса, види 86.2

- дејности на установи за сместување и нега, види 87.10

**87** **Дејности на социјална заштита со сместување**

Овој оддел опфаќа дејности на социјална заштита со сместување комбинирано со нега, надгледување или други видови на грижа за да се задоволат барањата на лицата што престојуваат. Објектите се значаен дел од процесот и грижата што се обезбедува е комбинација од здравствени и социјални услуги, каде што здравствените услуги, во голем степен, се на ниво на услуги на нега.

**87.1** **Дејности на социјална заштита со сместување и нега**

**87.10** **Дејности на социјална заштита со сместување и нега**

*Оваа класа опфаќа :*

- дејности на:

- домови за возрасни и стари лица со сместување и нега

- домови за заздравување
- останати неги во домови
- установи за нега
- домови за нега

*Оваа класа не опфаќа:*
- здравствени домови со нега и заштита кои ги обезбедуваат здравствени професионални лица, види оддел 86
- домови за постари лица без или со минимална грижа, види 87.30

- дејности на социјална заштита со сместување, како што се домови за деца без родители и без родителска грижа, детски домови и прифатилишта (домови за згрижување на самохрани мајки и нивните деца), сместувалишта за привремено згрижување на бездомници, види 87.90

**87.2** **Дејности на социјална заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства**

**87.20** **Дејности на социјалната заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства**

Оваа класа опфаќа социјална заштита (но не со болничка грижа) на лица со ментална ретардација, ментална болест, или лица со проблеми со алкохол, дрога и други опојни средства. Објектите обезбедуваат сместување, храна, заштитен надзор, совети и здравствена грижа. Исто така, опфаќа и социјална заштита и третман за пациенти кои се душевно болни и зависници од алкохол, дрога и други опојни средства.

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на:
- домови за лекување од алкохол, дрога и други опојни средства
- домови со психијатриско заздравување
- домови за групи со емотивно растројство (психички нестабилни лица)
- објекти за заштита и рехабилитација на лица со интелектуална попреченост
- објекти за сместување на лица со интелектуална попреченост
- објекти за душевно болни

*Оваа класа не опфаќа:*
- психијатриски болници, види 86.10

- дејности на социјална заштита со сместување, такво какво што е привременото сместување на бездомници, види 87.90

**87.3 Дејности на социјална заштита со сместување на стари и изнемоштени лица**

**87.30 Дејности на социјална заштита со сместување на стари и изнемоштени лица**

Оваа класа опфаќа дејности на социјална заштита на поединци со сместување за стари и изнемоштени лица кои не можат сами да се грижат и/или оние кои не сакаат да живеат сами. Заедно со грижата се вклучени сместување, храна, надзор и дневна асистенција како што се услугите на одржување на домаќинството.

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на:
● домови за стари лица
● продолжена грижа за осамени пензионирани лица
● домови за стари лица со минимална грижа
● останати домови без грижа

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на домови за стари лица со грижа, види 87.10
- дејности на социјална заштита со сместување каде што медицинскиот третман или едукација не е битен елемент, види 87.90

**87.9 Останати дејности на социјална заштита со сместување, неспомнати на друго место**

**87.90 Останати дејности на социјална заштита со сместување, неспомнати на друго место**

Оваа класа опфаќа обезбедување на сместување и грижа на лица, освен на постари и лица (инвалиди), лица кои се потполно неспособни за да се грижат за себе или кои не сакаат да живеат сами.

*Оваа класа опфаќа:*
- обезбедување на заштита врз основа на целодневен престој со цел социјална заштита на деца, посебна категорија на лица со ограничени можности да се грижат самите за себе, но каде што медицинскиот третман или образованието не се важни елементи:
● детски домови - домови за деца без родители или без родителска грижа

- домови за сместување на деца и прифатилишта
- домови за времено згрижување на бездомници
- домови за згрижување на самохрани мајки и нивните деца

Овие дејности може да бидат обезбедени од страна на јавни установи и приватни установи (физички и правни лица).

*Оваа класа, исто така, опфаќа дејности на:*

- комбинирани групни домови за лица со социјални или лични проблеми
- комбинирани домови за деликвенти и сторители на кривични дела
- малолетнички воспитно-поправни домови

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности што се вклучени во задолжителното социјално осигурување, види 84.30
- дејност на установите за нега, види 87.10
- дејности на социјална заштита на постари и неспособни лица во коишто е вклучено сместување, види 87.30
- дејности на посвојување, види 88.99
- дејност на краткорочни сместувалишта за жртви од несреќа, види 88.99

**88** **Дејности на социјална заштита без сместување**

Овој оддел опфаќа разни видови на социјална заштита за корисниците. Дејностите во овој оддел не ги опфаќаат сместувалиштата, освен привремените сместувалишта.

**88.1** **Дејности на социјална заштита без сместување на стари и изнемоштени лица**

**88.10** **Дејности на социјална заштита без сместување на стари и изнемоштени лица**

*Оваа класа опфаќа:*

- работа на социјални установи, советувачки дејности, социјална работа, упатување и слични услуги кои се наменети за стари и изнемоштени лица во нивните домови или на друго место, кои ги спроведуваат државни или приватни организации, национални или локални организации за самопомош како и специјалисти кои обезбедуваат советодавни услуги:

- посета на стари и изнемоштени лица
- дејности на дневна грижи за стари и изнемоштени лица
- стручна рехабилитација и оспособување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост со тоа што образовната компонента е лимитирана.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности што се вклучени во задолжителното социјално осигурување, види 84.30
- дејности слични на оние кои се опишани во оваа класа, но со вклучено сместување, види 87.30
- дејности на дневна грижи за инвалидизирани деца, види 88.91

**88.9 Останати дејности на социјална заштита без сместување**

**88.91 Дејности на дневна социјална заштита на деца**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности на дневни градинки за деца, вклучувајќи ја и дневната грижа за инвалидизирани деца.

**88.99 Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- работа на социјални установи, советувања, социјална помош, бегалци, упатувања и слични активности и други дејности наменети на поединци и семејства во нивните домови или на друго место што ги спроведуваат државни и приватни институции, хуманитарни организации и национални или локални служби за самопомош како и стручњаци кои обезбедуваат советодавни услуги:
  - социјална заштита и советодавни дејности за деца и адолесценти
  - дејност на посвојување, старателство, згрижувачко семејство, дејности за превенција од злоупотреба на деца и други лица
  - советувања за домашниот буџет, фамилијарни или брачни советувалишта, услуги за кредитни или дебитни совети
  - дејности на месните и соседските заедници
  - дејности околу згрижување на жртви од елементарни непогоди, бегалци, имигранти, жртви на трговија со луѓе, жртви на семејно насилство итн., вклучувајќи и нивно привремено или трајно сместување и сл.
  - професионална рехабилитација и оспособување на невработени лица со тоа што образовната компонента е лимитирана
  - утврдување на правото за доделување на социјална помош, помош за подмирување на трошоците за стан или купони за набавка на храна
  - дневна и привремена помош и згрижување на бездомници и други социјално загрозени групи (алкохоличари, лица кои употребуваат дрога, жртви на семејно насилство и др.)

● добротворна дејност како што е формирање на фондови и други видови помош наменети за социјална заштита.

*Оваа класа не опфаќа:*
- фондови и други програми кои произлегуваат од задолжителното социјално осигурување, види 84.30
- дејности на социјална заштита слични на оние кои се опишани во оваа класа, но во кои што е вклучено сместувањето, види 87.90

**R/Ђ** **УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА**

Овој сектор опфаќа широк спектар на дејности кои се среќаваат во разни варијанти во културата, забавата и рекреативните интереси на населението (општата јавност), и вклучува жива изведба, дејност на музеите, коцкањето, спортот и рекреативните дејности.

**90** **Креативни, уметнички и забавни дејности**

Овој оддел опфаќа дејност на вештини и давање на услуги кои се среќаваат во културните и забавните интереси на нивните корисници. Ова вклучува продукција, промоција и партиципација, жива изведба, програми и изложби наменети за јавно гледање; подготовка на актерски, креативни и технички вештини за продукција на уметнички производи и жива изведба.

*Овој оддел не опфаќа:*
- работа на музеи од сите видови, ботанички и зоолошки градини, превенција на историски ископи; и дејности на природни резервати, види оддел 91
- коцкање и обложување, види оддел 92

- спортски, забавно-рекреативни дејности, види оддел 93

Некои единици кои обезбедуваат културни, забавни или рекреативни содржини или услуги се класифицираат во други оддели, како што се:
- производство и дистрибуција на филмови и видеофилмови, види 59.11, 59.12, 59.13
- проекција на филмови, види 59.14
- емитување на радио и телевизиска програма, види 60.1, 60.2

**90.0** **Креативни, уметнички и забавни дејности**

Оваа група опфаќа дејности на изведувачка уметност, уметничко творештво и сродни дејности.

**90.01** **Изведувачка уметност**

*Оваа класа опфаќа:*

- продукција на театарска презентација во живо, концерти, опери или танцови изведби и останати сценски изведби:

- дејности на групи, циркуси или компании, оркестри и бендови
- дејности на индивидуалци како што се актери, танцувачи, музичари, предавачи или спикери

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на театарски или уметнички агенти за уметност и агенции, види 74.90
- кастинг (организирање на избори), види 78.10

**90.02 Помошни дејности во изведувачката уметност**

*Оваа класа опфаќа:*
- помошни дејности во изведувачката уметност за продукција на театарски претстави во живо, концерти, опери или танцување и останати сценски изведби:
- дејности на режисери, продуценти, дизајнери, сценаристи, костимографи, инженери за светло итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на продуценти или организатори на уметнички настани во живо, со или без сценска опрема

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејности на агенти или агенции кои застапуваат лица заради добивање на ангажмани во филмски, театарски или други уметнички претстави, види 74.90
- дејности во врска со доделување на театарски или филмски улоги (кастинг активности), види 78.10

**90.03 Уметничко творештво**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејност на самостојните уметници како што се скулптори, сликари, аниматори, гравери, бакроресци итн.
- дејност на писатели од различни области, вклучувајќи бајки, белетристика, техничко пишување итн.
- дејности на независни новинари
- реставрирање на уметнички дела и музејски предмети, на пр., уметнички слики итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- изработка на статуи, поинакви од уметничките оригинали, види 23.70
- реставрирање на оргули и други историски музички инструменти, види 33.19
- филмска и видео продукција, види 59.11, 59.12

- обновување на мебел (освен музејски видови и реставрација), види 95.24

**90.04 Дејности на објектите за културни манифестации**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на концертните и театарските сали и останатите објекти на културата

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејност на кината, види 59.14
- дејност на агенциите за резервација на билети, види 79.90
- дејност на музеите од сите видови, види 91.02

## 91 Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности

Овој оддел опфаќа дејности на библиотеките и архивите; дејност на музеите од сите видови, ботанички и зоолошки градини, дејност на историските музеи и дејност на природните резервати. Исто така, вклучува и заштита и изложување на предметите, местата и природните вредности од историски, културен и едукативен интерес (на пр., знаменитости од светски интерес итн).

*Овој оддел исклучува:*

- спортски, забавни и рекреативни дејности како што се водни и рекреативни паркови, види оддел 93

### 91.0 Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности

**91.01 Дејности на библиотеките и архивите**

*Оваа класа опфаќа:*

- документарна и информатичка дејност на библиотеките од сите видови, читални, простории за слушање и гледање, дејност на архивите кои даваат услуги на граѓаните и на специјални клиенти, како што се студенти, научници, службеници, како и дејностите на државниот архив:
  - дејности на збирки било да се специјализирани или не
  - колекција на каталози
  - позајмување и чување на книги, карти, списанија, филмови, плочи, уметнички предмети
  - пронаоѓање на материјали со цел да се задоволат информационите барања.
- дејност на фотографските и филмските библиотеки

**91.02 Дејности на музеите**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејност на музеите од сите видови:
  - музеи на уметност, музеи на накит, мебел, костими, керамика, сребрени садови
  - музеи на природни вредности, научни и технички музеи, историски музеи, вклучувајќи и воени музеи
  - дејност на други специјализирани музеи
  - дејност на музеи на отворен простор

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на комерцијални уметнички галерии, види 47.78

- реставрација на уметнички дела и на колекции на музејски предмети, види 90.03
- дејност на архивите и библиотеките, види 91.01

**91.03 Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејности и заштита на историски места и градби

*Оваа класа не опфаќа:*
- реновирање и реставрација на историски места и градби, види сектор F/Ѓ

**91.04 Дејности на ботанички и зоолошки градини и природни резервати**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејност на ботанички и зоолошки градини, вклучувајќи и зоолошки градини за деца
- дејност на природните резервати, вклучувајќи и заштита на дивечот

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност за уредување и одржување на природата (околината) и градините, види 81.30
- дејност на спортски лов и риболов, види 93.19

**92 Дејности на коцкање и обложување**

Овој оддел опфаќа дејност на коцкарници како што се казина, бинго-простории и автомат-игри, како што се и услуги за приредување на игри на среќа, лотарија и обложување

**92.0 Дејности на коцкање и обложување**

**92.00 Дејности на коцкање и обложување**

*Оваа класа опфаќа коцкање и обложување како што се:*

- продажба на тикети за лотарија
- работа на автомати за коцкање
- дејности на коцкање преку веб-страници
- операции на обложувалниците
- спортски прогнози, обложување
- дејности на казината, вклучувајќи и подвижни казина

**93** **Спортски, забавни и рекреативни дејности**

Овој оддел опфаќа рекреативни, забавни и спортски дејности (освен музејски дејности, заштита на историски места, ботанички и зоолошки градини и природни резервати; дејности на коцкање и обложување).
Овој оддел исклучува музички, драмски и други уметности како што се продукции на театарски претставии во живо, концерти и опери или танцување и др. сценски продукции, види оддел 90

**93.1** **Спортски дејности**

Оваа група опфаќа дејности на спортски објекти, дејности на спортски тимови или клубови кои првенствено учествуваат на спортски настани во живо пред публика; независни атлетски ангажирања со учество во живо или тркачки настани пред публика; сопственици на тркачки претставници како што се коли, кучиња, коњи и др., првенствено ангажирани за влез во тркачки настани или други спортски настани; дејности на спортските тренери кои се специјализирани за обучување за натпреварување на лица во одредени спортови; дејности на арени и стадиони; други дејности за организирање, промовирање или управување со спортски настани, неспомнати на друго место и др.

**93.11** **Работа на спортските објекти**

*Оваа класа опфаќа:*
- дејност на отворени или затворени спортски објекти за најразлични спортови (со или без седишта):
  - фудбал, хокеј, крикет, рагби стадиони
  - тркачки патеки за автомобили, кучиња, коњи за трка
  - пливачки базени и стадиони
  - атлетски стадиони
  - арени и стадиони за зимски спортови
  - стадиони за хокеј
  - боксерски арени
  - терени за голф
  - куглани
- организација и управување со отворени и затворени спортски настани за професионалци или аматери од страна на организации со сопствени објекти

Оваа класа, исто така, опфаќа управување и обезбедување на персонал кој ќе управува со спортските објекти.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на ски-лифтовите, види 49.39
- издавање на рекреативна и спортска опрема, види 77.21
- дејност на фитнес-клубови, види 93.13
- дејност на уредување на паркови и плажи, види 93.29

**93.12 Дејности на спортските клубови**

Оваа класа опфаќа дејности на спортските клубови, професионални, полупрофесионални или аматерски клубови, кои им овозможуваат на своите членови да се занимаваат со спортски дејности.

*Оваа класа опфаќа:*
- дејност на спортските клубови:
  - фудбалски клубови
  - кугларски клубови
  - пливачки клубови
  - голф клубови
  - боксерски клубови
  - зимски спортски клубови
  - шаховски клубови
  - атлетски клубови
  - стрелачки клубови итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на спортска обука од страна на инструктори поединци, спортски тренери, види 85.51
- управување со спортските објекти, види 93.11
- организирање и управување со спортски настани во отворени и затворени спортски објекти за професионалци и аматерски спортски клубови со сопствени објекти, види 93.11

**93.13 Објекти за фитнес**

*Оваа класа опфаќа:*
- фитнес, боди-билдинг клубови и објекти

*Оваа класа не опфаќа:*
- дејност на спортска обука од страна на инструктори поединци, спортски тренери, види 85.51

**93.19 Останати спортски дејности**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на организирање и промовирање на спортски натпревари, со или без објекти
- дејности на самостојни спортисти и атлетичари, судии, мерачи на време итн.
- дејности на спортски лиги и спортски сојузи
- дејности во врска со спортска пропаганда и промоција
- дејности на простории за тркачки автомобилски и коњички спортови, куќички за кучиња и рели гаражи
- управување со спортски лов и риболов
- дејности на планинарски водичи
- помошни дејности за спортски и рекреативен лов и риболов

*Оваа класа не опфаќа:*
- издавање на спортска опрема, види 77.21
- дејности на школите за спортски и рекреативни дејности, види 85.51
- дејности на спортските инструктори, спортските тренери, види 85.51
- организирање и управување со спортски настани на отворени и затворени спортски настани за професионални и аматерски спортски клубови, со или без сопствени објекти, види 93.11, 93.12
- дејности за уредување на паркови и плажи, види 93.29

**93.2** **Забавни и рекреативни дејности**

Оваа група опфаќа голем број на единици кои управуваат со објектите и обезбедуваат услуги за да ги задоволат различните интереси на нивните корисници во врска со забава и рекреација. Тоа вклучува дејности со различни атрактивни содржини, како што се јавање на механички животни, јавање на вода, игри, забавни претстави, изложби на зададена тема и пикници.
Оваа група не опфаќа спортски дејности и драмска уметност, како и останати музички и други уметности.

**93.21** **Дејности на забавни и тематски паркови**

Оваа класа опфаќа дејности на забавни или тематски паркови. Тоа вклучува управување со различни видови на атракции како што се јавање на механички животни, јавање на вода, игри, забавни претстави, изложби на зададена тема и пикници.

**93.29** **Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место**

Оваа класа опфаќа дејности слични на забава и рекреција (освен забавни и тематски паркови), неспомнати на друго место:
- дејности на апарати за играње со ковани пари

- дејности на рекреативни паркови (без сместување)
- дејности на рекреативни транспортни објекти, на пр., морнарица
- дејност на ски-центрите
- издавање на опрема за одмор и забава која е интегрален дел на рекреативните објекти
- саеми и приредби од забавен карактер
- дејност на плажите, парковите, базените, вклучувајќи издавање на опрема како што се соблекувални, плакари, лежалки и сл.
- дејности на подиуми за танц

Во оваа класа се вклучени и други дејности на продуцентите и организаторите на забавни приредби во живо, освен уметнички и спортските дејности, со или без објекти.

*Оваа класа не опфаќа:*

- управување со жичари, седечки и ски-лифтови, види 49.39
- риболовни крстарења, види 50.10, 50.30
- подготовка на објекти за краток престој на посетители во рекреативни паркови, шуми и кампови, види 55.30
- услуги на сместување во кампови, рекреативни паркови, кампови за рибарење и лов, види 55.30
- дејности на дискотеките со сервисни дејности за подготовка и служење на пијалаци, види 56.30
- дејности на театарски и циркуски групи, види 90.01

**S/O** **ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ**

Овој сектор (како преостаната категорија) вклучува дејности на организации на база на зачленување, поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства, како и разновидни лични услужни дејности кои не се опфатени на друго место во класификацијата.

**94** **Дејности на организации врз база на зачленување**

Овој оддел опфаќа дејности на организации кои ги претставуват интересите на специјални групи или промовираат идеи од општ интерес. Овие организации обично имааат избрани членови, но во нивните дејности може да се инволвираат и да имаат корист од нив и оние кои не се членови. Примарната поделба на овој оддел е детерминирана од целите на тие организации,т.е. од интересите на работодавачите,поединците кои работат за сопствена сметка (за себе) и научните заедници (група 94.1), интересите на вработените (група 94.2) или промовирањето на религиите, политиката, културата, образованието или рекреативните идеи и дејности (група 94.9).

**94.1 Дејности на деловни организации, организации на работодавци и струковни организации врз база на зачленување**

Оваа група опфаќа дејности на единиците што промовираат интереси на членовите на деловните организации и организациите на работодавачи. Кај професионалните (струковните) здруженија, оваа група, исто така, вклучува дејности на промовирање на професионалните интереси на членовите од одредена професија.

**94.11 Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на организации во кои интересот на членовите е концентриран кон развој и унапредување на работата на претпријатијата во одредена област на работење, во областа на трговијата или земјоделството, или за економски раст (и влијание врз климата) на одреден регион или политичко-адинистративна единица, без оглед на видот на деловните дејности
- дејности на сојузи на такви асоцијации
- дејности на стопанските комори, еснафски (занаетчиски) и слични организации
- ширење на информации, претставување пред владини институции, односи со јавноста и преговарање за работата на деловните организации и организациите на работодавачите

*Оваа класа не опфаќа:*

- дејности на синдикатите, класа 94.20

**94.12 Дејности на струковни организации врз база на зачленување**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејност на организациите во кои интересите на членовите првенствено се концентрирани во рамките на одредена школска подготовка  или професија или во областа на техниката, како што се асоцијации од областа на медицината, правото, сметководството, асоцијации на инженери, архитекти итн.

- дејности на асоцијации на стручњаци (специјалисти) од одредена област на науката, академици или асоцијации од областа на културата, како што се асоцијации на писатели, сликари, различни видови уметници, новинари итн.

- ширење на информации, утврдување и контрола на стандарди на работење, претставување пред владини институции и односи со јавност на професионалните организации.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на здруженија од областа на науката

*Оваа класа не опфаќа:*
- образовни дејности преку овие организации, оддел 85

**94.2 Дејности на синдикатите**

**94.20 Дејности на синдикатите**

*Оваа класа опфаќа:*

- промовирање на интересите на вработените организирани преку организации на работници и синдикати

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на асоцијации во кои се зачленуваат вработените со цел да се изнесат ставовите во врска со платите, работните услови, како и за усогласени акции преку оваа организации
- дејност на посебно основани синдикати, синдикати составени од здружени подружници (гранковни синдикати) и организации на работници составени од здружени синдикати врз основа на одредена професија, регион, организациона структура или друг критериум

*Оваа класа не опфаќа:*
- образовни дејности преку овие организации, оддел 85

**94.9 Дејности на други организации врз база на зачленување**

Оваа група опфаќа дејности на единици (освен деловни организации и организации на работодавци, струковни организации, синдикати) што ги промовираат (поддржуваат) интересите на нивните членови.

**94.91 Дејности на верски организации**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на верски заедници или на поединци кои обезбедуваат услуги директно во цркви, џамии, храмови, синагоги или други места
- дејности за опремување на манастири и опатии
- дејности на верски засолништа

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- верски погребални дејности

*Оваа класа не опфаќа:*

- образовни дејности преку овие организации, види оддел 85
- здравствени дејности преку овие организации, види оддел 86
- социјална работа преку овие организации, види оддел 87, 88

**94.92 Дејности на политички организации**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на политичките организации и помошни организации како што се младинските организации во рамките на политичките организации. Овие организации првенствено се ангажират за обезбедување влијание врз донесувањето одлуки во јавните владини инситуции, преку делегирање на свои членови или симпатизери во политичките тела, вклучувајќи ги во ширење на информации, односи со јавноста, формирање фондови и др.

**94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејности на организации (што не се директно припоени кон политичка партија) кои работат на унапредување на дејности од јавен интерес или укажување на одредени општествени проблеми, преку образување на јавноста, преку политичко влијание, основање на фондови и сл.:
  - протестни движења или граѓански иницијативи
  - еколошки движења и движења за заштита на животната средина
  - организации за помагање на образовни и други капацитети на заедницата, неспомнати на друго место
  - организации за заштита и подобрување на состојбата на посебни групи, на пример етнички и национални малцинства

● патриотски здруженија, вклучувајќи и здруженија на воени ветерани
- здруженија на потрошувачи
- здруженија на автомобилисти
- здруженија за општествено зближување како што се ротари клубови, ложи и сл.
- младински организации, здруженија за млади, студентски организации, клубови и братства итн.
- здруженија за културно- рекреативни дејности или хоби (што не спаѓаат во натпреварувачки игри и спорт), на пр. поетски, литературни и клубови за книги, историски клубови, градинарски клубови, клубови за филм и фотографија, музички и уметнички клубови, клубови на занаетчии и колекционери, општествени клубови, карневалски клубови итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*
- дејности на давање донации

*Оваа класа не опфаќа:*
- добротворни дејности како што се формирање на фондови (или собирање на финансиски средства) наменети за социјална заштита, види 88.99
- дејности на професионалните уметнички групи или организации, види 90.0
- дејности на спортските клубови, види 93.12
- дејности на струковните организации, види 94.12

## 95 Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства

Овој оддел опфаќа поправка и одржување на компјутерска периферна опрема како што се desktop компјутери, лаптопи, компјутерски терминали, делови од компјутер за складирање на податоци и принтери. Исто така, опфаќа поправка на комуникациска опрема како што се факс машини, двонасочни радиоуреди и потрошувачки електронски уреди како што се радиоуреди и телевизори, поправка на опрема за куќи и дворови како што се косилки за трева, уреди за чистење на снег и лисја, кожни обувки и облека, мебел и опрема за домаќинство, облека и други додатоци, спортска опрема, музички инструменти, хоби артикли и останати предмети за лична употреба и за домаќинствата.

Овој оддел исклучува поправка на медицинска и дијагностичка опрема, мерни инструменти и уреди за истражување, лабороториски инструменти, радарска и сонарна (звучна) опрема, види 33.13.

### 95.1 Поправка на компјутери и опрема за комуникации

Оваа група опфаќа поправка и одржување на компјутери, периферна опрема и опрема за комуникации.

**95.11** **Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема**

Оваа класа опфаќа поправка на електронска опрема како што се компјутери и компјутерски машини и периферна (дополнителна компјутерска) опрема.

*Оваа класа опфаќа поправка и одржување на:*
- десктоп компјутери
- лаптоп компјутери
- дискови, мемориски уреди (USB) и други делови на компјутерот за складирање на податоци
- оптички дискови ( CD-RW, CD-ROM, DVD-ROM, DVD-RW)
- принтери
- монитори
- тастатури
- мауси, џојстици и топчиња за позиционирање
- внатрешни и надворешни компјутерски модеми
- разводна плоча
- сервери
- скенери, вклучувајќи и бар код скенери
- "smart" картички
- кациги за виртуална реалност
- компјутерски проектори

*Оваа класа опфаќа и одржување и поправка на:*
- компјутерски терминали како што се банкомати, уреди наменети за електронско плаќање на купените производи или услуги на продажните места кои се управуваат без механички операции
- рачни компјутери (hand -held computers (PDA's)

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка и одржување на модеми, види 95.12

**95.12** **Поправка на опрема за комуникации**

*Оваа класа опфаќа поправка и одржување на комуникациска опрема како што е:*
- безжични телефонски апарати
- мобилни телефони
- модеми
- телефакс уреди (факс машини)
- комуникациско преносна опрема (насочувачи, преносници, модеми)
- двонасочми радиоуреди
- професионални ТВ и видео камери

**95.2** **Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата**

Оваа група опфаќа поправка и одржување на предмети за лична употреба и за домаќинствата.

**95.21** **Поправка на електронски уреди за широка потрошувачка**

*Оваа класа опфаќа поправка и одржување на електронски уреди за широка потрошувачка:*

- поправка на потрошувачки електронски уреди:
  - телевизори, радиоприемници
  - видео рекордери
  - CD плеери
  - видео камери

**95.22** **Поправка на апарати за домаќинства како и опрема за домови и градини**

*Оваа класа опфаќа поправка и одржување на апарати за домаќинството како и опрема за домовите и градините:*

- поправка и одржување на апарати за домаќинството :
  - шпорети, ладилници, фрижидери, машини за перење, печки, машини за сушење, собни клима уреди итн.
- поправка и одржување на опрема за домовите и градините:
  - косилкии за трева, уреди за чистење на снег и лисја, поткаструвачи итн.

*Оваа класа не опфаќа:*

- поправка на рачен алат на електричен погон, види 33.12

- поправка на централните системи за климатизација, види 43.22

**95.23** **Поправка на обувки и производи од кожа**

*Оваа класа опфаќа поправка и одржување на обувки и производи од кожа:*

- поправка на чизми, чевли, патни торби и слични предмети

- ставање на флекници на чевли

**95.24** **Поправка на мебел и покуќнина**

*Оваа класа опфаќа:*

- тапацирање, поправка и одржување на мебел и покуќнина вклучувајќи го и канцелариските мебел

**95.25** **Поправка на рачни часовници, саати и накит**

*Оваа класа опфаќа:*
- поправка на часовници, саати и нивни делови како што се куќиштата на саатите од сите видови материјали, поправка на механизми за саати, хронометри итн.
- поправка на накит

*Оваа класа не опфаќа:*
- индустриско гравирање на метали, види 25.61
- поправка на саати за мерење на времето, апарати за евидентирање на време и датум, брави со вградени саатни механизми и слични уреди за мерење на времето, види 33.13

**95.29 Поправка на други предмети за лична употреба и за домаќинствата**

*Оваа класа опфаќа поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата, како што се:*
- поправка на велосипеди
- крпење и преправка на облека
- поправка на спортска опрема (освен спортско оружје) и опрема за кампување
- поправка на книги
- поправка на музички инструменти (освен оргули и историски музички инструменти)
- поправка на играчки и слични предмети
- поправка на останати предмети за лична употреба и за домаќинствата
- штимање на клавир

*Оваа класа не опфаќа:*
- поправка на рачен алат на електричен погон, види 33.12
- поправка на спортско и рекреативно оружје, види 33.11

**96 Други лични услужни дејности**

Овој оддел опфаќа услужни дејности неспомнати на друго место во класификацијата. Овој оддел опфаќа услужни дејности поврзани со перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи, дејности на фризерски салони и салони за разубавување, погребни и слични дејности.

**96.0 Други лични услужни дејности**

**96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи**

*Оваа класа опфаќа:*

- перење и хемиско чистење, пеглање итн., на сите видови облека (вклучувајќи и крзнена) и текстил, со механичка опрема, рачно или со користење на машини за самопослужување, било за граѓаните било за индустриски или комерцијални корисници
- собирање и доставување на испрана облека
- чистење на килими и простирки, перење на завеси и драперии, во простории на корисниците или на друго место
- изнајмување на постелнини, работни униформи и слични производи во пералните
- перење на пелени

*Оваа класа не опфаќа:*
- изнајмување на облека различна од работните униформи, дури и ако чистењето на таа облека е составен дел на овие дејности, види 77.29
- крпење и преправка на облека, види 95.29

**96.02 Фризерски салони и салони за разубавување**

*Оваа класа опфаќа:*
- миење на коса, потстрижување и шишање, правење фризура, боење, нијансирање, виткање, исправање пеглање на коса  и слични дејности за мажи и жени
- бричење и потстрижување на брадата
- масажа на лице, маникир и педикир, шминкање и др.

*Оваа класа не опфаќа:*
- изработка на перики, види 32.99

**96.03 Погребни и слични дејности**

*Оваа класа опфаќа:*
- погребување и кремирање на човечки и животински лешови и придружни дејности:
  - подготовка на починатите за погребување или кремирање, балсамирање и услуги на гробарите
  - услуги за погребување и кремирање
  - изнајмување на опремен простор во капелите
- изнајмување или продажба на гробови
- одржување на гробови и мавзолеи

*Оваа класа не опфаќа:*
- услуги за религиозни погребни обреди, види 94.91
- уредување на гробови, види 81.30

**96.04 Дејности за нега и одржување на телото**

*Оваа класа опфаќа:*
- капење во турски бањи, сауни и бањи на пареа, солариуми, салони за слабеење, салони за масажа итн.

*Оваа класа не опфаќа:*
- медицински масажи и терапии, види 86.90
- дејности за здравјето, фитнес, боди-билдинг клубови и објекти, види 93.13

**96.09 Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место**

*Оваа класа опфаќа:*
- астролошки дејности и спиритуалистички сеанси
- општествени дејности како што се организирање на почесна придружба, услуги за закажување на состаноци, услуги на бироа за склучување на брак
- услуги на грижа за домашни миленици како што е: исхрана, нега и дресура на домашни миленици
- дејност на организации за откривање на потеклото
- дејност на студија за тетовирање и за дупчење на уши, нос ("пирсинзи") и сл.
- услуги на чистачи на чевли, портири, лични паркирачи на автомобили
- работа на автомати за лични услуги (кабини за фотографирање, ваги за телесна тежина, мерење на крвен притисок, шкафчиња за чување на предмети итн.)

*Оваа класа не опфаќа:*
- ветеринарна дејност, види 75.00
- ● работа на машини за самопослужување, за перење на алишта, види 96.01
- ● работа на автомати за коцкање и игри на среќа, види 92.00

**Т/П ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ**

**97 Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)**

**97.0 Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)**

**97.00 Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)**

Оваа класа опфаќа дејност на домаќинствата поврзана со вработување на домашен персонал како што се куќни помошнички (слугинки), готвачи, келнери, собарки, батлери, перачи, градинари, портири, коњушари, возачи, чувари, гувернанти, дадилки, учители, секретарки итн. Тоа овозможува вработениот домашен персонал да се изјасни за дејноста на неговиот работодавец во пописите на населението, односно во истражувањата, иако се работи за работодавец како поединец- физичко лице. Производот кој произлегува од оваа дејност, односно услугата се користи од страна на домаќинството кое го врши вработувањето.
Оваа класа исклучува: услуги како што се готвење или уредување на градини итн. од страна на независни даватели на услуги (претпријатија или индивидуалци), види според видовите услуги.

**98** **Дејности на приватните домаќинства кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби**

Овој оддел ги опфаќа домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и извршуваат различни услуги за сопствени потреби. Домаќинството може да биде класифицирано тука само тогаш кога не е можно да се утврди главната дејност која домаќинството ја врши заради задоволување на своите основни потреби. Ако домаќинството е вклучено во пазарни дејности, тоа би требало да се класифицира врз основа на главната пазарна дејност која ја врши.

**98.1** **Дејности на приватните домаќинаства кои произведуваат разновидна стока за сопствени потреби**

**98.10** **Дејности на приватните домаќинства кои произведуваат разновидна стока за сопствени потреби**

Оваа класа вклучува дејности на домаќинства кои произведуваат различни стоки за сопствени потреби, односно кои вршат различни дејности со кои произведуват стоки за своите основни потреби. Тие дејности вклучуват лов и собирање на плодови, полјоделство и одгледување на животни (добиток), изработка на настрешници и облека и други стоки кои домаќинствата ги произведуваат за сопствени потреби. Ако домаќинствата се ангажирани и во производство на стоки за на пазар, тие се класифицираат во соодветни класи на дејности во НКД.
Исто така, ако тие главно се бават со производство на одредена стока-тие се класифицираат во соодветна класа на дејност во НКД.

98.2 **Дејности на приватните домаќинства кои вршат различни услуги за сопствени потреби**

98.20 **Дејности на приватните домаќинства кои вршат различни услуги за сопствени потреби**

Оваа класа ги опфаќа дејностите на домаќинствата кои извршуваат различни услуги за сопствени потреби. Овие дејности вклучуваат готвење, учење, грижа за членовите на домаќинството, други услуги кои домаќинството ги врши за сопствени потреби. Ако домаќинствата, освен вршење на услуги за сопствени потреби, исто така, вршат и услуги за пазарот, тие се класифицираат во соодветните класи на дејности во НКД.
Исто така, ако тие главно се занимаваат со вршење на одредена услуга - тие се класифицираат во соодветната класа на дејност во НКД.

U/P **ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА**

99 **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

99.0 **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

99.00 **Дејности на екстратериторијални организации и тела**

*Оваа класа опфаќа:*

- дејност на меѓународни организации како што се Обединетите нации и нивните специјализирани агенции, регионални тела, итн., Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Светската царинска организација, Организацијата за економска кооперација и развој, Организацијата на земјите-извознички на нафта, Европската заедница, Европското здружение за слободна трговија итн.

*Оваа класа, исто така, опфаќа:*

- дејности на странски дипломатски и конзуларни претставништва кога се определени од земјата во која се лоцирани, наместо од земјата што ја претставуваат